Република Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО ЗА 2017 ГОДИНА

Скопје 2018

quality austria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2015 No.15994/0

ОБ 7.5.3-06в02

Генерален вовед ... 3
Стратешки приоритети на АХВ ... 10
Активности на ниво на Агенција ... 13
I. СЕКТОР ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ ... 15
I.01 Одделение за здравствена заштита на животните ... 20
I.02 Одделение за заштита и благосостојба на животните ... 40
I.03 Одделение за идентификација и регистрација на животните ... 42
I.04 Одделение за планови за итни мерки ... 45
II. СЕКТОР ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЈАВНО ЗДРАВСТВО ... 54
II.01 Одделение за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло ... 54
II.03 Одделение за безбедност на храна за животни и исхрана на животните ... 72
II.03 Одделение за нуспроизводи од животинско потекло ... 73
II.04 Одделение за Ветеринарно Медицински Препарати ... 75
III. СЕКТОР ЗА ХРАНА ОД НЕЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ... 77
III.01 Одделение за безбедност на храна од неживотинско потекло ... 77
III.02 Одделение за додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба, збогатена храна и адитиви ... 94
III.03. Одделение за производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна ... 97
IV. СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ... 104
IV.01 Одделение за државна инспекција за здравствена заштита на животните ... 106
IV.02 Одделение за Државна инспекција за ветеринарно јавно здравство ... 110
IV.03. Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло ... 116
IV.04 Одделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин ... 124
IV.06 Одделението за меѓународна трговија и сертификација ... 165
V. СЕКТОР ЗА ЕУ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ... 168
2. Одржување на XIII состанок на Покотмитетот за земјоделство и рибарство ... 168
3. Информирање на Европската комисија за напредокот на РМ за Поглавјето 12 ... 169
4. Ревизија на НПАА за 2018 година ... 170
Информирање на јавноста и на засегнатите страни за донесување на нови прописи ... 170
Соработка со останатите сектори во рамките на АХВ ... 171
Е-влада ... 171
Редовно ажурирање на база на ЕУ мерки и национални законски и подзаконски прописи ... 171
ИПА/ТАИБ Национална програма - 2012 ... 171
ИПА/ТАИБ Национална програма - 2015 ... 173
***Европска агенција за безбедност на храна (EFSA)*** ... 173
***Соработка со Codex Alimentarius*** ... 174
***Соработка со Европската комисија*** ... 174
***Соработка со трети земји*** ... 175
3.Спроведени меѓународни обуки ... 176
VI. СЕКТОР ЗА ОПШТИ И АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ ... 181
VI.01 Одделение за општи работи, архивско и канцелариско работење ... 181
VI.02 Одделение за правни работи ... 181
VI.03 Одделение за јавни набавки ... 182
VI.04 Одделение за информатичка технологија ... 182
VII. СЕКТОР ЗА СТРУЧНА ПОДДРШКА ... 185
VII.01 Одделение за управување на системи на квалитет ... 186
VII.02 Одделение за координација и контрола на лаборатории ... 189
VII.03 Одделение за заштита на потрошувачи ... 190
VII.04 Одделение за стратешко планирање ... 192
VIII. СЕКТОРОТ ЗА НОВИ ПРЕХРАНБЕНИ ТЕХНОЛОГИИ ... 205
I.01 Одделение за ГМО храна ... 205
II. Одделение за храна произведена со иновирани технологии и јонизирачко зрачење, новел храна и други видови храна ... 207
IX. СЕКТОРОТ ЗА ПРОЦЕНКА И КОМУНИКАЦИЈА НА РИЗИК ... 218
IX.01 Одделението за проценка на ризик ... 218
IX.02 Одделението за комуникација и РАСФФ ... 219
X01. Одделение за работи поврзани со Директорот - Кабинет ... 220
X03. Одделение за Внатрешна Контрола и Аудит ... 220
X03. Одделение за внатрешна ревизија ... 221
X04. Одделене за следење на измами со храна ... 222
**ПРИЛОГ** Годишен финансиски извештај за 2017 година

## *РЕЗИМЕ*

Агенцијата за храна и ветеринарство е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице, кое е одговорна за вршење на работите од областа на безбедноста на храна и храна за животни, спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности од областа на здравствената заштита на животните, нивна благосостојба, ветеринарно јавно здравство како и контрола на националните референтни и овластени лаборатории кои даваат поддршка на работата на Агенцијата.

Во текот на 2017 година како посебно битни активности во областа на безбедноста на храна и ветеринарното здравство, покрај континуираните активности на обезбедување на висок степен на заштита на здравјето на луѓето и интересите на потрошувачите како и здравствената заштита и благосостојба на животните, а во правец на спроведување на политикиата и програмта на Владата на Република Македонија се постигнатни следниве резултати.

1. Република Македонија, преку активностите на Агенцијата за храна и ветеринарство е ставена на листа на земји од кои е одобрен:
- увоз / транзит на живинско месо и производи од живинско месо во Европската унија.
- увоз /транзит на свежо говедско месо во Европска унија. Производи од говедско месо од Република Македонија се дозволени за извоз во ЕУ согласно Одлуката на ЕК број 777/2007 од 29.11.2007.
- увоз во Европската унија на производи од риба наменети за исхрана на луѓе.

Во однос на наведените активности, во втората половина на 2017 година од страна на надлежните служби на Евроската Унија се одобрени 7 објекти – оператори за храна од животинско потекло за увоз на одредени категории храна од животинско во земјите членки на Европската унија (скоро двојно зголемување на вкупната бројка на претходно одобрените објекти за извоз во ЕУ). Вкупниот број на објекти оператори одобрени за извоз во ЕУ изнесува 16 со што се обезбеди унапредување на деловната клима во Република Македонија и зголеми извозниот потенцијал на државата.

2. Изготвена и усвоена е Стратегија за благосостојба на животните која е во фаза на усвојување во рамките на Твининг проектот (EU- funded twinning project: Further development of competent authorities control systems to protect the human, animal and plant health) (2018).

3. Извршена е комплетна исплата на достасанати и заостанати финансиски обврски од тековната и претходните години кон ветеринарните друштва (едно од барањат на Европската Комисија во однос на стабилност на системот на здравстена заштита на животните), одгледувачите на животни и лабораториите вклучени во официјалните контроли.

4. Започнато е со спроведување на Програма за официјални контроли на ниво на примарно производство на млеко и исполнување на критериумите за сурово млеко (преструктуирање на одгледувалишта на молзни грла – категоризација на примарни производители на млеко) во рамките на Планот за унапредување на квалитетот на суровото млеко и обезбедување на исполнетост на соодветната легислатива на Европската Унија во однос на критериумите за број на микроорганизми и соматски клегки и хигиенско - здравствените барања за одгледувалиштата на молзни грла.

5. Спроведени се активности во однос на EFSA Zoonosis Monitoring Networking Group со дефинирање на базични инструкции за собирањето на точни, ажурирани и споредливи податоци

во областа на зоонозите и алиментарните инфекции и интоксикации и Агенцијата за храна и ветеринарство активно со вклучи во системот на пријава на податоци за зоонози и зоонотски агенси до Европската Агенција за безбедност на храната (ЕФСА) и нивниот систем за прибирање на податоци за зоонози и предизвикувачи на зоонози кои се предмет на мониторинг и Република Македонија за прв пат е реферирана во The European Union summary report on trends and sources of *zoonoses*, *zoonotic* agents and food-borne outbreaks.

6. Исклучително голем број на заостанатите предмети од областа на безбедност на храна од неживотинско потекло од претходните години (2016, 2015 и 2014) се процесуирани и решени согласно Законот за безбедост на храна и Законот за општа управна постапка (одобрување на здравствени тврдења, мислења за усогласеност на производ од групата посебни видови храна (додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна), производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна, храна со иновирани технологии).

7. Донесени се Правилникот за начинот на вршење на мониторинг и контрола и начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи, контаминенти, недозволени супстанции, суровини и производи во храната за животни ("Службен весник на Република Македонија“ број 128/17) и Методологија за спроведување на мониторингот за безбедноста на храната за животните ("Службен весник на Република Македонија“ број 128/17) со што се воспотави легислативно регулаторна рамка за спроведување на Програмите за мониторинг на безбедност на храна за животните.

## Генерален вовед

Агенцијата за храна и ветеринарство е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице, кое е одговорна за вршење на работите од областа на безбедноста на храна и храна за животни, спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности од областа на здравствената заштита на животните, нивна благосостојба, ветеринарно јавно здравство како и контрола на националните референтни и овластени лаборатории кои даваат поддршка на работата на Агенцијата.

АХВ функционира на целата територија на Република Македонија со седиште во Скопје, и внатрешните организациони единици / 34 (28 функционални) Подрачни единици и 11 (9 фунционални) инспекциски места на граничен премин со спроведување на официјални контроли од областа на ветеринарното здравство и безбедноста на храна почнувајќи од примарното производство на храна до нејзината употреба од страна на крајниот потрошувач.

Согласно Европските системи за безбедност на храната, контролните системи во интегрираниот систем на контрола на безбедност на храна се класифицирани во 11 области, при што АХВ е надлежна за 9 од нив и тоа: контролен систем за здравствена заштита на животни; благосостојба на животни; идентификација и регистрација на животни; контролен систем за храна од животинско потекло; контролен систем за увоз на храна од животинско потекло; контролен систем за генерална безбедност на храната; контролен систем за увоз на храна од неживотинско потекло; контролен систем за нус производи од животинско потекло; како и за воспоставување координација со другите надлежните институции Државниот Инспекторат за Земјоделство и Фитосанитарната Управа во однос на преостанатите 2 контролни механизми (контролен систем за пестициди и контролен систем на примарното растително производство).

Мисија

АХВ води постојана грижа за заштита на здравјето на луѓето од болести кои се пренесуваат преку храната и преку животните, заштита на потрошувачите од заблуда и нивно транспарентно и навремено информирање за можни опасности од храната, заштита на здравјето на животните и нивната благосостојба, како и заштита на животната средина од загадување со отпад од животинско потекло, преку контрола на спроведување на прописи усогласени со стандарди на ЕУ и меѓународните стандарди ратификувани од Република Македонија.

Визија

АХВ да биде препознатлива како институција која е синоним за безбедност на храната, преку која се обезбедува заштита на здравјето на населението и заштита на здравјето и благосостојбата на животните, како и заштита на интересите на потрошувачите, преку примена на најсовремените научни и технички решенија од областа на безбедноста на храната и храната за животни

Надлежноста на Агенцијата за храна и ветеринарство

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за:

- Извршување на работите од областа на безбедноста на храната и храната за животни,

- Спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности во областа на здравствена заштита на животните,
- Заштита и благосостојба на домашните животните и на домашните миленици, животните во зоолошките градини и животните кои се користат за експериментални и други научни цели,
- Извршување на работите од областа на нуспроизводите од животинско потекло,
- Идентификација и регистрација на фармските и други животни,
- Извршување на работите од областа на ветеринарно-медицински препарати,
- Контрола на квалитетот на храната, со исклучок на примарното земјоделско производство од растително потекло,
- Други работи од значење на ветеринарното здравство, безбедноста на храната и храната за животни

Правна рамка

Системот за безбедност на храна и храна за животни, вклучително и надзорот и официјалните контроли, се регулирани со девет закони и подзаконските акти кои произлегуваат од истите:

1. Закон за безбедност на храната ("Службен весник на Република Македонија" 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/2014, 72/15, 84/15, 123/15 (пречистен текст), 129/15, 213/2015 и 39/2016);
2. Закон за ветеринарно здравство ("Службен весник на РМ" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/2012, 123/2015 (пречистен текст), 154/2015 и 53/2016);
3. Закон за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија" бр 149/2014, 149/15 и 53/2016);
4. Закон за нус-производи од животинско потекло ("Службен весник на Република Македонија" 113/07, 144/14, 149/15 и 53/2016);
5. Закон за идентификација и регистрација на животните ("Службен весник на Република Македонија" 95/2012 , 27/2014, 149/15 и 53/2016 );
6. Закон за ветеринарно медицински препарати ("Службен весник на Република Македонија" 42/2010, 136/2011, 149/15 и 53/2016);
7. Закон за безбедност на храна за животни ("Службен Весник на Република Македонија" 145/10, 53/11, 1/12, 33/15, 149/2015 и 53/2016);
8. Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија" број 146/2009, 53/11, 149/15, 39/16, 132/2016);
9. Закон за инспекциски надзор ("Службен Весник на Република Македонија" 50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013 и 41/2014, 33/15, 193/15 и 53/16) (обврзувачки за сите инспекциски служби)

10. Закон за заштита на потрошувачи („Службен Весник на Република Македонија" бр. 38/2004, 77/2007 и 24/2011),
11. Закон за квалитет на земјоделски производи („Службен Весник на Република Македонија" бр. 23/2013),
12. Закон за сточарство („Службен Весник на Република Македонија" бр. 23/2013),
13. Закон за рибарство и аквакултура („Службен Весник на Република Македонија" бр. 07/2008, 67/2010, 47/2011, 53/2011 и 95/2012), З
14. Закон за органско земјоделско производство („Службен Весник на Република Македонија" бр. 146/2009),
15. Закон за ГМО („Службен Весник на Република Македонија" бр.35/2008),
16. Закон за животна средина („Службен Весник на Република Македонија" бр. 53/2005),
17. Закон за снабдување со вода за пиење и одведување урбани отпадни води („Службен Весник

на Република Македонија“ бр. 68/2004, 28/2006, 103/2008 и 17/2011).
18. Закон за водите („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 87/2008),

Основниот правен акт е Законот за безбедност на храната, со кој се регулира контролата на безбедноста на храна во сите фази (производство, преработка, складирање, транспорт, дистрибуција, малопродажба и достава). Со законот се регулираат општите и специфичните услови и обврски за операторите за храна, нивната регистрација и одобрение, условите за увоз и извоз на храна од животинско и неживотинско потекло, официјалните контроли и нивното финансирање заедно со мониторингот на резидуи и недозволени супстанции.

Основниот закон во ветеринарната област е Законот за ветеринарно здравство со кој се утврдуваат организацијата и надлежностите на ветеринарните служби и начелата и процедурите за спроведување на активностите во однос на заштитата на животните како и на луѓето од болести кои се пренесуваат преку животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло, ветеринарна инспекции и контрола, надоместоци и трошоци за здравствена заштита на животните, организација и спроведување на активности од областа на ветеринарната медицина како и други прашања од областа на ветеринарнарното здравство. Со овој закон исто така се дефинирани надлежностите на ветеринарните служби во Република Македонија.

Хармонизацијата на националното со законодавството на ЕУ се врши согласно националната програма за усвојување на правото на ЕУ (NPAA) усвоена на годишно ниво од страна на Владата на Република Македонија, за активности од Поглавјето 12, Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика.
Дел од законодавството на ЕУ кое е од интерес за АХВ е уредено и во поедини други Поглавја.

Расположива инфраструктура

Материјалните ресурси кои Агенцијата ги има на располагање во рамките на своите внатрешни организациони единици: опремени канцелариски простории, телефонски линии, IT опрема со интернет врска, софтверски системи, IT Информациски систем на АХВ; моторни возила, опрема за работа на инспекциските служби, се на задоволително ниво.
Несоодветно е решено прашањето на капацитетите за сместување – објектите каде се лоцирани канцелариите на Агенцијата. Објектите во најголем дел се под наем, со недоволено сместувачки капацитет за сите вработени, вкучително и простор за прием и работење со странки и граѓани, соодветен паркинг простор, простор за архивирање и магацински простор за опремата. Агенцијата во 2018 година ќе преземе активности во насока на решавање на наведените проблеми со приоритет на обезбедување на сопствен објект.

Финансиски ресурси

Активностите  кои се однесуваат на здравствената заштита и благосостојба на животните и ветеринарното јавно здравство, безбедноста на храната се финансираат со средства од Буџетот на Република Македонија

Финансирањето на активностите  во надлежност на АХВ се врши и со средства од:
- сопствени приходи од извршени инспекциски услуги;
- кредити;
- структурни и кохезиони фондови од ЕУ;

- донации, и други извори утврдени со закон

Со средствата од Буџетот на Република Македонија се финансираат активностите од:
- Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните
- Програмата за користење на средства за ветеринарно јавно здравство
- Програмата за мониторинг на безбедност на храна
- Повекегодишните програми за контрола и сузбивање на болестите кај животните утврдени со закон
- Трошоци утврдени со плановите за итни мерки согласно закон
- Трошоците за развој и работа на ветеринарниот информационен систем
- Трошоци за изработка на епидемиолошки студии, студии за проценка на ризици, трошоци и континуирана едукација во службата по прашања од јавен интерес, во соработка со соодветните образовни и научно-истражувачки институции

Човечки ресурси

АХВ има за цел да обезбеди оптимални услови за соодветен број и компетентност на персоналот кој ќе одговори на задачите кои треба да се спроведат, согласно законските надлежности и утврдените приоритети од страна на АХВ.
Во моментов АХВ брои вкупно 345 вработени. Вработените своите работни задачи ги извршуваат во седиштето на АХВ во Скопје, во 34 Подрачни единици во Република Македонија и на 11 инспекциски места на граничните премини.
Управувањето со вработените во АХВ е стратешки организирано со следнава цел: секој вработен индивидуално како и сите заедно се стремат кон постигнување на поставените цели, постојано зголемувајќи ја работната ефикасност и извршувањето на работните задачи на највисоко ниво.
АХВ врз основа на потребата од подобрување на функционирањето во областите на делување и услугите кои се извршуваат става посебен акцент на: достигнување на посакуваната ефикасност во управување и раководење, стратешко планирање и делување, поставување на соодветен организациски модел, стекнување на доверба и почит кај операторите со храна, потрошувачите, фирмите кои се занимаваат со увоз и извоз на храна, храна за животни, со цел да се овозможи наше полесно прилагодување на промените во опкружувањето и поширoко и зајакнување на техничката и технолошката опременост во областа на нашето делување.

Со Агенцијата раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија. Директорот има заменик кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

Согласно Правилникот за систематизација на работните места во АХВ, функционираат девет сектори и тоа: Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните, Сектор за ветеринарно јавно здравство, Сектор за храна од неживотинско потекло, Сектор за инспекциски надзор, Сектор за ЕУ и меѓународна соработка, Сектор за општи и административни работи, Сектор за стручна поддршка, Сектор за нови прехранбени технологии и Сектор за проценка и комуникација на ризик. Агенцијата во својот состав брои 5 Државни советници.
Во Агенцијата надвор од секторите се формираат шест одделенија кои за својата работа непосредно одговараат пред директорот на Агенцијата и тоа: Одделение за работи поврзани со директорот – Кабинет, Одделение за управување со човечки ресурси, Одделение за внатрешна контрола и аудит, Одделение за внатрешна ревизија, Одделение за финансиски прашања и Одделение за следење на измами со храна.

Во рамките на секој сектор се формираат одделенија.

* Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните
- Одделение за здравствена заштита на животните
- Одделение за благосостојба на животните
- Одделение за идентификација и регистрација
- Одделение за планови за итни мерки

* Сектор за ветеринарно јавно здравство
- Одделение за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло
- Одделение за ветеринарно медицински препарати
- Одделение за нус-производи од животинско потекло
- Одделение за безбедност на храна за животни и исхрана на животни

* Сектор за храна од неживотинско потекло
- Одделение за безбедност на храна од неживотинско потекло
- Одделение за додатоци за храна, адитиви, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна
- Одделение за материјали и производи во контакт со храна

* Сектор за инспекциски надзор
- Одделение за државна инспекција за здравствена заштита на животните
- Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство
- Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло
- Одделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин
- Оделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло на граничен премин
- Одделение за меѓународна трговија и сертификација

*Сектор за ЕУ и меѓународна соработка
- Одделение за ЕУ легислатива и европска интеграција
- Одделение за меѓународна соработка и комуникација

*Сектор за општи и административни работи
- Одделение за општи работи, архивско и канцелариско работење
- Одделение за правни работи
- Одделение за јавни набавки
- Одделение за информатичка технологија

*Сектор за стручна поддршка
- Одделение за управување на систем за квалитет
- Одделение за координација и контрола на лаборатории
- Одделение за заштита на потрошувачите
- Одделение за стратешко планирање

*Сектор за нови прехранбени технологии
- Одделение за генетски модифицирана храна
- Одделение за храна произведена со иновирани технологии и јонизирачко зрачење, новел храна и други видови храна

*Сектор за  проценка и комуникација на ризик
- Одделение за проценка на ризик
- Одделение за комуникација на ризик и Систем за брзо известување RASFF

*Самостојни одделенија на Агенцијата за храна и ветеринарство
- Одделение за работи поврзани со директорот-Кабинет
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Одделение за внатрешна контрола и аудит
- Одделение за внатрешна ревизија
- Одделение за финансиски прашања
- Одделение за следење на измами со храна

Организациона Структура


Агенција за храна и ветеринарство
Директор
Заменик директор
Државен советник за ветеринарство
Државен советник за стручна поддршка и админ. работење
Државен советник за храна
Државен советник за координација на инспекција и останати сектори
Одд. за работи поврзани со директорот - КАБИНЕТ
Одд. за управување со човечки ресурси
Одд. внатрешна контрола и аудит
Одд. за внатрешна ревизија
Одд. за финансиски пошања
Одд. за следење на измами со храна
Здравствена заштита и благост. на животните
Ветеринарно јавно здравство
Храна од неживотинско потекло
Инспекциски надзор
ЕУ и меѓународна соработка
Општи и административни работи
Стручна поддршка
Нови прехрамбени технологии
Проценка и комуникација на ризик
Здравствена заштита на животните
Благосостојба на животните
Идентификација и регистрација на животните
Планови за итни мерки
Безбедност и квалитет на храна од животинско потекло
Ветеринарно медицински препарати
Нус-производи од животинско потекло
Безбедност на храна за животни и исхрана на животните
Безбедност на храна од неживотинско потекло
Додатоци за храна, адитиви храна за посебна нутрит. употреба и збогатена храна
Материјали и производи во контакт со храна
Држ. инспекција за здравствена заштита на жив.
Држ. инспекција за ветеринарно јавно здравство
Држ. инспекција за храна од неживотинско потекло
Државна ветеринарна инспекција на граничен премин
Држ. инспекција на граничен премин за храна од неживотинско потекло
Меѓународна трговија и сертификација
ЕУ легислатива и европска интеграција
Меѓународна соработка и комуникација
Општи работи, архивско и канцелариско работење
Правни работи
Јавни набавки
Информатичка технологија
Управување на систем за квалитет
Координација и контрола на лаборатории
Заштита на потрошувачите
Стратешко планирање
Генетски модифицирана храна
Храна произведена со иновирани техн. и јонизирачко зрачење, новел храна и други видови храна
Проценка на ризик
Комуникација на ризик и Систем за брзо известување (РАСФФ)

## Стратешки приоритети на АХВ

* Достигнување на висок степен за безбедноста на храна и храна за животни
Во функција на наведениот приоритет се развиваат следните цели:
- Зајакнување на воспоставениот функционален систем за контрола на безбедност и квалитетот на храната наменета за човечка употреба и храната за животни
- Воспоставување и градење на стратешка координација со научни институции како независен извор на научни совети и поддршка на научните активности на системот за безбедност на храната
- Понатамошно усогласување на законодавството и политиките на ЕУ од областа на безбедноста на храната

* Унапредување на здравствена заштита на животните
Во функција на наведениот приоритет се развиваат следните цели:
- Постигнување на висок степен на здравствена заштита на животните од заразни болести, (тоа подразбира соодветна контрола и надзор на болестите кои се присутни во земјата, постигнување на статус земјата или одредени региони како официјално слободни од болести кај животните, следење и спречување на појава на нови случаи на болести кај животните и зоонози кај луѓето)
- Воспоставување и одржување на систем на благосостојба и заштита на животни при нивното одгледување во фармски услови, во текот на нивниот превоз, за време на нивно колење, благосостојба на бездомни животни, животните во зоолошките градини и експерименталните животни
- Одржување и унапредување на животната средина и природата од аспект на ветеринарното здравство (со помош на примена на методи на нештетно отстранување на отпадот од животинско потекло)
- Одржување на систем на контрола, надзор и спремност за сузбивање и искоренување на особено опасни заразни болести
- Контрола на употребата на ветеринарно медицински препарати заради висок степен на заштита на здравјето на животните и луѓето.
- Одржување на системот со базата на податци за здравствена заштита на животните и за идентификација и регистрација на животните, вклучително и надградба на база согласно стандардите на ЕУ
- Воспоставување на систем на планови за итни мерки
- Спроведување на систем на официјални контроли во делот на здравствена заштита, благосостојба и идентификација и регистрација на животните

* Воспоставување функционален систем за размена на податоци и заштита на потрошувачите.
Во функција на наведениот приоритет се развиваат следните цели:
- Јакнење и развивање на мрежното поврзување меѓу релевантните институции вклучени во системот за брзо известување,
- Заштита на интересите на потрошувачите, согласно одредбите од Законот за безбедност на храната

* Зајакнување на институционалните капацитети на Агенцијата за храна и ветеринарство
Во функција на наведениот приоритет се развиваат следните цели:

- Постигнување на унифицираност во работата на инспекторите за храна и официјалните ветеринари при спроведување на националното законодавство усогласено со ЕУ законодавството во поглед на официјалните контроли со посетување на соодветни обуки
- Набавка на соодветна опрема за подобрување на квалитетот на контролите
- Реализација на активностите утврдени во проектните задачи на твининг проектот во рамките на IPA во кои АХВ е носител на проекти, а кои се однесуваат на јакнење на капацитетите и квалитетот на работењето на вработените во АХВ
- Управување со квалитетот на работењето според ИСО стандардите

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ НА АХВ ЗА 2017 ГОДИНА КОИ СЕ ВО ФУНКЦИЈА НА СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Програма : БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРНО ЈАВНО ЗДРАВСТВО**

Во рамките на Програмата Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство постигнати се следните резултати:

1. Изработени се 7 анализи на податоците добиени и внесени во базата на податоци за небезбедни прехранбени производи а храната и изготвени се 12 информативни текстови за можни опасности поврзани со храната и болестите кои се пренесуваат преку храната.
2. Спроведена е Националната мониторинг програма за безбедност на храната со вкупно земени 824 мостри за анализа од храна од неживотинско потекло (85% реализација).
3. Изработени се и издадени 1821 барања за авторизација на производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната, процесуирани 25 Барања за одобренија за храна произведена со иновирани технологии, издадени 583 мислења за усогласеност со националните прописи на производ и издадени се вкупно 146 мислења за неусогласеност со националните прописи на производ, позитивно се решени 23 барања за природна минерална, изворска и друга пакувана вода, и позитивно се решени 649 барања одобрувања за употреба на здравствени тврдења во комерцијални цели во рекламирање, презентирање и означување на храната.
4. Направени обработки за 53 неделни извештаи на систем за брзо предупредување за опасности од храна. Добиени и реализирани се 7 нотификации од кои една е за производ произведен во Република Македонија и пласирани на пазарите на земјите од ЕУ а 6 се за производи од земјите на ЕУ пласирани на пазарите во Република Македонија.
5. Во системот за заштита на потрошувачи контиуирано е постапувано по пристигнатите преставки (337 преставки), изготвена и отпечатена во 5000 примероци брошура „Информации поврзани со храната, наменети за потрошувачите„ и поставена е на веб страницата на АХВ и одржани едукативни работилници 15 во градинките и основни училишта со цел подигнување на степенот на познавање на основите на безбедност на храна.
6. Во областа на безбедност на храна за животни донесен е Правилник за начинот на вршење на мониторинг и контрола и начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи, контаминенти, недозволени супстанции, суровини и производи во храната за животни ("Службен весник на Република Македонија“ број 128/17) и -Методологија за спроведување на мониторингот за безбедноста на храната за животните ("Службен весник на Република Македонија“ број 128/17)

7. Реализирана е  Национална мониторинг програма за контрола на резидуи од ветеринарно медоцински препарати иконтаминенти во живи животни и храна од животинско потекло при со вкупно 1402 мостри од храна од животинско потекло.
8. Започнато е со Програмата за официјални контроли на ниво на примарно производство на млеко и исполнување на критериумите за сурово млеко (преструктуирање на одгледувалишта на молзни грла – категоризација на примарни производители на млеко) и извршени се посети и категоризација на вкупно 242 одгледувалишта на молзни грла

**Програма : ВЕТЕРИНАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

Во рамките на Програмата Ветеринарно здравствена заштита постигнати се следните резултати:

1. Континурано и ефективно се спроведувани мерките за превентива, контрола и ерадикација на заразните болести кај животните: *Бруцелоза кај овци, Бруцелоза говеда, Туберкулоза кај говеда, Салмонелоза, Антракс – Ентеротоксемија, Беснило , Класична чума кај диви свињи, мониторинг на* векторите кои пренесуваат заразни болести кај животните, надзор на болестите ИХН и ВХС во сите регистрирани рибници за производство на пастрмка  за добивање на статус на земја слободна од овие болести во аквакултурата, активен надзор на авијарна инфлуенца кај диви птици и активности за подигнување на јавната свест за рано препознавање на симптоми  на Болест на јазлеста кожа
2. Спроведени се обуки во 9 општини во 22 училишта од областа на благосостојбата и заштитата на животните.
3. Извршени надградби и одржување на Системот за Идентификација и Регистрација на животните (СИРЖ) и развој и имплементација на информативниот систем на Агенцијата за харна и ветеринарство ИСАХВ со имплементација на модулот за домашни миленици, што вклучува и обука на ветеринарни друштва за користење на модулот и внесување на податоци.
4. Унапреден е системот на планови за итни мерки со формирани НЦКБ и ЛЦКБ (национални и локални центри за контрола на болести кај животните), реализирана работилница за ТСЕ (организација на TAIEX) и работилници за болести кај риби и изработени документи и надзор на болести кај крап (IPA проект)

**Програма : ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА АХВ**

Во рамките на Програмата Зајакнување на институционалните капацитети на АХВ постигнати се следните резултати:

1. **Спроведена е едукација и стручна надградба на вработените во АХВ:** *EFSA обуки* : вкупно 5 реализирани; *TAIEX* : вкупно 5 реализирани; *DG SANTE:* вкупно 22 реализирани; *DG SANTE e-learning:* вкупно 7 реализирани и Г*ЕНЕРИЧКИ ОБУКИ:* вкупно 4 реализирани
2. *Спроведена е* Ресертификација на системот за менаџмент со квалитет ISO 9001:2008 и извршено е Усогласување на постоечката документација согласно новите барања на ISO 9001:2015 од страна на сите носители на процеси
3. Спроведен е Аудит на лабораториите согласно Планот и Програмата за аудит на лаборатории  во областа на ветеринарното здравство и безбедност на храна

4. Извршен аудит на официјални контроли во Секторот за инспекциски надзор/ Одделението за здравствена заштита на животните и постапено по 8 налози за внатрешна контрола.
5. Реализирани се активностите утврдени со проектните задачи во кои АХВ е носител на проекти (ИПА програми). Реализирани се повеќе активностите утврдени во проектните задачи на твининг проектот MK/12/IB/AG/01 – Понатамошно зајакнување на контролните системи на надлежните органи за заштита на здравјето на луѓето, животните и растенијата. Во рамки на ИПА ТАИБ 2012, а согласно договорите склучени во 2016 година програмата извршена е набавка на опрема за службени контроли на Агенцијата за храна и ветеринарство и опрема за Граничните инспекциски места Блаце и Табановце. Во рамките на ИПА 2015 од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство како носител, се имплементира проектот „Изградба на објекти на Граничен Премин Блаце за потребите на ветеринарните и фитосанитарните инспекциски служби.
6. Започната е соработка со Европската Агенција за безбедност на храната - ЕФСА за реализација на проект за спроведување на истражувања на навиките во исхраната на деца „Поддршка за национални истражувања во исхраната во сообразност со методологијата на ЕУ Мени (шеста поддршка) – Истражувања кај деца“, кој ќе го реализира во соработка со Институтот за јавно здравје.

**<u>Активности на ниво на Агенција</u>**

***Унапредување на стандардни оперативни процедури согласно ИСО стандардите и преминување на ISO 9001:2015.***
Активноста се водеше и спроведуваше од Менаџерот за квалитет на Агенцијата за храна и ветеринарство во соработка со релеватните сектори и одделенија

Воведувањето на ИСО стандардите во АХВ започна во 2014 година како хоризонтална активност која се спроведува на ниво на Агенција и се издвојува како хоризонтална континуирана задача и за 2018 година со транзиција на ISO 9001:2008 во ISO 9001:2015 на ниво на цела агенција и спроведување на ресертификациска проверка на СМК согласно барањата на стандардот ISO 9001:2015 од страна на надворешно сертификациско тело.

Стандардните оперативни процедури допринесуваат до сеопфатно подигнување на квалитот на работењето на секторот и отстранување на одредени недостатоци кои произлегуваат од субјективност и неусогласеност при постапувањето и реализирањето на секојдневните работни задачи. Во наведената активности би се спровела и анализа на потребата од воведување на други стандарди релевантни за карактеристиките на надлежностите на Агенцијата за храна и ветеринарство како и анализа на потребата и можноста на Агенцијата за воспоставување на интегрираност на системите на квалитет на ниво на Агенцијата и потреба од воведување на нови стандарди во административното и оперативното работење и внесување на сите релевантни законски и подзаконски акти во ISO 9001:2015 систем на АХВ.

Системското управување со квалитетот во Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија е стратешка определба на Агенцијата,која во изминатите четири години, придонесе да се подобри ефикасноста и ефективноста на работењето се со цел да бидат задоволени потребите и очекувањата на бизнис операторите и на граѓаните, кои се корисници на нашите услуги. Во 2017 година, фокусот се стави и на транзиција на Системот за квалитет на АХВ, и

неговото усогласување со барањата на новиот стандард ИСО 9001 : 2015, со цел да се воспостави управување на процеси преку утврдени ризици. Во таа насока спроведени се следните активности:
-Ресертификација на системот за менаџмент со квалитет ISO 9001:2008
-Посета на обуки за новиот стандард ISO 9001:2015 за сите претставници на тимот за менаџмент со квалитет
-Подготовка на Акционен план за транзиција на Систем за квалитет на АХВ, од страна на Менаџерот за квалитет јули, 2017;
-Извршено е ревидирање на системската документација согласно барањата на ISO 9001:2015 од страна на Менаџерот за квалитет и замениците менаџери за квалитет, август, 2017;
-Спроведена е обука на сите вработени за новите барања на Системот за квалитет 9001:2015 од страна на Менаџерот за квалитет, септември 2017;
-Извршено е Усогласување на постоечката документација согласно новите барања на ISO 9001:2015 од страна на сите носители на процеси во текот на годината;
-Подготовка на програма и план за интерни проверки од страна на Менаџерот за квалитет, септември 2017;
-Спроведени се интерни проверки во АХВ согласно План за интерни проверки во периодот од 01 до 16 ноември, .2017 год.;
-Дефиниран е Регистар на ризици во рамките на СМК од страна на Координатор за ризик, ноември, 2017;
-Изготвен е Извештај за споведени интерни проверки во 2017 г. на ниво на АХВ, декември, 2017;
-Изготвена е Анализа на задоволство на корисници на услуги на АХВ за 2017 година, декември, 2017;
-Дефинирани се корективни мерки со носителите на процес на ниво на сектор/одделение за утврдените неусогласености од интерните проверки, декември, 2017;
-Спроведени се подготовки за состанокот за преиспитување на врвното раководство, декември, 2017;
- Закажана е Ресертификациската проверка на СМК согласно ISO 9001:2015 е закажана од страна на надворешно сертификациско тело на 12 и 13 февруари, 2018 година.

Наведените активности резултираа во 2018 со добивање на Сертификатот за квалитет ИСО 9001:2015 како една од првите институции од државата со тој сертификат.

# I. СЕКТОР ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ

Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните во својот состав има 4 одделенија:

1. Одделение за здравствена заштита на животните
2. Одделение за благосостојба на животните
3. Одделение за идентификација и регистрација на животните
4. Одделение за планови за итни мерки

## 1.1. Вовед

Законот за ветеринарно здравство, Законот за идентификација и регистрација на животните и Законот за заштита и благосостојба на животните ја уредуваат здравствената заштита на животните и делови на јавното ветеринарно здравство од аспект на здравствена заштита на животните, идентификацијата и регистрацијата на животните како и нивната благосостојба. Согласно наведените закони, Агенцијата за храна и ветеринарство има обврска да обезбеди здравствена заштита на животните преку спроведување на мерки на здравствена заштита како и спроведување на годишни и повеќегодишни програми за здравствена заштита на животните, редовно да ја следи идентификацијата и регистрацијата на животните како и да ја унапредува благосотојбата и заштита на животните во државата.

## 1.2. Хоризонтални активности

Во 2017 година секторот продолжи со следење на законодавство на ЕУ и во соработка со СЕУМС на транспонирање на ЕУ мерките во националното законодавство од областа на ветеринарното здравство, благосостојба на животните и идентификација и регистрација на животните.

Изготвен е нов нацрт Правилник за условите кои треба да ги исполнат ветеринарната амбуланта, ветеринарната клиника, ветеринарната болница и ветеринарната служба на одгледувалиште. Агенцијата за храна и ветеринарство настојува да обезбеди квалитетна здравствена заштита на животните и во таа насока се изготви новиот Правилник како замена на постоечкиот кој беше во сила веќе 20 години. Развојот на комуникациската технологија во изминативе 20 години (пред се мобилната телефонија и интернетот) допринесе теренската ветеринарна служба да е достапна директно до секој корисник, со што обемот на работа од амбулантни во голема мерка се пренесе на теренски активности. Од тие причини Агенцијата со новиот Правилник планира да ги намали критериумите во однос на бројот и површината на потребните простории, но ги зголеми во однос на неопходната опрема. На овој начин долгорочно би требало да се зголеми конкурентноста, а со тоа и да се подобри квалитетот на услугите на теренските ветеринари.
Останататите законски прописи и акти детално се наведени во делот 5 Сектор за Европска унија и меѓународна соработка СЕУМС.

Секторот за здравствена заштита и благосотојба на животните, во соработка со СЕУМС, спроведува активности во рамките на проекти кои се финансирани со предпристапните фондови на Европската Унија, од кои како посебно битни се истакнуваат следните активности.

Во рамките на твининг проектот „*Понатамошно развивање на контролните системи на надлежните институции за заштита на здравјето на луѓето, животните и растенијата*" започна изготвување на нацрт Законот за здравствена заштита на животните кој ќе биде хармонизиран со европската Регулатива 429/2016. Поради комплексноста на материјата која ја обработува, предвидениот рок за целосна имплементација на горенаведената Регулатива е 21 април 2021 година. Во тој период, Европската Комисија ќе донесе низа делегирани и импементирачки акти со кои детално ќе се уредат сите подрачја опфатени со Регулативата (болести кои задолжително се пријавуваат, идентификација и регистрација на животните, биосигурносни мерки, сертификати за животни и производи од животинско потекло, контроли ).

Од тие причини рокот и динамиката на изработка на нацрт Законот за здравствена заштита на животните не може да се предвиди, со оглед дека активностите поврзани со неговата изработка зависат од динамиката на донесувањето на делегираните и импементирачки акти од Европската Комисија. Активностите предвидени со изработка на нацрт Законот за здравствена заштита на животните ќе продолжат и во 2018 година.

Во 2017 година секторот е директно вклучен во реализација на два проекти, Проект за набавка на вакцини и спроведување на кампањи за орална вакцинација на лисици против беснило, како и твининг Проект кој започна на крајот од 2016 година.

Донесено е ново упатство за определување на пазарната вредност на животните кои се одземаат заради сузбивање и искоренување на заразните болести на територија на Република Македонија.

Со поддшка на одделението за здравствена заштита на животните, од страна на Агенцијата спроведен е јавен повик бр. 1/2017 за вршење на активности од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животните, врз основа на член 40 став (8) и јавен повик 2/2016 врз основа на член 40 став (7) од Законот за ветеринарно здравство ("Службен весник на Република Македонија'' бр.113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16).

Врз основа на член 41 став (1) од Закон за ветеринарно здравство ("Службен весник на Република Македонија'' бр.113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство склучи вкупно пет нови договори за вршење на активности од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животните со ново отворени ветеринарни друштва, со ова вкупниот број на ветеринарни друштва кои имаат склучено договор со Агенцијата достигна бројка од 134 друштва.

Во 2017 година од страна на Одделението за здравствена заштита на животните беа регистрирани 11 ветеринарни друштва, а на едно ветеринарно друштво му беше издадено решение за одбивање на барањето за добивање на дозвола за вршење на ветеринарно здравствена дејност заради неисполнување на условите пропишани во Правилникот за објектите, просториите, опремата и хигиенските услови кои треба да ги исполнуваат објектите на ветеринарна амбуланта, ветеринарна станица и ветеринарна болница. Преглед на доставени барања за одобрување на ветеринарни друштва е даден во табела.

***Табела I.01:** Преглед на барања за одобрување на ветеринарни друштва*

| Поднесени барања | Постапено па барање | одобрени | одбиени |
|---|---|---|---|
| 12 | 12 | 11 | 1 |

Во 2017 година направен е избор на кланица за санитарно колење на прогласени болни животни и склучен е договор помеѓу кланица Темови од Радовиш и Агенцијата за храна и ветеринарство со важност од две години. Во текот на работењето утврдени се одредени недостатоци во однос на исполнувањето на обврските на кланицата во однос на кон преземањето, натоварат и колењето на заболените животни (недоставување на извештај за исплатени суми на одгледувачи, несоодветна кланична вредност на животните).

Врз работата на Секторот во април месец направена е контрола од страна на Директоратот за аудит и анализа на здравство и безбедност на храна (Directorate for Halth and Food Audis and Analysis) (во понатамошниот текст: ФВО) при Комисијата на Европската унија 2017-6121, во однос на мерките за здравствена заштита против болест на чвореста кожа, при што се утврдени одредени недостатоци во организацијата и спроведувањето на кампањата за контрола на болеста вклучително и вакцинацијата. Од тие причини во втората половина на 2017 година СЗЗБЖ предложи и спроведе низа активности за корекција и отстранување на недостатоците забележани во извештајот на ФВО мисијата. Предложените активности се однесуваа првенствено на зголемена фреквенција на контролите на добиточните пазари, додека другите мерки ќе се спроведат со кампањата во 2018 година.
а) Спроведување на попис на говеда паралелно со кампањата за вакцинација против чвореста кожа.
б) Внесување на географските координати за секое одгледувалиште паралелно со кампањата за вакцинација против чвореста кожа.
в) Одредување на ефикасноста на вакцинацијата против чвореста кожа со земање парни серуми пред и 28 дена по вакцинацијата.
г) Зголемени контроли со стандардизирани контролни листи за време на пролетната вакцинација против чвореста кожа

Во текот на 2017 година се изврши исплата на заостанати обврски од претходните години (2014, 2015 и 2016 година) во делот за здравствена заштита на животните кон овластените ветеринарни друштва и Факултетот за ветеринарна медицина Скопје. Исплатата се реализираше согласно предвидените средства од Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните за 2017 година. Тековно се вршеше исплата и на средства за надомест на штета за одземени животни во рамки на програми за сузбивање или контрола на болести за што исто така се користат средства од Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните за 2017. Програмите е реализирана во целост.

Во текот на 2017 година дел од крвни проби земени во рамки на редовните програми за земање на примероци за тестирање на приемчивата популација на бруцелоза се тестирани заради утврдување на присуството/отсуството на болестите Син Јазик, Кју Треска, ИБР/ИПВ, Лигавка и шап и Леукоза, преку испитување на статистички репрезентативен примерок од 428 животни. Резултатите од испитувањето ќе бидат анализирани во текот на 2018 година.

## 1.3. Информационен систем на Агенцијата за храна и ветеринарство (ИСАХВ) и комуникација со други институции и лица

Одделението за здравствена заштита животните обезбедува постојана поддршка на сите засегнати страни вклучени во информациониот систем и во одржувањето на функционалноста на сите модули потребни во секојдневната работа на ветеринарните друштва, одгледувачите и официјалните ветеринари.

Во втората половина на 2017 година СЗЗБЖ започна со функционална анализа на ИСАХВ при што беа утврдени низа сериозни недостатоци, пред се во однос на техничките спецификации предвидени со Договорите за изработка на ВИС-от и софтверската апликација која се користи во АХВ. Утврдено е дека не постои документација за изработка на предвидените модели како што се технички упатства, упатства за корисници, технички концепти за програмирање (ТКП), Е-р дијаграми и сл.

Покрај горе наведеното, во текот на 2017 година забележени се бројни технички проблеми во функционирањето на базата на податоци пред се при размената на податоци со АФПЗР (проблем со непреземање на податоците за бројната состојба на животните од страна на АФПЗР, несинхронизација на резултати од ЛАБИС кон ИСАХВ), немање на модул за компензација на одземени заболени животни и нивно одјавување од ИСАХВ, за изработка на одредени извештаи преку ИСАХВ неопходно е вклучување на ЕДУ Софт со цел генерирање на определени извештаи итн).

| Датум на пријава на проблем | Датум на отстранување на проблем | Денови за решавање на проблемот |
|---|---|---|
| втр 10.10.2017 1:39 PM | втр 10.10.2017 16:53 | истиот ден |
| чет 14.09.2017 9:10:04 AM | чет 14.09.2017 09:18 | истиот ден |
| втр 12.09.2017 16:06 | чет 14.09.2017 09:08 | 2 дена |
| втр 12.09.2017 11:15 AM | втр 12.09.2017 13:02 | истиот ден |
| втр 05.09.2017 8:53 AM | втр 05.09.2017 12:47 | истиот ден |
| втр 31.08.2017 8:47:29 AM | пон 04.09.2017 16:36 | 5 дена |

Од 2016 година Агенцијата за храна и ветеринарство е вклучена во системот за пријавување на болести кај животните на Комисијата на Европската Унија и нивниот систем за пријавување на болести кај животните (ADNS) и редовно доставува податоци за болести и редовно ја следи состојбата со болести во ЕУ и регионот.

Доставувањето на двата шест месечни извештаи до WAHIS системот на Светската организација за здравствена заштита на животните (ОИЕ) беше пролонгирано заради ревидирање на поднесените податоци и контролните мерки од претходните години. Редовните годишни ре-обновувања на статусот на земја слободна од Лигавка и шап, Африканска чума кај коњи се доставени во рок до Светската организација за здравствена заштита на животните (OIE).

Во 2017 продолжи учеството на АХВ во ГФ-ТАДс групата за болеста на чвореста кожа. Обезбедена е регионална поддршка од ЕУ за сите земји од регионот кои вршат вакцинација против болеста на чвореста кожа. Во тој контекст обезбеден е поврат на средства за 2017 година

како и донација на вакцина за 2018 година за што до Комисијата за Европска унија е доставен план за вакцинација за 2018 година.

Во текот на 2017 година беше спроведена каскадна обука на обучувачи поддржана од стана на претставници на бугарската служба за безбедност на храната и Факултетот за ветеринарна медицина Скопје, на тема контрола и превенција од болест на чвореста кожа кај говедата и болеста син јазик како и обука за безбедност на персоналот и заштитна опрема за време на управување со жаришта. Беа изработени презентации и Теренски прирачник за ветеринари за болест на чвореста кожа.

Од 2017 година Република Македонија има обврска да прави редовна пријава на податоци за зоонози и зоонотски агенси до Европската Агенција за безбедност на храната (ЕФСА) и нивниот систем за прибирање на податоци за зоонози и предизвикувачи на зоонози кои се предмет на мониторинг. Од страна на одделението за здравствена заштита на животните во текот на месец мај 2017 година за прв пат се вклучи со поднесување и пријавување на податоци во електронскиот систем на ЕФСА со што се обезбедија податоци за здравствениот статус со зоонозите и нивната преваленца (бруцелоза кај овци кози и говеда, туберкулоза кај говедата, салмонелоза, трихинелоза). Податоците кои се пријавуваа се однесуваат на појавата на листата на зоонози согласно Директивата 2003/99/ЕУ односно еквивалентниот Правилник за начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг на зоонози и предизвикувачи на зоонози и листа на зоонози и предизвикувачи на зоонози кои се редовно предмет на мониторингот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/11), а во извештајот се вклучени и податоци за антимикробната резистенција, како и информации за епидемиолошките истражувања на епидемиите на прехранбени продукти. Исто така, дадени се и комплементарни податоци за популацијата на животни на ниво на РМ.

Во табелата дадени се податоци за достасаните и реализирани предмети и фактури за 2017 година.

***Табела I.02:*** *Преглед за достасаните и реализирани предмети и фактури за 2017 година*

| Вкупен број на заведени предмети | Одговорени предмети | Во процедура | Препратени до СИН | Препратени до Одд.за правни работи | Внатрешна комуникација |
|---|---|---|---|---|---|
| 76 | 70 | 0 | 0 | 4 | 2 |

| | |
|---|---|
| Вкупен број на примени фактури | 2058 |
| Вкупен број на излезени фактури од СЗЗБЖ | 3790* |
| Вкупен број на барања за надомест | 349 |
| Вкупен број на изработени и исплатени барања | 345 |
| Вкупен број на решенија за одбивање на барањето за надомест на штета | 1 |

**Бројот на исплатени и примен фактури за 2017 е различен бидејќи во 2017 година АХВ вршеше исплата на дозаостанати обврски од претходните години .*

**I.01 Одделение за здравствена заштита на животните**

Активности на одделението по болести

**1.4.1 Заразни болести кај овци и кози**

*1.4.1.1 Бруцелоза кај овци и кози*

Во текот на 2017 година во континуитет се имплементираа мерките на надзор и контрола на бруцелозата кај овците и козите како една од најзначајните зоонози во земјата. Согласно Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај овците и козите („Службен весник на Република Македонија„ бр. 46/16) и во текот на 2017 година се земаа мостри за дијагностичко испитување на сите овци и кози постари од шест месеци и вакцинација против бруцелоза на подмладокот на возраст од три до шест месеци.

Вакцинацијата на подмладокот и дијагностичкото тестирање и земањето примероци се спроведуваа од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година, додека сите ре-тестирања и постапките за потврдување на позитивни реагенти се одвиваа во текот на 2017 година и продолжуваат и во 2018 година. Во случај кога со тестирањето се откријат заболени животни, се наредуваат мерки за сузбивање и искоренување на болеста од страна на официјалните ветеринари. Спроведувањето на овие мерки е задолжително. Заболените грла се одземат и се колат, а за нив од Буџетот на Р.М. се обезбедуваат средства за исплата на надомест на штета во висина на пазарната цена на одземените овци и кози. Тестирањето на бруцелоза кај овците и козите е целосно бесплатно за одгледувачите (трошоците за земањето на примероците и дијагностичкото испитување се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните).

Воедно согласно Програмата и во текот на 2017 година се спроведуваше земање на примероци од општините каде беше спроведена масовна вакцнација против бруцелоза (Карбинци и Радовиш). Во текот на наредните години планирано е постепено отварање и воведување на нови одгледувалишта, населени места и општини каде била извршена масовна вакцинација против бруцелозата со тестирање против бруцелоза кај овците и козите. Со оглед дека во земјата се спроведува вакцинација против бруцелоза кај овците и козите цел на АХВ е намалување на преваленцијата на 1% на ниво на одгледувалиште односно 0,05% на индивидуално ниво на целата територија на Република Македонија.
Со овој пристап Агенцијата за храна и ветеринарство спроведува мерки за заштита на здравјето на луѓето и животните, со обезбедување на основни предуслови за ставање во промет и извоз на живи овци и кози и нивни производи за период од 2016 до 2020 година. Имено целта на оваа програма за сузбување на бруцелозата кај овците и козите е постигнување и одржување на статусот на одгледувалиштата за овци и кози како „официјално слободни" од болеста бруцелоза (*B.melitensis*). Во наредниот период АХВ преку одделението за здравствена заштита на животните презема активности за воведување на здравствените статуси на ниво на одгледувалишта преку информационит систем. Агенцијата за храна и ветеринарство и официјалните ветеринари вршат засилени контроли со зајакнување на контролата на движење на животните, редовно ре-тестирање и навремено одземање и редовна компензација на заболените животни кои се клучен фактор за спречување на ширењето на болеста. Во последните пет години јасно се забележува трендот на опаѓање на бројот на заболени овци и кози од болеста бруцелоза.

Во табелите и дијаграмите кои следат дадени се резултати од спроведените тестирања на бруцелоза кај овци и кози од 2008 - 2017 година.

***Табела I.03:*** *Апсолутен број на позитивни овци и кози од бруцелоза 2008 – 2017 година*

| Година | Тестирани одгледувалишта | Вкупен број на одгледувалишта | Позитивни одгледувалишта | Тестирани овци и кози | Вкупен број на животни | позитивни овци/кози | % позитивни овци/кози | % позитивни одгледувалишта |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | 5820 | / | 636 | 626748 | / | 16052 | 2,56 | 10,93 |
| 2009 | 6522 | / | 712 | 653863 | / | 11256 | 1,72 | 10,92 |
| 2010 | 5312 | / | 171 | 422752 | / | 2865 | 0,68 | 3,22 |
| 2011 | 4545 | 10497 | 80 | 362662 | 809969 | 1312 | 0,36 | 1,76 |
| 2012 | 3889 | 9336 | 16 | 296561 | 707792 | 112 | 0,04 | 0,41 |
| 2013 | 7543 | 9427 | 42 | 346947 | 774892 | 338 | 0,10 | 0,56 |
| 2014 | 7587 | 9441 | 55 | 362828 | 764066 | 347 | 0,10 | 0,72 |
| 2015 | 7375 | 9443 | 71 | 371101 | 779090 | 460 | 0,12 | 0,96 |
| 2016 | 6795 | 9971 | 129 | 419061 | 809969 | 673 | 0,16 | 1,90 |
| 2017 | 6608 | 9669 | 97 | 412.978 | 819771 | 448 | 0.11% | 1,45 |

Податоците од спроведување на планот за серолошки надзор во општините Карбинци и Радовиш во 2016 и 2017 година (тоа се општини каде во 2008 година се спроведе масовна вакцинација против бруцелоза кај овците и козите) се прикажани подолу. Согласно испитувањата во 2017 година на ниво на општина Карбинци и Радовиш вкупно позитивни овци и кози се 128, во вкупно 15 позитивни одгледувалишта. Серолошкиот надзор за присуство на бруцелоза се спроведуваше на сите животни од видовите овци и кози. Додека животни кои се вакцинирани против бруцелоза на возраст до шест месеци дијагностички можат да се испитуваат доколку се постари од 18 месеци на денот на земањето на мострите. Во овие две општини откако се спроведување дијагностичкото испитување споредбено 2016 со 2017 година се забележува благ тренд на намалување на бројот на серолошки позитивни овци и кози. Ваквиот пристап ќе се примени и на други општини односно региони каде до сега се врши само вакцинација на подмладокот на возраст од 3 до 6 месеци.




*Графички приказ на епидемиолошките податоци за појавата на бруцелозата кај овци и кози во општина Радовиш и Карбинци споредбено во 2016 и 2017 година*




*Графички приказ на застапеност на бруцелозата по општини (број на позитивни овци и кози) за 2017 година*




*Графикон. Графички приказ на број на позитивни грла на бруцелоза кај овци и кози 2008 – 2017 година вклучувајќи ги и општините Карбинци и Радовиш*




*Графикон. Графички приказ на број на позитивни стада на бруцелоза кај овци и кози 2008 – 2017 година вклучувајќи ги и општините Карбинци и Радовиш*

Во периодот од 01.03.2017 година заклучно со 01.11.2017 (01.01.2017-31.12.2017) година вкупно се извршени **134.845** вакцинации против бруцелоза на овци и кози во вкупно 3588 одгледувалишта**.** Истовремено во овој период се спроведуваше и земање на примероци од вакцинираните животни со цел дијагностичко испитување за проценка на имуноста на вакцинираните овци и кози против Бруцелоза во период од 25 - 35 дена после вакцинацијата. Во табелата даден е приказ на проверката на имунитетот за последните пет години:

***Табела I.04:*** *Проверка на ефикасноста на постигнатиот имунитет*

| Година | Тестирани | Позитивни | Негативни |
|---|---|---|---|
| 2013 | 5263 | 4472 | 744 |
| 2014 | 6033 | 5056 | 818 |
| 2015 | 5220 | 4818 | 382 |
| 2016 | 3356 | 2134 | 1193 |
| 2017 | 8047 | 7250 | 711 |

Како директен резултат од спроведените мерки за контрола на болеста кај животните, бројот на заболени луѓе од *B.melitensis* е видливо намален. Во табела прикажан е преглед на трендот на опаѓање на број на регистрирани заболени луѓе од болеста Бруцелоза во период 2008-2017 година.

***Табела I.05:*** *Преглед на трендот на опаѓање на број на регистрирани заболени луѓе од болеста Бруцелоза во период 2008-2017 година*

| Година | Заболени луѓе од бруцелоза |
|---|---|
| **2008** | 485 |
| **2009** | 287 |
| **2010** | 163 |
| **2011** | 96 |
| **2012** | 82 |
| **2013** | 36 |
| **2014** | 40 |
| **2015** | 24 |
| **2016** | 22 |
| **2017** | 21 |

**податоците се обезбедени од Институтот за јавно здравје Скопје*

***Табела I.06:*** *Преглед на заболени луѓе од бруцелоза во период 2008-2017 година*




***Графикон:*** *Споредбен Преглед на заболени луѓе од бруцелоза во период 2008-2017 година*

*1.4.1.2 Антракс кај овци и кози*

Согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2017 година за сузбивање и искоренување на антраксот кај овци и кози предвидено е да се изврши превентивна вакцинација во општини и населени места кои станале дистрикти на болеста антракс. Активноста е извршена согласно упатството на производителот на вакцината.

Вакцинацијата се спроведуваа од 01.01.2017 година, а обично завршува пред започнување на летото 30.06.2017 година. Во случај кога имаме заболени животни, се наредуваат мерки за сузбивање и искоренување на болеста од страна на официјалните ветеринари. Спроведувањето на овие мерки е задолжително. Заболените грла се убиваат на лице место и се врши нештетно отстранување на труповите за кои од Буџетот на Р.М. се обезбедуваат средства за исплата на надомест на штета во висина на пазарната цена на одземените животни.

***Табела 1.06:*** *Преглед на вакцинирани животни против антракс во општини кои се дистрикти за 2017 година*

| | Овци и кози |
|---|---|
| број на животни | 15.908 |
| број на одгледувалишта | 143 |

***Табела 1.07:*** *Преглед на резултатите од спроведени дијагностички испитувања кај угинати животни при сомнеж на Антракс во 2017 година*

| Антракс од 01 Јануари 2017 До 31 Декември 2017 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЕП** | **Населено Место** | **Животно** | **Испитани** | **Позитивни** | **Негативни** |
| Прилеп | ПРИЛЕП | овца | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | овца | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | овца | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | овца | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | овца | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | коза | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | коза | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | коза | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | коза | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | коза | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | коза | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | коза | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | коза | 1 | 0 | 1 |
| Битола | БИТОЛА | коза | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | коза | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | коза | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | коза | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | коза | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | коза | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | коза | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | коза | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | овца | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ПРИЛЕП | овца | 1 | 0 | 1 |
| **Вкупно** | | | **23** | **0** | **23** |

### *1.4.1.3 Ентеротоксемија кај овци и кози*

Согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2017 година заради подобрување на епизотиолошката состојба со болеста и намалување на морталитетот кај овците и козите е извршена превентивна вакцинација на сите овци и кози на територија на Република Македонија. Вакцинацијата е спроведена од страна на ветеринарните друштва кои имаат

склучено договор со одгледувачите на овци и кози. Трошоците за вакцинација во целост се на товар на одгледувачите на овци и кози. Во табелата во прилог е даден преглед на вакцинирани животни против болеста ентеротоксемија во 2017 година.

***Табела 1.08**: Преглед на вкупен број на испитани примероци при сомнеж на болеста ентеротоксемија во 2017 година*

| **ЕНТЕРОТОКСЕМИЈА** од 01 Јануари 2017 До 31 Декември 2017 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЕП** | **Населено Место** | **Животно** | **Испитани** | **Позитивни** | **Негативни** |
| Гостивар | ЛОМНИЦА | овца | 2 | 0 | 2 |
| Берово | РОБОВО | овца | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | ВЕСЕЛЧАНИ | овца | 1 | 0 | 1 |
| Демир Хисар | ЕДИНАКОВО | овца | 1 | 0 | 1 |
| Тетово | ТЕАРЦЕ | овца | 1 | 0 | 1 |
| Демир Хисар | СВЕТА | коза | 1 | 0 | 1 |
| Пробиштип | БУНЕШ | овца | 1 | 0 | 1 |
| Крива Паланка | ВЕТУНИЦА | овца | 1 | 0 | 1 |
| **Вкупно** | | | **9** | **0** | **9** |

**Заразни болести кај говеда**

*1.4.2.1 Бруцелоза и Туберкулоза кај говеда*

Мерките за контрола на бруцелозата и туберкулозата кај говедата се имплементираат и во текот на 2017 година согласно Програмата за сузбивање и искоренување на Бруцелозата кај говеда и Програмата за сузбивање и искоренување на Туберкулозата кај говедата. Дијагностичкото тестирање – туберкулинизација и земањето примероци се спроведуваа од 01.09.2017 година до 31.12.2017 година, додека сите ре-тестирања и постапките за потврдување на позитивни реагенти на туберкулоза се одвиваа во текот на 2017 година и продолжуваат и во 2018 година.

Доколку со тестирањето се откријат заболени животни, се наредуваат мерки за сузбивање и искоренување на болеста од страна на официјалните ветеринари. Спроведувањето на овие мерки е задолжително. Заболените грла се одземат и се колат, а за нив од Буџетот на Р.М. се обезбедуваат средства за исплата на надомест на штета во висина на пазарната цена на одземените говеда. Тестирањето на бруцелоза кај говедата е целосно бесплатно за одгледувачите (трошоците за земањето на примероците и дијагностичкото испитување се на товар на Програмта за користење на средства за здравствена заштита на животните).

Редовните годишни дијагностички испитувања на бруцелоза кај говедата се вршат во рокови зададени од страна на АХВ, а ретестирања на сите позитивни стада континуирано се извршуваат во текот на годината. Во периодот на ре-тестирања се врши засилена *он-спот* контрола и сеопфатно епидемилошко испитување со цел утврдување на изворот на инфекција задолжително во присуство на официјален ветеринар.

Со цел обезбедување на поголема контрола во квалитетот на извршената туберкулинизација од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство беше доставен нов образец за пријавување на сомнителни животни до официјалните ветеринари со цел обезбедување на униформен пристап во доставувањето на податоците за спроведениот единечен интракутан тест на туберкулоза од страна на ветеринарите друштва

***Табела 1.09**: Резултати од контролата на Бруцелоза кај говедата со број на тестирања, позитивни животни и одгледувалишта за период од 2010-2017 год.*

| Година | Број на тестирани животни | Вкупен број на животни | Позитивни животни | % од позитивни животни | Позитивни стада | Вкупно одгледувалишта | Број на заклани* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2010** | 168.682 | / | 663 | 0,39% | 78 | / | 665 |
| **2011** | 147.615 | 267911 | 225 | 0,15% | 66 | 41682 | 229 |
| **2012** | 144.619 | 261073 | 416 | 0,29% | 64 | 40916 | 357 |
| **2013** | 144.629 | 213121 | 344 | 0,24% | 46 | 29541 | 247 |
| **2014** | 162.582 | 213909 | 514 | 0,31% | 129 | 28925 | 544 |
| **2015** | 168.646 | 226251 | 308 | 0,18% | 64 | 28883 | 270 |
| **2016** | 166.178 | 228812 | 437 | 0,26% | 82 | 26226 | 304 |
| **2017** | 158.840 | 214170 | 348 | 0,22% | 78 | 25044 | 342 |

** Бројот на заклани и позитивни грла на годишно ниво се разликуваат од причина што одземањето на животните и нивното колење се изведува со подоцнежен период при што се случува дел од грлата да не се затекнати на одгледувалиштe или нивното колење да се направи во наредната година, ова особено се случува со животните чие прво тестирање е во последниот квартал на годината.*




*Приказ на број на позитивни животни од бруцелоза за период од 2010- 2017 година*




*Приказ на број на позитивни стада на говеда од бруцелоза за период од 2010 - 2017 година*

***Табела 1.10:*** *Резултати од контролата на Туберкулозата кај говедата со број на тестирани, позитивни животни и одгледувалишта за период од 2010 - 2017 година*

| Година | Број на тестирани животни | Вкупен број на животни | Број на пријавени говеда со сомнителна реакција | Прогласени позитивни говеда со метода на ретуберкулинизација | % од позитивни животни |
|---|---|---|---|---|---|
| **2010** | 178.838 | / | 1042 | 393 | 0.22% |
| **2011** | 172.087 | 267911 | 815 | 207 | 0,11% |
| **2012** | 167.506 | 261073 | 456 | 240 | 0,14% |
| **2013** | 167.128 | 213121 | 269 | 269 | 0,002% |
| **2014** | 180.902 | 213909 | 112 | 109 | 0,061% |
| **2015** | 187.601 | 226251 | 153 | 80 | 0.04% |
| **2016** | 188.519 | 228812 | 116 | 77 | 0.04% |
| **2017** | 174.967 | 214170 | 192 | 46* | 0,03% |

** во последните неколку години опаѓа бројот на пријавени сомнителни животни од страна на ветеринарните друштва. Дополнително, што се однесува до разликата во бројот на пријавени сомнителни и прогласени за позитивни животни треба да се земе во предвид фактот дека се работи за хронична болест за која како постапката за потврдување се користи методата на туберкулинизација односно (интракутано аплицирање на туберкулин) и толкување на реакција врз основа на одредни параметри и клинички знаци. Ова се официјални тестови за потврдување на болеста согласно програмата за сузбивање и искоренување на туберкулозата. Во текот на 2017 година вкупно потврдени 46 случаи на туберкулоза кај говедата.*

Постапката за утврдување на позитивни говеда на туберкулоза продолжува и во текот на јануари 2018 година. Извршувањето на единечниот туберкулински тест го спроведуваат овластените ветеринари друштва, додека компаративниот туберкулински тест (ретуберкулинизацијата) ја спроведува комисија од страна на Факултетот за ветеринарна медицина Скопје.




*Графикон. Приказ на број на сомнителни и позитивни животни на говеда од туберкулоза за период од 2015/16 – 2016/17 година*

**Пресекот поради оперативно епизоотиолошко- епидемиолошки причинни е даден на две години.*




*Графикон. Приказ на број на позитивни стада на говеда од туберкулоза за период од 2015/16 – 2016/17 година*
**Пресекот поради оперативно епизоотиолошко- епидемиолошки причинни е даден на две години.*




*Графикон. Приказ на број на позитивни животни на говеда од туберкулоза за период од 2015/16 – 2016/17 година по општини*
**Пресекот поради оперативно епизоотиолошко- епидемиолошки причинни е даден на две години.*

*1.4.2.2 Болест на чвореста кожа кај говедата*

Во 2017 година утврдени се нови четири случаи на болеста на чвореста кожа кои се потврдени лабораториски. Два случаи се потврдени во општина на Крива Паланка, еден во општина на Кочани и еден во општина на Гостивар. Позитивните реактори се нештетно отстранети.

Во првата половина на 2017 извршена е вакцинација против болеста година која започна во месец март во источниот дел на државата за подоцна да се прошири на целата територија на државата. Со вакцинацијата опфатени се вкупно 203.139 говеда во 22.194 одгледувалишта на целата територија на Република Македонија (пресек 21.08.2017).

Дополнителна активност за 2017 година поврзано со оваа болест преставуваше изнаоѓање на решение за исплата на надомест на одгледувачи за угинатите говеда од болеста чвореста кожа. Согласно Законот за ветеринарно здравство за угинати животни не се врши исплата на надоместот така да средства се побараа од Владата на Република Македонија. По добивањето на средства исплатата се реализираше преку креирана мерка од страна на МЗШВ односно од Буџетот на АФПЗРР за 2017. На овој начин извршена е исплата на 220 сопственици за вкупно 451 угинато говедо во износ од 15.121.900.00 денари.

Заради потребата од усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ донесен е Правилник за мерки за здравствена заштита на животните во однос на болест на чвореста кожа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/17 и 138/17) кој е усогласен со Одлуките на Европската унија 2016/2008 и 1178/2017.

За спроведување на пролетната кампања за вакцинација на говедата за 2018 година се предвидени одредени активности за подобрување на квалитетот на добиените податоци, кои се наведени во точката 1.2.

*1.4.2.2 Антракс кај говеда*

Согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2017 година за сузбивање и искоренување на антраксот кај говеда предвидено е да се изврши превентивна вакцинација во

општини и населени места кои станале дистрикти на болеста антракс. Активноста е извршена согласно упатството на производителот на вакцината.

Вакцинацијата се спроведуваа од 01.01.2017 година, а обично завршува пред започнување на летото 30.06.2017 година. Во случај кога имаме заболени животни, се наредуваат мерки за сузбивање и искоренување на болеста од страна на официјалните ветеринари. Спроведувањето на овие мерки е задолжително. Заболените грла се убиваат на лице место и се врши нештетно отстранување на труповите за кои од Буџетот на Р.М. се обезбедуваат средства за исплата на надомест на штета во висина на пазарната цена на одземените животни

***Табела 1.11***: *Преглед на вакцинирани животни против антракс во општини кои се дистрикти за 2017 година*

| | Говеда |
|---|---|
| број на животни | 3948 |
| број на одгледувалшта | 477 |

***Табела 1.12:*** *Преглед на резултатите од спроведени дијагностички испитувања кај угинати животни при сомнеж на Антракс во 2017 година*

| Антракс од 01 Јануари 2017 До 31 Декември 2017 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЕП** | **Населено Место** | **Животно** | **Испитани** | **Позитивни** | **Негативни** |
| Скопје | ЧУЧЕР-САНДЕВО | говедо | 1 | 0 | 1 |
| Штип | ШТИП | говедо | 2 | 0 | 2 |
| Скопје | Скопје | говедо | 1 | 0 | 1 |
| Штип | ШТИП | говедо | 2 | 0 | 2 |
| Крива Паланка | ПЕТРАЛИЦА | говедо | 1 | 0 | 1 |
| Крива Паланка | ЖИДИЛОВО | говедо | 1 | 0 | 1 |
| Крива Паланка | ЖИДИЛОВО | говедо | 1 | 0 | 1 |
| Радовиш | КАЛАУЗЛИЈА | говедо | 1 | 0 | 1 |
| Скопје | ТРУБАРЕВО | говедо | 3 | 0 | 3 |
| **Вкупно** | | | **13** | **0** | **13** |

## 1.4.3 Болести кај дивечот

### *1.4.3.1 Беснило*

Во текот на 2017 година Агенцијата продолжи со спроведување на активности за зајакнување на надзорот и контролата на беснило.

Одделението за здравствена заштита на животните продолжи со спроведување на програмата за орална вакцинација на лисиците против беснило. Во 2017 година реализирани се две вакцинални

кампањи во периодот на април-мај и октомври-ноември. Исто така се спроведуваат и мерки за зајакнување на системот на надзор на беснилото кај дивите и домашните животни. Како дел од мерките за контрола на беснилото во Република Македонија реализирани се следните активности:

*1.4.3.1.1 Орална вакцинација на лисиците против беснило*

Лисиците кои претставуваат резервоар за ширење на вирусот на беснило, а оралната вакцинација е единствен успешен начин на искоренување на беснилото кај дивите животни, а со тоа и за спречување на пренесувањето на болеста кај домашните животни и човекот.

Програмата се состои од кампањи за орална вакцинација кои се спроведуваат двапати годишно, во пролет и есен.

Преку IPA фондовите секоја година се обезбедуваат вакцини против беснило кај дивите животни. Република Македонија започна со имплементација на програмата во мај 2011 година кога се реализираше првата кампања за орална вакцинација на лисиците против беснило. Досега се реализирани осум кампањи.

Во 2017 година реализирана е деветата пролетна кампања и десетата есенската кампања. Пред испораката мамките се тестирани за контрола на вирусниот титар од страна на Институтот за државна контрола на ветеринарни биолошки материјали и медикаменти, Брно, Р.Чешка и националната референтна лабораторија во Република Македонија. Во текот на кампањата беа доставени 500.000 мамки од кои 497.306 беа дистрибуирани. Во текот на целиот процес се вршеше мониторинг на ладниот ланец (транспорт-складирање-достава до авионот). За имплементација на кампањата беа употребени четири авиони од типот Cessna и Citabria, а дистрибуција се вршеше од три спортски аеродроми во Скопје, Битола и Штип. Во текот на оралната вакцинација, авионите летаа во паралелни линии на 500-600 m оддалеченост помеѓу нив со следење на линијата на летање со вграден GPS систем. Мамките се испуштаа со употреба на SURVIS, автоматски систем, со предвидено исфрлување за да се постигне густина од 21 мамка/km$^2$. Секоја фрлена мамка се регистрираше со употреба на GPS системот, а податоците беа пренесувани на дневна основа од пилотите до Агенцијата. Дистрибуција на вакцинални мамки се изврши на целата територија на Република Македонија (на површина од 23.235км$^2$) на надморска височина до 2.000 метри со исклучок на градовите, погусто населените места и водните површини.
Кампањата беше на задоволително ниво. Просечната густина на дистрибуирани мамки беше 21.04 мамки/km$^2$ со стандардна девијација (СД) од 8.055 мамки/km$^2$ што укажува на тоа дека има задоволителна точност и хомогеност на густината на исфрлените мамки.



*Графикон. Приказ на географска дистрибуција на мамките за орална вакцинација против Беснило кај Лисиците.*

*1.4.3.1.2 Мониторинг на оралната вакцинација на лисиците против беснило*

По секоја спроведена кампања, Агенцијата спроведува пост вакцинален мониторинг заради контрола на успешноста на оралната вакцинација. За таа цел, Агенцијата склучи договори со ловните друштва-концесионери на ловиштата во Република Македонија за застрелување на одреден број лисици (4 лисици на 100км² годишно или 2 лисици на 100км² по секоја кампања) и земање мостри за лабораториско испитување.

Резултатите од мониторингот потврдуваат дека кампањите се успешно реализирани но мора да се нагласи дека бројот на испитани мостри е помал од потребниот што укажува на тоа дека е потребна засилена контрола и едукација на ловните и ветеринарните друштва кои се одговорни за застрелување на лисици и земање на мостри.

***Табела 1.13:*** *Проценка на ефикасноста на вакцината со детекција на тетрациклин во испитуваните мостри од лисици*

| Година | Бр. на тестирани животни | Бр. на позитивни животни | Бр. на негативни животни | % на позитивни животни на тетрациклин |
|---|---|---|---|---|
| 2011 | 141 | 86 | 55 | 60,99 |
| 2012 | 205 | 188 | 17 | 91,70 |
| 2013 | 479 | 403 | 76 | 84,13 |
| 2014 | 197 | 181 | 17 | 91,87 |
| 2015 | 221 | 206 | 15 | 93,21 |
| 2016 | 140 | 133 | 7 | 95 |
| 2017 | 81 | 33 | 48 | 40,74 |
| Вкупно: | 1464 | 1230 | 235 | 84,01 |

***Табела 1.14:*** *Детекција на имун одговор односно ниво на антитела во испитуваните мостри од лисици*

| Година | Бр. на тестирани животни | Бр. на позитивни животни | Бр. на негативни животни | % на позитивни животни |
|---|---|---|---|---|
| 2011 | 45 | 4 | 41 | 8,89 |
| 2012 | 37 | 22 | 15 | 59.46 |
| 2013 | 59 | 21 | 38 | 35.59 |
| 2014 | 113 | 54 | 59 | 47.79 |
| 2015 | 39 | 20 | 19 | 51.28 |
| 2016 | 37 | 13 | 24 | 36.11 |
| 2017 | 216 | 101 | 115 | 46.75 |
| Вкупно: | 546 | 235 | 311 | 43,04 |

Мониторингот на есенската кампања започна на крај на 2016 година и траеше се до почетокот на пролетната кампања која е реализирана до Април 2017 година и есенската во Ноември истата година.

*1.4.3.1.3 Зајакнување на активниот и пасивниот надзор на беснило*

Обврската за задолжително пријавување на беснило е пропишана во Законот за ветеринарно здравство, Правилникот за начинот и постапката за пријавување на беснило кај домашни и диви животни и мерки кои треба да се превземаат за сузбивање и искоренување на беснилото, и во

Годишната наредба за здравствена заштита на животните. Сите сомнителни домашни и диви животни (животни кои покажуваат знаци на беснило, пронајдени угинати и прегазени од возило) како и сите застрелани лисици, волци и други диви животни треба да се пријават за лабораториско испитување за утврдување на присуство на вирусот на беснило.

Службите за комунална хигиена се задолжени да ги пријават и испратат во Националната референтна лабораторија за беснило сите домашни и диви животни пронајдени угинати и прегазени од возила на јавните површини и патиштата.

Во текот на 2017 година испитани се вкупно 296 мостри на присуство на вирусот на беснило од кои 215 мостри од лисици, а 81 мостри беа испитани во рамките на спроведениот мониторинг на вакцинацијата против беснило и редовниот застрел на волк како штетен дивеч.

***Табела 1.15:*** *Вкупен број на испитани мостри на присуство на вирусот на беснило и мониторинг на орална вакцинација на лисици и волци во тек на 2017 година*

| Испитани мостри на присуство на вирусот на беснило и мониторинг на орална вакцинација на лисици | | | |
|---|---|---|---|
| Мостри од лисици | поз (+) | нег (-) | сомн. (x) |
| Антитела | **101** | **115** | **0** |
| испитани вкупно | **215** | | |
| Мостри од лисици и волци | поз (+) | нег (-) | сомн. (x) |
| на тетрациклин | **33** | **48** | **0** |
| испитани вкупно | **81** | | |
| Вкупно | **296** | | |

Во текот на 2017 година не се регистрирани случаи на беснило кај домашните и дивите животни.

## 1.4.4 Болести кај свињите

### *1.4.4.1 Класична чума кај свињите*

Активностите кои се спроведуваат согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2017 во однос на класична чума кај свињите се опишани подолу во документот.

### *1.4.4.2 Трихинелоза*

Во согласност со Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2017 година сите ловните друштва, концесионери на ловиштата и Националните паркови од сите отстрелани диви свињи треба да испратат материјал за испитување на присуство на трихинелоза до Национална референтна лабораторија.

Во текот на 2017 година до Национална референтна лабораторија се испратени и испитани вкупно 156 мостри од отстрелани диви свињи при што не е утврдено присуство на трихинелоза.

***Табела 1.16:*** *Преглед на број на земени примероци за детекција на Trichnella кај диви свињи и број на потврдени позитивни примероци за период 2012- 2017 година*
***Ловната сезона за диви свињи е во периодот од 01-ви Октомври во тековна година до 31-ви Јануари во наредната година.*

| Ловна сезона* | 12/13 | 13/14 | 14/15 | 15/16 | 16/17 |
|---|---|---|---|---|---|
| Диви свињи | 380 | 191 | 157 | 133 | 156 |
| Позитивни примероци | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Согласно Правилникот за посебни барања за контрола на Trichinella во месото ("Службен весник на Република Македонија", бр. 82/16) и со поддршка на експерти од твининг договор - „Институционално зајакнување на капацитетите на надлежните органи во делот на имплементација на европското законодавство во областа на безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика во тек на 2016-2017 година е пристапено кон изработка на Повеќегодишен национален контролен план за мониторинг на инфестација со трихинела кај приемчива популација на животни во Република Македонија. Со донесување на планот се овозможува започнување на постапка која е предвидена согласно член 10 од Правилникот за посебни барања за контрола на Trichinella во месото, добивање на статус на одгледувалишта или оддели официјално одобрени за примена на условите за контролирани услови за одгледување на свињите односно одгледувалишта или оддели кои се слободни од присуство на трихинелоза.

***Табела 1.17****: Вкупен број на заклани свињи со фармски и индивидуален број во кланици и вкупен број на потврдени позитивни примероци на трихинелоза - период 2013-2017 година*

| Година | Вкупен број на тестирани заклани свињи со фаремски број | Вкупен број на тестирани заклани свињи со индивидуален број | Вкупен број на потврдени позитивни примероци /одгледувалишта на Trichnella |
|---|---|---|---|
| 2017 | 169.280 | 5.113 | 0 |
| 2016 | 162.325 | 4.774 | 0 |
| 2015 | 141.650 | 6.016 | 0 |
| 2014 | 129.865 | 6.939 | 0 |
| 2013 | 146.733 | 8.900 | 0 |

## 1.4.5 Заразни болести кај пчелите

### *1.4.5.1 Американска чума на пчелното легло*

За контрола на болеста се применуваат одредбите од Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2017 година.

Во текот на 2017 година од вкупно 233.835 пчелни семејства во 6.526 пчеларници, болеста е потврдена кај 468 пчелни семејства во 36 пчеларници. Мостри за дијагностичко испитување се земаат само по пријава на сомнеж на болеста од страна на одгледувачот. Пчелните семејства кај кои што е потврдена болеста подлежат на уништување и нештетно отстранување при што на одгледувачот му се исплаќа надомест на штета од Буџетот на Р.М..

## 1.4.6 Болести кај живината

*1.4.6.1 Класична чума кај живина (Авијарна инфлуенца кај живина)*

Активностите кои се спроведуваат во однос на авијарна инфлуенца се опишани подолу во документот.

*1.4.6.2 Салмонелоза (предизвикана од соеви на релевантни за ветеринарно јавно здравство.)*

Во Службен весник на Европска Унија со Регулативата на Комисијата за спроведување (ЕУ) 2017/151 од 28 јануари 2017 година, Република Македонија беше ставена на листата на земји одобрени за извоз на месо од живина на пазарите на Европската унија.
Донесен е нов Повеќегодишен Национален контролен план за намалување на присуството на салмонелозата кај кокошките (Gallus Gallus) во Република Македонија за период 2017-2021 година со кој се опфатени сите категории на живина предвидени со Правилникот за начинот на вршење на официјални контроли на салмонела и други одредени алиментарни интоксикации (Службен Весник на РМ Бр 34/15) и тоа:

- јата несилки за производство на јајца со 350 единки и повеќе,
- јата кои имаат помалку од 350 единки, но од кои се ставаат јајца во промет за исхрана на луѓето
- родителски јата и инкубаторски станици,
- јата бројлери и
- јата мисирки

Евиденција за регистрирани одгледувалишта на живина се води тековно согласно прописите за ветеринарно здравство.
Во 2017 година со планот се опфатени 80 активни одгледувалишта на живина со 147 јата со вкупен број на 954 584 единки.
Согласно фреквенција на мострирање во период од 01.01.2017 до 31.12.2017 вкупно се земени и испитани 590 примероци на фецес и прашина за утврдување на присуство на релевантни соеви на Salmonella spp. согласно Правилникот за начинот на вршење на официјални контроли на салмонела и други одредени алиментарни интоксикации.
При официјална контрола на јатата за верификација на планот до Национална референтна лабораторија се испратени и испитани вкупно 232 примероци.
Од страна на одгледувачи/ оператори со храна се земени и испратени вкупно 358 примероци на фецес и прашина како обврска на редовна внатрешна проверка предвидена со планот. Од испитаните примероци од внатрешна проверка во пет одгледувалишта е утврдено присуство на серотипови на Salmonella spp. (S. enteritidis, и S. typhimurium ) за кои е поставена цел за нивно намалување. Согласно Прилог 2 Дел Г точка 4 од Правилникот за начинот на вршење на официјални контроли на салмонела и други одредени алиментарни интоксикации од страна на Агенцијата е спроведен пропишан протокол за мострирање и е потврдено присуство на S. enteritidis кај две јата. Во табелата се дадени приказ на податоци за живина опфатена со планот за период 01.01.2017- 31.12.2017.

***Табела 1.18****: Податоци за бројна состојба на живина и епидемиолошка ситуација за период 01.01.2017-31.12.2017 година*

| Регион (а1) | Тип на јато (б) | Вкупен број на единки вклучени во мониторинг | Вкупен број на јата вклучени во мониторинг (д) | Број на позитивни јата (ͤ) (а) | | | Броја на јата депопулирани (а) | | Вкупен број на единки заклани или убиени (а) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | (а1) | (а2) | (а3) | (а3) | (а4) | (а4) | (а3) |
| Скопје | Јата несилки | 182050 | 32 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Куманово | Јата несилки | 34710 | 15 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Велес | Јата несилки | 277292 | 35 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Битола | Јата несилки | 141698 | 21 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Тетово | Јата несилки | 198894 | 26 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 22 700 | 0 |
| Штип | Јата несилки | 119940 | 18 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | | 954582 | 135 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 22700 | 0 |

(а) За типови на салмонелоза опфатени со програмите за контрола на:
(а1) за Salmonella enteritidis,
(а2) за Salmonella typhimurium,
(а3) за други серотипови- наведете како што е соодветно,
(а4) за Salmonella enteritidis или Salmonella typhimurium.
(а1) Регион како што е дефинирано во одобрениот Национален план за контрола и искоренување на салмонелоза кај живината.
(б) Тип на јато : на пр. јата за размножување (одгледување, возрасни јата), јата несилки, јата мисирки, јата бројлери, итн .
(в) Вкупен број на јата кои постојат во регионот, вклучувајќи ги и јатата неквалификувани за програмата.
(г) Вкупен број на јата вклучени во мониторинг.
(д) Ако јатото е означено, во согласност со фуснота (г), повеќе од еднаш, позитивен примерок мора да се земат предвид само еднаш.

Заради континуирано унапредување на имплементација на планот во текот на 2018 година е предвидено организирање и спроведување на обука за официјални ветеринари кои вршат контрола и верификација на спроведување на планот како и одговорни лица/ оператори со храна кои се вклучени во планот.

## 1.4.7 Болести кај аквакултура

Како дел од мерките за здравствена заштита на животните и контрола на болести кај рибите во Македонија во 2017 година се спроведе надзор на болестите ВХС, ИХН и КХВ. Деталите за реализираните активности се опишани подолу во документот.

## 1.4.8 Болести кај копитари

### *1.4.8.1 Инфективна Анемија кај копитари*

Во однос на болеста Инфективна анемија кај копитари, во текот на 2017 болеста беше лабораториски потврдена кај 5 животни на 2 одгледувалиште во регионот на Скопје (с. Мојанци и с. Брест). Болеста кај животните се појави со клиничка слика и угинување. Животни кај кои се појави се работни коњи (коњи кои се користат за транспорт на дрва). Останатите коњи во одгледувалиштата каде беше потврдена болеста беа убиени и нештетно отстанети.
За да се утврди состојбата со циркулација на болста во регионот имајки го во предвид начинот на ширење и пренесување на болеста / векторот, кај животните од видот копитари (коњ, магаре и нивни мелези) се спроведе надзор во 14 населени места.

*Мапа: Приказ на локациите каде е спроведен мониторинг на ИАК по позитивен наод на животни*



Зелените стрелки на сликата ги означуваат населените места каде е спроведен мониторинг на ИАК, Црвената стрелка и црвените точки ја означуваат локацијата на коњите кај кои болеста беше првично потврдена.
Поради недостатокот од соодветен систем за идентификација на животни од видот копитари како и индивидуално обележување на овој вид на животни, животните од кои беше земана крв за дијагностика се означуваа со пластични пломби нанесувани на долниот дел на еден од екстремитетите.

Во надзорот беа опфатени  105 одгледувалишта во 2 општини, при што од 194 животни болеста беше потврдена кај 6 животни.
Дополннително болеста беше потврдена и на едно одгледувалиште во општина Струмица.

*Мапа: нови потврдени жаришта по спроведен надзор*




*Мапа: целосен приказ на состојбата*



*1.4.8.2 Антракс кај копитари*

Согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2017 година за сузбивање и искоренување на антраксот кај копитари предвидено е да се изврши превентивна вакцинација во општини и населени места кои станале дистрикти на болеста антракс. Активноста е извршена согласно упатството на производителот на вакцината.

Вакцинацијата се спроведуваа од 01.01.2017 година, а обично завршува пред започнување на летото 30.06.2017 година. Во случај кога имаме заболени животни, се наредуваат мерки за сузбивање и искоренување на болеста од страна на официјалните ветеринари. Спроведувањето на овие мерки е задолжително. Заболените грла се убиваат на лице место и се врши нештетно отстранување на труповите, а за нив од Буџетот на Р.М. се обезбедуваат средства за исплата на надомест на штета во висина на пазарната цена на одземените животни

***Табела 1.19**: Преглед на вакцинирани животни против антракс во општини кои се дистрикти за 2017 година*

| | Коњи |
|---|---|
| број на животни | 69 |
| број на одгледувалишта | 46 |

**I.02 Одделение за заштита и благосостојба на животните**

Во 2017 година, во соработка со СЕУМС, донесени се следниве подзаконски акти од областа на благосостојбата на животните (транспонирани ЕУ акти):
1. Правилникот за заштита и благосостојба на животните кои се држат за фармски цели (Службен весник на Република Македонија бр.3/17) и
2. Правилникот за заштита и благосостојба на животните за време на превоз (Службен весник на Република Македонија бр.4/17).

Изготвени се нацрт Правилник за постапката за именување и разрешување на членовите на комисијата за заштита и благососотојба на животните, содржината на деловодникот за работа на комисијата и висината на надоместокот за работа на комисијата и нацрт Одлука за висината на надоместоците за активности на заштита и благосостојба на животните како и начин на нивна наплата, нацрт документите испратени се на секторско мислење во Агенцијата, а забелешките се инкорпорирани во текстот. Донесување на овие два акти се предуслов за воспоставување на Комисијата која ќе има надлежности во однос на давање на мислења, научна и техничка поддршка во однос на заштитата и благосостојбата на животните, обезбедување совети на Агенцијата и телата за благосостојба на животни за работи поврзани со спроведување постапки, размножување, сместување, грижа и користење на животните во постапки и обезбедува размена на искуства.

Изготвена е Стратегија за благосостојба на животните која е во фаза на усвојување во рамките на Твининг проектот (EU- funded twinning project: Further development of competent authorities control systems to protect the human, animal and plant health).

Согласно договорот за соработка со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР), Агенцијата за храна и ветеринарство има обврска за евалуација на поднесената документација и вршење контроли на терен во однос на исполнетоста на инвестицијата со законски прописи од областа на заштитата и благосостојбата на животните. Од страна на АФПЗРР се доставени 4 барања за кои се издадени соодветни документи односно 4 потврди за 4 правни лица. Активноста е тековна и продолжува и во текот на 2018 година.

Во рамките поврзани со Твининг проектот (EU- funded twinning project: Further development of competent authorities control systems to protect the human, animal and plant health), во соработка со СЕУМС, беше одржана обука за официјалните ветеринари. На обуката учесниците го надградија знаење теоретски и практично во поглед на заштита на животни за време на превоз.

Одржана е обука за обучувачи за заштита и благосостојба за време на превоз и колење на животните, под покровителство на Светското здружение за здравствена заштита на животните OIE. На обуката беа обучени двајца обучувачи кои во иднина може да обучуваат лица одговорни за заштита и благостојба на животните за време на превоз и колење.

Агенцијата за храна и ветеринарство активно ја поддржа и се вклучи во регионалната кампања за подигнување на јавната свест во однос на бездомните кучиња и одговорно сопственииштво. Едукативна кампања „Be his HERO" – „Биди негов херој" наменета за децата во основните училишта во поглед на одговорното сопствениипто на домашните миленици. Кампањата е еднаква во сите земји од Западен Балкан, а е под покровителство на Светското здружение за здравствена заштита на животните OIE каде член е и Република Македонија. До крајот на 2017 година извршена е едукација во вкупно 17 основни училишта на територијата на Република Македонија целна група се деца на возраст од 8-9 години односно ученици во III и IV одделение, едукацијата е извршена на македонски и албански јазик. Активноста ќе продолжи и во текот на 2018 година.

Тековно и во координација со Секторот за инспекциски надзор е постапувано по претставки од граѓани. Најголем дел од претставките се од областа на домашните миленици, односно бездомните кучиња и контролата на популација на кучињата. Согласно содржината на поплаките и претставките е утврдено дека од една страна има претставки за напад од куче, чување на кучиња во несоодветни услови а од друга страна има претставки дека општината не врши контрола на популација на кучиња согласно принципите на благосостојбата на животните од што може да се заклучи дека компонентата на држењето на домашните миленици, контролата на популација на кучиња и одговорно сопственииштво се важен сегмент и претставуваат голем проблем во Република Македонија на кој треба да му се посвети поголемо внимание. За таа цел, за воспоставување на соодветен систем на контрола на популација на кучиња и одговорното сопственииштво на домашните миленици, Агенцијата за храна и ветеринарство работи на повеќе полиња како од кампањи за подигнување на јавната свест, едукација во основните училишта, организирање на обуки, подготовка на неохoдната легислатива, воспоставување на база на податоци, така и преку обезбедување на материјално технички средства (во текот на 2017 година е обезбеден буџет за набавка на 100 000 микрочипови наменети за бесплатна идентификација и регистрација на кучињата).

Извршена е координација со невладини организации од странство (ENPA) и координирано е воспоставување на пилот проект, доброволна стерилизација на домашни миленици-кучиња во општините Центар и Аеродром, како основа и можност за проширување на соработката. Со стерилизацијата на кучињата ќе се оневозможи продукција на несакани потомства на домашни

миленици кое ќе резултира со намалување на популацијата на бездомни кучиња а ќе се зајакне и јавната свест во однос на одговорното сопственииштво. Покрај овој проект, Агенцијата за храна и ветеринарство ги информираше сите општини во Република Македонија дека треба да поттикнуваат одговорно сопственииштво а една од главните компоненти е да донесат програми и да обезбедат буџет за субвенционирање на стерилизација на домашнтти миленици за оние сопственици кои не планираат да го размножуваат својот миленик.

На барање на Невладините организации од Република Македонија е извршен е аудит во прифатилиштето за бездомни кучиња Вардариште.
Во последниот квартал на 2017 година подготвен е Меморандум за соработка помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и Министерството за одбрана кој е доставен на понатамошно усвојување.

**I.03 Одделение за идентификација и регистрација на животните**

Примарна задача на одделението за идентификација и регистрација на животните, како дел од Секторот за здравствена заштита на животните е одржување, надградба и мониторинг на системот за идентификација и регистрација на животните. Тоа претставува систем во кој се идентификуваат и регистрираат животните, одгледувачите на истите, движењата како и сите активности поврзани со животните. Во информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство (ИСАХВ) се опфатени животните од видовите говеда, овци и кози, свињи, пчели, домашни миленици, живина, дивеч и аквакултура. Податоците од ИСАХВ понатаму се користат во спроведувањето на активностите кои произлегуваат од годишната наредба за здравствената заштита на животните, доставување на податоци до други институции за нивните потреби, изработка на разни извештаи од кои произлегуваат анализи потребни за креирање на разни политики и активности поврзани со здравствената заштита на животните.

Работата на одделението за идентификација и регистрација на животните во 2017 година се состои од:

- Надзор на регистрација на одгледувалишта на животни и редовна анализа и мониторинг на податоците во ИСАХВ. Во текот на втората половина од 2017 годена утврдено е дека анализите на ризик кои се изготвуваат во Одделението за идентификација и регистрација не се во потполност усогласени со ризик факторите наведени во европските Регулативи 1083/2003 и 1505/2006 кои се однесуваат на контроните мерки на системите за идентификација на говеда и овци и кози. Ризик факторите кои се земени при автоматизираното креирање на листите за он спот контрола за 2017 година се одгледувалишта кај кои нема регистрирано движење, регистрирано недефинирано заминување, непријавено заминување, непријавено пристигнување, регистрирано движење без документ за движење;
- Подготовка на планови за подобрување на системот за ИиР како дел од ИСАХВ. Подготовка на вакви планови е континуирана активност во текот на работењето на одделението. Во текот на 2017 година не е изготвен ваков план;
- Континуирана логистичка поддршка, техничка поддршка и обука на ветеринарните друштва, правни лица овластени правни лица за ставање на промет на средства за идентификација, кланици, добиточни пазари, како и други засегнати страни;

- Одобрување на правни лица овластени за ставање на промет на средства за идентификација;
- Оддленението за ИиР како администратор на корисничките профили од СЗЗБЖ и останатите корисници кои внесуваат податоци во ИСАХВ е одговорно за обезбедување непречено и континуирано внесување на информациите во базата на податоци;
- Креирање на извештаи кои помагаат во вршењето на контроли со кои може да се види квалитетот на работата на сите учесници во ИСАХВ;
- Изработка и имплементација на нови модули. Во 2017 година се имплементира модулот за домашни миленици која првична верзија е во продукција во декември 2016 година. За овој модул не постои техничка документација за негова изработка. На овој модул треба да се надгради модулот за надзор над беснило кој во голема мера ќе олесни работата на официјалниот ветеринар;
- Континуирано подобрување на веќе постоечките модули. Во текот на 2017 година направени се измени на следниве модули:

  -измена во процедурата при промена на надлежност на ветеринарното друштво на одгледувалиште, при што е променета постапката на промена на надлежноста што ја прави официјалниот ветеринар.

  - измена во модулот за работа на кланиците по утврдените недостатоци од претходната верзија;

Развој на нови модули како постојана задача на одделението - за сеопфатно интегрирање на сите видови на домашни животни во ИСАХВ, АХВ иницираше стартување на модулот за домашни миленици во декември 2016 година, додека во 2017 година се изврши негова целосна имплементација. При крајот на 2017 година извршено е кратко тестирање на модулот за домашни миленици, при што е утврдено дека не постои техничка документација за изработка на модулот, софтверското решение не поседува основни биолошки бизнис правила за видовите на животни за кој е изготвен. Утврдено е дека секое животно (вклучувајќи ги и машките) може да име неограничен број на новородени секој ден во годината. Ваквата состојба остава можност за грешки и злоупотреби на системот. Во текот на 2017 година од страна на ветеринарните друштва се внесуваа податоци, при што се регистрираа мал дел од домашните миленици во Република Македонија. Во текот на 2017 година е извршена обука на 122 ветеринарни друштва за користење на овој модул и согласно податоците во 2017 година чипирани се и вакцинирани 1940 домашни миленици.

Со цел да се спроведе успешна идентификација на домашните миленици Агенцијата за храна и ветеринарство е во постапка за добивање на бесплатни микрочипови за обележување на домашните миленици. На тој начин се планира да се идентификуваат сите домашни миленици во Република Македонија. На модулот за домашни миленици во 2018 година ќе се надополни со модул за надзор на беснило.
Идентификација и регистрација на животни од видот свињи е започната од 2013 година. Оттогаш се утврдени одредени недостатоци при што тоа се наметнува како еден од приоритетите за одделението за ИиР. За таа цел во 2017 година преку TAIEX, дел од мултилатералната програма ИПА (Инструмент за претпристапна помош на ЕУ) е побарано да се одржи работилница за идентификација и регистрација на животните од видот свињи, за

надминување на увидените недостатоци. Активноста е планирано да се одржи во првото тромесечје од 2018 година.

И покрај тоа што системот за идентификација и регистрацијата на свињите е оценет како еден од наједноставните системи за идентификација кај животните, долгиот период (5 години) од воспоставувањето на системот до сега, дадениот приоритет во одделението за ИиР и одржаната TAIEX работилница за надминување на увидените недостатоци, сеуште не се идентификувани и наведени недостатоците на системот за ИиР кај свињите.

Согласно податоците од ИСАХВ до 2017 година, во Република Македонија регистрирани се 7081 одгледувалишта за свињи (регистрирани од самиот почеток на системот од 2013 година) од кои 2333 одгледувалишта т.е одгледувачи пријавиле попис на 102.262 животни.
Се појавува разлика од 4748 одгледувачи (77%) кои немаат пријавено попис во 2017 година согласно законската регулатива. Претпоставка е дека голем дел од овие одгледувалишта повеќе не се активни а останатите немаат пријавено попис. Во 2017 согласно податоците во ИСАХВ во кланица се заклани 174.241 свињи. По добиените податоците од јавно здравство согласно програмата за анализа на резидуи има 188.947 заклани свињи во 2017 година. Се јавува разлика од 14.706 животни.

Во 2017 година се започна со изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за идентификација и регистрација на копитари, кој е во согласност со ЕУ регулативата 32015R0282 при што е изработена и првата нацрт-верзија. Поради потребата да се појасни регулативата за начинот на идентификација и регистрација на животните од видот на копитари, а за тоа да се искористи искуството од други земји каде што веќе е завршена идентификацијата и регистрацијата на копитарите, преку TAIEX е планирано и побарано експертска мисија на која би се разгледал начинот на кој е извршена идентификација и регистрација на животните од видот копитари и би се одржала во првото тромесечје од 2018 година. Регулативата 429/2016 ЕУ, предвидува ревизија и измени на целокупната легислатива поврзана со идентификацијата и регистрацијата на животните а приоритет е даден на измените на легислативата за идентификација и регистрација на копитари. Од тие причини СЗЗБЖ реши да се почека се измените во националната легислатива, до донесување на релевантната европска легислатива. На овој начин ќе се заштеди непотребното трошење на човечки ресурси. Поради неповолната епизоотиолошка состојба во 2017 година – појава на болеста ИАК (Инфекциозна анемија кај копитарите), АХВ ќе спроведе попис на копитари и одгледувалиша на копитари, заради утврдување на нивната бројната состојба.

Во 2017 година системот автоматизирано креирал 3409 он спот контроли за говеда (ризик фактор 83%, по случаен избор 17%). Вкупно завршени он спот контроли се 1771 (51% од предвидениот број) со вкупен број на опфатени животни при контролата 12.991.

Од зададени вкупно 685 контроли за овци (ризик фактор 77% и по случаен избор 23%) завршени се вкупно 357 (52% од предвидениот број) со вкупен број на опфатени животни при контролата 28.084. Од зададени 101 контроли за свињи при што вкупено се завршени 10 контроли (10% од предвидениот број). Во 2107 година не се извршени анализи на податоците добиени од он спот контролите.

Сите физички или правни лица кои имаат потреба од некоја информација за животно, одгледувалиште или одгледувач на животни, потребно е да се обратат во писмена форма за

добивање на соодветна информација. Овие информации се користат за исплаќање на субвенции, земање на пасишта под концесија, обештетување на одгледувачи на животни, судски спорови и други потреби.

Во 2017 година вкупно се пристигати 111 писма со барања за податоци за бројна состојба на одредени одгледувалишта, податоци за животни и слично од физички или правни лица, како и од разни институции.

## I.04 Одделение за планови за итни мерки

*Донесени документи- планови за итни мерки*

Во текот на 2017 година се донесени следниве документи:

1. „Одлука за планови за итни мерки “, бр.13-216/1 од 23.01.2017 година; Во одлуката е пропишан ланецот на наредби, листата на болести кои се предмет на донесување на планови за итни мерки, организацијата, комуникацијата и управувањето при спроведување на плановите за итни мерки, воспоставувањето на организационата структура и механизми со цел ефективен одговор при појава на болести, воспоставувањето и одржувањето на високо ниво и степен на подготвеност на АХВ.
2. „План за итни мерки за класична чума кај свињите“, бр-02-675/1 од 17.02.2017 година, во кој е уредено постапувањето во случај на појава на болеста класична чума кај свињите.
3. „План за итни мерки за авијарна инфлуенца“, бр 02-2392/1 од 04.07.2017 година, во кој е уредено постапувањето во случај на појава на болеста авијарна инфлуенца.

*Биосигурносни мерки*

Во однос на биосигурносни мерки во рамките на ЕУ твининг проектот МК 2010/IB/AG 01 во соработка со експертите од Италија се донесоа неколку документи:

1. Упатство за спроведување на категоризација на одгледувалишта на свињи, бр. 02-4337/1 од 14.12.2017 година
2. Контролна листа за утврдување на ризик и категоризација на одгледувалишта на свињи, бр. 02-4337/1 од 14.12.2017 година и
3. Прирачник за воведување на биосигурносни мерки на одгледувалишта на животни бр. 02-4338/1 од 14.12.2017 година.

Сите овие документи се донесени во насока на реализирање на акцискиот план за престанок на превентивна вакцинација против класична чума кај свињите.

Активности по болести кои се предмет на планови за итни мерки

*Класична чума кај свињите*

Согласно годишната наредба за здравствена заштита на животните за тековната година на целата територија на државата се спроведува вакцинација на свињите при што трошоците за извршена вакцинација на свињите во одгледувалишта со повеќе од 10 животни се на товар на сопственикот/одгледувачот на животните додека за животните во одгледувалишта со 10 и

помалку животни во целост се на товар на Агенцијата и се исплаќаат согласно Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните.

Во текот на јануар-март се спроведе надзор на извршена вакцинација на свињи држени во комерцијални одгледувалишта заклани во кланиците во Република Македонија.

***Табела 1.20:*** *Приказ на мониторинг на вакцинација на КЧС кај комерцијално држени животни*

| | Вкупен број | Позитивни | Сомнителни | Негативни |
|---|---|---|---|---|
| Мониторинг на домашни свињи 2016 | 1382 | 937<br>67,80% | 38<br>2,75% | 407<br>29,45 |
| Мониторинг на домашни свињи 2017 | 1111 | 798<br>71,8% | 35<br>3,1% | 277<br>24,9% |

Надзорот продолжува да се спроведува и во 2018 година

Како дел од мерките за здравствена заштита на животните и контрола и искоренување на Класичната чума кај дивите свињи во Македонија, во 2017 година се продолжи со спроведување на активности за следење на состојбата со болеста кај дивите свињи кои претставуваат резервоар и преносител на вирусот кај домашната популација. Во согласност со Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2017 година и Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на класична чума кај свињите (“Службен весник на Република Македонија” бр. 59/2012, 116/14), ловните друштва се обврзани да ги пријават сите застрелани и угинати диви свињи за испитување на присуство на вирусот на класична чума кај свињите.

Бројот на пријавени примероци за дијагностичко испитување на класична чума кај дивите свињи е прикажан во табела.

***Табела 1. 21****: Број на пријавени примероци за детекција на вирусот на класична чума кај диви свињи преглед по ловни сезони*

| | ELISA | PCR |
|---|---|---|
| 2014 | 259 | 572 |
| 2015 | 197 | 415 |
| 2016 | 299 | 470 |
| 2017 | 216 | 381 |

Резултатите се прикажани за период од 2014-2017година. Дијагностиката е правена за потврда на причинителот на болеста со две дијагностички методи: ELISA и PCR, и сите добиени резултати од примероците на диви свињи се негативни.
Ловната сезона за диви свињи е во периодот од 01 октомври до 31 јануари

*Класична чума кај живина (Авијарна инфлуенца кај живина)*

Во 2017 година продложи надзорот на авијарна инфлуенца на целата територија на Република Македонија, а со него се опфатени следните таргетирани популации:

а) живина која се одгледува во комерцијално производство (кокошки, мисирки, бисерки, фазани, еребици и потполошки),
б) живина која се одгледува во некомерцијално производство (живина во дворовите и селските стопанства),
в) водни птици кои се одгледуваат во домашното производство и
г) диви птици кои се присутни или мигрираат низ територијата на Република Македонија,

Активниот надзор на присуството на вирусот на авијарна инфлуенца се вршеше системски на репрезентативен примерок со земањето на мостри од крв и брисеви за серолошко и вирусолошко испитување. Мострите ги земаат ветеринарните друштва во присуство на официјален ветеринар кој е задолжен за контрола на надзорот. Активниот надзор кај дивите птици се спроведуваше преку организиран отстрел на диви водни птици во областите кои се познати како собиралишта на истите.

Целта на надзорот е да се утврди присуството односно да се потврди отсуството на вирусот на авијарна инфлуенца во Република Македонија. Надзорот се спроведува во временски период од месец ноември до месец март наредната година.
Бројките за реализираните активности во однос на надзорот на авијарна инфлуенца се прикажани во табелата подоле.

***Табела 1.22**: Реализација на надзор на авијарна инфлуенца*

| Цел на надзорот | Вкупен број на јата/одгледувалишта/локалитети | Број на мострико и се земаат по одгледувалиште | Предвиден број примероци кои треба да се земат | Примероци и земени во 2015/2016 | Вкупен број на јата/одгледувалишта/локалитети | Број на мострико и се земаат по одгледувалиште | Предвиден број примероци кои треба да се земат | Примероци и земени во 2016/2017 | Вкупен број на јата/одгледувалишта/локалитети | Предвиден број примероци кои треба да се земат | Примероци земени во 2017/2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Комерцијални одгледувалишта | 90 | 7 | 630 | 854 | 63 | 7 | 567 | 682 | 62 | 560 | 689 |
| Живина одгледувана во дворови | 441 | 7 | 3087 | 2415 | 420 | 7 | 2940 | 1813 | 422 | 2954 | 2462 |
| Водна живина | 94 | 11 | 1034 | 338 | 95 | 11 | 1045 | 385 | 80 | 880 | 415 |
| Диви птици | 15 | 5 | 75 | 32 | 30 | 5/11 | 150/330 | нема податоци | 25 | 125/275 | 18 трупови и 9 брисеви |
| Вкупно | | | 4826 | 3269 | | | 4882 | 2880 | | | 3593 |

Во 2017 година, во рамките на надзорот пријавени се две жаришта АИ. Првото жариште на појава на вирусот HPAI е потврдено на 28 јануари 2017 година кај живина држена во двор во селото Мороишта, општина Струга, во југозападниот дел на земјата (слика 1), а второто жариште на вирусот на HPAI е кај диви птици и е утврдено на 2 февруари кај две птици (Anas plauthynchos) заловени во рамки на програмата за таргетиран надзор која се спроведува од 2015 година навака. Двете диви птици се заловени на реката Вардар, во областа помеѓу селото Цимидимирци и селото Корешница (слика 2).



Слика 1 – прво жариште, Струга



Слика 2 – второ жариште, река Вардар

Позитивните случаи кај живината во дворот е потврдена кај две кокошки несилки и една патка која е пронајдена мртва. Од угинатите животни се земени примероци кај кои е потврден вирусот на АИ серотип H5 со методот на RT-PCR, а патогеноста е утврдена со методот на секвенционирање на АИ вирусот - N8.

Целата живина од погоденото стопанство (одгледуалиште) и во целото село е уништена и безбедно отстратена во согласност со Правилникот за контрола и искоренување на АИ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/16) ко е еквивалентен на Директивата на Советот 2005/45. Финално чистење и дезинфекција на погоденото стопанство е извршена на 28 јануари 2017 година, а на целото село на 3 февруари 2017 година.

Во селото вкупно се идентификувани 114 одгледувалишта при што се уништени вкупно 1993 единици.

Во однос на АИ која се појави кај дивите птици, земени се примероци од неколку фарми од селата во близина од кои се добиени негативни резултати.

Последните мерки за забрана во земјата беа укинати на 10-ти март 2017.

*Болести кај аквакултура*

Во делот на болести кај рибите, во соработка со СЕУМС, направени се измени и дополнување на подзаконските правни акти кои се однесуваат на аквакултурата во согласност со Одлуката на Комисијата (ЕУ) 2015/1554 од 11 Септември 2015 година во однос на барањата за надзор и дијагностички методи.

Донесени се измени и дополнувања на правилниците:

1. Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на одредени болести кај водните животни ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/11 и I114/14)
2. Правилник за условите за ставање во промет на аквакултура, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/13. 132/14 и190/17).

Како дел од мерките за здравствена заштита на животните и контрола на болести кај рибите во Македонија во 2017 година реализирани се повеќе активности.

Во текот на 2017 година продолжи постапката на регистрација на сите постоечки одгледувалишта на аквакултура согласно Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12 и 27/14). Вкупната бројка на регистрирани одгледувалишта на риба со добивање на единствен регистерски број на одгледувалиште во текот на 2017 година достигна до 127 одгледувалишта.

*Мапа : Територијална распространетост на одгледувалиштата за аквакултура*



*Мапа: Одгледувалишта со крап на РМ*




*Мапа: Одгледувалишта со пастрмка во РМ*




Во согласност со Правилникот за условите за ставање во промет на аквакултурата, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/13 и 132/14), Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на одредени болести кај водните животни („Службен весник

на Република Македонија“ бр. 185/11 и 114/14) и Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2016 година (Службен весник на РМ бр. 11/16) во текот на 2016 година се спроведуваше активен надзор на присуство на Вирусна хеморагична септикемија и Инфективна хематопоетска некроза кај пастрмки. Главна цел за спроведување на овој надзор е потврдување и декларирање на статус „Земја слободна од болест“ во однос на ВХС/ИХН, а со тоа можност операторите со аквакултура за својата риба да добијат пристап на пазарите во ЕУ или трети земји.

Активниот надзор се спроведуваше во текот на Мај 2017 година на сите одгледувалишта на аквакултура на територијата на Република Македонија кои произведуваат пастрмка. Во рамките на активниот надзор официјалните ветеринари спроведоа официјални контроли на одгледувалиштата со клинички преглед и земање на мостри. Во зависност од видот на производство и старосната категорија на риба присутна на одгледувалиштето беа земени мостри од органи или оваријална и семена течност. Лабораториска дијагностика на земените мостри се спроведе на Институтот за ветеринарна медицина во Србија кој има акредитирана лабораторија за дијагностика на ВХС/ИХН кај пастрмки. Во табелата се дадени детали за спроведениот надзор на ВХС/ИХН кај пастрмките.

***Табела 1.23*** *Резултатите од надзорот на ВХС/ИХН кај пастрмки*

| **Година** | **Број на одгледувалишта** | **Број на примероци** | **Вкупно број на одгледувалишта и број на примероци** |
|---|---|---|---|
| **Мај/2015** | 29 | 87 | 48/49 одгледувалишта<br>291 примероци |
| **Јуни/2015** | 19 | 57 | |
| **Ноември/2015** | 29 | 87 | |
| **Декември/2015** | 20 | 60 | |
| **Мај/2016** | 24 | 71 | 51/50 одгледувалишта<br>302 примероци |
| **Јуни/2016** | 27 | 81 | |
| **Ноември/2016** | 16 | 48 | |
| **Декември/2016** | 34 | 102 | |
| **Мај/2017** | 51 | 153 | 51 одгледувалишта<br>153 примероци |

Целта на спроведувањето на овој надзор на КОИ херпес вирус кај крапот е да се утврди присуство односно да се потврди отсуство на болеста кои херпес вирус кај крапот во Република Македонија. Резултатите од надзорот за 2017 година се дадени во Табелата.

***Табела 1.24:*** *Резултатите од надзорот на КХВ кај крап*

| **Година** | **Број на одгледувалишта** | **Број на примероци** | **Вкупно број на одгледувалишта и примероци** |
|---|---|---|---|
| **2017** | 30 | 450 | 30 одгледувалишта<br>450 примероци |

Во сите примероци од риби за дијагностика на ВХС/ИХН и КХВ се потврди отсуство на болеста (сите резултати по однос на примероците се негативни на присуство на причинителите на болестите).

Прилог

***Табела 1.25:*** *Вкупен број на вакцинирани овци и кози против ентеркотоксемија во 2017 година*

| **Општина** | **Број на одгледувалишта** | **Број на животни** |
|---|---|---|
| Арачиново | 15 | 3220 |
| Берово | 77 | 5494 |
| Битола | 62 | 8673 |
| Богданци | 25 | 2924 |
| Боговиње | 40 | 9701 |
| Босилово | 31 | 905 |
| Брвеница | 11 | 2954 |
| Бутел | 12 | 2063 |
| Валандово | 37 | 6159 |
| Василево | 101 | 5799 |
| Вевчани | 1 | 200 |
| Велес | 61 | 13099 |
| Виница | 80 | 9412 |
| Вранешница | 7 | 1156 |
| Врапчиште | 90 | 20995 |
| Гази Баба | 20 | 2223 |
| Гевгелија | 63 | 5991 |
| Гостивар | 78 | 15361 |
| Градско | 24 | 16820 |
| Дебар | 50 | 11308 |
| Дебарца | 51 | 3676 |
| Делчево | 3 | 347 |
| Демир Капија | 15 | 1140 |
| Демир Хисар | 47 | 4280 |
| Дојран | 13 | 1221 |
| Долнени | 95 | 14671 |
| Другово | 16 | 2763 |
| Желино | 31 | 6368 |
| Зајас | 23 | 4610 |
| Зелениково | 7 | 136 |
| Зрновци | 4 | 301 |
| Илинден | 52 | 1053 |
| Јегуновце | 32 | 3283 |
| Кавадарци | 42 | 7853 |
| Карбинци | 90 | 14040 |
| Кичево | 6 | 893 |
| Конче | 47 | 5133 |

| | | |
|---|---|---|
| Кочани | 5 | 544 |
| Кратово | 135 | 8629 |
| Крива Паланка | 422 | 4529 |
| Кривогаштани | 25 | 2174 |
| Крушево | 44 | 6487 |
| Куманово | 190 | 17359 |
| Липково | 40 | 4876 |
| Лозово | 28 | 5425 |
| Маврово и Ростуша | 10 | 6340 |
| Македонска Каменица | 1 | 150 |
| Македонски Брод | 24 | 3676 |
| Могила | 64 | 10357 |
| Неготино | 15 | 6390 |
| Новаци | 77 | 18334 |
| Ново Село | 236 | 7834 |
| Осломеј | 33 | 6252 |
| Охрид | 35 | 2842 |
| Петровец | 44 | 4153 |
| Пехчево | 33 | 3847 |
| Пласница | 12 | 2077 |
| Прилеп | 226 | 42976 |
| Пробиштип | 116 | 12654 |
| Радовиш | 231 | 26793 |
| Ранковце | 58 | 4759 |
| Ресен | 52 | 6938 |
| Росоман | 24 | 4910 |
| Свети Николе | 187 | 21075 |
| Сопиште | 1 | 70 |
| Старо Нагоричане | 235 | 19215 |
| Струга | 137 | 14598 |
| Струмица | 113 | 2947 |
| Теарце | 54 | 9900 |
| Тетово | 66 | 11373 |
| Центар Жупа | 63 | 21943 |
| Чашка | 82 | 23819 |
| Чешиново-Облешево | 44 | 5340 |
| Чучер-Сандево | 16 | 1714 |
| Штип | 107 | 29744 |
| **Вкупно** | **4744** | **599268** |

## II. СЕКТОР ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЈАВНО ЗДРАВСТВО

### II.01 Одделение за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло

*1.1. Одобрување на објекти и оператори со храна од животинско потекло*

1.1.1 Одобрувањето на објекти/оператори за храна со животинско потекло е тековна активност на Одделението за безбедност и квалитет на храната од животинско потекло, чија динамика зависи од бројот на поднесени барања од операторите со храна од животинско потекло.

Во 2017 година состојбата во однос на одобрување на објектите и операторите со храна од животинско потекло состојбата е следна:
а) Пристигнати се вкупно 44 предмети од оператори за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло.
б) Од нив на 33 предмети е одговорено, односно издадени се решенија за одобрување (времено или трајно одобрување).
в) За 7 предмети постапката за одобрување е во тек, и тоа;
- за 5 оператори со храна по доставените поднесоци започната е постапката за одобрување со изготвување на Известување за дополнување на доставената документација, и
- 2 предмети се во постапка на комисиска посета за одобрување со посета на објектите на лице место.
г) за 4 предмети се издадени решенија за одбивање на барањата за одобрување на оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло, односно по прегледот на доставената документација, изготвени се известувања за дополнување на доставената документација. Со оглед на тоа што подносителите на барањата не ја имаат доставено бараната документација во определениот рок, донесени се решенија за одбивање на барањата за одобрување на оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло.

1.1.2 Во текот на 2017 година за 9 објекти и оператори со храна издадено е решение за укинување на решение за одобрение за оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло и тоа:
- кај 3 оператори со храна е настанат престанок на вршење на одобрената активност, поради која е издадено решението за укинување,
- кај 6 оператори со храна извршено е промена во делот на носителот на решението за одобрување и објектот работи со ново правно лице – оператор со храна.

Агенцијата тековно води регистри на операторите со храна и објектите кои се регистрирани или одобрени и регистар на укинати решенија на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потекло со нивните поединечни броеви на одобрение и други релевантни информации и истите ги прави достапни на јавноста согласно закон.

Агенцијата ги објавува регистрите на регистрирани или одобрени објекти за храна на веб страницата на Агенцијата и регистарот на укинати решенија на одобрнеи објекти и оператори со храна од животинско потекло на следната адреса:

http://www.fva.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=75&Itemid=340&lang=mk

1.1.3 Преглед на вкупниот број на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потекло во Република Македонија заклучно со 31.12.2017 година.

***Табела 2.01:*** Објекти и оператори со храна од животинско потело

| Објекти и оператори со храна од животинско потело одобрени согласно Закон за ветеринарно јавно здравство и Закон за безбедност на храна (31.12.2017 год) | | | | | | | Вкупно одобрени БОХ во РМ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сек ција | Вид на објект | Трајно одобрени | Локализирани | Времено одобрение | Традиционално | Привремено решение за локализирана активност | |
| 0 | Објекти со општа активност | 64 | / | / | / | / | **64** |
| I | Месо од домашни чапункари | 20 | 1 | 1 | / | / | **22** |
| II | Месо од живина и зајаци | 4 | / | / | / | / | **4** |
| V | Мелено месо, подготовки од месо, МОМ | 7 | 5 | / | / | 1 | **13** |
| VI | Производи од месо | 37 | 7 | 1 | / | **1** | **46** |
| VIII | Риба и производи од риба | 3 | / | / | / | / | **3** |
| IX | Свежо млеко и производи од млеко | 62 | 6 | 1 | 14 | **5** | **88** |
| X | Јајца и производи од јајца | 40 | 26 | 1 | / | / | **67** |
| XIII | Обработени желудници, мочни меури и црева | 1 | / | / | / | / | **1** |
| XVI | Мед | 13 | / | / | / | / | **13** |
| XVII | Мешовити производи | 1 | / | / | / | / | **1** |
| | **Вкупно:** | **252** | **45** | **4** | **14** | **7** | **322** |

а) Одобрување на објекти за извоз во ЕУ

Одобрувањето на објекти/оператори за храна со животинско потекло за извоз во ЕУ и трети земји е тековна активност на Одделението за безбедност и квалитет на храната од животинско потекло, чија динамика зависи од бројот на поднесени барања од страна на операторите со храна од животинско потекло за извоз на пазарите на трети земји и земјите членки на Европска Унија.

До АХВ во 2017 година поднесени се:
- седум барања до Европската Комисија за ставање на листа на објекти одобрени за извоз на храна од животинско потекло во земјите-членки на Европската унија од кои 6 се прифатени и објектите се ставени на листата на трети земји кои вршат увоз на пазарите на земјите членки на Европска унија, додека за последната апликација постапката сеуште е во тек.
- едно барање до Европската Комисија за бришење од листа на објекти одобрени за извоз на храна од животинско потекло во земјите членки на Европската унија.

Листа на објекти и оператори со храна пријавени за извоз во Европска Унија во 2017 година

| | Одобрен број | Име на објект на ЕУ листа | Место | Секција /код | Дејност/ производ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | MK 09 01 0260 | Гудас Мит | Прилеп | I - SH | кланица/ говеда (B |
| 2. | MK 01 06 0078 | Римес МС Гроуп | Скопје | V–MM | мелено месо од говеда (B) |
| 3. | MK 01 06 0078 | Римес МС Гроуп | Скопје | VI - PP | производи од говедско месо (B) |
| 4. | MK 31 10 0072 | Свисслион Аграр доо | Ресен | X- EPC | сортирање и пакување на јајца |
| 5. | MK 29 10 0323 | Салмак МБ ДОО | Демир Капија | X- EPC | сортирање и пакување на јајца |
| 6. | MK 01 00 0253 | Метро | Скопје | CS O - CS | складирање на риба |
| 7. | MK 01 08 0253 | Метро | Скопје | VIII- PP, CS | производи од риба |

Доставено е едно барање до Европската Комисија за бришење од листа на објекти одобрени за извоз на храна од животинско потекло во земјите членки на Европската унија за операторот со храна “Замрзната храна” од Неготино – објект за преработка на полжави поради престанок на работа на правното лице и истиот е избришан од листата.

Преглед на вкупниот број на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потекло во Република Македонија за извоз во Европска Унија заклучно со 31.12.2017 година.

| | Одобрен број | Име на објектот | Место | Секција /код | Дејност/ производ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 5 | АД Кланица со ладилник Струмица | Струмица | I - SH | кланица овци (O) |
| 2. | 52 | Серта Компани | Кавадарци | I - SH | кланица овци (O) |
| 3. | 6 | ОП.Горни Полог | Гостивар | I - SH | кланица овци (O) |
| 4. | 63 | Дооел Кланица Ново Село | Струмица | I - SH | кланица овци (O) |
| 5. | MK 01 01 0088 | Љума Комерц Дооел | Скопје | I - SH | кланица овци (O) |
| 6. | MK 09 01 0260 | Гудас Мит | Прилеп | I - SH | кланица овци (O) говеда (B |
| 7. | MK 01 06 0078 | Римес МС Гроуп | Скопје | V–MM VI - PP XII-PP | мелено месо и производи од говедско месо (B) топена маст |
| 8. | MK 01 08 0253 | Метро | Скопје | VIII- PP, | - производи од риба |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | МК 01 00 0253 | | | CS<br>O - CS | - складирање на риба |
| 9. | МК 02 09 0374 | Млекара АД Битола | Битола | IX - PP | млеко и производи од кравјо и овчо млеко (B, O) |
| 10. | МК 01 09 0172 | Евро Млекара дооел Скопје (Суташ) | Скопје | IX - PP | млеко и производи од кравјо млеко (B) |
| 11. | МК O2 09 0043 | ДОО Цермат | Битола | IX – PP | сладолед |
| 12. | МК 01 10 0152 | Ж-Ф Шест Браќа | Скопје | X- EPC | сортирање и пакување на јајца |
| 13. | МК 16 10 0073 | Ветеринар доо Гевгелија | Гевгелија | X- EPC | сортирање и пакување на јајца |
| 14. | МК 17 10 0125 | Везе Шари | Тетово | X- EPC | сортирање и пакување на јајца |
| 15. | МК 31 10 0072 | Свисслион Аграр доо | Ресен | X- EPC | сортирање и пакување на јајца |
| 16. | МК 29 10 0323 | Салмак МБ ДОО | Демир Капија | X- EPC | сортирање и пакување на јајца |

Листа на објекти од Република Македонија за извоз во земјите членки на Европската унија е објавена на веб страната на Европската Комисија *DG SANTE, Directorate F, Health and food audits and analysis* на следната адреса:

https://webgate.ec.europa.eu/sanco/traces/output/non_eu_listsPerCountry_en.htm

За потребите на Одделението за безбедност и квалитет на храната од животинско потекло тековно се води и се ажурира Регистар на одобрени објекти за извоз на храна со животинско потекло во ЕУ и трети земји.

б) Одобрување на објекти за извоз во трети земји

Во текот на 2017 година од страна на АХВ изготвени се 53 гаранции за објекти/оператори со храна од животинско потекло за извоз во трети земји кои не се членки на Европската унија.

*1.2. Регистрација на правни лица увозници на храна од животинско потекло*

Според обврските од Законот за безбедност на храната и Законот за ветеринарно здравство, по доставените барања за регистрација на правни лица - увозници на храна од животинско потекло состојбата е следна:

а) извршен е упис во регистарот на правни лица - увозници на храна од животинско потекло и издадени се 45 изводи од регистарот на регистрирани правни лица увозници на храна од животинско потекло;

б) по 1 поднесено барање постапката е во тек односно по прегледот на доставеното барање со придружната документација изготвено е известување за достава на дополнителна документација, и

в) по 1 поднесено барање изготвено е решение за запирање на постапката за регистрација на увозник на храна од животинско потекло, со оглед на тоа што подносителот на барањето не ја има доставено бараната документација согласно известувањето за доставување на дополнителна

документација во определениот рок поради што е донесено решение за запирање на постапката поведена по барањето.

Тековно се врши одржување и ажурирање на регистарот на увозници на храна од животинско потекло, при што секоја верзија од истиот се објавува на веб-страната на Агенцијата за храна и ветеринарство.
http://www.fva.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=75&Itemid=340&lang=mk

*1.3. Годишен план за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло за 2017 година*

Годишниот план за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло се спроведува во Република Македонија од 2002 со стапување на сила на Правилникот за ветеринарно - санитарни прегледи, контрола и евиденција за резидуи од одредни супстанции во суровини, живи животни и производи од животинско потекло, објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр. 8/02.

Годишниот план за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло за 2017 година е одобрен од страна на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство бр. 02-1232/1 од 31.03.2017 година.

Годишниот план за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло е наменет за набљудување и откривање на ризиците од појава на резидуи во храната од животинско потекло на ниво на фарма, кланица, млекарници, во објекти за преработка на риби, центар за собирање и пакување на јајца.

Минималниот број на официјални мостри кои треба да се земаат се дефинирани во согласност со Годишниот план за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло за 2017 година издаден од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија, до официјалните ветеринари во подрачните единици во Секторот за инспекциски надзор.

Во врска со Годишниот план за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло за 2017 година извршени се следните активности:

- Обработка на наодите од извршените лабораториски испитувања од страна на овластената лабораторија и записниците за земени мостри за испитувања за присуство на резидуи од страна на официјалните ветеринари за 2017 година. Активностите се спроведени во периодот февруари - декември;
- Изготвување на ГПМР и подготовка на план за спроведување на истата во 2017 година и достава на планот до официјалните ветеринари и до Европската Комисија. Активностите се спроведени во периодот јануари – март;
- Одржување состаноци со официјалните ветеринари, запознавање со планот, запознавање со ситуацијата на терен, решавање на евентуални проблеми во врска со имплементацијата. Активностите се спроведени во февруари и јули;
- Изработка на извештај за реализација на ГПМР. Активностите се спроведуваат квартално по започнувањето на спроведувањето на ГПМР;

- Состанок со лабораторијата за испитување и Фитосанитарната управа за разгледување на предлози за планирање на планот за ГПМР за 2017 година. Активноста е спроведена во месец декември 2016 и јуни 2017 година;
- Состанок со лабораторијата за испитување – взаемно запознавање со извршување на програмата и решавање на проблематичните ситуации. Активностите се спроведени во период февруари - ноември;
- Изработка на работни налози за мострирање согласно ГПМР за 2017 година и нивно доставување до официјалните ветеринари. Активностите се спроведени во период февруари – ноември, еднаш месечно;
- Обработката на фактурите и наодите за извршените испитувања од страна на овластената лабораторија и записниците за земени мостри од страна на официјалните ветеринари тековно во 2017 година.

Согласно Годишниот план за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло за 2017 година предвидени се вкупно 1336 мостри, и тоа:

***Табела 2.02***: *Мостри за ГПМР*

| | Број на мостри |
|---|---|
| Говеда | 87 |
| Свињи | 193 |
| Овци/кози | 119 |
| Живина | 20 |
| Кравјо млеко | 21 |
| Овчо млеко | 365 |
| Козјо млеко | 91 |
| Јајца | 48 |
| Мед | 70 |
| Риба | 220 |
| Дивеч | 102 |
| Вкупно | 1336 |

Од вкупно 1366 предвидени мостри со планот до ФВМ доставени се вкупно 1336 мостри за кои се добиени наоди. Вкупно се земени 1402 мостри.

***Табела 2.03***: *Прелед на предвидени мостри, земени мостир и доставени наоди*

| Вкупно | Предвидени мостри | Доставени наоди | Земени мостри |
|---|---|---|---|
| Говеда | 95 | 87 | 92 |
| Овци/кози | 197 | 193 | 223 |
| Свињи | 123 | 119 | 127 |
| Риби | 23 | 20 | 23 |
| Живина | 23 | 21 | 24 |
| Кравјо млеко | 375 | 365 | 377 |
| Овчо млеко | 93 | 91 | 93 |
| Козјо млеко | 45 | 48 | 50 |
| Мед | 70 | 70 | 70 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Јајца | 222 | 220 | 221 |
| Дивеч | 100 | 102 | 102 |
| Вкупно | 1366 | 1336 | 1402 |

Од вкупно предвидените 1366 мостри, недоставени мостри до Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје се 47 или 3,44 %, односно од вкупно земените 1402 мостри недоставени се 47 мостри или 3,35%.

***Табела 2.04**: Преглед на предвиден број на мостраи и доставени записници и наоди*

| Ред. бр | Град | Предвиден број на мостри/ Доставени записници од страна на официјални ветеринари (%) | Доставени записници / Доставени наоди (%) | Доставени записници / Недоставени мостри до ФВМ (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 87,88 | 86,21 | 13,79 |
| 2 | Битола | 100,00 | 99,20 | 0,80 |
| 3 | Велес | 98,61 | 94,37 | 5,63 |
| 4 | Виница | 68,42 | 100,00 | 0,00 |
| 5 | Гевгелија | 100,00 | 100,00 | 0,00 |
| 6 | Гостивар | 100,00 | 95,06 | 4,94 |
| 7 | Дебар | 100,00 | 100,00 | 0,00 |
| 8 | Делчево | 100,00 | 100,00 | 0,00 |
| 9 | Кавадарци | 98,26 | 85,84 | 14,16 |
| 10 | Кичево, Македонски брод | 100,00 | 93,94 | 6,06 |
| 11 | Кратово, Пробиштип | 100,00 | 100,00 | 0,00 |
| 12 | Крива Паланка | 62,07 | 100,00 | 0,00 |
| 13 | Крушево,  Демир Хисар | 100,00 | 72,22 | 27,78 |
| 14 | Кочани | 100,00 | 100,00 | 0,00 |
| 15 | Куманово | 98,18 | 97,22 | 2,78 |
| 16 | Неготино | 90,24 | 100,00 | 0,00 |
| 17 | Охрид | 100,00 | 100,00 | 0,00 |
| 18 | Прилеп | 95,83 | 97,83 | 2,17 |
| 19 | Радовиш | 100,00 | 94,29 | 5,71 |
| 20 | Ресен | 100,00 | 96,15 | 3,85 |
| 21 | Свети Николе | 97,22 | 100,00 | 0,00 |
| 22 | Скопје | 92,79 | 91,26 | 8,74 |
| 23 | Струга | 100,00 | 100,00 | 0,00 |
| 24 | Струмица | 99,44 | 92,66 | 7,34 |
| 25 | Тетово | 86,21 | 100,00 | 0,00 |
| 26 | Штип | 96,43 | 100,00 | 0,00 |
| | **Вкупно** | **96,36** | **95,29** | **4,71** |

***Табела 2.05**: Прелед на реализација на ГПМР*

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно предвидени мостри | 1366 | Предвидени мостри согласно ГПМР за 2017 година – пријавени во ЕУ |
| Вкупно доставени записници | 1402 | Доставени записници за земени мостри од страна на официјалните ветеринари до ОБКХЖП |
| Вкупно доставени наоди од тестирања | 1336 | Вкупно доставени наоди од страна на ФВМ за извршени тестирања |
| Вкупно недоставени наоди од | 66 | Разлика помеѓу доставени записници и доставени наоди од тестирања |

| | | |
|---|---|---|
| тестирања | | |
| Реализација по записници | 102,64% | Процентуален однос на земени мостри (1402) со доставени наоди од страна на ФВМ (1336) |
| Реализација по наоди од тестирања/ доставени записници | 97,80% | Процентуален однос на предвидени мостри (1336) со доставени наоди од страна на ФВМ (1366) |
| Несоодветни мостри | 47 | Погрешно мострирање од страна на официјалните ветеринари од СИН |
| Нереализирани мостри | 52 | Се однесува на доставени работни налози за кои е доставено известување за неможност за земање на мострите |
| Позитивни наоди од тестирања | 32 | Резултати со незадоволителен резултат |

При добивање на несообразен наод од тестирање (позитивен наод), официјалниот ветеринар од Секторот за инспекциски надзор постапува согласно Упатството за последователно истражување и мерки кои се преземаат во случај на сомнеж и/или во случај на идентификуван позитивен наод на присуство на резидуи и недозволени суптанции. Во 2017 година добиени се вкупно 32 несоодветни известувања од тестирања, и тоа:

***Табела 2.06:*** *Преглед Позитивни наоди*

| | |
|---|---|
| Позитивен наод на кадмиум | 19 |
| Позитивен наод на олово | 4 |
| Позитивен наод на жива | 9 |
| Вкупно несообразни наоди | 32 |




*Графикон. Пресек позитивни наоди од ГПМР*

***Табела 2.07****: Преглед Детален на позитивни наоди од ГПМР*

| Ред. бр. | Датум на барање | Број на барање | Подрачна единица | Бр. на известување | Вид мостра | Позитивен резултат на: |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 22.11.2017 | 25-1833 | Велес | 2017/11/658 | дивеч/ црн дроб | кадмиум –669,1 µg/kg |
| 2. | 27.10.2017 | 25-2009 | Прилеп | 2017/11/37 | дивеч/ црн дроб | кадмиум – 1174,2 µg/kg |
| 3. | 06.11.2017 | 25-2052 | Прилеп | 2017/11/246 | дивеч/ црн дроб | кадмиум – 1010,3 µg/kg |
| 4. | 24.10.2017 | 2501-977/1 | Тетово | 2017/10/556 | дивеч/ црн дроб | кадмиум – 1250,4 µg/kg |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | 08.11.2017 | 25-2053 | Прилеп | 2017/11/247 | дивеч/ црн дроб | кадмиум – 1115,6 µg/kg<br>олово – 548,6 µg/kg |
| 6. | 22.09.2017 | 25-1297 | Битола | 2017/9/754 | дивеч/ мускул | олово – 139,7 µg/kg;<br>жива – 85,2 µg/kg |
| 7. | 14.09.2017 | 25-1699 | Прилеп | 2017/9/536 | дивеч/ мускул | олово – 237,0 µg/kg |
| 8. | 18.10.2017 | 25-1299 | Гевгелија | 2017/10/475 | дивеч/црн дроб | кадмиум – 1120,2 µg/kg |
| 9. | 09.10.2017 | 25-1339 | Битола | 2017/10/243 | дивеч/црн дроб | кадмиум –1202.7 µg/kg |
| 10. | 16.10.2017 | 25-1382 | Битола | 2017/10/369 | дивеч/црн дроб | кадмиум – 818,5 µg/kg |
| 11. | 09.10.2017 | 25-625 | Делчево | 2017/10/409 | дивеч/црн дроб | кадмиум –1026,3 µg/kg<br>жива – 135,8 µg/kg |
| 12. | 24.10.2017 | 25-360 | Кичево | 2017/10/557 | дивеч/црн дроб | кадмиум – 1333,2 µg/kg<br>жива – 124,2 µg/kg |
| 13. | 30.10.2017 | 25-277 | Дебар | 2017/11/35 | дивеч/црн дроб | кадмиум – 1089,1 µg/kg<br>жива – 283,0 µg/kg |
| 14. | 28.11.2017 | 2501-1095/1 | Тетово | 2017/11/770 | дивеч/црн дроб | жива – 207,4 µg/kg |
| 15. | 28.11.2017 | 25-315 | Дебар | 2017/11/792 | дивеч/црн дроб | жива – 246,4 µg/kg |
| 16. | 13.11.2017 | 25-1483 | Гевгелија | 2017/12/47 | дивеч/мускул | жива – 169,5 µg/kg |
| 17. | 13.11.2017 | 25-1484 | Гевгелија | 2017/12/48 | дивеч/мускул | кадмиум – 704,5 µg/kg |
| 18. | 17.10.2017 | 25-1015 | Охрид | 2017/10/370 | дивеч/црн дроб | олово – 887,6 µg/kg |
| 19. | 30.11.2017 | 2501-1632 | Куманово | 2017/11/36 | дивеч/црн дроб | кадмиум – 643,8 µg/kg<br>жива – 562,8 µg/kg |
| 20. | 08.02.2018 | 25-166 | Гевгелија | 2018/2/133 | дивеч/црн дроб | кадмиум – 1092,7 µg/kg |
| 21. | 05.02.2018 | 25-2052 | Прилеп | 2018/2/83 | дивеч/црн дроб | кадмиум – 834,5 µg/kg |
| 22. | 05.02.2018 | 25-2009 | Прилеп | 2018/2/81 | дивеч/црн дроб | кадмиум – 907,5 µg/kg |
| 23. | 05.02.2018 | 25-2053 | Прилеп | 2018/2/80 | дивеч/црн дроб | кадмиум – 608,3 µg/kg |
| 24. | 02.02.2018 | 25-59/1 | Кичево | 2018/2/78 | дивеч/црн дроб | жива – 120,2 µg/kg<br>кадмиум – 533,1 µg/kg |
| 25. | 01.02.2018 | 25-202 | Битола | 2018/2/65 | дивеч/црн дроб | кадмиум – 825,7 µg/kg |

Притоа, од страна на официјалните ветеринари земени се дополнителни мостри по добиен незадоволително известување од тестирање, при што добиени се следните известувања од тестирања:

*Табела 2.08: Преглед  Постапување по позитивни наоди од ГПМР*

| П.Е | Наод бр. | Позитивен наод на: | Постапување на официјален ветеринар во П.Е каде што е добиен незадоволитен наод | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Велес | 2017/11/658 | кадмиум –669,1 µg/kg | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-1833/2 од 31.12.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/1/149 од 31.01.2018 година. | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-1833/2 од 10.01.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/1/150 од 31.01.2018 година. | | |
| Прилеп | 2017/11/37 | кадмиум – 1174,2 µg/kg | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-2009 од 22.01.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/1/353 од 08.02.2018 година. | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-2009 од 05.02.2018 година. Добиен е незадоволитен резултат бр. 2018/2/81 од 19.02.2018 година. | | |
| Прилеп | 2017/11/246 | кадмиум – 1010,3 µg/kg | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-2052 од 22.01.2018 година. Добиен е | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-2052 од 05.02.2018 година. Добиен е незадоволитен резултат бр. 2018/2/83 од | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | задоволителен резултат бр. 2018/1/354 од 08.02.2018 година. | 19.02.2018 година. | | |
| Тетово | 2017/10/556 | кадмиум – 1250,4 µg/kg | Земена е дополнителна мостра кравјо млеко по добиен резултат со записник бр. 2501-977/2 од 19.12.2017 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/12/510 од 05.02.2018 година. | Земена е дополнителна мостра кравјо млеко по добиен резултат со записник бр. 2501-977/5 од 16.01.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/1/245 од 05.02.2018 година. | | |
| Прилеп | 2017/11/247 | кадмиум – 1115,6 µg/kg / олово – 548.6 µg/kg | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-2053 од 22.01.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/1/355 од 08.02.2018 година. | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-2053 од 05.02.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/2/80 од 19.02.2018 година. | | |
| Битола | 2017/9/754 | олово – 139,7 µg/kg / жива – 85,2 µg/kg | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-1765 од 26.12.2017 година. | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-61 од 15.01.2018 година. Добиен е задоволителен резултат | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Добиен е задоволителен резултат бр. 2017/12/738 од 09.01.2018 година. | бр. 2018/1/239 од 08.02.2018 година. | | |
| Прилеп | 2017/9/536 | олово – 237,0 µg/kg | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-1699 од 22.01.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/1/356 од 31.01.2018 година. | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-1699 од 05.02.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/2/82 од 19.02.2018 година. | | |
| Гевгелија | 2017/10/475 | кадмиум – 1120,2 µg/kg | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-1299 од 21.12.2017 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2017/12/606. | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-63 од 17.01.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2017/1/300. | | |
| Битола | 2017/10/243 | кадмиум –1202.7 µg/kg | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-60 од 15.01.2018 година. | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-61 од 15.01.2018 година. Добиен е задоволителен резултат | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива патка по добиен резултат со записник бр. 25-190 од 07.02.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/2/79 од 19.02.2018 | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-202 од 01.02.2018 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/1/237 од 31.01.2018 година. | бр. 2018/1/239 од 08.02.2018 година. | година. | година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/2/65 од 20.02.2018 година. |
| Битола | 2017/10/369 | кадмиум – 818,5 μg/kg | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-60 од 15.01.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/1/237 од 31.01.2018 година. | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-61 од 15.01.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/1/239 од 08.02.2018 година. | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива патка по добиен резултат со записник бр. 25-190 од 07.02.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/2/79 од 19.02.2018 година. | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-202 од 01.02.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/2/65 од 20.02.2018 година. |
| Делчево | 2017/10/409 | кадмиум –1026,3 μg/kg / жива – 135,8 μg/kg | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-625/1 од 08.01.2018 година. | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-625/1 од 28.01.2018 година. | | |
| Кичево | 2017/10/557 | кадмиум – 1333,2 μg/kg / жива – 124,2 μg/kg | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-27/1 од 15.01.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/1/238 од | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-59/1 од 02.02.2018 година. Добиен е незадоволителен резултат бр. 2018/2/78 од 19.02.2018 година. | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 08.02.2018 година. | | | |
| Дебар | 2017/11/35 | кадмиум – 1089,1 µg/kg / жива – 283,0 µg/kg | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-18 од 15.01.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/1/240 од 15.01.2018 година. | Земена е дополнителна мостра кравjо млеко по добиен резултат со записник бр. 25-48 од 30.01.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/1/573 од 15.01.2018 година. | | |
| Тетово | 2017/11/770 | жива – 207,4 µg/kg | Земена е дополнителна мостра кравjо млеко по добиен резултат со записник бр. 2501-1095/5 од 16.01.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/1/241 од 19.02.2018 година. | Земена е дополнителна мостра кравjо млеко по добиен резултат со записник бр. 2501-1095/6 од 20.02.2018 година.Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/2/409 од 19.02.2018 година. | | |
| Дебар | 2017/11/792 | жива – 246,4 µg/kg | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-22 од 16.01.2018 година. | Земена е дополнителна мостра кравjо млеко по добиен резултат со записник бр. 25-47 од 30.01.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/1/572 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/1/243 од 05.02.2018 година. | од 08.02.2018 година. | | |
| Гевгелија | 2017/12/47 | жива – 169,5 µg/kg | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-17 од 09.01.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/1/158 од 08.02.2018 година. | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-167 од 08.02.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/2/136 од 08.02.2018 година. | | |
| Гевгелија | 2017/12/48 | кадмиум – 704,5 µg/kg | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-18 од 09.01.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/1/157 од 31.01.2018 година. | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-166 од 08.02.2018 година. Добиен е незадоволителен резултат бр. 2018/2/133 од 09.02.2018 година. | | |
| Охрид | 2017/10/370 | олово – 887,6 µg/kg | Земена е дополнителна мостра кравјо млеко по добиен резултат со записник бр. 25-1015 од 24.02.2018 година. | Земена е дополнителна мостра кравјо млеко по добиен резултат со записник бр. 25-1015 од 19.03.2018 година. | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Куманово | 2017/12/36 | кадмиум – 643,8 µg/kg / жива – 562,8 µg/kg | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-1632 од 31.01.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/2/56 од 19.02.2018 година. | Земена е дополнителна мостра црн дроб од дива свиња по добиен резултат со записник бр. 25-1632 од 06.02.2018 година. Добиен е задоволителен резултат бр. 2018/2/57 од 19.02.2018 година. | | |

Несоодветно мострирање

Од вкупно земените 1402 мостри, несоодветно мострирани се вкупно 47 мостри, или 3,35%, и како најчест проблем во мострирањето е заокружувањето на друга група на самиот записник, при што од страна на овластенатата лабораторија (ФВМ лабораторија со која АХВ има договор) тестирањето е извршено врз основа на барањето на официјалниот ветеринар (најчест проблем во 2017 година е испитувањето на диоксини). (погрешно мострирање – гр. Б3а – достава на погрешен матрикс или земање на мостри од подрачја каде што е предвидено мострирањето согласно ГПМР)

*1.4 Програма за официјални контроли на ниво на примарно производство на млеко и исполнување на критериумите за сурово млеко (преструктуирање на одгледувалишта на молзни грла – категоризација на примарни производители на млеко)*

Во врска со активностите кои се превземаат за спроведување на Планот за унапредување на квалитетот на суровото млеко и обезбедување на исполнетост на соодветната легислатива на Европската Унија во однос на критериумите за број на микроорганизми и соматски клегки и хигиенско - здравствените барања за одгледувалиштата на молзни грла, извршени се посети и категоризација на вкупно 242 одгледувалишта на молзни грла, и тоа:

***Табела 2.09****: Преглед на состојбата со ЕУ критерими на сирово млеко*

| Категорија | Вкупно | % |
|---|---|---|
| I категорија | 14 | 5,785 |
| II категорија | 166 | 68,595 |
| III категорија | 62 | 25,620 |

Во однос на податоците доставени за 4 – те критериуми за категоризација на примарните производители на млеко, добиени се следните податоци:

***Табела 2.10****: Преглед на состојбата со ЕУ критерими на сирово млеко*

| | Да | % | Не | % | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Хигиенски барања | 125 | 51,653 | 117 | 48,347 | 242 |
| Здравствени барања | 242 | 100 | 0 | 0 | 242 |
| Критериум број на соматски клетки | 10 | 4,132 | 232 | 95,868 | 242 |
| Критериум број на колонии | 21 | 9,502 | 221 | 90,498 | 242 |

1.5. Изработка на законски и подзаконски акти

Согласно Законот за безбедност на храната („Службен весник на РМ“ бр 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15 и 39/16) во соработка со СЕУМС донесени се следните подзаконски акти со што е постигнато дополнително усогласување со законодавството на ЕУ:

- Програмата за антимикробна отпорност за периодот 2017-2021 (8) (”Службен весник на Република Македонија” бр. 49/17) усогласена е со одредбите на Одлуката (ЕЗ) бр. 652/2013 од 12 Ноември 2013 година за мониторинг и известувања на антимикробна резистенција на зоонотски и коменсални бактерии (CELEX бр. 32013D0652).

- Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната (”Службен весник на Република Македонија” бр. 37/17) усогласен со Регулативата на Комисијата (ЕУ) бр. 1019/2013 од 23 октом- ври 2013 година со која се врши изменување на Анекс I од Регулативата (ЕЗ) бр. 2073/2005 во врска со хистамин во производи од риба (CELEX бр. 32013R1019); Регулативата на Комисијата (ЕУ) бр. 217/2014 од 7 март 2014 година со која се врши изменување на Регулативата (ЕЗ) бр. 2073/2005 во врска со салмонела во трупови од свињи (CELEX бр. 32014R0217) и Регулативата на Комисијата (ЕУ) 2015/2285 од 8 декември 2015 година со која се врши изменување на Анекс II од Регулативата (ЕЗ) бр. 854/2004 на Европскиот Парламент и на Советот во која се пропишани посебни барања за организација на официјални контроли на производи од животинско потекло наменети за исхрана на луѓе во однос на одредени барања за живи бивалвни мекотели, ехинодерми, туникати и морски гастроподи и на Анекс I од Регулативата (ЕЗ) бр. 2073/2005 за микробиолошки критериуми на храна (CELEX бр. 32015R2285).

1.6. Квалитет на храната од животинско потекло

Изработена е предлог брошура со наслов “Регистрација и категоризација на молзни крави” од страна на Одделението за запознавање со начинот на регистрација и категоризација на примарните производители на млеко во Република Македонија.

1.7. Документација од систем за менаџмент со квалитет на АХВ - ISO 9001:2008

Во делот на документацијата во рамките на системот за менаџмент со квалитет на АХВ согласно стандардот ISO 9001:2008, извршено е ревизија на Упатствата и Процедурите од Одделението за безбедност и квалитет на храната од животинско потекло согласно настанатите внатрешни структурни промени со донесување на Правилникот за Систематизација на работните места во АХВ, како и настанатите измени во Законот за безбедност на храната и Законот за општа управна постапка (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015), при што се ревидирани следните акти;
- ПР 7.5-2.1-01в02 Процедура за постапката за укинување на решението за одобрение и бришење од регистарот на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потекло
- ПР 7.5-2.1-02в04Процедураза постапување на стручната комисија за одобрување на оператори со храна и објекти за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло
- УП 7.5-2.1-01в03 Упатство за условите кои треба да ги исполнуваат правните лица кои вршат увоз на храна од животинско потекло и начин на водење на регистарот на регистрирани увозници на храна од животинско потекло,
- УП 7.5-2.1-04в02 Упатство за начинот на впишување во листа на објектите за производство, преработка и промет со храна од животинско потекло која се извезува во трети земји,
- УП 8.5-2.1-05в03 Упатство за начинот на одобрување и контрола на објектите за производство, преработка и промет со храна од животинско потекло која се извезува во земјите членки на Европската Унија,
Со цел имплементација на законските и подзаконските акти во однос на барањата за безбедност и хигиена на примарното производство, за регулирање на постапката на регистрација и контрола на примарните производители на мед во рамките на документацијата во СМК воведено е ново упатство и тоа:
УП 8.5-2.1-11в01 Упатство за евидентирање и контрола на оператори со храна – примарни производители на мед.

## II.03 Одделение за безбедност на храна за животни и исхрана на животните

1. Изработка на Упатства за официјални ветеринарни за постапките на официјална контрола во сите фази на производство, промет и употреба на храна за животни

Во текот на 2017 година изработено е Упатство за начинот на вршење на официјални контроли, методи на земање примероци и анализа согласно Програмата за мониторинг за безбедност на храната за животни. Упатството е усогласено со Секторот за инспекциски надзор и по објавувањето на Програмата за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2018 година во Службен весник, ќе се пристапи кон негово имплементирање во ИСО системот.

2. Документација од Системот за менаџмент со квалитет на АХВ - ISO 9001:2015

Системот на одобрување и регистрација на објекти и оператори со храна за животни и исхрана на животните е унапреден со имплементирање на следните процедури:
- ПР 8.5-2.4-01в04 Процедура за одобрување на операторите со храна за животни и објектите за производство, обработка и манипулација со храна за животни;
- ПР 8.5-2.4-02в03 Процедура за регистрација на објект и оператор со храна за животни и
- ПР 8.5-2.4-03в03 Процедура за регистрација на правни лица кои вршат дејност увоз на храна за животни.

3. Регистрација и одобрување на објекти и оператори со храна за животни

Во текот на 2017 година издадени се 11 решенија за запишување во регистарот на регистрирани објекти и оператори со храна за животни, 1 решение за запирање на постапката за запишување во регистарот на регистрирани објекти и оператори со храна за животни на барање на подносителот и на 2 оператори доставени се дописи/известувања за докомплетирање на потребната документација.
Во текот на 2017 година издадени се 6 решенија за запишување во регистарот на увозници на храна за животни, а на 2 оператори доставени се дописи/известувања за докомплетирање на потребната документација.
Во текот на 2017 година издадени се 4 трајни решенија за одобрение за оператор со храна за животни и објект за производство, обработка и манипулација со храна за животни, 1 времено решение за одобрение за оператор со храна за животни и објект за производство, обработка и манипулација со храна за животни и 2 решенија за одбивање на барање за одобрение на оператор со храна за животни и објект за производство, обработка и манипулација со храна за животни.
На интернет страната на АХВ тековно се ажурирани електронските регистри за регистрираните и одобрените оператори со храна за животни.

4. Изработка на Водичи за оператори со храна за животни

По извршеното усогласување на постоечката документација од системот на одобрување и регистрација на објекти и оператори со храна за животни согласно новите барања на ISO 9001:2015, изработени се три водичи кои ќе бидат помошна алатка за подносителите на барање за регистрација и/или одобрување на објекти и оператори со храна за животни, со цел подетално објаснување на чекорите кои треба да се преземат од нивна страна.

5. Донесени законски и подзаконски акти

Врз основа на Законот за безбедност на храната за животни ("Службен весник на Република Македонија“ број 145/10, 53/11, 1/12, 33/15, 33/15, 149/15 и 53/16) во текот на 2017 година донесени се следните подзаконски акти:

- Правилник за начинот на вршење на мониторинг и контрола и начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи, контаминенти, недозволени супстанции, суровини и производи во храната за животни ("Службен весник на Република Македонија“ број 128/17) и

- Методологија за спроведување на мониторингот за безбедноста на храната за животните ("Службен весник на Република Македонија“ број 128/17).

6. Активности поврзани со донесување на Програма за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2018 година

Врз основа на Законот за безбедност на храната за животни**,** Правилникот за начинот на вршење на мониторинг и контрола и начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи, контаминенти, недозволени супстанции, суровини и производи во храната за животни ("Службен весник на Република Македонија“ број 128/17) и Методологијата за спроведување на мониторингот за безбедноста на храната за животните ("Службен весник на Република Македонија“ број 128/17), во текот на 2017 година изработена е Програма за мониторинг за безбедност на храна за животни, добиено е позитивно мислење од Секретаријатот за законодавство и поставена е на е-Влада.

7. Подготовка на новиот Закон за безбедност на храна за животни

Во рамки на Твиннинг проектот во текот на 2017 година реализирана е екпертска мисија при што е изработен дел од измените на законот. Во јануари 2018 година ќе се одржи втората експертска мисија и согласно Годишниот план на активности на Одделението за безбедност на храна за животни и исхрана на животните за 2018 година ќе се пристапи кон реализација на наведената активност. Во текот на 2017 година покрената е иницијатива за формирање на работна група која ќе работи на подготовка на предлог текст на Законот за безбедност на храна за животни.

**II.03 Одделение за нуспроизводи од животинско потекло**

Изготвен е работен текст на новиот Закон за нуспроизводи од животинско потекло. Со носењето на новиот закон ќе бидат транспонирани правните норми од ЕУ Регулативата бр. 1069/2009. Постоечкиот закон е донесен врз база на укинатата ЕУ Регулатива 1774/2002. Изготвени, усвоени и објавени 2 нови правилника, 1 листа и измена и дополна на 1 правилник

- Правилник за посебните услови кои треба да ги исполнуваат преработените животински протеини и други преработени производи кои можат да се користат како материјал за исхрана на животните во однос на стандардите за преработка, суровините, складирањето, увозот и хигиенските услови како и условите кои треба да ги исполнуваат објектите за производство на храна за домашни миленици и технички објекти и посебните технички услови за храната за домашни миленици и кучешки грицкалици во однос на суровините, стандардите за преработка и увозот ("Службен весник на Република Македонија” бр. 35 /17);

- Правилник за формата, содржината и начинот на поднесување на барање за регистрација и одобрување на објекти и оператори со нуспроизводи од животинско потекло ("Службен весник на Република Македонија" бр. 121/17);
- Листа на објекти и/или активности кои треба да бидат одобрени или регистрирани ("Службен весник на Република Македонија" бр. 3/17);
- Правилник за дополнување на Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со нуспроизёводи од животинско потекло, формата и содржината на ветеринарно-здравсвениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со нуспроизводи од животинско потекло, како и листата на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит ("Службен весник на Република Македонија" бр. 121/17);

Согласно Стратегијата за воспоставување на национален систем за управување со нуспроизводи од животинско потекло, а со цел реализација на одлуките на Владата, Агенцијата за храна и ветеринарство одржа неколку работни состаноци со претставниците на Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии, Министерствот за економија, Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделие, шумарство и водсостопанство со цел да се прецизираат сите предуслови и барања во однос на законската регулатива кои треба да ги исполни идниот оператор на системот како и со претставниците на операторот со нуспроизводи од животинско потекло ATEV Унгарија како заинтересиран иден оператор. По барање на ATEV, Одделението за нуспроизводи од животинско потекло изготви и достави неколку документи за количините на генерирани нуспроизводи од животинско потеколо за годините 2013, 2014 и 2015 година и тоа:
- Количини на генерирани нуспроизводи од животинско потекло од прехранбената индустрија,
- Количини на генерирани нуспроизводи од животинско потекло од примарно производство (фарми), и
- Количина на храна наменета за исхрана на луѓе прогласена како нуспроизвод од животинско потекло.
- GPS координати на најважниите генератори на нуспроизводи од животинско потекло на територијата на Република Македонија.

Во текот на 2017 година Одделението за нуспроизводи од животинско потекло го изработи следното:
- Издадени се 42 решенија за регистрација на оператори со нуспроизводи од животинско потекло
- Издадени се 41 решение за увозници на нуспроизводи од животинско потекло
- Издадени се 6 решенија за одобрување на објект и оператор со нуспроизводи од животинско потекло
- Издадено е 1 решенија за одземање на решението за одобрување на оператор со нуспроизводи од животинско потекло

Позитивно е одговорено на 2 барања за добивање согласност за повторен увоз на пратки нуспроизводи од животинско потекло кои се одбиени од други држави во законски предвидената рамка.

- Изменети се 27 обрасци и 4 процедури заради усогласување со ISO стандардот.

- Учество во изработка на Оперативен план за воспоставување на Ветеринарниот Информативен Систем (во соработка со вработените во Секторот за ветеринарно јавно здравство и Секторот за Инспекциски надзор),

До Секторот за инспекциски надзор доставен е Работен налог за пополнување на анкетен лист за нуспроизводи од животинско потекло генерирани во објектите и операторите со храна од животинско потекло за 2017 година. По добиените анкетни листови пополнети од страна на објектите и операторите со храна од животинско потекло и верификувани од страна на официјалните ветеринари од Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство, истите ќе се обработат заклучно со месец јуни 2018 година за потребите на Стратегијата за воспоставување на национален систем за управување со нуспроизводи од животинско потекло.

**II.04 Одделение за Ветеринарно Медицински Препарати**

1. Во текот на 2017 година Одделението за ветеринарно - медицински препарати учествуваше во работата на Комисијата за ветеринарно - медицински препарати на 18-та, 19-та, 20-та, 21 и 22-та седница одржани во неколку продолженија, преку подготовка на материјали за седници и изготвување на 63 Решенија за одобрение за ставање во промет на ветеринарно - медицински препарат и кај сите е запазен законскиот рок од 210 дена. Останатите се во фаза на постапување по известување за дополнение на документација. Исто така изготвени се и 9 Решенија за одобрение за ставање во промет на ветеринарно - медицински препарати заради промена.
Издадени се 2 Решенија за одобрение за вршење на дејност/употреба на објект за промет на големо со ветеринарно-медицински препарати (ветеринарна веледрогерија) и 1 решение за одобрение за вршење на дејност/употреба на објект за промет на мало со ветеринарно-медицински препарати (ветеринарна аптека).

2. Извршена е измена на 1 процедура:
-Процедура за добивање решение за одобрение за увоз на ветеринарно-медицински препарати, дијагностички реагенси и медицински помагала за употреба во ветеринарната медицина и увоз на ветеринарно-медицински препарати кои привремено се ставаат во промет.

Извршена е измена на 4 обрасци:
-Решение за одобрение за увоз на ветеринарно - медицински препарати за употреба во ветеринарната медицина.
-Барање за добивање на решение за одобрение за увоз на медицински помагала за употреба во ветеринарната медицина.
-Барање за добивање на решение за одобрение за увоз на дијагностички реагенси.
-Барање за добивање на решение за одобрение за увоз на ветеринарно - медицински препарати.
-Решение за одобрение за увоз на медицински помагала за употреба во ветеринарната медицина- укинато.
-Решение за одобрение за увоз на ветеринарно - медицински препарати за употреба во ветеринарната медицина (дијагностички реагенси)- укинато.

Извршено е воведување на нов образец:
-Решение за запирање на постапка

3. Во текот на 2017 година поднесени се 199 Барања за добивање на решение за одобрение за увоз на ветеринарно-медицински препарати, од кои позитивно е одговорено на 194 барања, односно изготвени се 194 Решенија за одобрение за увоз на ветеринарно-медицински препарати за употреба во ветеринарната медицина, 3 барања се завршени со издавање на Решение за завршување на постапка по барање на странката, додека 2 барања се препратени до друг надлежен сектор.

За 30 барања во склоп на постапката изработени се дописи до подносителите на барањата за корекција или дополнување на веќе поднесената документација.

4.Во поглед на дополнително усогласување со законодавството на ЕУ:
Врз основа на член 15 став (6) од Законот за ветеринарно - медицински препарати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/10, 136/11, 149/15 и 53/16), објавена е Листа на фармаколошки супстанции одобрени за употреба во ветеринарната медицина во „Службен весник на РМ“ бр.12 од 06.02.2017.
Врз основа на член 23 став (5) од Законот за ветеринарно медицински препарати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/10, 136/11, 149/15 и 53/16), објавен е Список на ветеринарно-медицински препарати за кои е дадено одобрение за ставање во промет во„Службен весник на РМ“ бр.22 од 22.02.2017.
Поднесен е предлог за Измени и дополнувања на Закон за ветеринарно – медицински препарати и поведување на постапка за измена на подзаконските акти кои произлегуваат од истиот;
До Секретаријат за законодавство поднесени се последни измени на:
-Листа на фармаколошки супстанции одобрени за употреба во ветеринарната медицина;
-Список на ветеринарно-медицински препарати за кои е дадено одобрение за ставање во промет;
-Список на ветеринарни веледрогерии и ветеринарни аптеки.

5.Во рамките на Твининг проектот “Further development of competent authorities control systems to protect the human, animal and plant health”:
-Component 1: Improved administrative and operational capacity of the FVA to ensure further development and efficient enforcement of national legislation, Activity 1.1. EU compliant implementing legislation regarding veterinary policy developed во периодот 03-06.04.2017 реализирана е екпертска мисија од страна на г-н Gaetano Miele во која беа вклучени сите вработени во Одделението за ВМП. Во текот на мисијата беше утврдена на фактичката состојба со легислативата во поглед на ВМП и беа дадени насоки за регулирање на варијациите преку транспонирање на “Guidelines on the details of the various categories of variations, on the operation of the procedures laid down in Chapters II, IIa, III and IV of Commission Regulation (EC) No 1234/2008 of 24 November 20008 concerning the examination of variations to the terms of marketing authorizations for medicinal product for human use and veterinary medicinal products and on the documentation to be submitted pursuant to those procedures (2013//c 223/01)”, според нивната класификација, обемноста на документацијата и спецификите на работата која треба да се изврши заради нивно одобрување.
-Component 3, Активност 3.2 „Improvement of the system for Veterinary medicinal products “одржана е работилница на тема „Регулаторен аспект и систем за фармаковигиланца“ во периодот 28-29.11.2017 на која земаа учество сите вработени во Одделението за ВМП, дел од вработените од други одделенија во Секторот за ВЈЗ како и претставници на неколку веледрогерии и ветеринарни друштва.

## III. СЕКТОР ЗА ХРАНА ОД НЕЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Во рамки на Секторот за безбедност на храна од неживотинско потекло се вршат активности, нормативни работи и управно правни работи кои се во функција на извршување на надлежноста на Агенцијата, креирање на политика за храна од неживотинско потекло, одобрување на одделни производи кои спаѓаа во категориите храна кои пред да се пласираат на пазарот мора да се одобрат, контрола и одобрување на одделни видови храна заради нивната специфичност и дејство врз здравјето на луѓето. Во секторот се врши контрола и одобрување на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, се превземаат и активности кои се однесуваат на постапката на одобрување на здравствените тврдења кои се користат во комерцијални цели при означување, презентација и рекламирање на храната.
Во секторот се врши подготвување, спроведување и следење на спроведувањето на мониторинг програмата за безбедност на храната, анализа и евалуација на истата.
Во секторот се врши контрола на храната, производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, преку следење на спроведувањето на прописите од областа на храната и непосредно учествува во управувањето со ризикот од храната. Секторот организациски е составен од 3 одделенија:

I. Одделението за безбедност на храната од неживотинско потекло,
II. Одделението за храна за посебна нутритивна употреба, збогатена храна, додатоци на храна и адитиви, и
III. Одделението за производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната

Сите одделенија ги следат сите новини во ЕУ легислативата и секој во својот делокруг на работа подготвува национални прописи кои преставуваат усогласување и хармонизација со новите ЕУ регулативи и директиви.

### III.01 Одделение за безбедност на храна од неживотинско потекло

Одделението како редовни активности ги спроведе активностите поврзани со реализација на Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Македонија за 2017 година. (Службен Весник на РМ бр. 192/16), и превзема активности кои се однесуваат на постапката на одобрување на здравствените тврдења кои се користат во комерцијални цели при означување, презентација и рекламирање на храната.

Изготвени се извештаи за сите активности и анализа за сите добиени резултати од лабораториските испитувања на мострите храна кои се земени во рамки на Програмата, и за вкупниот број на решени барања за одобрување на здравствени тврдења кои се користат во комерцијални цели при означување, презентација и рекламирање на храната.

#### I. 1 Извештај за Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Македонија за 2017 година (Службен Весник на РМ бр. 192/16 )

Целта на оваа програма е одредување на евентуално присуството и концентрациите на контаминентите во храната, утврдување на присуство на резидуи од пестициди во и на храната, миграцијата на одделни супстанции од материјалите и производите кои доаѓаат во контакт со храната, мониторирање на можно присуство на ГМО храна, мониторирање на

органските производи, утврдување на безбедноста на храна за различни други параметри, микробиолошки критериуми и други опасности во храната, како и евалуација на нивното влијание врз здравјето на човекот. Програмата е составена од осум под програми во кои е предвидено земање на мостри за лабораториски анализа на **969 мостри**.

Програмата се состои од следните под програми:

**1.** Мониторинг на безбедноста на храната во однос на микробиолошките критериуми на одредени категории на прехранбени производи - планирани се 180 мостри храна;
**2**. Мониторинг на безбедноста на храната за определување на присуство на резидуи од пестициди во однос на максимално дозволеното ниво (МДН) во зеленчук и овошје – планирани се 192 мостри храна;
**3.** Мониторинг со определување на максимално дозволени количества на специфични максимални нивоа на резидуи од пестициди или метаболити на пестициди во:
- преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца и пестициди кои не треба да се употребуваат во земјоделско производство на обработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца; и
- почетна формула за доенчиња и во последователна формула за доенчиња и пестициди што не треба да се употребуваат во земјоделски производи наменети за производство на почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња - планирани се 63 мостри храна;
**4.** Мониторинг за определување на присуството на тешки метали и нитрати во одредени видови прехранбени производи – планирани се 117мостри;
**5.** Мониторинг за определување на присуството на микотоксини во одредени видови прехранбени производи - планирани се 216 мостри;
**6.** Мониторинг на материјали и производи кои доаѓаат во контакт со храната – планирани се 90 мостри ;
**7**. Мониторинг во однос на утврдување на присуството на ГМО храна – планирани се 66 мостри и
**8.** Мониторинг на производи од органско производство во Република Македонија - планирани се 45 мостри .

За реализацијата на Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Македонија превземени се конитнуирани активности од планирање и подготовка на документот, до детално планирање на месечна основа на активностите на инспекторите за храна, за земање на мострите.

Инспекторите кои се вклучени во спроведување на програмата континуирано посетуваат обуки во областа на безбедност на храната, а одржани се и неколку дополнителни обуки за начините и постапките за земање на мостри, за испитување на микробиолошките критериуми за безбедност на храната како и за присуството на контаминентите во храната.
Мострите од одделни под програми се земаа во определен временски период од определен вид и количина на храна, како што е предвидено во Мониторинг програмата.

Согласно Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Македонија се испитуваат следните категории на храна:

- Зеленчук (домати, пиперки, морков, компир, краставици, модар патлиџан, кромид, праз, корнишони, брокула,грав, бамја, спанаќ, карфиол и марула)

- Овошје (грозје, винско грозје, трпезно грозје, јаболко и круша)
- Брашно, леб и пекарски производи
- Храна за доенчиња и мали деца на житна основа и млечна храна за доенчиња - почетна формула и продолжена формула
- Храна готова за консумирање наменета за доенчиња и храна готова за консумирање наменета за специјални медицински цели
- Млеко и млечни производи
- Сладолед
- Слаткарски производи
- Производи од живинско месо наменети за консумација по термичка обработка (пилешки стек)
- Мелено месо и подготовки од месо произведени од сите останати видови освен живина, наменети за јадење по термичка обработка (плескавици, ќебапи, свинска вешалица)
- Мајонез (преливи со мајонез и салати со мајонез)
- Салата од зеленчук
- Сокови
- Органски производи (мед, јапонско јаболко, калинка, круша, јаболко, грав, пиперка, морков, компир)

## 1. Мониторинг на безбедноста на храната во однос на микробиолошките критериуми

Според Програмата за мониторинг на безбедност на храната во Република Македонија, планирана е мониторинг под програма за спроведува во поглед на определување на микробиолошките критериуми за безбедност на храната, каде што се испитувани Listeria monocytogenes и Salmonella spp., **со предвидени и испитани 180 мостри,** во текот на целата 2017 година, при што не е добиена ниту една позитивна мостра при оваа мониторинг под програма.




*Подпрограма за мониторинг на микробиолошките критериуми за безбедност на храната.*

**2. Мониторинг за определување на присуство на резидуи од пестициди во храната, определување на максималното дозволените нивоа (МДН) на резидуи на производи за заштита на растенијата/пестициди во храната - зеленчук и овошје:**

Согласно под програмата за следење на резидуите од пестициди во храната, определување на максималното дозволените нивоа (МДН) на резидуи на производи за заштита на растенијата/пестициди во храната - зеленчук и овошје, од предвидениот број од 192 мостри, **земени се 182 мостри** во текот на целата 2017 година, при што се добиени **3 позитивни мостри**, и **37 мостри кои што го надминуваат лимитот на квантификација (LOQ),** на одредени резидуи на пестициди.

- Позитивните мостри се земени од:

- Битолски регион, **една** позитивна мостра од корнишони со добиени резултати од 0.04 mg/kg за активната состојка dimethoate и 0.02 mg/kg за активната состојка за omethoate;
- Штипски регион, **една** позитивна мостра од праз со добиен резултат од 0,01 mg/kg за активната состојка Chlorpyrifos;
- Струшки реон , **една** позитивни мостри од вишна со добиен резултат од 0.01 mg/kg за активната состојка omethoate.

- Мострите кои што го надминуваат лимитот на квантификација (LOQ), на одредени резидуи на пестициди, се земени од:

- Скопски регион, **пет мостри** од кои една мостра од пиперки со добиен резултат за boscalid (nicobifen) 0.05 mg/kg, една мостра од раноградинарски краставици со добиен резултат за acetamipirid 0,24 mg/kg, две мостри од кајсии (првата со добиени резултати за acetamipirid 0.25mg/kg, carbendazamin (azole) 0.16 mg/kg и metalaxyl 0.02 mg/kg и втората со добиени резултати за acetamipirid 0.27mg/kg, carbendazamin (azole) 0.11 mg/kg, metalaxyl 0.02 mg/kg и една мостра од јагоди со добиен резултат за (alpha-cypermethrin) 0.01 mg/kg;
- Струмички регион, **три мостри** од кои една мостра од краставица со добиени резултати за propamocarb 0.26 mg/kg, acetamipirid 0.16 mg/kg, carbendazamin (Azole) 0.05 mg/kg и за metalaxyl 0.01 mg/kg, една мостра од модар патлиџан со добиен резултат за acetamipirid 0,01 mg/kg, и една мостра од корнишони со добиен резултат за tebuconazole 0.01 mg/kg;
- Битолски регион, **осум мостри** од кои една мостра од лук со добиен резултат за tebuconazole 0.02 mg/kg, три мостри од раноградинарски домат (првата со добиен резултат за cyprodinil 0.04 mg/kg, втората со добиен резултат за acetamipirid 0.02 mg/kg и третата со добиен резултат за tebuconazole 0.06 mg/kg), една мостра од диња со добиен резултат за dimethoate 0.01 mg/kg, една мостра од вишна со добиени резултати за alpha-cypermethrin 0.04 mg/kg и omethoate 0.01, една мостра од круша со добиен резултат за metalaxyl 0.01mg/kg и една мостра од корнишони со добиен резултат за flonicamid 0.02 mg/kg;
- Струшки регион, **пет мостри,** од кои една мостра од млад кромид со добиен резултат за iprovalicarb 0.1 mg/kg, една мостра од лута зелена пиперка со добиени резултати за metalaxyl 0.07 mg/kg и boscalid (nicobifen) 0.06 mg/kg, една мостра од краставица со добиени резултати за propamocarb 0.28 mg/kg и acetamipirid 0.14 mg/kg, една мостра од круши со добиен резултат за metalaxyl 0.01 mg, една мостра од зелено јаболко со добиен резултат за (alpha-cypermethrin) 0.02 mg/kg;
- Кавадаречки регион, **десет мостри** , една мостра од сливи со добиен резултат за alpha-cypermrthrin 0.02 mg/kg, една мостра од млад кромид со добиен резултат за metalaxyl 0.01 mg/kg, две мостри од раноградинарски краставици (првата мостра со добиени резултати за carbendazamin (Azole) 0.05 mg/kg, cyprodinil 0.02 mg/kg и metalaxyl 0.2 mg/kg и втората

со добиен резултат за metalaxyl 0.05 mg/kg), една мостра од круши со добиени резултати за fludioxonil 0.01 mg/kg и thiabendazole 0.01 mg/kg, една мостра од праски со добиен резултат за alpha- cypermrthrin 0.04 mg/kg, една мостра од домат со добиен резултат за propamocarb 0.03 mg/kg, две мостри од пиперки (првата мостра со добиен резултат за metalaxyl 0.01 mg и втората мостра со добиен резултат за methomyl 0.03 mg/kg) и една мостра од дињa со добиен резултат за thiophanate methyl 0.01 mg/kg;

-Велешки регион, **три мостри**, од кои една мостра од карфиол со добиен резултат за dimethoate 0.01 mg/kg и две мостри од корнишони (првата мостра со добиен резултат за mandipropamid 0.1 mg/kg и втората со добиен резултат за boscalid (nicobifen) 0.05 mg/kg);

-Кумановски регион, **три мостри** од краставица (првата мостра со добиен резултат за metalaxyl 0.07 mg/kg, втората мостра со добиен резултат за propamocarb 0.01 mg/kg и третата мостра со добиени резултати за metalaxyl 0.03 mg/kg и thiamethoxam 0.01 mg/kg );




*Подпрограма за мониторинг на резидуи од пестициди во храната (зеленчук и овошје)*




*Вкупен број на испитани мостри за мониторинг на резидуи од пестициди во храната (зеленчук и овошје) со графичка поделба на безбедни мостри, мостри со позитивен наоди мостри со наминат лимит на квантификација (LOQ)*

**3. Мониторинг со определување на максимално дозволени количества на специфични максимални нивоа на резидуи од пестициди или метаболити на пестициди во:**
**- преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца и пестициди кои не треба да се употребуваат во земјоделско производство на обработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца; и**

**- почетна формула за доенчиња и во последователна формула за доенчиња и пестициди што не треба да се употребуваат во земјоделски производи наменети за производство на почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња**

Согласно Програмата за мониторинг на безбедност на храната од неживотинско потекло, мониторингот се спроведува во поглед на следењето на пестициди или метаболити на пестициди за чии активни материи (резидуи) се мониторираше предвидената преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца како и храната за доенчиња - почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња. Од предвидениот број од 63 мостри, односно 36 мостри од преработена храна на житна основа и 27 мостри од почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња - млечна храна за доенчиња, земени и лабораториски анализирани се вкупно **58 мостри** (31 мостри за преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца и 27 мостри за почетна формула за доенчиња и во последователна формула за доенчиња- млечна храна за доенчиња) од оваа под програма во текот на целата 2017 година, при што не е добиена ниту една позитивна мостра при оваа мониторинг подпрограма.




*Подпрограма за мониторинг со определување на максимално дозволени количества на специфични максимални нивоа на резидуи од пестициди или метаболити на пестициди за преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца и за почетна формула за доенчиња и во последователна формула за доенчиња- млечна храна за доенчиња*

## 4. Мониторинг за определување на присуството на тешки метали и нитрати во одредени видови прехранбени производи

### 4.1 Мониторинг за определување на присуството на нитрати во одредени видови прехранбени производи

Согласно Програмата за мониторинг на безбедност на храната во Република Македонија планирано е да се земаат мостри за испитување на нитрати вкупно 27 мостри и тоа од зелена салата (марула) и спанаќ, од Вардарскиот регион (Велешки, Неготински и Кавадаречки регион), Скопскиот регион, Полошкиот (Гостиварски и Тетовски регион) и Струмичкиот регион. Од вкупниот планиран број, направени се лабораториски анализи на сите **27 мостри,** во текот на целата 2017 година, при што се добиени **24 позитивни мостри**.
Позитивните мостри се земени од :

- Струмички регион, **три позитивни мостри** од марула со добиени позитивни резултати на нитрати од 10 000 mg/kg, 9 600 mg/kg и 10 600 mg/kg **и три позитивни мостри** од спанаќ со добиени позитивни резултати на нитрати од 10 000 mg/kg, 9 000 mg/kg и 11 200 mg/kg;
- Вардарски регион, **три позитивни мостри** од марула со добиени позитивни резултати на нитрати од 9 800 mg/kg, 9 400 mg/kg и 8 400 mg/kg **и три позитивни мостри** од спанаќ со добиени позитивни резултати на нитрати од 9 400 mg/kg, 11 000 mg/kg и 8 600 mg/kg;
- Скопски регион, **три позитивни мостри** од марула со добиени позитивни резултати на нитрати од 11 000 mg/kg, 9 200 mg/kg и 8 400 mg/kg **и две позитивни мостри** од спанаќ со добиени позитивни резултати на нитрати од 8 800 mg/kg, и 8 600 mg/kg;
- Гостиварски регион, **три позитивни мостри** од спанаќ со добиени позитивни резултати на нитрати од 8 000 mg/kg, 8 800 mg/kg и 8 400 mg/kg;
- Кумановски регион, **три позитивни мостри** од марула со добиени позитивни резултати на нитрати од 7,8 g/kg, 6,6 g/kg и 7,8 g/kg.




*Подпрограма за мониторинг на нитрати во храната*




*Вкупен број на испитани мостри за мониторинг на нитрати во храната со графичка поделба на безбедни мостри и мостри со позитивен наод*

## 4.2 Мониторинг за определување на присуството на тешки метали во одредени видови прехранбени производи

Согласно Програмата за мониторинг на безбедност на храната во Република Македонија планирано е да се земаат 66 мостри за испитување на тешки метали и тоа за трпезно грозје, винско грозје, компир, спанаќ и марула, од Велешкиот, Неготинскиот и Кавадаречкиот регион, за компир од Берово, Кратово и Крива Паланка .

Вкупниот број на земени и лабораториски анализирани мостри од оваа под програма изнесува **66 мостри,** во текот на целата 2017 година, при што се добиени вкупно **една позитивна мостра,** земена од:

- Велешкиот регион, **една** мостра од спанаќ позитивна на кадмиум со добиен резултат од 0. 574 mg/kg.




*Подпрограма за мониторинг на тешки метали во одредени видови прехранбени производи*




*Вкупен број на испитани мостри за мониторинг на тешки метали во одредени видови прехранбени производи со графичка поделба на безбедни мостри и мостри со позитивен наод*

**4.3 Мониторингот со определување на присуство на точно определени тешки метали во определени региони оптеретени поради загадување или поради природна оптеретеност на почвата во регионите со тешки метали на национално ниво во одредени видови храна**

Согласно Програмата за мониторинг на безбедност на храната во Република Македонија планирано е да се земаат 24 мостри за испитување на присуство на точно определени тешки метали во определени региони оптеретени поради загадување или поради природна оптеретеност на почвата во регионите со тешки метали на национално ниво во одредени видови храна.

Овој мониторинг е планиран согласно со истражувањата за присуство на тешки метали во почвата, врз основа на користена литература за направеното истражување на загаденоста на почвите со тешки метали во Република Македонија од Природно математички факултет – катедра за хемија. Овие тешки метали не се предвидени со Правилникот за контаминенти во храната, но определување на нивното присуство на точно определени производи во овие региони се од национален интерес за заштита на здравјето на населението во Република Македонија.
Вкупниот број на земени и лабораториски анализирани мостри од оваа под програма изнесува **24 мостри,** во текот на целата 2017 година, при што не е добиена ниту една позитивна мостра.

***Табела 3.01****: Преглед на мостри од одделни видови храна во различни региони за специфични тешки метали согласно со истражувањата за присуство на тешки метали*

| Регион | Велес и неговата околина | Вардарскиот регион, Кавадарци | Вардарскиот регион, Велес | Полошкиот регион, Тетово | Источниот регион: Штип | Југоисточен Регион, Радовиш |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Производ кој ќе се мониторира | кромид | грозје | Трпезно грозје | пиперки | домат | Винско грозје |
| Тешки метали кои ќе се следат | Fe,(железо), Ni( никел) и Cr( хром), Mn (манган) и Co ( кобалт) . | Fe,(железо), Ni( никел) и Cr( хром), Mn (манган) и Co( кобалт) . | Cd(кадмиум), Pb(Олово), Hg(жива) , As(арсен) , Zn(цинк). | Cr 6+, шествалентен и вкупен Хром, As(арсен,), Sb (антимон), Cn (цијаниди) | арсен(As), кадмиум (Cd), кобалт (Co), хром (Cr), бакар (Cu), жива (Hg), никел (Ni), олово(Pb), цинк (Zn), манган (Mn) и Cn - (цијаниди). | Cu2+, Fe, 2+ Zn2+, Mn2+, SO42-. и Cn - цијаниди |
| Број на мостри кои треба да се земат за мониторинг | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |



*Подпрограма за мониторинг со определување на присуство на точно определени тешки метали во определени региони оптеретени поради загадување или поради природна оптеретеност на почвата во регионите со тешки метали на национално ниво во одредени видови храна*

**5. Мониторинг за присуството на микотоксини во одредени видови прехранбени производи**

Согласно Програмата за мониторинг на безбедност на храната од неживотинско потекло, мониторингот се спроведува во поглед на следењето на микотоксините:
- афлатоксин М1,
- афлатоксин В1,
- вкупни афлатоксини (В1, В2, G1, G2),
- охратоксинот А и
- патулин.

Микотоксините се следат или мониторираат во следните категории на храна:
- млеко,
- млечна храна за доенчиња – почетна формула и продолжена формула,
- пченично и пченкарно брашно,
- бел и интегрален леб,
- храна за доенчиња и преработена житна храна за доенчиња и мали деца и
- сок од јаболко.

Во под програмата за следење на микотоксините во храната, од предвидениот број од 216 мостри, земени и лабораториски анализирани се **212 мостри**, во текот на целата 2017 година, при што не е добиена ниту една позитивна мостра при оваа мониторинг подпрограма.




*Подпрограма за мониторинг за присуството на микотоксини во одредени видови прехранбени производи*

## 6. Мониторинг на материјалите и производите кои доаѓаат во контакт со храната

Согласно Програмата за мониторинг на безбедност на храната од неживотинско потекло, планирана е мониторинг под програма за испитување на материјали кои што доаѓаат во контакт со храна. Испитувањата се вршени во однос на миграцијата на тешките метали олово (Pb) референтни вредности од 4,0 mg/l и кадмиум (Cd) со референтни вредности 0.3 mg/l.
Во под програмата за следење на тешките метали во материјалите кои што доаѓаат во контакт со храна, од предвидениот број од 90 мостри**,** земени и лабораториски анализирани се **24 мостри**, во текот на целата 2017 година, при што се добиени вкупно **шест позитивни мостри,** и тоа земени од:
- Битолски регион, четири мостри позитивни на олово со добиени резултати од лабораториски наоди, кои се движат во граници од 7,3838 mg/l до 1939,94 mg/l;
- Штипски регион, две мостри позитивни на олово со добиени резултати од лабораториски наоди, кои се движат во граници од 7,1338 mg/l до 8, 2238 mg/l.




*Подпрограмата за мониторинг на материјали кои доаѓаат во контакт со храната*




*Вкупен број на испитани мостри за мониторинг на материјалите и производите кои доаѓаат во контакт со храната со графичка поделба на безбедни мостри и мостри со позитивен наод*

**7. Мониторинг на храната во однос на можен влез на недозволена генетски модифицирана храна (ГМО) во Република Македонија**

Согласно Програмата за мониторинг на безбедност на храната од неживотинско потекло, под програмата за мониторинг на храната во однос на можен влез на недозволена генетски модифицирана храна (ГМО), втора година по ред се спроведува, а анализите се вршат при Универзитет Св. „Кирил и Методиј" во Скопје - Факултет за ветеринарна медицина.
Мониторирањето на генетски модифицирана храна се спроведува за да се следи и контролира нејзиното пласирање на пазарите во Република Македонија.
Во под програмата за следење на ГМО храна и тоа за соја, ориз, пченка, од предвидениот број од 66 мостри за испитување, земени и лабораториски анализирани се **58 мостри**, во текот на целата 2017 година, при што не е добиена ниту една позитивна мостра при оваа мониторинг под програма.




*Подпрограмата за мониторинг на храната во однос на можен влез на недозволена генетски модифицирана храна (ГМО) во Република Македонија*

**8. Мониторинг на органски произведени производи во Република Македонија**

Согласно Програмата за мониторинг на безбедност на храната од неживотинско потекло, планирана е мониторинг под програма на производи од органско производство.
Во под програмата за следење на органски произведени производи, од предвидениот број од 45 мостри, земени и лабораториски анализирани се **26 мостри**, во текот на целата 2017 година, при што не е добиена ниту една позитивна мостра при оваа мониторинг под програма.




*Подпрограмата за мониторинг на органското производство*

***Табела 3.02:*** *Преглед на осумте под програми со планиран број на мостри како и планиран број за постапување и конечен реализиран број на земени мостри*

| | Планиран број со програма | Реализиран број |
|---|---|---|
| 1.Микробиолошки критериуми | 180 | 180 |
| 2.Резидуи од пестициди (овошје и зеленчук) | 192 | 182 |
| 3. Резидуи од пестициди или метаболити на пестициди за преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца и за почетна формула за доенчиња и во последователна формула за доенчиња- млечна храна за доенчиња | 63 | 58 |
| 4. Тешки метали и нитрати | 93 | 93 |
| • Истражувачки мониторинг на тешки метали | 24 | 24 |
| 5. Микотоксини | 216 | 212 |
| 6.Материјали кои доаѓаат во контакт со храната | 90 | 24 |
| 7.Мониторинг на ГМО храна | 66 | 58 |
| 8.Мониторинг на органски производи | 45 | 26 |
| Вкупно | 969 | 857 |

**ЗАКЛУЧОК:**

Од вкупно 969 предвидените мостри од Програмата за мониторинг на безбедност на храната за 2017 година, **реализирани се 857** мостри храна.
Од вкупно 857 реализирани односно земени и лабораториски испитани мостри, добиени се **34 резултати со небезбедни лабораториски наоди**, од кои 3 небезбедни наоди за резидуи од пестициди во храната (зеленчук и овошје), 24 небезбедни наоди на нитрати, 1 небезбеден наод за тешки метали и 6 небезбедни наоди на материјали кои што доаѓаат во контакт со храна.
Со Програмата за мониторинг на безбедноста на храната на Република Македонија за 2017 година беа планирани 969 мостри храна, а се реализирани 857 мостри храна, или изразено преку процент на реализација, **Програмата е реализирана 88,44 %.**




*Сооднос на планиран и реализиран број на мостри во однос на позитивен број на мостри од Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во РМ за 2017 година*

Одделението за безбедност на храна од неживотинско потекло учествува и во планирање, анализа и подготовка на програми за идната година:

- Програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Македонија за 2018 година, во која за прв пат ќе се воведе мониторинг под програма на храна третирана со јонизирачко зрачење, со планирани 50 мостри за испитување.
- Програма за контрола и превентива на одделни физички, хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна за 2018 година.

**I. 2 Извештај за здравствените тврдења кои се користат во комерцијални цели при означување, презентација и рекламирање на храната.**

**Изработени прописи од областа на здравствените тврдења кои се користат во комерцијални цели при означување, презентација и рекламирање на храната**

**<u>Легислатива</u>**

- Изработен нацрт Правилник за нутритивни и здравствени тврдења во комерцијални цели при означување, презентација и рекламирање на храната

Употребата на нутритивни и здравствени тврдења не е задолжителна, таа е во комерцијални цели, но ако операторот со храна сака да потенцира некои својства на својот производ со употребата на овие тврдења тогаш операторот со храна мора да ги почитува правилата од правилникот.
Барањата се однесуваат за одобрување на здравствените тврдења при означување, презентирање и рекламирање во комерцијални цели **на храната произведена или увезена и ставена во промет на пазарот во Република Македонија**.

Агенцијата за храна и ветеринарство во текот на 2017 година има решено вкупно **1448** барања за одобрување на здравствени тврдења од кои :

1. **Вкупно решени барања од 2017 година**

- со решенија за одобрување – **221**
- со решенија за неодобрување - **84**
- со решенија за запирање на постапката на одобрување /за здравствени тврдења кои се на листата на чекање на здравствени тврдења за кои не е завршена процената од страната на Европската агенција за безбедност на храната (EFSA) или не е финализирана одлуката од Европската Комисија / на здравствени тврдења по барање на операторот со храна / на здравствени тврдења поради непотполна документација – **86**
- со решенија за отфрлање на барање за одобрување на здравствени тврдења (неподлежат на процедурата за одобрување на здравствени тврдења **-24**




*Решени барања, поднесени во 2017 година*

## 2. Вкупно решени барања од 2016 година

- со решенија за одобрување – **320**
- со решенија за неодобрување – **108**
- со решенија за запирање на постапката на одобрување /за здравствени тврдења кои се на листата на чекање на здравствени тврдења за кои не е завршена процената од страната на Европската агенција за безбедност на храната (EFSA) или не е финализирана одлуката од Европската Комисија / на здравствени тврдења по барање на операторот со храна / на здравствени тврдења поради непотполна документација – **136**
- со решенија за отфрлање на барање за одобрување на здравствени тврдења (неподлежат на процедурата за одобрување на здравствени тврдења) **-6**




*Решени барања од 2016 година во текот на 2017 година*

## 3. Вкупно решени барања од 2015 година

- со решенија за одобрување – **66**
- со решенија за неодобрување – **50**
- со решенија за запирање на постапката на одобрување /за здравствени тврдења кои се на листата на чекање на здравствени тврдења за кои не е завршена процената од страната на Европската агенција за безбедност на храната (EFSA) или не е финализирана одлуката од Европската Комисија / на здравствени тврдења по барање на операторот со храна / на здравствени тврдења поради непотполна документација – **72**
- со решенија за отфрлање на барање за одобрување на здравствени тврдења (неподлежат на процедурата за одобрување на здравствени тврдења) **- 3**




*Решени барања од 2015 година во текот на 2017 година*

## 4. Вкупно решени барања од 2014 година

- со решенија за одобрување – **45**
- со решенија за неодобрување – **80**
- со решенија за запирање на постапката на одобрување /за здравствени тврдења кои се на листата на чекање на здравствени тврдења за кои не е завршена проценатa од страната на Европската агенција за безбедност на храната (EFSA) или не е финализирана одлуката од Европската Комисија / на здравствени тврдења по барање на операторот со храна / на здравствени тврдења поради непотполна документација – **138**
- со решенија за отфрлање на барања за одобрување на здравствени тврдења (неподлежат на процедурата за одобрување на здравствени тврдења) **- 9**




*Решени барања од 2014 година во текот на 2017 година*

Во процедура се 120 поднесени барања, за кои постапката на одобрување на здравствени тврдења е во тек. За истите имаме испратено известувања (дописи) до операторите со храна за дополнување на документација.

**Потребно е да се појасни дека на едно барање за еден производ има по повеќе здравствени тврдења кои поединично се разгледуваат.*

Здравствените тврдења може да се најдат во **Регистарот на здравствени тврдења кој е објавен на порталот на Агенцијата за храна и ветеринарство**.

Овој Регистар е поставен на порталот на Агенцијата со цел потрошувачите кои имаат интерес да бидат информирани дали некои здравствени тврдења се одобрени или не се одобрени.
Агенцијата со цел да ја намали можноста потрошувачите да бидат доведени во заблуда со одделни тврдења во реклами и здравствени тврдења на означувањата на производите или во материјалите за презентација на производите редовно го надополнува и објавува Регистарот на здравствените тврдења така да и во оваа област Агенцијата работи согласно принципите на јавност и транспарентност.

## III.02 Одделение за додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба, збогатена храна и адитиви

**Изработени / донесени прописи од областа посебни видови храна и адитиви**

**Легислатива**

- Изработен нацрт Правилник за посебните барања за безбедност на додатоците на исхрана,
- Изработен нацрт Правилник за посебните барања за безбедност на храната и барањата за составот и начинот на означувањето на збогатената храна, односно на храната на која и се додадени витамини и минерали, дополнителните задолжителни информации поврзани со особеностите на збогатената храна како и количеството, формата и видот на витамини и минерали кои можат да се додаваат на храната

**Издадени мислења за посебни видови храна**

Во 2017 година од страна на операторите со храна поднесени се вкупно 1016 барања за издавање на мислења за усогласеност на производ од групата посебни видови храна. Од овие барања 742 се однесуваат за додатоци на исхрана, 244 за храна за посебна нутритивна употреба и 30 за збогатена храна.
По извршен увид во документацијата за производите за кои се бара мислење и спроведена постапка за проверка на усогласеност со релевантните правилници за посебни видови храна издадени се мислења за 729 производи од кои 556 за додатоци на исхрана, 150 за храна за посебна нутритивна употреба и 23 за збогатена храна.
Од вкупно издадените 729 мислења 583се позитивни а 146 се негативни.
По категорија производи состојбата е следнава:

- За додатоци на исхрана издадени се 420 мислења за усогласеност и 136 мислења за неусогласеност со релевантната легислатива.
- За храната за посебна нутритивна употреба издадени се 146 мислења за усогласеност и 4 мислења за неусогласеност со релевантната легислатива.

- За збогатената храна издадени се 17 мислења за усогласеност и 6 мислења за неусогласеност со релевантната легислатива.

Запрена е постапката за решавање на 131 барање за издавање мислење од причини што не е поднесена соодветна документација или заради тоа што производите не припаѓаат на групата производи од посебни видови храна, односно не подлежат на издавање мислење.

***Табела 3.03:*** *Преглед на процесуирани барања за издавање мислење за производ како додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна*

| | Додатоци на исхрана | Храна за посебна нутритивна употреба | Збогатена храна | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Број на поднесени барања | 742 | 244 | 30 | 1016 |
| Број на издадени мислења | 556 | 150 | 23 | 729 |
| Број на издадени мислења за усогласеност | 420 | 146 | 17 | 583 |
| Број на издадени мислења за неусогласеност | 136 | 4 | 6 | 146 |
| Број на барања за кои постапката е запрена | 80 | 48 | 3 | 131 |
| Број на барања кои се во постапка | 106 | 46 | 4 | 156 |

За 144 производи постапката за издавање мислење е во тек.




*Графички приказ на процесуирани барања за издавање мислење за производ како додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна*

***Табела 3.04:*** *Преглед на процесуирани барања за издавање мислење за производ кои се однесуваат за храната за посебна нутритивна употреба*

| Храна за посебна нутритивна употреба | Број на поднесени барања | Број на издадени мислења | Број на издадени мислења за усогласеност | Број на барања за кои постапката е запрена | Број на барања кои се во постапка |
|---|---|---|---|---|---|
| Почетна и последователна формула за доенчиња и мали деца | 24 | 18 | 15 | 4 | 2 |
| Житна храна за доенчиња и мали деца и детска храна | 118 | 49 | 49 | 42 | 27 |
| Храна за посебни медицински намени | 16 | 10 | 9 | 0 | 6 |
| Храна за спортисти | 79 | 66 | 66 | 2 | 11 |
| Храна без глутен | 7 | 7 | 7 | 0 | 0 |
| Вкупно | 244 | 150 | 146 | 48 | 46 |




*Графички приказ на процесуирани барања за издавање мислење за производ кои се однесуваат за храната за посебна нутритивна употреба*

**Водење електронски регистри за додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна**

Во текот на 2017 година редовно се ажурираа три електронски регистри за одобрени производи од групата посебни видови храна:

- Регистар на производи кои ги исполнуваат посебните барања за безбедност како додатоци на исхрана,
- Регистар на производи кои ги исполнуваат посебните барања за безбедност како храна за посебна нутритивна употреба и
- Регистар на производи кои ги исполнуваат посебните барања за безбедност како збогатена храна, храна на која и се додадени витамини,минерали и други супстанции.

со ново одобрените производи од овие категории храна. Ажурираните регистри континуирано/ месечно се објавуваатна веб страната на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Заклучно со 2017 година во Регистарот на производи што ги исполнуваат посебните барања за безбедност како додатоци на исхрана се внесени 4555 производи, во Регистарот на производи кои ги исполнуваат посебните барања за безбедност како храна за посебна нутритивна употреба се внесени 1125 производи и во Регистарот на производи кои ги исполнуваат посебните барања за безбедност како збогатена храна, храна на која и се додадени витамини,минерали и други супстанции се внесени 217 производи.

**Поддршка на операторите со храна**

Во текот на 2017 година континуирано се даваа стручни консултации на операторите со храна во однос на постапката на издавање мислење за усогласеност на производ од групата посебни видови храна и во однос на употребата на адитивите во храна. Консултациите беа спроведувани телефонски, со дописи и преку одржување на состаноци со заинтересираните страни.

## III.03. Одделение за производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна

### III.1.Извештај за производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна

Во одделението се прави мониторинг на безбедноста на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна пред да се стават во промет и во употреба во Република Македонија. Секој деловен субјект (оператор со храна) е должен да поднесе барање за добивање на одобрение или мислење за производот или материјалот што доаѓа во контакт со храната.
Вкупниот број на поднесени барања изнесува 1968 од кои позитивно решени се 1903 предмети, 25 предмети се во процедура и 40 се запрени поради непотполна документација.

Сите решени предмети се поделени по групи и подгрупи според Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храна, и тоа:

1 група: **Пластика** вкупно **410** предмети.

Нејзини подгрупи: амбалажа 50, садови 208, капачиња 9, ПЕТ шишиња 34, ПЕТ претформа 16, ПВЦ амбалажа 54, филтри 19, прибор 20.

*Табела 3.05: Број на решени предмети за пластика*

| **Пластика** вкупно 410 предмети | |
|---|---|
| Амбалажа | 50 (12 %) |
| Садови | 208 (51%) |
| Капачиња | 9 (2%) |
| ПЕТ шишиња | 34 (8%) |
| ПЕТ претформа | 16 (4 %) |
| ПВЦ амбалажа | 54 (13 %) |
| Филтри | 19 (5%) |
| Прибор | 20 (5%) |




*Процентуален преглед на решени предмети за пластика*

2 група: **Метали легури** вкупно **273** предмети.

Нејзини подгрупи: садови 129, прибор 69 , амбалажа 52, работни маси 5, делови за машини 18.

*Табела 3.06: Број на решени предмети за легури*

| **Метали и легури** вкупно **273** предмети | |
|---|---|
| Садови | 129 (47 %) |
| Прибор | 69 (25 %) |
| амбалажа | 52 (19 %) |
| Работни маси | 5 (2%) |
| Делови за машини | 18 (7%) |




*Процентуален преглед на решени предмети за метали и легури*

3 група: **Стакло** вкупно **129** предмети.

Нејзини подгрупи: кујнски садови 97, шишиња 23 и тегли 9.

***Табела 3.07:*** *Број на решени предмети за стакло*

| **Стакло** вкупно 152 предмети | |
|---|---|
| Кујнски садови | 97 (75%) |
| Шишиња | 23 (18 %) |
| Тегли | 9 (7 %) |




*Процентуален преглед на решени предмети за стакло*

4 група: **Хартија и картон** вкупно **58** предмети.

Нејзини подгрупи: амбалажа 44 и садови 14 предмети.

***Табела 3.08:*** *Број на решени предмети за хартија и картон*

| **Хартија и картон** вкупно 58 предмети | |
|---|---|
| Амбалажа | 44 (76%) |
| Садови | 14 (24%) |




*Процентуален преглед на решени предмети за хартија и картон*

5 група: **Керамика** вкупно **86** предмети.

Нејзини подгрупи: садови: 76 и прибор 10.

***Табела 3.09:*** *Број на решени предмети за керамика*

| **Керамика** вкупно **86** предмети | |
|---|---|
| Садови | 76 (88%) |
| Прибор | 10 (12%) |




*Процентуален преглед на решени предмети за керамика*

6 група: **Силикони** вкупно **37** предмети.

Нејзини подгрупи: садови 25, силиконски цуцли 8 и прибор 4.

***Табела 3.10:*** *Број на решени предмети за силикони*

| **Силикони** вкупно **37** предмети | |
|---|---|
| Садови | 25 (67%) |
| Силиконски цуцли | 8 (22%) |
| Прибор | 4 (11%) |




*Процентуален преглед на решени предмети за силикони*

7 група: **Гума** вкупно предмети 5.

Нејзини подгрупи: делови за машини 4 и цуцли 1.

***Табела 3.11:*** *Број на решени предмети за гума*

| **Гума** вкупно **5** предмети | |
|---|---|
| Гумени делови за машини | 4 (80%) |
| Цуцли | 1 (20%) |




*Процентуален преглед на решени предмети за гума*

8 група **Текстил** вкупно **2** предмети.

Нејзини подгрупи:

***Табела 3.12:*** *Број на решени предмети за текстил*

| **Текстил** вкупно **2** предмети | |
|---|---|
| Конец | 1 (50%) |
| Памук | 1 (50%) |



*Процентуален преглед на решени предмети за текстил*

9 група **Дрво** вкупно 55 предмети.

Нејзини подгрупи: садови 37, амбалажа 7 и бамбусни производи 11.

***Табела 3.13:*** *Број на решени предмети за дрво*

| **Дрво** вкупно 55 предмети | |
|---|---|
| Садови | 37 (67%) |
| Амбалажа | 11 (13 %) |
| Бамбус производи | 7 (20%) |




*Процентуален преглед на решени предмети за дрво*

10 група: **Плутени тапи** вкупно **10** предмети.

11 група: **Машини и апарати и технолошки линии вкупно** 655 предмети.

13 група **Печатарски мастила** вкупно 1 предмети.

14 група **Производи од меламин** вкупно 3 предмети.

**Барања кои не подлежат на издавање на мислење или одобрение** имаме вкупно **179** предмети.

**Заклучоци за запирање на постапка 40 предмети**.

**Во процедура се** вкупно **25** предмети.

## IV. СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Во рамките на Секторот за инспекциски надзор постојат 6 одделенија:
1. Одделение за државна инспекција за здравствена заштита на животните
2. Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство
3. Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло
4.Одделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин и
5.Одделение за државна инспекција на граничен премин за храна од не животинско потекло
6.Одделение за меѓународна трговија и сертификација

Контролите кои се спроведени од страна на инспекциските одделенија при Секторот за инспекциски надзор во 2017 година вршени се врз основа на
1. Законот за безбедност на храната
2. Законот за ветеринарно здравство
3. Законот за идентификација и регистрација на животните
4. Закон за нус производи од животинско потекло
5. Закон за Ветеринарни Медицински Препарати
6. Закон за безбедност на храна за животни
7. Законот за заштита и благосостојба на животните
8. Закон за заштита на потрошувачи
9. Закон за квалитет на земјоделски производи
10. Закон за органско земјоделско производство
11. Закон за сточарство
12. Закон за рибарство и аквакултура
13. Закон за ГМО
14. Закон за животна средина
15. Закон за снабдување со вода за пиење и одведување урбани отпадни води
16. Закон за водите

Стратешкиот план на Агенцијата за храна и ветеринарство за период од 2017-2019,
Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2017,
Годишната наредба за извршување на ветеринарните мерки и контроли за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се однесуваат од животни или производи од животинско потекло во 2017 година, и
Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2017 година
Со спроведување на инспекцискиот надзор се врши контрола на усогласеноста на субјектите на надзорот со соодветните закони, правилници и други одредби од областа на безбедноста на храната, здравствената заштита и благосостојбата на животните.

### 1.2. Човечки ресурси

Во Секторот за инспекциски надзор работат вкупно 176 инспектори кои вршат инспекциски надзори и тоа 103 Официјални ветеринари и 73 Инспектори за храна, распоредени во 29 Организациони единици и 9 Гранични премини, прикажани табеларно подолу.

*Табела 4.01: Број на вработени инспектори по одделенија*

| Одделение | Број на вработени |
|---|---|
| Одделение за државна инспекција за здравствена заштита на животните | **39** |
| Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство | **45** |
| Одделение за државна инспекција за храна од не животинско потекло | **63** |
| Одделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин | **18** |
| Одделение за државна инспекција на граничен премин за храна од не животинско потекло | **10** |
| Сектор за инспекциски надзор | **1** |
| **Вкупен број на инспектори** | **176** |

Во текот на 2017 година на ниво на Секторот за инспекциски надзор предмет на инспекциски надзори беа: производство, промет, дистрибуција и угостителство, увоз и извоз со посебен акцент на имплементирањето и одржувањето на ДХП, ДПП и HACCP системот како и соодветното означување на храната. Мониторинг на безбедност на храната од домашното производство и од увоз, здравствената заштита и благосостојба на животните.

Фреквенцијата на официјалните контроли за 2017 година беше одредена согласно категоризацијата по ризик на објектите – оператори со храна.
Категоризираните објекти кои се со висок ризик беа почесто контролирани од оние кои се категоризирани во низок ризик.
При определувањето на фреквенцијата на контролите покрај дефинираниот ризик на објектите, земени беа во предвид и бројот на регистрираните и одобрените објекти, бројот на вработени инспектори, техничката поддршка како и работните денови.

Земајќи во предвид ризичноста на објектите и потребата од почести контроли во истите, земена е почетна фреквенција од 3 контроли годишно во објектите со висок ризик, 2 во објектите со среден ризик, 1 во објектите со мал ризик и една на 2 години во објектите со многу мал ризик. Официјалните контроли беа спроведувани без претходна најава, освен во случаи кога е неопходно претходно известување на операторите.

## 1.3. Спроведени инспекциски надзори и инспекциски мерки

Во 2017 година од страна на Секторот за инспекциски надзор беа спроведени вкупно 49.465 инспекциски надзори, од кои 34.340 редовни инспекциски надзори, 5.263 повторни, односно коректривни контроли и 9.862 вонредни инспекциски надзори. При тоа за 2017 година изречени се вкупно 7.043 инспекциски мерки. Од кои издадени се вкупно 5.071 управни решенија, извршени се 1.784 едукации, изречени се 29 мандатни казни, 115 покани за порамнување, поднесени се 37 прекршочни пријави и поднесени се седум кривична пријава.

*Табела 4.02: Број на инспекциски надзори*

| Инспекциски надзори/ Инспекциски мерки | Вкупно | | |
|---|---|---|---|
| | Планирано | Остварено | % |
| **1. Вкупно инспекциски надзори** | **32213** | **49465** | **154** |
| Редовни | 24024 | 34340 | 143 |
| Контролни | 4194 | 5263 | 125 |
| Вонредни | 3995 | 9862 | 247 |
| **2. Вкупно инспекциски мерки** | **4437** | **7043** | **159** |
| Управни решенија | 2605 | 5071 | 195 |
| Едукации | 1448 | 1784 | 123 |
| Мандатни казни | 130 | 29 | 22 |
| Покани за порамнување | 130 | 115 | 88 |
| Прекршочни пријави | 124 | 37 | 30 |
| Кривични пријави | 0 | 7 | ### |

## IV.01 Одделение за државна инспекција за здравствена заштита на животните

Во Одделението за државна инспекција за здравствена заштита на животните работните задачи ги координира раководител на одделението, официјалните контроли се спроведуваат од страна на 39 официјални ветеринари, кои се распоредени во 29 подрачни единици на целата територија на Република Македонија.

Основна цел на одделението е постигнување на висок степен на здравствена заштита на животните и на луѓето од заразни болести, постигнување на висок степен на благосостојба и заштита на домашните животни и домашните миленици при нивното одгледување и економско искористување, одржување на систем на спремност за контрола, надзор, сузбивање и искоренување на особено опасни заразни болести и ажурирање на податоци во регистарот на објектите за вршење на ветеринарно здравствена дејност во Република Македонија. За таа цел Одделението планира, организира и спроведува официјални контроли и активности на официјалните ветеринари согласно одредбите на Законот за ветеринарно здравство, Законот за инспекциски надзор, Закон за идентификација и регистрација на животните, Закон за заштита и благосостојба на животните, Закон за безбедност на храната, Годишната наредба за здравствена заштита на животните, повеќегодишните програми за сузбивање и искоренување на одредени заразни болести и мониторинг програмите за следење и превенирање на одредени заразни болести кај животните.

Официјалните ветеринари контролите ги вршат континуирано на целата територија на Република Македонија, согласно годишниот, кварталните и месечните планови и работни налози за вонредни активности.

**Официјалните контроли** се вршат како редовни, контролни и вонредни надзори согласно Закон за инспекциски надзор и материјалните закони. Согласно Законот за ветеринарно здравство официјалните контроли се контрола, надзор, следење и спроведување на ветеринарните активности во областа на здравствена заштита на животните.

***Табела 4.03:*** *Инспекциски надзори во 2017 година во областа на здравствената заштита и благосостојба на животните*

| 2017 | Закон за ветеринарно здравство | Закон за заштита и благосостојба на животните | Закон за Идентификација и регистрација | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Записници | 10165 | 75 | 3514 | **13754** |
| Решенија | 1528 | 22 | 486 | **2036** |
| Порамнување | 6 | 1 | 28 | **35** |
| Мандатни казни | 0 | 3 | 19 | **22** |
| Едукација | 118 | 8 | 348 | **474** |
| Прекршочни пријави | 8 | 0 | 3 | **11** |
| Претставки | 15 | 98 | 5 | **118** |
| Кривична пријава | 5 | | | 5 |
| | | | | |

Решенија за мерки при потврда и сомнеж на болести-311 Решенија

Во текот на 2017 година од вкупниот број на официјални контроли 13.754, во 2.036 случаеви односно 14,80% се издадени Решенија по основ на Законот за ветеринарно здравство, Закон за идентификација и регистрација на животните и Закон за заштита и благосостојба на животните. Во текот на 2017 година извршени се вкупно 10.165 службени контроли согласно **Законот за ветеринарно здравство,** при што се издадени 1.528 Решенија (15,03%) и тоа за мерки при потврда и сомнеж на болест, за мерки во карантин за увезени животни и за отстранување на недостатоци. Извршени се 118 едукации, издадени се 6 прекршочни платни налози (порамнувања), поведени се 8 прекршочни постапки поднесени се 5 кривични пријави.
Најчесто дектирани неусогласености се следниве:

- не почитување или одбивање на примена на изречените мерки на службен надзор (во помал обем),
- не почитување или одбивање примена заштитни мерки (во помал обем),
- не почитување или одбивање спроведување дополнителни мерки (во помал обем),
- ставање во промет живи животни кои не ги исполнуваат условите од овој закон,
- невнесување на податоци во регистар или во база на податоци и чување на истите најмалку три години,
- не чување на здравствените сертификати или документите кои ги придружуваат животните во период од три години и истите не ги даваат на увид по барање на надлежниот орган,
- одбивање или оневозможување на спроведување на мерки за заштита на животните од одделни заразни болести пропишани со годишната наредба за здравствена заштита на животните (во помал обем)
- одбивање или оневозможување на спроведување на мерки пропишани со повеќегодишни програми за сузбивање и искоренување на одредени болести од посебна важност за Република Македонија (во помал обем)
- ветеринарните техничари работат спротивно на членот 36 став (5) Закон за ветеринарно здравство и

- ставање во промет живи животни кои се предмет на национални програми за искоренување на болести (во помал обем).

Во текот на 2017 година извршени се вкупно 3514 службени контроли согласно **Законот за идентификација и регистрација на животните,** при што се утврдени 486 неусогласености (13,24%) за што се издадени решенија со корективни мерки. Извршени се 348 едукации, издадени се 28 прекршочни платни налози (порамнувања), поведени се 3 прекршочни постапки и изречени се 19 мандатни глоби.
Најчесто дектирани неусогласености се следниве:

- не регистрирање на одгледувалиште на фармски животни не регистрирање на одгледувалиште на други животни (во помал обем),
- злоупотребување средствата за идентификација или Електронската база на податоци движење на животни без документ за движење,
- не известување на Агенцијата за секое движење во и од одгледувалиштето,
- не известување на Агенцијата за секое раѓање и угинување на животни на одгледувалиштето во предвидениот рок,
- не извршување на попис на животните на одгледувалиште и не внесување на податоците во регистарот на одгледувалиште,
- не доставување на податоци за извршениот попис до Електронската база на податоци во предвидениот рок,
- не чување на податоци согласно со предвидениот рок,
- не придржување до условите и роковите пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,
- не водење и тековно не го надополнува регистарот на одгледувалиштето,
- не побара замена на средството за идентификација во предвидениот рок,
- не внесување на датумот на угинување и не го врати пасошот,
- не побара дупликат на пасош за говедо,
- не побара замена на средството за идентификација во предвидениот рок,
- не го идентификува новороденото теле и не ги внесе податоците во Електронската база на податоци во предвидениот рок,

Во текот на 2017 година извршени се вкупно 75 службени контроли согласно **Законот за заштита и благосостојба на животните,** при што се утврдени 22 неусогласеност односно 29,33% за што се издадени решенија со корективни мерки. Извршени се 8 едукации, издаден е 1 прекршочен платен налог (порамнување) и изречени се 3 мандатни глоби.
Најчесто дектирани неусогласености се следниве:

- недоволното внимание, стручност и совесност од страна на одгледувачите на животни,
- финансискиот трошок од страна на одгледувачите за постигнување на усогласеност,
- недостаток на средства и ресурси за исполнување на барањата.

**Претставки и предлози**

Во Одделението за државна инспекција за здравствена заштита на животните, преку Одделението за заштита на потрошувачи се примаат и евидентираат поднесените претставки и предлози од граѓани и правни субјекти од областа на здравствена заштита и благосостојба на животните. Во текот на 2017 година се поднесени 118 претставки и предлози од кои 81 (69%) се

основани, а 37 (31%) се неосновани. За сите поднесени претставки и предлози од страна на официјалните ветеринари се проверени наводите во поднесените претставки и предлози и за сите каде постоеле основаност за постапување е поведена инспекциска постапка.

**Службени контроли на издадени сертификати за здравствена состојба на животните, *остварени приходи и уплатени средста во Буџетот на Р. Македонија во 2017 година***

***Табела 4.04**: Податоци во однос на извршени контроли, издадени сертификати за здравствена состојба на животните, остварени приходи и уплатени средста во Буџетот на Р. Македонија во 2017 година*

| **Број на контроли, издадени сертификати, остварени и уплатени средства во Буџетот на Република Македонија од страна на ветеринарните друштва** | |
|---|---|
| **број на контроли** | 1421 |
| **број на издадени сертификати** | 64335 |
| **вкупно остварен приход** | 22.362.699,19 |
| **уплатени средства во Буџетот на Р.М *** | 9.464.138,34 |
| **не уплатени средства во Буџетот на Р.М** | **1.717.211,25** |

**од остварениот приход од издадените сертификати за здравствена состојба на животните во внатрешниот промет на Република Македонија, 50% е приход на Буџетот на Република Македонија, а останатите 50% се приход на овластените ветеринарни друштва за покривање на трошоците за издавање на сертификатите.*

## Издадени сертификати за живи животни и домашни миленици

Официјалните ветеринари при Одделението за државна инспекција издаваат и сертификати за извоз на живи животни, привремен излез на домашни миленици од видовите мачки и кучиња, домашни миленици од видовите птици, како и сертификати за коњи кои присуствуваат на трки и натпревари.

***Табела 4.05:** Издадени сертификати за живи животни домашни миленици*

| Тип на сертификат | Број на издадени сертификати |
|---|---|
| Домашни миленици од видовите мачки и кучиња | 931 |
| Домашни миленици од видот птици | 95 |
| Говеда | 95 |
| Желки | 29 |
| Полжави | 15 |
| Коњи | 15 |
| Прстенасти црви | 4 |
| Риби | 3 |

## IV.02 Одделение за Државна инспекција за ветеринарно јавно здравство

На територијата на Република Македонија распределени во 29 организациони единици од страна на 44 Официјални Ветеринари и 8 официјални ветеринари од одделението за државна инспекција за здравствена заштита на животните кои со овластување вршат задачи во надлежност на одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство и еден раководител на одделението извршена е контрола на храна, храна за животни, ветеринарно медицински препарати и нуспроизводи од животинско потекло од:

- Внатрешен промет (производство и преработка на производи од животинско потекло) и храна за животни
- Увоз на храна од животинско потекло, храна за животни, ветеринарно медицински препарати и нуспроизводи од животинско потекло
- Извоз на храна од животинско потекло и храна за животни и нуспроизводи од животинско потекло.

При извршените контроли на објектите, операторите со храна издадени се 13.028 записници. Врз основа на претходно издадените записници издадени се 1.851 решенија по кои е постапено, издадени се 59 покани за едукација, поднесени се 26 платни налози за глоба од кои 17 се завршени со порамнување, 9 се дадени на прекршочна комисија од кои што 7 се решени. Постапено е по 41 претставки од граѓани.
Во 2017 година не е поднесена кривична пријава.

Земени се вкупно 2.267 мостри на храна од животинско потекло и тоа за:

- Биорезидуи 1017 мостри
- Микробиолошка анализа 699 мостри
- Хемиска анализа 207 мостри
- Анализа за присуство на антибиотици во храна 22 мостра
- Анализа за безбедност 322 мостри

Конфискувана и уништена небезбедна храна од животинско потекло вкупно 223.167 кг

- од самиот оператор нештетно уништена храна 187.258 кг која е хигиенски неисправна, контаминирана храна, микробиолошки неисправна, недекларирана, изминат рок и сл.
- од инспектор нештетно уништена храна 35.909 кг која е хигиенски неисправна, контаминирана храна, микробиолошки неисправна, недекларирана, изминат рок и слични несообразности.

Бројот по вид и категории на животни прегледани и заклани во одобрени кланици вкупно изнесува **649.783 единки.**
Во табелата се прикажани бројот на заклани единки на животни по видови и добиено употребливо месо за исхрана и преработка.

*Табела 4.06: Број на контролирани пратки и количина во килограми на храна од неживотинско потекло на граничните премини при увоз во Република Македонија во 2017 година*

| Вид на животни | Број на заклани грла | Количина на добиено месо во килограми |
|---|---|---|
| Говеда | 3.287 | 320.424 |
| Млади говеда | 4.716 | 718.431 |
| Постаро теле | 329 | 44.467 |
| Теле | 2.762 | 160.239 |
| **Говеда вкупно** | **11.094** | **1.243.561** |
| Прасиња до 25 кг. | 5.475 | 68.233 |
| Свињи од 80 до 125 кг. | 173.354 | 10.425.005 |
| **Свињи вкупно** | **178.829** | **10.493.238** |
| Јагниња до 12 месеци | 216.624 | 2.258.805 |
| Шилежиња, овци и овни | 1.277 | 16.414 |
| **Овци вкупно** | **217.901** | **2.275.219** |
| Кози | 794 | 7.167 |
| Бројлери | 61.656 | 58.260 |
| Кокошки | 178.264 | 116.300 |
| Друга живина | 0 | 0 |
| **Живина вкупно** | **239.920** | **174.560** |
| **Зајаци** | **1.245** | **2.742** |

### 1. Прегледана храна

- Внатрешен промет (производство) 283.559.987 кг.
- Увоз 176.128.837 кг.
- Извоз 35.008.146 кг.

**ВКУПНО: 494.696.970 кг.**

### 2. Прегледана храна по производ

- Месо и производи од месо 170.516.472 кг.
- Млеко и млечни производи 164.475.810кг
- Риби и производи од риби 3.241.788 кг.
- Јајца 105.675.510
- Производи од јајца 1.157.060 кг.
- Мед 269.617 кг
- Кондиторски производи 2.012.241 кг.
- Останато 6.399.351 кг.
- Храна за животни 40.949.118 кг.

**ВКУПНО: 494.696.970 кг.**

**3. Издадени записници при официјални контроли**
- Записници 13.028

**4. Издадени решенија за отстранување на недостатоци**
- Решенија 1.851

**5. Издадени покани за едукација (извршени едукации)**
- покана за едукација 59

**6. Издадени платни налози за наплата на глоба**
- платен налог за наплата на глоба 26

**7. Испратени мостри за лабораториска анализа**
- Мостри 2.267

**8. Хигиенски неисправна и небезбедна храна**
- Килограми на запленета и уништена храна 223.167 кг.

**9. Поднесени барања за покренување на прекршочна постапка**
- Прекршочни пријави 9

**10. Издадени сертификати за извршени извози**
- Издадени се вкупно 1.726 сертификати

***Табела 4.07:*** *Број на издадени сертификати за извоз*

| Производ | Број на извршени извози | Количина во килограми | Број |
|---|---|---|---|
| Јагнешко месо | 295 | 2.116.413 | 199.119 |
| Кокошкино месо | 16 | 3148.43 | |
| Јагнешка, козја, овчка кожа | 38 | 726.714 | |
| Волна | 39 | 932.540 | |
| Јагнешки црева | 10 | 156.621 | |
| Мајонез | 119 | 327.125 | |
| Говедска кожа | 36 | 693.292 | |
| Супи | 33 | 5.901 | |
| Кондиторски производи | 347 | 824.973 | |
| Мешовити производи | 37 | 256.547 | |
| Свинска кожа | 36 | 759.260 | |
| Мед | 35 | 170.024 | |
| Производи од месо | 116 | 564.804 | |
| Млеко | 60 | 1.060.479 | |
| Млечни производи | 171 | 800.719 | |
| Сладолед | 4 | 26.892 | |
| Композитни производи | 196 | 1.585.049 | |
| Јајца | 132 | 683.195 | 9.066.445 |
| Трофеј | 6 | 6 | |
| **Вкупно** | **1726** | | |

## 11. Извештај за пристигнати резултати за позитивни наоди од лаборатории пристигнати до Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство во Сектор за инспекциски надзор

Во текот на 2017 до Одделението за државна ветеринарна инспекција во Сектор за ветеринарно јавно здравство се пристигнати вкупно 106 известувања од лаборатории за изолати (позитивни наоди) согласно Законот за изменување и дополнување на законот за заштита на населението од заразни болести (Сл.весник на РМ бр.149/14) и тоа за мостри земени од:

- Официјален ветеринар 19
- Оператор со храна и комитенти 88

По сите 107 позитивни наоди е спроведен вонреден инспекциски надзор од страна на Официјалните ветеринари согласно нивните надлежности и се превземени сите активности од аспект на ветеринарното јавно здравје.

***Табела 4.08:*** *Број на исти изолати*

| Вид на производ од кој е земена мострата | Известување за изолати на: | Вкупен број на исти изолати |
|---|---|---|
| Збирно сурово млеко | Aflattoksin M1 | 4 |
| Пилешко месо | Campylobacter spp. | 4 |
| Производи од млеко | Escherichia coli | 39 |
| Производи од месо | Escherichia coli | 2 |
| Производи од млеко | Escherichia coli и Staphylococcus aureus | 1 |
| Брис | Listeria Monocytogenes | 7 |
| Производи од месо | Listeria Monocytogenes | 8 |
| Производи од млеко | Listeria Monocytogenes | 2 |
| Пилешко месо и црн дроб | Salmonella spp. | 10 |
| Храна за кокошки | Salmonella spp. | 1 |
| Фецес од кокошка | Salmonella spp. | 9 |
| Откупно сурово млеко | Бета лактамски антибиотици | 1 |
| Храна за кокошки | Сулфидо-редуктивни анаероби | 1 |
| Мед | Отстапување во однос на редуцирани шеќери и сахароза | 4 |
| Вода | Enterobacteriaceae | 1 |
| Вода | Enterobacteriaceae; Pseudomonas aeruginosa | 1 |
| Вода | Escherichia coli | 4 |
| Вода | Escherichia coli; Колиформни бактерии | 3 |
| Вода | Pseudomonas aeroginoza, и зголемен бр. на бактерии | 2 |
| Вода | зголемен број на колонии | 1 |
| Вода | зголемена матност, зголемена содржина на железо и манган во водата | 2 |
| **Вкупно** | | **107** |

### 13. Извештај за пристигнати РАСФФ нотификации во текот на 2017 до Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство во Сектор за инспекциски надзор

Во текот на 2017 до Одделението за државна ветеринарна инспекција се пристигнати две РАСФФ нотификации за небезбедна храна од животинско потекло во Р. Македонија.
По двете РАСФФ нотификации се спроведени вонредни инспекциски надзори на оператори со храна од страна на Официјалните ветеринари согласно нивните надлежности и се превземени сите активности од аспект на ветеринарното јавно здравје.

***Табела 4.09:*** *Број на РАСФФ нотификации*

| Број на РАСФФ нотификација | небезбедна храна | земја на потекло на храната |
|---|---|---|
| 2017.0146 и 2017.0146 fup2 | увоз на небезбедни замрзнати пилешки филети со наод на Salmonella enteritidis | Полска |
| 2017.0513 | увоз на небезбедн млечен производ пудинг со назив Omira strudel scho/van 150 gr. и Omira strudel kara/sah 150 gr со наод на присуство на метални фрагменти | Германија |

### 14.Извештај за издадени изводи од регистрирани малопродажни објекти и оператори со храна од животинско потекло во текот на 2017 од Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство во Сектор за инспекциски надзор

***Табела 4.10:*** *Број на вработени инспектори по одделенија*

| Тип на објект | Издадени изводи за малопродажни објекти со храна од животинско потекло |
|---|---|
| Месарница | 34 |
| Месарница со дел на обработка на месо | 60 |
| Рибарница | 10 |
| Специјализирана продавница за јајца | 1 |
| Спец. продавница за млеко и млечни производи | 2 |
| Склад без термички режим | 5 |
| **Вкупно:** | **112** |

### 15. Издадени Мислења за усогласеност на проектната документација – планираната инвестиција со одредбите од ЕУ и Потврди за усогласеност со стандардите на ЕУ по завршувањето на инвестицијата

Во текот на 2017 година, Одделението за државна инспекција за Ветеринарно јавно здравство има издадено вкупно 7 (седум) ***Мислења за усогласеност на проектната документација/планирана инвестиција со одредбите од ЕУ***, од кои што сите **се** во согласност

со стандардите на ЕУ, како и вкупно 14 (четиринаесет) ***Потврди за усогласеност со стандардите на ЕУ по завршувањето на инвестицијата***.

***Табела 4.11:*** *Број на издадени мислења за усогласеност на проектната документација/планирана инвестиција со одредбите од ЕУ*

| Бр. | Тип на документ | Име на правен субјект | датум на издавање на документ | број на мислење |
|---|---|---|---|---|
| | Мислење | ДПТУ Биљанови доо | 31.07.2017 год | Бр. 02-2704/2 |
| | Мислење | ДПТ Лецкер дооел експорт-импорт. | 20.09.2017 год | Бр. 02-2973/2 |
| | Мислење | Мип Марфил увоз-извоз доо Прилеп | 20.09.2017 год | Бр. 02-2972/2 |
| | Мислење | ДПТУ Млечна Индустрија Осогово-Милк доо Соколарци | 20.09.2017 год | Бр. 02-2971/2 |
| | Мислење | Дачо Комерц 95 | 09.10.2017 год | Бр. 02-3534/2 |
| | Мислење | Млекара Сентис Аг дооел | 23.11.2017 год | Бр. 02-3974/2 |
| | Мислење | Месна Индустрија со Трговија Карнем доо с.Зубовце | 26.12.2017 год | Бр. 02-4093/2 |

***Табела 4.12:*** *Број на издадени потврди за усогласеност со стандардите на ЕУ по завршувањето на инвестицијата*

| Бр. | Тип на документ | Име на правен субјект | датум на издавање на документ | број на потврда |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Потврда | Горан Матовски с.Раотинце, Јегуновце | 08.03.2017 год | Бр.02-664/2 |
| 2 | Потврда | ДПТ Лецкер ДООЕЛ | 08.03.2017 год | Бр.02-712/2 |
| 3 | Потврда | Тими Инженеринг 2009 ДООЕЛ | 11.04.2017 год | Бр.02-1165/2 |
| 4 | Потврда | ДЗУТГМ Пивко Стево ДООЕЛ | 21.04.2017 год | Бр.02-1351/2 |
| 5 | Потврда | ИМВ – Индустрија за млеко Велковски ДОО | 08.08.2017 год | Бр.02-2733/2 |
| 6 | Потврда | Уни-Агро ДОО | 08.08.2017 год | Бр.15-2620/2 |
| 7. | Потврда | Тими Инженеринг 2009 ДООЕЛ | 11.08.2017 год | Бр.02-2785/2 |
| 8. | Потврда | ДПТ ЈОКА ДООЕЛ | 17.08.2017 год | Бр.02-2864/2 |
| 9. | Потврда | ТДВИПТ СУПЕР ГРУП ДОО | 21.08.2017 год | Бр.02-2912/2 |
| 10. | Потврда | ШЕ&ФИ Каљаја ДООЕЛ | 24.08.2017 год | Бр.02-2911/2 |
| 11. | Потврда | АГРИА- Агроиндустриска Групација ДОО | 05.09.2017 год | Бр.02-3090/2 |
| 12. | Потврда | Дачо-Комерц 95 ДООЕЛ | 20.09.2017 год | Бр.02-2265/2 |
| 13. | Потврда | ДПТУ Меди Горан ДООЕЛ Велес | 20.09.2017 год | Бр.02-2970/2 |
| 14. | Потврда | ДСЗТ Ѓоргиеви ДООЕЛ | 20.09.2017 год | Бр.02-3128/2 |

## IV.03. Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло

Надлежност на одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло е да го редуцира ризикот од небезбедна храна во Република Македонија така што планира, организира и извршува официјални контроли на објектите и операторите со храна од неживотинско потекло и производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната. Превземените активности од страна на инспекторите за храна при спроведување на официјалните контроли се согласно одредбите од Законот за безбедност на храната и согласно планот и програмата за работа на одделението за 2017 година.

Основна цел на одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло е висок степен на безбедност на храна во сите фази на производство и промет со цел а заштитата на јавното здравје, намалување на болестите предизвикани од храна, вклучувајќи ги и зоонозите, зголемување на безбедноста и квалитетот на храната, развивање на капацитет на извозно ориентирана индустрија.

Во одделението работните задачи ги координира раководител на одделенијата, официјалните контроли и другите активности ги вршеа 63 инспектори за храна распоредени во 29 подрачни единици низ целата теритотија на Р. Македонија

Официјалните контроли над објектите и операторите со храна од неживотинско потекло**,** инспекторите за храна ги вршеа континуирано на целата територија на Република Македонија, со одредена динамика согласно годишни, месечни, неделни или дневни планови и програми.

Покрај овие активности се вршеше и регистрација на објекти и оператори со храна и се постапуваше по претставки и барања на потрошувачи.

Инспекторите за храна и другите вработени во одделението, распоредени во подрачни единици во период од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година ги извршија следните активности:

### 2.1. Извршени активности во објекти за производство и промет на храна

2.1.1. Регистрирани објекти и оператори со храна **2060**

2.1.2. Извршени нспекциски надзори **15205**

- Редовни **8980**
- Вонредни **3919**
- Контролни **2306**

Извршени официјални контроли по видови објекти **12899**

***Табела 4.13:*** *Број на* извршени официјални контроли по видови објекти

| | |
|---|---|
| **Во објекти со висок ризик:** | **4736** |
| Ресторани | 1712 |
| Кујни и кетеринг | 977 |
| Гостилници | 1294 |
| Слаткарници | 438 |
| Работилница за слатки, торти и сладолед | 315 |
| **Во објекти со среден ризик:** | **1416** |
| Мелници | 55 |
| Пекара | 615 |

| | |
|---|---|
| Работилница за тесто и тестенини | 64 |
| Работилница за јаткасти производи | 65 |
| Работилница за леб и бели пецива | 181 |
| Производство за кафе, чај и какао | 31 |
| Производство на масло и производи од масло | 23 |
| Производство на кечап и мајонез | 21 |
| Производство, преработка и пакување на адитиви | 40 |
| Преработка на овошје и зеленчук | 308 |
| Производство на супи и зачини | 12 |
| Производство на сол | 1 |
| **Во објекти со низок ризик:** | **2798** |
| Производство на безалкохолни пијалоци и пиво | 56 |
| Работилница за производство на мраз | 2 |
| Производство и пакoвање на вода | 30 |
| Производство на кондиторски производи | 465 |
| Работилница за конфекционирање на храна | 10 |
| Производство на шеќер | 2 |
| Бурекчилници | 468 |
| Пицерии | 445 |
| Преработка на печурки | 18 |
| Млечен ресторан | 192 |
| Сендвичари | 786 |
| Производство на оризова арпа | 2 |
| Бифе | 85 |
| Ќебапчилници | 237 |
| **Во објекти со многу низок ризик:** | **3949** |
| Хипермаркети, супермаркети, маркети, продавници, киосци | 2126 |
| Кафе бар | 391 |
| Шанкови | 85 |
| Магацин | 735 |
| Водоснабдителни објекти | 283 |
| Промет со леб и бели пецива | 68 |
| Игротека | 46 |
| Промет со овошје и зеленчук | 12 |
| Производство на вино | 40 |
| Промет со додатоци во храна | 120 |
| Производство на материјали кои доаѓаат во контакт со храна | 22 |
| Производство на оцет | 7 |
| Производство на алкохолни пијалоци | 14 |




*Распоред на официјалните контроли според ризикот*

2.1.3. Заеднички официјални контроли во летниот период во туристичките центри (Охрид, Дојран и други градови). **91**

2.1.4. Лабораториски испитани мостри од храна **1168**

2.1.4.1. По мониторинг програма 857
2.1.4.2. По сомнеж при инспекциски надзор 311




*Лаборетски испитани мостри од храна*

2.1.5. Вкупен број на позитивни резултати од испитаните мостри **44**

2.1.5.1. При мониторинг програма **34**
- Остатоци од пестициди 3
- Тешки метали 1
- Миграција на тешки метали 6
- Нитрати 24

2.1.5.2. При инспекциски надзор **10**
- Микробиолошки критериуми 3
- Тешки метали 7

По сите позитивни наоди се превземени сите активности од страна на инспекторите за храна од аспект на безбедноста на храната.




*Однос испитани мостри/небезбедни мостри*

2.1.6. Број на контроли со утврдени недостатоци 2640

2.1.7. Утврдени недостатоци кај контролираните оператори со храна по опис и број

| | |
|---|---|
| Не водење редовно записи за ДХП и НАССР | 651 |
| Не извршен здравствен преглед | 1010 |
| Не извршено ДДД | 675 |
| Не имплементирано ДХП, ДПП или НАССР | 135 |
| Не извршени курсеви по хигиена | 114 |
| Несоодветно чување и складирање | 50 |
| Не комплетна потребна опрема | 356 |
| Несоодветно означување | 54 |
| Оштетени ѕидни површини | 277 |
| Незадоволителна хигиена | 231 |
| Не регистрирани | 47 |
| Небезбедна вода | 61 |
| Бацилоносители | 82 |

| | |
|---|---|
| Нема решение, мислење, одобрение од АХВ | 24 |
| Небезбедна храна | 33 |
| Нехлорирана вода | 25 |




*Однос на вкупен број на официјални контроли/официјални контроли при увоз*

2.1.8. Извршени едукации **1236**

2.1.9. Издадени решенија со наредби за отстранување на недостатоци и збрани **1584**

2.1.10. Понудени порамнувања **42**

2.1.11. Поднесени барања за поведување прекршочни постапки **11**




*Мерки и санкции по извршени официјални контроли*

2.1.12. Отстранети лица од работно место со храна поради бацилоносителсво **85**

2.1.14. Поништена небезбедна храна (кг.) **2544**

2.1.15. Постапувања по преставки од граѓани и правни лица **168**




*Однос вкупен број на официјални контроли /контроли по претставки од граѓани и правни лица*

Извршени активности при контрола на извозот

Издадени сертификати за безбедност на прехранбен производ 2021

2.3 Извештај за пристигнати РАСФФ нотификации во текот на 2017 до Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло во Сектор за инспекциски надзор

Во текот на 2017 до Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло во Сектор за инспекциски надзор се пристигнати **5** RASFF нотификации за небезбедна храна во Р. Македонија.
По RASFF нотификации се спроведени вонредни инспекциски надзори на оператори со храна од страна на Инспекторите за храна согласно нивните надлежности и се превземени сите активности од аспект на безбедност на храна.

***Табела 1.14***: *Број за RASFF нотификации за небезбедна храна*

| Број на RASFF нотификација | небезбедна храна | земја на потекло на храната |
|---|---|---|
| **референтен број 2017.CGL** | Кондиторски производи | Македонија |
| **референтен број 2017.1036** | Нестле кашички | Белгија |
| **референтен број 2017.2095** | Диететска храна-инфант формула | Франција |
| **референтен број 2017.0745** | Диететска храна-инфант формула | Германија |
| **референтен број 2017.2049** | Додаток на храна | Велика Британија |

**2.3 Издадени Мислења за усогласеност на проектната документација – планираната инвестиција со одредбите од ЕУ и Потврди за усогласеност со стандардите на ЕУ по завршувањето на инвестицијата**

Во текот на 2017 година, има издадено вкупно 6 (шест) ***Мислења за усогласеност на проектната документација/планирана инвестиција со одредбите од ЕУ***, од кои што сите **се** во согласност со стандардите на ЕУ, како и вкупно 7 (седум) ***Потврди за усогласеност со стандардите на ЕУ по завршувањето на инвестицијата***

***Табела 4.15***: *Мислења за усогласеност на проектната документација/планирана инвестиција со одредбите од ЕУ*

| **Бр.** | **Тип на документ** | **Име на правен субјект** | датум на издавање на документ | број на мислење |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Мислење** | **Агрофила ДООЕЛ** | 20.09.2017 | 02-2974/2 |
| **2.** | **Мислење** | **Агроплод АД Ресен** | 22.09.2017 | 02-2975/2 |
| **3.** | **Мислење** | **Вита Рес ДОО** | 09.10.2017 | 02-3533/2 |
| **4.** | **Мислење** | **Вивакс ДОО** | 14.12.2017 | 02-4067/2 |
| **5.** | **Мислење** | **Венец АД** | 22.12.2017 | 02-3967/2 |
| **6.** | **Мислење** | **МГС-Транс** | 26.12.2017 | 02-4115/2 |

***Табела 4.16***: *Потврди за усогласеност со стандардите на ЕУ по завршувањето на инвестицијата*

| **Бр.** | **Тип на документ** | **Име на правен субјект** | датум на издавање на документ | број на потврда |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Потврда** | **Ледра Агро** | 05.01.2017 | 25-5761/2 |
| **2.** | **Потврда** | **Вивакс ДОО** | 05.01.2017 | 25-5648/2 |
| **3.** | **Потврда** | **Роза Канина** | 08.02.2017 | 02-298/2 |
| **1.** | **Потврда** | **Агрофоод** | 19.05.2017 | 1794/2 |
| **2.** | **Потврда** | **Хит Дизајн** | 03.07.2017 | 02-2207/2 |
| **3.** | **Потврда** | **ДПТУ Трница ДОО** | 03.07.2017 | 02-2219/2 |
| **7.** | **Потврда** | **Бестфуд ТИ ДОО** | 20.09.2017 | 02-3130/2 |

## IV.04 Одделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин

На централно ниво гранична инспекција во склоп на Секторот за инспекциски надзор опфаќа три одделенија и тоа: Одделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин, Одделение за меѓународна трговија и сертификација, и Одделение за државна инспекција за граничен премин за храна од неживотинско потекло.

Ветеринарната инспекција на граничните премини е организирана во состав на Одделението за државна ветеринарна инспекција за граничен премин, кое на централно ниво брои 4 државни службеници од кои 3 се доктори по ветеринарна медицина. Граничните премини каде се дозволени увозот и транзитот на пратките опфатени со Законот за ветеринарното здравство ги

определува Владата на Република Македонија со Одлука ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2010 ). Ветеринарната проверка и преглед на пратки живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло се спроведуваа од страна на 18 официјални ветеринари распоредени на ветеринарни инспекциски места на 8 гранични премини. Одделението за меѓународна трговија и сертификација на централно ниво брои 2 државни службеници - доктори по ветеринарна медицина.

Обврската на Република Македонија да организира ветеринарна контрола на граничните премини произлегува од Законот за ветеринарното здравство, Кодексот на Меѓународната организација за здравствена заштита на животните (ОИЕ) со седиште во Париз чиј член е и Република Македонија, меѓународните билатерални договори за соработка во областа на ветеринарството и меѓународните конвенции за контрола на стоки на границите.

Врз основа на Законот за ветеринарно здравство, официјалниот ветеринар на граничниот премин при службен надзор и контрола има право и должност да врши ветеринарни проверки и прегледи на пратките со живи животни и производи од животинско потекло.

Одделенијата за гранична ветеринарна инспекција во идниот период ќе продолжат да ги спроведуваат активностите во делот на усогласување на легислативата согласно европските стандарди, што суштински преставува усогласување и примена на ЕУ принципите и политиките во согласност со европските норми, преку спроведување на веќе изготвените законски акти како и со донесување на идните, предвидени со Поглавјето 12 од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија.

Спроведување на горенаведените активности ќе придонесе за непречено остварување на целосната легислатива од областа на ветеринарното здравство во делот на граничната ветеринарна инспекција, со што би се постигнало соодветно управување во ветеринарната инспекциска служба од една страна и воспоставување контролен систем компатибилен со контролниот во ЕУ од друга страна, но и директна одговорност од страна на ветеринарните инспекциски служби, а како последица на тоа, успешно спроведени ветеринарни контроли согласно високите ЕУ стандарди

Одделенијата за државна ветеринарна инспекција на граничен премин и за меѓународна трговија и сертификација при Секторот за инспекциски надзор, како дел од АХВ во текот на 2017 година продолжија со тековните активности во процесите на:

- **Реализација на четирите Мониторинг планови за пратки од увоз,** за прв пат развиени во 2014 година
- **Усвојување на препораките** добиени од Кодекс алиментариус, Светската организација за заштита на здравјето на животните (OIE), Европската агенција за безбедност на храна (ЕФСА),
- **Спроведување на најдобрите пракси** согласно европските стандарди, се со цел подобрување на деловната клима во Република Македонија како дел од државите на Западен Балкан и нивниот стремеж-интегрирање во Евро-атлантските структури, во таа насока,
- **Спроведување на насоките од ЦЕФТА-Договорот за слободна трговија** како дел од пактот за стабилност за земјите од југоисточна Европа, како и
- **Спроведување на активностите во делот на веќе воспоставениот Систем на Интегрираното гранично управување**, врз основа на Стратегијата за интегрираното гранично управување и Националниот акционен план за интегрирано гранично

управување, со што се овозможува олеснување на протокот на лица и стоки преку државната граница.

АХВ како орган вклучен во Интегрираното гранично управување, преку граничните одделенија во Секторот за инспекциски надзор во 2017 година, продолжи со преземање организирани и координирани мерки посебно со царинските служби и граничната полиција како и сите други јавни служби присутни на граничните премини во надзорот на законитоста на влезот и излезот на стоки и превозни средства, спречувањето и откривањето на сите видови на шверц преку граничните премини, контрола и спречувањето на преносот на материи и заразни болести што ги загрозуваат луѓето и стоките. Активности во рамки на Националниот координативен центар за *Интегрирано гранично управување* –ИГУ.

Активностите во рамки на Националниот координативен центар за Интегрирано гранично управување воглавно се однесуваа на тековни *координации* меѓу институциите кои се дел од ИГУ и тоа пред се со Царинската управа, и Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи.

**Заштитни мерки**

Во тек на 2017 година изработени беа 99 Решенија заштитни мерки за увоз - овие Решенија се однесуваат мерки за болестите високо патогена авијарна инфлуенца (HPAI), болеста Newcastle, африканска свинска чума, болест на чвореста кожа и син јазик.

**EXIM**

Со цел олеснување на поврзувањето со едношалтерскиот систем за увоз и извоз EXIM за да се овозможи поефикасно спроведување на работата на инспекторите на граничен премин, беа одржани неколку состаноци меѓу претставници на Агенцијата за храна и ветеринарство и Царинската Управа.

**Обуки**

Во 2017 година, за потребите на во Одделението за државна ветеринарна инспекција на граничен премин и Одделението за меѓународна трговија и сертификација беше одржана TAIEX експертска мисија, на тема „Здравствени услови при трговија со ЗОО животни“ на која присуствуваа сите вработени во Одделенијата на централно ниво и на граничен премин.

**Идентификувани недостатоци**

Во тек на 2017 година, идентификувани беа и следните недостатоци чие отстранување е приоритет во периодот кој следи. Тука спаѓаат подобрена следливост на резултатите од лабораториски испитувања, ефикасно и соодветно земање на мостри на граница како и подобрена соработка со лабораториите за толкување на лабораториските резултати со помалку мерни единици од земана мостра.

**Останати активности**

Во 2017 година од страна на Одделението за ветеринарна инспекција на граничен премин и Одделението за меѓународна трговија и сертификација беа реализирани следните активности:

- Постапка за реализација на изградба на соодветен објект на ГП Блаце,
- Преработка на Упатства за граница согласно најновите ИСО стандарди
- Изработка на годишен план за работата на Одделението за ветеринарна инспекција на граничен премин и Одделението за меѓународна трговија и сертификација
- Посета на граничните премини од страна на раководителот на Одделението за ветеринарна инспекција на граничен и негово запознавање со проблемите на граничните инспектори,
- Посета на ГП Ќафасан и соработка со царинска управа на ГП Ќафасан во врска со планот за изградба на нов објект на овој граничен премин
- Изработка на тековни месечни и квартални извештаи за работа на ГП
- Собирање на податоци за проектот на Светска Банка за анализа
- Изработка на месечни и квартални извештаи на пратки од животинско потекло на сите ветеринарни инспекциски места на Р.Македонија за потребите на 6.Националниот координативен центар;
- Известување на официјалните ветеринари за измени на моделите на сертификати на производи од животинско потекло поради појава на болест или измена на националната легислатива
- Изготвување на барања за печатење на сертификати, раздолжување на сертификатите заради грешки во пополнување, појава на болест или измена на националната легислатива, водење на список со сите важечки ветеринарно здравствени сертификати за извоз на производи од животинско потекло
- Планирање на активности на Одделението за меѓународна трговија и сертификација во Секторот за инспекциски надзор за 2017 година, како дел од Акциониот План.
- Добивање и доставување на нотификации на донесени СПС мерки и одговори до СТО на сите релевантни прашања доставени од другите земји членки
- Идентификување на приоритетни области за 2018 TAIEX, во однос на настани кои можат да бидат организирани од страна на TAIEX – експертска мисија, работилница, студиска посета
- Преведување и праќање на нотификациите во RASFF систем, во соработка со Одделението за RASFF, на неделно ниво
- Ажурирање и подредување по азбучен ред на регистрите со храна од животинско потекло за исхрана на луѓе и храна за исхрана на животни на веб страната на АХВ

Во доставениот извештај се презентира работењето на Секторот за инспекциски надозр - Оделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин и Одделение за меѓународна трговија и сертификација. Извештајот се состои од осум дела и тоа: Дел 1- Општ преглед на фреквенција на пратки во увоз и транзит на ветеринарни инспекциски места на граничните премини во Република Македонија во 2017 година, Дел 2- Преглед на увезени пратки млеко и производи од млеко во 2017 година, Дел 3- Преглед на увезени пратки месо и производи од месо во 2017 година, Дел 4- Преглед на увезени пратки акватични животни и производи од аквакултура во 2017 година, Дел 5- Преглед на увезени пратки живи животни во 2017 година, Дел 6- Преглед на увезени пратки добиточна храна и храна за миленици во 2017 година, Дел 7-

Остварени финансиски средства од проверки и прегледи на пратки од животинско потекло на ветеринарни инспекциски места на гранични премини во 2017 година, Дел 8-Преглед на пратки кои при увозната постапка на инспекциски места на граничните премини во Република Македонија во 2017 година се предмет на лабораториска анализа како и предмет на уништување или враќање во земјата на потекло,

# II. ПРИЛОГ – ИЗВЕШТАЈ

## ДЕЛ 1

## ОПШТ ПРЕГЛЕД НА ФРЕКВЕНЦИЈА НА ПРАТКИ ВО УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ВЕТЕРИНАРНИ ИНСПЕКЦИСКИ МЕСТА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2017 ГОДИНА

Во 2017 година увезени и прегледани се 15.159 при што најголем број пратки се увезени на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Табановце и тоа 77%. На ветеринарното инспекциско место на граничен премин Богородица се увезени 10% пратки, а останатите 13% од увезените пратки се внесени на другите ветеринарни инспекциски места на граничен премин.

Во 2017 година има вкупно 3.625 пратки во транзит, од кои 1. 533 пратки минале на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Табановце, 502 пратки на Богородица, 1.114 пратки на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Деве Баир, 114 пратки на Ново Село, 353 пратки на Ќафасан, додека значително помалку пратки транзитирале низ останатите ветеринарно инспекциски места, и тоа 1 пратка на Блаце и 8 пратки на Меџитлија .

***Табела 4.17:*** *Број на пратки од животинско потекло кои се увезени и транзитирале на ветеринарни инспекциски места на граничен премин во 2017 година*

| Ветеринарни инспекциски места на граничен премин | Увоз | Транзит | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Табановце** | 11.639 | 1.533 | **13.172** |
| **Богородица** | 1.575 | 502 | **2.077** |
| **Деве Баир** | 746 | 1.114 | **1.860** |
| **Ќафасан** | 664 | 353 | **1.017** |
| **Меџитлија** | 221 | 8 | **229** |
| **Ново Село** | 125 | 114 | **239** |
| **Блаце** | 110 | 1 | **111** |
| **Аеродром Скопје** | 79 | / | **79** |
| **Вкупно** | **15.159** | **3.625** | **18.784** |




*Вкупен број на увезени и транзитни пратки на ветеринарни инспекциски места на граничен премин во 2017 година*

Во периодот од 2010 до 2017 година во Република Македонија просечниот број на внесени – увезени пратки е 13.959, а просечниот број на пратки во транзит е 3.001.

Споредбено во периодот од 2010 до 2012, број на увезени пратки линеарно се зголемува, се до 2013 година кога се забележува благо опаѓање на бројот на увезени пратки за потоа истиот повторно да почне со пораст, заклучно со 2017 година.

Во случај со пратките во транзит трендот е во облик на благ пад на истите од 2010 до 2015 година, додека во 2016 и 2017 година се забележува значителен пораст.

Во 2017 година, спредено со 2016 година, бројот на пратки од увоз бележи пораст од околу 1.00 пратки. Кај бројот на пратки од транзитот во 2017 година исто така се јавува благ пораст, споредено со 2016 година.

За периодот од изминатите осум години, согласно податоците, пикот во однос на бројот на увезени пратки е во 2015 година, а истиот во однос на бројот на пратките во транзит е во 2017 година.

***Табела 4.18:*** *Број на пратки кои поминале на граничните премини при увоз и транзит во Република Македонија од 2010 до 2017 година*

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Увоз** | 11.173 | 13.560 | 14.832 | 13.638 | 13.927 | 15.268 | 14.116 | 15.159 |
| **Транзит** | 2.830 | 3.285 | 2.787 | 2.842 | 2.822 | 2.796 | 3.019 | 3.625 |
| **Вкупно** | **14.003** | **16.845** | **17.619** | **16.480** | **16.749** | **18.064** | **17.135** | **18.784** |




*Вкупен проток на пратки од животинско потекло (при увоз и транзит) на ветеринарни инспекциски места на граничен премин во периодот од 2010 до 2017 година*




*Вкупен проток на пратки од животинско потекло (при увоз и транзит) на ветеринарни инспекциски места на граничен премин споредебено за 2016 и 2017 година*

## ДЕЛ 2

## ПРЕГЛЕД НА УВЕЗЕНИ ПРАТКИ МЛЕКО И ПРОИЗВОДИ ОД МЛЕКО ВО 2017 ГОДИНА

### Преглед на увезени пратки на млеко

Во 2017 година во Република Македонија увезени се вкупно 994 пратки односно 18.251.460 килограми млеко од кои речиси сите пратки (990) и најголемата количина (18.211.890) само на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Табановце.

Најголем увоз на млеко има од земјите од регионот или ЦЕФТА договорот и тоа: 10.689.400 кг или 59% од Босна и Херцеговина и 4.507.382 кг или 25% од Србија. Со значителен удел во увозот на млеко се истакнуваат и земјите од Европската Унија: Словенија со 2.021.271 или 11%, Хрватска со 1.017.777 кг или 6%, додека пак останатото количество отпаѓа на Германија, Австрија и Белгија.

Во Република Македонија, во текот на 2017 година, увезени се 3.191 пратки или 22.784.903 килограми производи од млеко.




*Приказ на соодносот на увезени количини млеко и производи од млеко 2017 година*

***Табела 4.19:*** *Број на пратки и количина во килограми производи од млеко и млеко кои поминале на граничните премини при увоз во Република Македонија во 2017 година*

| Ветеринарни инспекциски места на граничен премин | Број на пратки производи од млеко | Количина (кг), производи од млеко | Број на пратки млеко | Количина (кг), млеко |
|---|---|---|---|---|
| **Табановце** | 2.885 | 20.450.432 | 990 | 18.211.890 |
| **Богородица** | 146 | 927.770 | | |
| **Деве Баир** | 56 | 224.545 | 3 | 19.410 |
| **Меџитлија** | 20 | 79.271 | / | / |
| **Ќафасан** | 20 | 47.713 | / | / |
| **Аеродром Скопје** | 3 | 548 | / | / |
| **Ново Село** | 60 | 1.050.831 | | / |
| **Блаце** | 1 | 3.793 | 1 | 20.160 |
| **Вкупно** | **3.191** | **22.784.903** | **994** | **18.251.460** |

**Преглед на увезени пратки производи од млеко**

Како што може да се види од табелата, најголем број на пратки на производи од млеко (2.885 пратки) во нашата земја во 2017 година влегле на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Табановце, што претставува 90% од вкупниот број на пратки. Како земја најголем извозник на производи од млеко во Република Македонија, се јавува Германија со 6.482.375 кг или, што претставува 29% вкупната увезена количина. Со значителен процент се истакнуваат и следните земји: Србија (4.665.064 кг или 21%), Грција (1.885.853 кг или 8%), Хрватска (1.907.248 кг или 8%), Полска (1.345.149 кг или 6%), Словенија (1.120.892 кг или 5%) и Босна и Херцеговина (1.138.220 кг

или 5%), Останатите 14% производи од млеко се увоз од Чешка Република, Франција, Австрија, Данска, Унгарија, Холандија, Романија, Словачка, Италија, Бугарија и Белгија.




*. Количини во килограми на увезено млеко и различни видови производи од млеко во 2017 година во Република Македонија*

**Преглед на увезени пратки сладолед**

Како што може да се види од табелата, најголем број на пратки на сладолед (248 пратки) во нашата земја во 2017 година влегле на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Табановце, што претставува 72% од вкупниот број на пратки. Како земја најголем извозник на сладолед во Република Македонија, се јавува Србија со 988.727 кг што претставува 36% вкупната увезена количина. Со значителен процент се истакнуваат и следните земји: Грција (438.351 кг или 16%), Турција (398.019 кг или 15%), Белгија (221.974 кг или 8%). Како останати земји од кои се увезуваат значителни количини сладолед (останатите 25% од вкупната количина) се јавуваат Бугарија, Германија, Полска, Хрватска и Франција.

***Табела 4.20:*** *Број на пратки и количина во килограми на сладолед увезен во Република Македонија во 2017 година*

| Ветеринарни инспекциски места на граничен премин | Број на пратки | Количина (кг), |
|---|---|---|
| Табановце | 312 | 1.913.842 |
| Богородица | 2 | 15.866 |
| Деве Баир | 49 | 505.364 |
| Меџитлија | 6 | 43.871 |
| Ќафасан | / | / |
| Аеродром Скопје | / | / |
| Ново Село | 32 | 320.619 |
| Блаце | | |
| **Вкупно** | **401** | **2.799.562** |

## ДЕЛ 3

## ПРЕГЛЕД НА УВЕЗЕНИ ПРАТКИ МЕСО И ПРОИЗВОДИ ОД МЕСО ВО 2017 ГОДИНА

Во 2017 година во Р. Македонија увезени се вкупно 7.478 пратки односно 76.458.493 килограми месо.
Месото од живина опфаќа 40% од вкупното увезено месо за 2017 година, со 2.422 увезени пратки, односно 30.864.853 килограми.
Механички откостеното месо (МОМ) од живина опфаќа 11 % од вкупната увезена количина на МОМ за 2017 година, со 543 увезени пратки, односно 8.521.529 килограми.
Говедското месо опфаќа 13% од вкупното увезено месо за 2017 година, со 1.114 увезени пратки односно 10.127.167 килограми.
Свинското месо опфаќа 16% од вкупното увезено месо за 2017 година, со 872 увезени пратки односно 12.535.964 килограми.

***Табела 4.21:*** *Број на пратки и количина во килограми на месо и производи од месо кои поминале на граничните премини при увоз во Република Македонија во 2017 година*

| Вид на пратка | Количина во килограми | Број на пратки |
|---|---|---|
| живинско месо | 30.864.853 | 2.422 |
| механички обескостено месо од живина | 8.521.529 | 543 |
| говедско месо | 10.127.167 | 1.114 |

| | | |
|---|---|---|
| **свинско месо** | 12.535.964 | 872 |
| **живински внатрешни органи** | 2.655.448 | 315 |
| **говедски внатрешни органи** | 386.083 | 278 |
| **свински внатрешни органи** | 147.127 | 51 |
| **производи од месо** | 11.220.322 | 1.883 |
| **Вкупно** | **76.458.493** | **7.478** |

Најголем број на пратки на месо во нашата земја во 2017 година влегле на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Табановце, 3.521 пратка, со количина од 38.754.677кг. Во нашата земја во 2017 година на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Табановце, поминале 70% од вкупниот број на пратки.
Во 2017 година на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Богородица влегле 591 пратки, односно 9.590.013кг, што претставува 12 % од вкупниот број на пратки на месо од увоз.

Во 2017 година на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Ќафасан влегле 335 пратки производи од месо, односно 7.482.911 кг, што претставува 7% од вкупниот број на пратки на производи од месо.

Во 2017 година на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Деве Баир влегле 429 пратки, односно 5.379.532 кг, што претставува 9% од вкупниот број на пратки на месо од увоз.

Увезената количина на производи од месо на останатите гранични премини Меџитлија, Ново Село, Блаце и Аеродром Скопје изнесува вкупно 81 пратка месо, односно 825.320 кг .

***Табела 4.22:*** *Број на увезени пратки месо на ветеринарни инспекциски места на граничен премин во 2017 година*

| Ветеринарни инспекциски места на граничен премин | Број на пратки месо | Количина (кг) |
|---|---|---|
| **Табановце** | 3.521 | 38.754.677 |
| **Богородица** | 591 | 9.590.013 |
| | | |
| **Деве Баир** | 429 | 5.379.532 |
| **Ќафасан** | 335 | 7.482.911 |
| **Меџитлија** | 66 | 608.983 |
| **Аеродром Скопје** | 1 | 73 |
| **Ново Село** | 13 | 210.559 |
| **Блаце** | 1 | 5.705 |
| **Вкупно** | **4.957** | **62.032.453** |

Во Р. Македонија во 2017 година најголем број на увезените пратки месо се со потекло од земјите членки на Европската Унија, и тоа пред се од: Полска со 14.637.560

кг или 25% од вкупната увезена количина, Бразил со 8.908.842кг или 15% од вкупната увезена количина, Австрија со 4.563.925кг или 8% од увозот на месо, Шпанија со 4.514.134 кг или 8% и Грција со 2.794.623, односно 5% од увозот на месо. Останатите земји кои учествуваат во увозот на месо во Република Македонија, се: Италија, Србија, Словенија, Холандија, Германија, Бугарија, Канада, Унгарија, Франција, Хрватска и други.

**Преглед на увезени пратки производи од месо**

Најголем број на пратки на производи од месо во нашата земја во 2017 година влегле на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Табановце 1.686 пратки, со количина од 10.478.284 кг. што претставува 89 % од вкупниот број на пратки.

Во 2017 година на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Богородица влегле 54 пратки, односно 176.925кг, што претставува 3 % од вкупниот број на пратки на производи од месо од увоз.

Во 2017 година на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Деве Баир влегле 26 пратки, односно 165.894 кг, што претставува 1% од вкупниот број на пратки на производи од месо од увоз.

Во 2017 година на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Ќафасан влегле 78 пратки производи од месо, односно 314.956кг, што претставува 4% од вкупниот број на пратки на производи од месо.

Во 2017 година на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Меџитлија влегле 31 пратки производи од месо, односно 41.321 кг, што претставува 2% од вкупниот број на пратки на производи од месо.

Увезената количина на производи од месо на останатите гранични премини Блаце, Ново Село и Аеродром Скопје заедно е 18 пратки месо, односно 42.942 кг или 2% од вкупниот број на пратки.

***Табела 4.23:*** *Број на увезени пратки и килограми производи од месо прикажани по ветеринарни инспекциски места на граничен премин во 2017 година*

| Граничен премин | Број на пратки производи од месо | Количина во килограми |
|---|---|---|
| Табановце | 1.676 | 10.478.284 |
| Богородица | 54 | 176.925 |
| Деве Баир | 26 | 165.894 |
| Меџитлија | 31 | 41.321 |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| Ќафасан | 78 | 314.956 |
| Блаце | 12 | 29.586 |
| Аеродром | 4 | 348 |
| Ново Село | 2 | 13.008 |
| Вкупно | 1.883 | 11.220.322 |




*Приказ на количество во килограми на увезени пратки месо по категории во 2017 година*

**Преглед на увезени пратки внатрешни органи**

Најголем број на пратки на внатрешни органи во нашата земја во 2017 година влегле на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Табановце, 489 пратки, со количина од 2.047.093 кг. што претставува 69% од вкупниот број на пратки.

Во 2017 година на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Богородица влегле 157 пратки, односно 466.719 кг, што претставува 22 % од вкупниот број на пратки на производи од месо од увоз.

Во 2017 година на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Ќафасан влегле 27 пратки производи од месо, односно 418.065 кг, што претставува 4% од вкупниот број на пратки на производи од месо.

Во 2017 година на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Деве Баир влегле 26 пратки, односно 204.499кг, што претставува 4% од вкупниот број на пратки на производи од месо од увоз.

Во 2017 година на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Меџитлија влегле 30 пратки производи од месо, односно 159.156кг, што претставува 4% од вкупниот број на пратки на производи од месо.

***Табела 4.24:*** *Број на увезени пратки и килограми внатрешни органи прикажани по ветеринарни инспекциски места на граничен премин во 2017 година*

| **Граничен премин** | **Број на пратки внатрешни органи** | **Количина во килограми** |
|---|---|---|
| **Табановце** | 489 | 2.047.093 |
| **Богородица** | 157 | 466.719 |
| **Деве Баир** | 26 | 204.499 |
| **Меџитлија** | 30 | 159.156 |
| **Ќафасан** | 27 | 418.065 |

| | | |
|---|---|---|
| **Блаце** | / | / |
| **Аеродром** | / | / |
| **Ново Село** | / | / |
| **Вкупно** | **729** | **3.295.532** |

## ДЕЛ 4

## ПРЕГЛЕД НА УВЕЗЕНИ ПРАТКИ АКВАТИЧНИ ЖИВОТНИ И ПРОИЗВОДИ ОД АКВАКУЛТУРА ВО 2017 ГОДИНА

Во 2017 година увезени се вкупно 907 пратки производи од риба и производи од аквакултура (разладена, замрзната, солена, чадена риба како и рибино масло), или 8.354.483 кг.

***Табела 4.25:*** *Број на увезени пратки и килограми производи од риба и производи од аквакултура прикажани по ветеринарни инспекциски места на граничен премин во 2017 година*

| Ветеринарни инспекциски места на граничен премин | Број на пратки производи од риба | Количина (кг) производи од риба |
|---|---|---|
| **Табановце** | 250 | 1.192.940 |
| **Богородица** | 486 | 5.581.079 |
| **Деве Баир** | 10 | 53.583 |
| **Ќафасан** | 136 | 1.374.526 |
| **Меџитлија** | 19 | 114.849 |
| **Аеродром Скопје** | 1 | 30 |
| **Ново Село** | 4 | 13.176 |
| **Блаце** | 1 | 24.300 |
| **Вкупно** | **907** | **8.354.483** |

### Преглед на увезени пратки производи од риба и производи од аквакултура

Најголем број на пратки на производи од риба вклучително и аквакултура (486 пратки) во нашата земја во 2017 година влегле на ветеринарно инспекциско место на граничен премин

Богородица, што претставува 54% од вкупниот број на пратки производи од риба и производи од аквакултура. Количината во килограми на производи од риба и производи од аквакултура увезени на овој премин изнесува 5.581.079 кг.
На ветеринарно инспекциско место на граничен премин Табановце во текот на 2017 година влегле 250 пратки производи од риба вклучително и аквакултура или 1.192.940 килограми, што претставува 28 % од вкупниот број на пратки.
15% од вкупниот број на пратки со производи од риба вклучително и аквакултура во 2017 година увезени се преку ветеринарно инспекциско место на граничен премин Ќафасан. Количината во килограми на производи од риба и производи од аквакултура увезени на овој премин изнесува 1.374.526 кг.
Увезената количина на производи од млеко на граничните премини Деве Баир, Меџитлија, Аеродром Скопје, Блаце и Ново Село е незначителна во однос на горенаведените премини, односно преку овие гранични премини увезени се вкупно 35 пратки со 205.938 кг односно само ~4% од вкупната увезена количина.

Како земја најголем извозник на производи од риба вклучително и аквакултура во Република Македонија, се јавува Аргентина со 3.017.180 кг, што претставува 36% вкупната увезена количина. Со значителен процент се истакнува и Тајланд (1.321.281
кг или 16%), како и Шпанија (719.029 кг или 9%) и Грција (476.938кг или 6 %).Следуваат САД, Полска, Виетнам, Хрватска, Филипини и други, со мал удел во вкупната увезена количина.




*Приказ на земји извозници на производи риба и аквакултура во 2017 година и по земја и удел во количина увезени килограми*

## ДЕЛ 5
## ПРЕГЛЕД НА УВЕЗЕНИ ПРАТКИ ЖИВИ ЖИВОТНИ ВО 2017 ГОДИНА

Увозот на живи животни во Република Македонија се остварува преку патниот сообраќај, како и преку воздушен сообраќај, што директно зависи од видот на животните како и нивната крајна намена. Имено преку патниот сообраќај се увезуваат крупните видови животни (говеда, овци, свињи и коњи) чија намена е одгледување, продукција и колење после увозот во Република Македонија. Исто така преку патен сообраќај се увезуваат еднодневните пилиња наменети за бројлерско производство или несење. Потеклото на пратките живи животни е пред се од земјите членки на ЕУ и земјите членки на ЦЕФТА ( Србија и Босна и Херцеговина). Пратките со украсни риби и аквариумски желки, во најголем дел по потекло се од Сингапур и Бразил, а нивниот увоз се остварува преку авионски сообраќај – Аеродром Скопје.

Во 2017 година, значително е голем и увозот на бумбари и корисни инсекти кои служат за опрашување на растенија и истиот се остварува пред се преку авионски сообраќај – ветеринарно инспекциско место на граничен премин Аеродром Скопје, додека помал дел пристигнуваат преку патен сообраќај на граничните премини Табановце и Богородица.

**Приказ на увоз на живи животни по гранични премини**

На ветеринарно инспекциско место на ГП Табановце, во 2017 година се увезени вкупно 76 пратки со живи животни. Од нив, 624 се живи животни од видот говеда, 1.507 живи животни од видот свињи, 167.489 живи животни живина, и 24.092 гулаби.

На ветеринарно инспекциско место на ГП Аеродром – Скопје увезени се 135.685 единки украси рипки и 2.500 единки украсни аквариумски желки.

На ветеринарно инспекциско место на ГП Богородица, во 2017 година се увезени 547.512 броја живина, 21 див јарец, 25 муфлони, 67 расни кози, 28 расни овци и 18 расни свињи.

На ветеринарно инспекциско место на ГП Ново Село, во 2017 година се увезени 103.720 броја живина 13300 кг жива риба за одгледување и 2.000 кг рибен подмладок.

На ветеринарно инспекциско место на ГП Меџитлија, во 2017 година увезени се 30 овци, 10 кози за одгледување и 6 диви јарци.

На ветеринарно инспекциско место на ГП Блаце, во 2017 година увезени се 15 коњи, 6560 гулаби, 43.600 кг риба за насад и 2.400 кг рибен подмладок.

***Табела 4.26:*** *Број на увезени живи животни во Република Македонија по видови и по земја на потекло на ветеринарни инспекциски места на ГП во 2017 година*

| Вид на животни | | |
|---|---|---|
| **Земја** | **Број на пратки** | **Број на животни** |
| Аквариумски желки | | |
| СИНГАПУР | 4 | 2.500 |
| **ВКУПНО** | 4 | 2.500 |
| Аквариумски риби | | |
| ИЗРАЕЛ | 1 | 5.820 |
| ИНДОНЕЗИЈА | 2 | 297 |
| СИНГАПУР | 24 | 118.597 |
| ТАЈЛАНД | 3 | 10.563 |

| | | |
|---|---|---|
| ШРИ ЛАНКА | 1 | 408 |
| **ВКУПНО** | **31** | **135.685** |
| Бумбари | | |
| СЛОВАЧКА | 17 | 303.634 |
| **ВКУПНО** | **17** | **303.634** |
| Гулаби | | |
| СРБИЈА | 23 | 23.092 |
| КОСОВО | 12 | 6.560 |
| **ВКУПНО** | **35** | **29.652** |
| Диви јарци | | |
| АВСТРИЈА | 1 | 21 |
| ГРЦИЈА | 2 | 6 |
| **ВКУПНО** | **3** | **27** |
| Еднодневни кокошки | | |
| СРБИЈА | 11 | 89.887 |
| ГРЦИЈА | 24 | 479.770 |
| БУГАРИЈА | 8 | 103.720 |
| **ВКУПНО** | **43** | **673.377** |
| Расни говеда за одгледување | | |
| АВСТРИЈА | 16 | 501 |
| ГЕРМАНИЈА | 4 | 123 |
| УНГАРИЈА | 1 | 32 |
| **ВКУПНО** | **21** | **656** |
| Расни кокошки | | |
| СРБИЈА | 7 | 77.602 |
| ГРЦИЈА | 8 | 53.820 |
| **ВКУПНО** | **15** | **131.422** |
| Кокошки за колење | | |
| ГРЦИЈА | 2 | 13.920 |
| **ВКУПНО** | **2** | **13.920** |
| Расни свињи за парење | | |
| АНГЛИЈА | 2 | 44 |
| ДАНСКА | 4 | 709 |
| ФРАНЦИЈА | 4 | 18 |
| **ВКУПНО** | **10** | **771** |
| Расни свињи за колење | | |
| ДАНСКА | 1 | 754 |
| **ВКУПНО** | **1** | **754** |

| | | |
|---|---|---|
| Расни кози за парење | | |
| ГРЦИЈА | 4 | 77 |
| **ВКУПНО** | **4** | **77** |
| Расни овци за парење | | |
| ГРЦИЈА | 2 | 58 |
| **ВКУПНО** | **2** | **58** |
| Расни ждребци | | |
| КОСОВО | 1 | 9 |
| **ВКУПНО** | **1** | **9** |
| Спортски коњи | | |
| КОСОВО | 2 | 6 |
| БУГАРИЈА | 1 | 1 |
| **ВКУПНО** | **3** | **7** |
| Пернати диви птици | | |
| ГРЦИЈА | 1 | 2 |
| **ВКУПНО** | **1** | **2** |
| Муфлони | | |
| ГРЦИЈА | 1 | 25 |
| **ВКУПНО** | **1** | **25** |

***Табела 4.27:*** *Количина на увезени живи животни во Република Македонија по видови и по земја на потекло на ветеринарни инспекциски места на ГП во 2017 година*

| **ВИД НА ЖИВОТНИ** | | |
|---|---|---|
| **ЗЕМЈА** | **БРОЈ НА ПРАТКИ** | **КОЛИЧИНА (КГ.)** |
| Рибен подмладок | | |
| БУГАРИЈА | 1 | 2.000 |
| КОСОВО | 4 | 2.400 |
| **ВКУПНО** | **5** | **4.400** |
| Живи риби | | |
| БУГАРИЈА | 6 | 44.300 |
| КОСОВО | 25 | 43.600 |
| **ВКУПНО** | **31** | **87.900** |

## ДЕЛ 6

## ПРЕГЛЕД НА УВЕЗЕНИ ПРАТКИ ДОБИТОЧНА ХРАНА И ХРАНА ЗА МИЛЕНИЦИ ВО 2017 ГОДИНА

Во 2017 година во Република Македонија увезени се вкупно 684 добиточна храна, или 9.993.123 кг, кои согласно легислативата се вклучени во нус-производи од животинско потекло или NHC (Not for Human Consumption).

***Табела 4.28:*** *Број на увезени пратки и килограми на добиточна храна на ветеринарни инспекциски места на ГП во 2017 година*

| Ветеринарни инспекциски места на граничен премин | Број на пратки | Количина (кг) |
|---|---|---|
| **Табановце** | 599 | 9.395.614 |
| **Богородица** | 54 | 351.330 |
| **Деве Баир** | 15 | 61.274 |
| **Ќафасан** | / | / |
| **Меџитлија** | 16 | 184.905 |
| **Аеродром Скопје** | / | / |
| **Ново Село** | / | / |
| **Блаце** | / | / |
| **Вкупно** | **684** | **9.993.123** |

Од увезените пратки добиточна храна, најголемиот дел од пратките (88 %) биле увезени на ГП Табановце, 8% на ГП Богородица, а останатите 4% на ГП Деве Баир, Ќафасан и Меџитлија заедно.




*Приказ на земји извозници на добиточна храна 2017 година. Шематскиот приказ е по земја и удел во процент од увезена количина во кг*

Во 2017 година во Република Македонија увезени се вкупно 575 пратки храна за домашни миленици, односно вкупно 5.639.197 кг. Притоа, најголем процент (83 %) се увезени преку ГП Табановце, по што следат ГП Деве Баир со 6%, ГП Меџитлија со 4% како и ГП Ќафасан и Богородица со по 3%.

***Табела 4.29:*** *Број на увезени пратки и килограми на храна за миленици на ветеринарни инспекциски места на ГП во 2017 година*

| Ветеринарни инспекциски места на граничен премин | Број на пратки | Количина (кг) |
|---|---|---|
| **Табановце** | 480 | 4.565.981 |
| **Богородица** | 18 | 179.234 |
| **Деве Баир** | 36 | 380.450 |
| **Ќафасан** | 16 | 178.820 |
| **Меџитлија** | 23 | 292.912 |

| | | |
|---|---|---|
| **Аеродром Скопје** | / | / |
| **Ново Село** | 2 | 41800 |
| **Блаце** | / | / |
| **Вкупно** | **575** | **5.639.197** |




*Приказ на земји извозници на храна за миленици 2017 година. Шематскиот приказ е по земја и удел во процент од увезена количина во кг*

## ДЕЛ 7
## ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД ПРОВЕРКИ И ПРЕГЛЕДИ НА ПРАТКИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО НА ВЕТЕРИНАРНИ ИНСПЕКЦИСКИ МЕСТА НА ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ ВО 2017 ГОДИНА

Во 2017 година, од извршените проверки и прегледи на пратки од животинско потекло, при увоз на ветеринарните инспекциски места на граничните премини во Република Македонија, остварен е финансиски приход од 108.855.075 денари .

Најголем финансиски приход од проверка и преглед на пратки од увоз, имаат остварено ветеринарните инспекциски места на граничните премини Табановце (74%) и Богородица (12%) а сите останати премини заедно ги сочинуваат останатите 15%, од кои најголемиот дел припаѓаат на ГП Ќафасан (7%) и ГП Деве Баир (5%).

Од изнесеното се гледа дека гранични премини со најголема фреквенција за увоз се Табановце и Богородица.

***Табела 4.30:*** *Финанскиски приходи изразени во денари од проверки и прегледи на пратки од животинско потекло при увоз на ветеринарните инспекциски места на граничен премин во 2017 година*

| Ветеринарни инспекциски места на граничен премин | Увоз | Транзит |
|---|---|---|
| **Табановце** | 72.961.900 | 4.252.100 |
| **Богородица** | 11.373.000 | 1.382.800 |
| **Деве Баир** | 4.829.700 | 3.271.750 |
| **Ќафасан** | 6.431.900 | 1.115.400 |
| **Меџитлија** | 1.190.625 | 22.000 |
| **Аеродром Скопје** | 272.000 | / |
| **Ново Село** | 991.950 | 347.700 |
| **Блаце** | 409.200 | 3.050 |
| **Вкупно** | **98.460.275** | **10.394.800** |




*Финансиски приходи во денари од проверки и прегледи на пратки од увоз во 2017 година*




*Финансиски приходи во денари од проверки и прегледи на пратки од транзит во 2017 година*

## ДЕЛ 8

### ПРЕГЛЕД НА ПРАТКИ ПРИ УВОЗНАТА ПОСТАПКА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2076 ГОДИНА КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА РЕДОВНА ЛАБОРАТОРИСКА АНАЛИЗА, АНАЛИЗА ВО СКЛОП НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ, КАКО И ПРЕДМЕТ НА УНИШТУВАЊЕ ИЛИ ВРАЌАЊЕ ВО ЗЕМЈАТА НА ПОТЕКЛО

Во 2017 година при извршување на задолжителната проверка и преглед на пратки од страна на официјалните ветеринари на граничните премини во Р. Македонија извршени се ветеринарни проверки и прегледи на вкупно 17.971 пратки со живи животни и производи од животинско потекло при увоз и транзит (14.000 увоз и 3.571 транзит). Со цел заштита на јавното здравје и здравјето на потрошувачите, во делот на превземање на безбедносни мерки, земени се вкупно 328 мостра за анализа при што како небезбедни се прогласени 20 заради констатирано присуство на микроорганизми. Од нив, кај 16 призводи била констатирана Salmonella, а кај 4 Listeria. Од вкупниот број на земени мостри (328) 137 биле земени како дел од мониторинг плановите, 188 по решенија за мострирање и 3 на база на сомнеж.

**Табела 4.31:** *Број на земени мостри на ГП по вид на мостра од производи наменети за исхрана на луѓе по мониторинг планот за 2017 година*

| Мостри по мониторинг | Мостри по решенија | Останати | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 137 | 188 | 3 | 328 |

Согласност со утврдената годишна програма за мониторинг на пратки од увоз за 2017 година, вкупниот број на земени мостри за анализа изнесува 137, од кои 126 мостри се за лабораториско испитување на храна од животинско потекло, а 11 мостри се за храна за исхрана на животни. Реализацијата на мониторингот планот за 2017 година согласно предвидените мостри изнесува 77 % (слика 11)

***Табела 4.32.*** *Видови на производи во кои било утврдено присуството на микроорганизми согласно земените мостри на Граничен Премин*

| **Salmonella spp. (16 позитивни)** | **Listeria monocytogenes (4 позитивни)** |
|---|---|
| Пилешко месо (13 позитивни) | Панчета (2 позитивни) |
| Пилешки МОМ (1 позитивна) | Говедска Пршута (1 позитивна) |
| Пилешки цигер (2 позитивни) | Сува печеница (1 позитивна) |




*Приказ на процентуален соодноc на предвидениот број на мостри и реализираниот број на мостри од пратки со храна од животинско потекло од увоз*




*Приказ на процентуален соднос на предвидениот број на мостри и реализираниот број на мостри од пратки со храна за исхрана на животни од увоз*

**Табела 4.32:** *Број на позитивни мостри на ГП од производи наменети за исхрана на луѓе по мониторинг планот за 2017 година*

| Датум | Тип на производ | Утврден наод | Мостра земена од ГП | Земја на потекло |
|---|---|---|---|---|
| 12.01.2017 | Говедска пршута | Listeria monocytogenes | Табановце | / |
| 21.02.2017 | Панчета | Listeria monocytogenes | Ќафасан | / |
| 17.02.2017 | Пилешки батак | Campylobacter spp. | Табановце | / |
| 01.03.2017 | Пилешки батак | Campylobacter spp. | Табановце | / |
| 28.03.2017 | Пилешко месо - цели пилиња | Campylobacter spp. | Табановце | / |
| 05.05.2017 | Пилешко месо - бело | Salmonella spp. | Богородица | / |
| 18.05.2017 | Замрзнато пилешко месо | Salmonella spp. | Богородица | / |
| 30.05.2017 | Замрзнато пилешко месо | Salmonella spp. | Богородица | / |
| 08.06.2017 | Пилешко месо - бело | Salmonella Typhimurium | Богородица | / |
| 09.06.2017 | МОМ | Salmonella spp | П.Е. Скопје | Канада |
| 19.06.2017 | Замрзнат пилешки стек | Salmonella enterica subsp.enterica serovar Heidelberg | П.Е. Скопје | Бразил |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 09.08.2017 | Пилешко месо | Salmonella enterica subsp.enterica serovar Eko | Богородица | / |
| 23.05.2017 | Сува печеница | Listeria monocytogenes | П.Е. Гостивар | Црна Гора |
| 22.09.2017 | Пилешко месо | Salmonella enterica subsp.enterica serovar Heidelberg | Мецитлија | Италија |
| 02.10.2017 | Замрзнат пилешки цигер | Salmonella enterica subsp.enterica serovar Heidelberg | Богородица | / |
| 27.10.2017 | Замрзнати пилешки гради | Salmonella enterica subsp.enterica serovar Heidelberg | Богородица | / |
| 19.10.2017 | Пилешки цигер | Salmonella enterica subsp.enterica serovar Heidelberg | Богородица | / |
| 13.10.2017 | Панчета | Listeria monocytogenes | Ќафасан | / |
| 10.10.2017 | Пилешко месо - бело | Salmonella enterica subsp.enterica serovar Heidelberg | Богородица | / |
| 13.11.2017 | Пилешко месо - бело | Salmonella enterica subsp.enterica serovar Heidelberg | Богородица | / |

## Пратки кои се вратени и уништени како небезбедни во 2017 година

Во 2017 година, како небезбедни од граничните премини на Република Македонија вратени се вкупно 16 пратки која не ги исполнувале условите за увоз поради различни причини.

***Табела 4.33:*** *Приказ на вратени пратки во 2017 година*

| Производ | Земја на потекло | Количина (кг/бр) | Причина |
|---|---|---|---|
| Замрзнато пилешко месо | Полска | 20.500 | Пратка со потекло од забранет регион |
| Замрзнато пилешко месо | Полска | 20.400 | Пратка со потекло од забранет регион |
| Замрзнато пилешко месо | Полска | 17.400 | Пратка со потекло од забранет регион |
| Подготовки од пилешко месо | Германија, Холандија | 6.000 | Пратка со потекло од забранет регион |
| Гулаби | Србија | 800 кг/2.600 броја | Пратка со потекло од забранет регион |
| Подготовки од пилешко месо | Словенија, Полска | 5.925 | Пратка со потекло од забранет регион |
| Пилешки МОМ | Италија | 21.600 | Пратка со потекло од забранет регион |
| Пилешко месо | Холандија | 9.500 | Пратка со потекло од забранет регион |
| Пилешко месо | Полска | 20.343 | Пратка со потекло од забранет регион |
| Пилешко месо | Полска | 20.590 | Пратка со потекло од забранет регион |
| Свинско месо | Полска | 21.280 | Пратка со потекло од забранет регион |
| Свинско месо | Шпанија | 21.217 | Пратка со потекло од нерегистриран објект |
| Овчи кожи | Италија | 21.100 | Комерцијална причина |
| Замрзнато пилешко месо | Италија | 5.000 | Пратка со потекло од забранет регион |
| Пилешко месо | Италија | 20.580 | Пратка со потекло од забранет регион |
| Пилешко месо | Полска | 20.560 | Пратка со потекло од забранет регион |

Во 2017 година**,** како небезбедни од граничните премини на Република Македонија уништени се вкупно 5 пратки која не ги исполнувале условите за увоз поради различни причини.

***Табела 4.34:*** *Приказ на уништени пратки во 2017 година*

| Производ | Земја на потекло | Количина | Причина |
|---|---|---|---|
| Пилешки гради | Бразил | 1.290 | Пратка со потекло од нерегистриран објект |
| Храна за кучиња | Белгија | 128 | Пратка без сертификат |
| Свежа риба | Грција | 150 | Пратка без соодветна документација |
| Сирење | Грција | 90 | Пратка без соодветна документација |
| Бутерин | Грција | 20 | Пратка без соодветна документација |

## IV.05 Одделение за државна инспекција на граничен премин за храна од неживотинско потеккло

**Основна цел на одделението за државна инспекција на граничен премин за храна од неживотинско потекло** е контролата на безбедноста на храната од неживотинско потекло и безбедноста на производите и материјалите кои доаѓаат во контакт со храна при увоз со цел  е да се обезбеди висок степен на безбедност на храна и прехранбени производи со што би се спречила дистрибуција на производи и болести на територијата на Македонија, кои се опасни по здравјето и животот на потрошувачите како и по животната средина.

Со официјални контроли на граничните премини, во целост се контролираше внесувањето во Република Македонија на храна и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната.

Во одделението работните задачи ги координира раководител на одделението (со овластување), а официјалните контроли и другите активности ги врши 10 инспектори за храна распоредени на 9 Гранични премини и едно влезно  инспексиско место-товарна.

### 3.1. Извршени активности при контрола на увозот

3.1.1. Контролирани пратки со храна **26.534**
3.1.2. Количина на контролирана храна (кг.) **530.757.704**
3.1.3. Контролирани пратки со производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната **10.444**
3.1.4. Количина на контролирани производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната (кг) **85.550.441**
3.1.5. Лабораториски испитани мостри при увоз **4.793**
3.1.6. Забранети пратки храна **14**
3.1.7. Количина на храна забранета за увоз (кг.) **199.971**
3.1.8. Забранети пратки со производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната **1**
3.1.9. Количина на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна забранети за увоз (кг.) **7.320**

## 3.2. Контрола на храна при увоз по гранични премини

***Табела 4.35:*** *Број на контролирани пратки и количина во килограми на храна од неживотинско потекло на граничните премини при увоз во Република Македонија во 2017 година*

| Граничен премин | Број на контролирани пратки храна | Количина (кг) |
|---|---|---|
| **Табановце** | 14087 | 278355929 |
| **Богородица** | 4877 | 122124432 |
| **Деве Баир** | 3339 | 16345099 |
| **Ќафасан** | 728 | 17823594 |
| **Меџитлија** | 283 | 13049516 |
| **Аеродром Скопје** | 370 | 19830 |
| **Ново Село** | 427 | 14396577 |
| **Блаце** | 1989 | 14383236 |
| **Делчево** | 325 | 9588011 |
| **Товарна** | 109 | 44671480 |
| **Вкупно** | **26.534** | **530757704** |

Од прикажаното во табелата може да се види дека најфреквентни се граничните премини Табановце (**14**.**087** пратки или **278.355.929** кг) и Богородица (**4.877** пратки или **122.124.432**кг).

### 3.2.1. Преглед на контролирани пратки храна при увоз по ГП

#### 2.2.1.1. Табановце

Како што може да се види од табелата, најголем број **14.087** пратки храна од неживотинско потекло во 2017 година биле контролирани на граничен премин Табановце. Од вкупната бројка контролирани пратки, **10.624** добиле дозвола за влез. За **3.457** била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање, а **6** пратки во количина од **99.167** кг биле забранети за увоз. Земени биле вкупно **3.827** мостри.

***Табела 4.36:*** *Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на контролирана храна од неживотинско потекло на граничен премин Табановце*

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| **Жита, пекарски производи и суровини за пекарство** | 2694 | 113939692 |
| **Масти и масла од растително потекло** | 1171 | 24035859 |

| | | |
|---|---|---|
| Адитиви за прехранбена индустрија | 836 | 5874433 |
| Какао производи, чоколади и бонбонски и крем. производи и суровини за производство | 2743 | 27308201 |
| Овошје, зеленчук и преработки | 1843 | 26893512 |
| Оцет | 47 | 633816 |
| Вино и алкохолни пијалоци | 218 | 1950348 |
| Пиво и безалкохолни пијалоци | 1417 | 28203245 |
| Минерални води | 599 | 13276987 |
| Сол | 95 | 2201698 |
| Кафе и чаеви | 621 | 3821223 |
| Детска храна и храна за доенчиња | 194 | 1266670 |
| Диететски производи и додатоци на храна | 532 | 833091 |
| Шеќер | 712 | 25368546 |
| Зачин и зачински смеши | 318 | 2454368 |
| Останато | 47 | 294240 |
| Вкупно | **14087** | **278355929** |

### 2.2.1.2. Богородица

Во текот на 2017 година на граничниот премин Богородица биле контролирани **4.877** пратки (**122.124.432** кг) храна од неживотинско потекло. Од вкупната бројка контролирани пратки **4.588** (**115.536.890** кг) добиле дозвола за влез. За **285** пратки (**6.547.822** кг) била издадена согласност за влез со складиштување поради лабораториско тестирање, а **4** пратки биле забранети за увоз во количина од **39.720** кг. Земени биле **285** мостри.

***Табела 4.37:*** *Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на контролирана храна од неживотинско потекло на граничен премин Богородица*

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| Жита, пекарски производи и суровини за пекарство | 309 | 4151563 |
| Масти и масла од растително потекло | 490 | 12408327 |
| Адитиви за прехранбена индустрија | 46 | 535935 |

| | | |
|---|---|---|
| **Какао производи, чоколади и бонбонски и крем.производи и суровини за производство** | 357 | 4196813 |
| **Овошје, зеленчук и преработки** | 2682 | 63765279 |
| **Оцет** | 9 | 174695 |
| **Вино и алкохолни пијалоци** | 87 | 679112 |
| **Пиво и безалкохолни пијалоци** | 52 | 580641 |
| **Минерални води** | 22 | 905059 |
| **Сол** | 172 | 4402311 |
| **Кафе и чаеви** | 260 | 4974659 |
| **Детска храна и храна за доенчиња** | 0 | 0 |
| **Диететски производи и додатоци на храна** | 41 | 113826 |
| **Шеќер** | 305 | 25021592 |
| **Зачин и зачински смеши** | 31 | 207933 |
| **Останато** | 14 | 6687 |
| **Вкупно** | **4877** | **122124432** |

### 2.2.1.3. Деве Баир

На граничниот премин Деве Баир во 2017 година биле контролирани **3.339** пратки, односно **16.345.099** килограми храна од неживотинско потекло за кои добиле дозвола за влез. Од вкупната бројка контролирани пратки **3.330** (**15.951.419** кг) добиле дозвола за влез. За **9** пратки (**3.936.80** кг) била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање. Земени биле **9** мостри.

***Табела 4.38:*** *Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на контролирана храна од неживотинско потекло на граничен премин Деве Баир*

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| **Жита, пекарски производи и суровини за пекарство** | 802 | 339902 |
| **Масти и масла од растително потекло** | 126 | 989309 |
| **Адитиви за прехранбена индустрија** | 378 | 1037607 |
| **Какао производи, чоколади и бонбонски и крем. производи и суровини за производство** | 258 | 672896 |
| **Овошје, зеленчук и преработки** | 489 | 4078229 |
| **Оцет** | 5 | 52658 |

| | | |
|---|---|---|
| **Вино и алкохолни пијалоци** | 75 | 404846 |
| **Пиво и безалкохолни пијалоци** | 211 | 2519856 |
| **Минерални води** | 7 | 98450 |
| **Сол** | 9 | 31483 |
| **Кафе и чаеви** | 130 | 143613 |
| **Детска храна и храна за доенчиња** | 7 | 69542 |
| **Диететски производи и додатоци на храна** | 88 | 36788 |
| **Шеќер** | 191 | 1983224 |
| **Зачин и зачински смеши** | 128 | 156540 |
| **Останато** | 435 | 672156 |
| **Вкупно** | **3339** | **16345099** |

### 2.2.1.4. Ќафасан

На граничниот премин Ќафасан во 2017 година биле контролирани **728** пратки, односно **17.823.594** килограми храна од неживотинско потекло. Од вкупната бројка контролирани пратки **562** (**13.353.180** кг) добиле дозвола за влез. За **166** пратки (**4.470.414** кг) била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање. Земени биле **180** мостри.

***Табела 4.39:*** *Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на контролирана храна од неживотинско потекло на граничен премин Ќафасан*

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| **Жита, пекарски производи и суровини за пекарство** | 148 | 3216659 |
| **Масти и масла од растително потекло** | 32 | 362373 |
| **Адитиви за прехранбена индустрија** | 12 | 203583 |
| **Какао производи, чоколади и бонбонски и крем. производи и суровини за производство** | 47 | 354752 |
| **Овошје, зеленчук и преработки** | 311 | 11516043 |
| **Оцет** | 7 | 101825 |

| | | |
|---|---|---|
| **Вино и алкохолни пијалоци** | 5 | 12521 |
| **Пиво и безалкохолни пијалоци** | 45 | 819799 |
| **Минерална вода** | 37 | 591930 |
| **Сол** | 3 | 74000 |
| **Кафе и чаеви** | 64 | 326373 |
| **Детска храна и храна за доенчиња** | 1 | 106 |
| **Диететски производи и додатоци на храна** | 3 | 433 |
| **Шеќер** | 8 | 218000 |
| **Зачин и зачински смеши** | 5 | 25197 |
| **Останато** | | |
| **Вкупно** | **728** | **17823594** |

### 2.2.1.5. Блаце

На граничниот премин Блаце во 2017 година биле контролирани **1989** пратки, односно **14.383.236** килограми храна од неживотинско потекло. Од вкупната бројка контролирани пратки **1.795** (**12.192.411** кг) добиле дозвола за влез. За **191** пратки (**2.148.531** кг) била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање, а **3** пратки со количина од **42.294** кг биле забранети за увоз во Р. Македонија. Земени биле **200** мостри.

***Табела 4.40:*** *Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на контролирана храна од неживотинско потекло на граничен премин Блаце*

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| **Жита, пекарски производи и суровини за пекарство** | 131 | 199045 |
| **Масти и масла од растително потекло** | 6 | 72614 |
| **Адитиви за прехранбена индустрија** | 3 | 15223 |
| **Какао производи, чоколади и бонбонски и крем. производи и суровини за производство** | 34 | 99707 |
| **Овошје, зеленчук и преработки** | 1445 | 9316505 |

| | | |
|---|---|---|
| **Оцет** | 12 | 57653 |
| **Вино и алкохолни пијалоци** | 9 | 31370 |
| **Пиво и безалкохолни пијалоци** | 215 | 3653398 |
| **Минерална вода** | 28 | 381375 |
| **Сол** | 0 | 0 |
| **Кафе и чаеви** | 31 | 362199 |
| **Детска храна и храна за доенчиња** | 0 | 0 |
| **Диететски производи и додатоци на храна** | 0 | 0 |
| **Шеќер** | 12 | 26178 |
| **Зачин и зачински смеши** | 11 | 162662 |
| **Останато** | 52 | 5307 |
| **Вкупно** | **1989** | **14383236** |

### 2.2.1.6. Меџитлија, Аеродром, Ново Село, Делчево, Товарна

На граничните премини Меџитлија, Аеродром, Ново Село, Делчево и Товарна во 2017 година биле контролирани **1.514** пратки со храна од неживотинско потекло во количина од **81.725.414** кг. Од нив **1.381** пратки (**62.642.196 кг**) добиле дозвола за влез. За **132** пратки (**19.064.428 кг**) била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање, а **1** пратка со количина од **18.790** кг биле забранети за увоз во Р. Македонија. Земени биле **133** мостри.

***Табела 4.41:*** *Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на контролирана храна од неживотинско потекло на граничен премин Меџитлија, Аеродром, Ново Село, Делчево и Товарна*

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| **Жита, пекарски производи и суровини за пекарство** | 258 | 14070455 |
| **Масти и масла од растително потекло** | 210 | 11240392 |
| **Адитиви за прехранбена индустрија** | 135 | 128294 |
| **Какао производи, чоколади и бонбонски и крем. производи и суровини за производство** | 107 | 9714799 |

| | | |
|---|---|---|
| **Овошје, зеленчук и преработки** | 334 | 4836307 |
| **Оцет** | 15 | 52449 |
| **Вино и алкохолни пијалоци** | 1 | 864 |
| **Пиво и безалкохолни пијалоци** | 18 | 412766 |
| **Минерални води** | 9 | 285953 |
| **Сол** | 14 | 3093284 |
| **Кафе и чаеви** | 17 | 149921 |
| **Детска храна и храна за доенчиња** | 3 | 4859 |
| **Диететски производи и додатоци на храна** | 105 | 10780 |
| **Шеќер** | 111 | 34285591 |
| **Зачин и зачински смеши** | 47 | 182776 |
| **Останато** | 130 | 3255924 |
| **Вкупно** | **1514** | **81725414** |

## 2.3. Контрола на производи и материјали при увоз по гранични премини

***Табела 4.42:*** *Број на контролирани пратки и количина во килограми на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна на граничните премини при увоз во Република Македонија во 2017година*

| Граничен премин | Број на контролирани пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна | Количина (кг) |
|---|---|---|
| **Табановце** | 5948 | 49306635 |
| **Богородица** | 1815 | 8100958 |
| **Деве Баир** | 1196 | 16177437 |
| **Ќафасан** | 60 | 276894 |
| **Меџитлија** | 129 | 583428 |
| **Аеродром Скопје** | 130 | 2997 |
| **Ново Село** | 686 | 8883914 |
| **Блаце** | 223 | 130471 |
| **Делчево** | 212 | 1909320 |
| **Товарна** | 45 | 178387 |
| **Вкупно** | **10444** | **85550441** |

Од прикажаното во табелата може да се види дека најфреквентни се граничните премини Табановце (**5.948** пратки или **49.306.635** кг) и Богородица (**1.815** пратки или **8.100.958** кг). Следуваат граничните премини Деве Баир со **1.196** пратки или **16.177.437** кг и Ново Село со **686** пратки или **8.883.914** кг. На останатите гранични премини за влез во Република Македонија во 2017 година биле контролирани вкупно **799** пратки.

### 2.3.1. Преглед на контролирани пратки производи и материјали по ГП

#### 2.3.1.1. Табановце

Како што може да се види од табелата, најголем број на пратки и тоа **5.948** со количина од **49.306.635** кг производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна во 2017 година биле контролирани на граничен премин Табановце. Од вкупната бројка контролирани пратки **5.871** или **48.086.051** кг добиле дозвола за влез. За **77** пратки биле издадени согласност за влез со складиштување поради лабораториско тестирање. Земени биле вкупно **77** мостра. Во однос на видот и количината на контролирани пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна се издвојуваат материјалите и производите од стакло, порцелан и керамика со **1.737** пратки со **28.145.085** кг.

***Табела 4.43:*** *Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна на граничен премин Табановце*

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| **Метални садови и прибор** | 893 | 2741560 |
| **Машини и апарати за производство на храна** | 1102 | 3479701 |
| **Материјали и производи од дрво** | 370 | 5607641 |
| **Материјали и производи од стакло, порцелан и керамика** | 1737 | 28145085 |
| **Материјали, производи и садови од вештачки маси** | 1206 | 5646544 |
| **Материјали и производи од хартија, гума и текстил** | 639 | 3676104 |
| **Специфични течни детергенти и дезинфициенси за производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната** | 1 | 10000 |
| **Останато** | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **5948** | **49306635** |

### 2.3.1.2. Богородица

Во текот на 2017 година на граничниот премин Богородица биле контролирани **1.815** пратки, односно **8.100.958** кг производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната. Од вкупната бројка контролирани пратки **1.767** со **8.100.958** килограми добиле дозвола за влез. За **48** пратки била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање. Биле земени вкупно **48** мостри.

Во однос на видот и количината на контролирани пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна се издвојуваат материјали, производи и садови од вештачки маси со **674** пратки или **2.021.322** кг.

***Табела 4.44:*** *Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна на граничен премин Богородица*

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| **Метални садови и прибор** | 412 | 2080686 |
| **Машини и апарати за производство на храна** | 189 | 319432 |
| **Материјали и производи од дрво** | 23 | 27663 |
| **Материјали и производи од стакло, порцелан и керамика** | 388 | 2935288 |
| **Материјали, производи и садови од вештачки маси** | 674 | 2021322 |
| **Материјали и производи од хартија, гума и текстил** | 129 | 716567 |
| **Специфични течни детергенти и дезинфициенси за производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната** | 0 | 0 |
| **Останато** | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **1815** | **8100958** |

### 2.3.1.3. Деве Баир

На граничниот премин Деве Баир во 2017 година биле контролирани **1.196** пратки, односно **16.177.437** килограми производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната.

Во однос на видот и количината на увезени производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна, на граничниот премин Деве Баир како и на Табановце се издвојуваат материјалите и производите од стакло, порцелан и керамика со увезени **537** пратки (**7.266.017** кг).

***Табела 4.45:*** *Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна на граничен премин Деве Баир*

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| **Метални садови и прибор** | 175 | 211231 |
| **Машини и апарати за производство на храна** | 71 | 82037 |
| **Материјали и производи од дрво** | 163 | 7490212 |
| **Материјали и производи од стакло, порцелан и керамика** | 537 | 7266017 |
| **Материјали, производи и садови од вештачки маси** | 230 | 995251 |
| **Материјали и производи од хартија, гума и текстил** | 19 | 110295 |
| **Специфични течни детергенти и дезинфициенси за производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната** | 0 | 0 |
| **Останато** | 1 | 22394 |
| **Вкупно** | **1196** | **16177437** |

### 2.3.1.4. Ново Село

На граничниот премин Ново Село во 2017 година биле контролирани **686** пратки, односно **8.883.914** килограми производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна. Од вкупната бројка контролирани пратки **674** (**8.791.732** кг) добиле дозвола за влез. За **12** пратки (**92.182** кг) била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање. Биле земени **12** мостри.

Во однос на видот на контролирана пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна се издвојуваат материјалите и производите од стакло, порцелан и керамика со контролирани **286** пратки (**5.361.486** кг).

***Табела 4.46:*** *Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна на граничен премин Ново Село*

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| Метални садови и прибор | 69 | 405389 |
| Машини и апарати за производство на храна | 20 | 25307 |
| Материјали и производи од дрво | 3 | 2508 |
| Материјали и производи од стакло, порцелан и керамика | 286 | 5361486 |
| Материјали, производи и садови од вештачки маси | 219 | 2112272 |
| Материјали и производи од хартија, гума и текстил | 89 | 976952 |
| Специфични течни детергенти и дезинфициенси за производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната | 0 | 0 |
| Останато | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **686** | **8883914** |

### 2.3.1.5. Меџитлија, Аеродром, Ќафасан, Блаце, Делчево, Товарна

На граничните премини Меџитлија, Аеродром, Ќафасан, Блаце, Делчево и Товарна во 2017 година биле увезени **576** пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна. Од нив **555** пратки добиле дозвола за влез. За **21** пратка била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање. Биле земени **21** мостра. Што се однесува до видот и количината на контролирана пратки, со **1.480.594** кг се издвојуваат материјалите, производите и садовите од вештачки маси материјалите а потоа следуваат производите од стакло, порцелан и керамика со **949.538** кг.

***Табела 4.47:*** *Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна на граничен премин Меџитлија, Аеродром, Ќафасан, Блаце, Делчево и Товарна*

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **Метални садови и прибор** | 142 | 272902 |
| **Машини и апарати за производство на храна** | 86 | 161883 |
| **Материјали и производи од дрво** | 9 | 995 |
| **Материјали и производи од стакло, порцелан и керамика** | 96 | 949538 |
| **Материјали, производи и садови од вештачки маси** | 220 | 1480594 |
| **Материјали и производи од хартија, гума и текстил** | 21 | 67147 |
| **Специфични течни детергенти и дезинфициенси за производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната** | 0 | 0 |
| **Останато** | 2 | 17967 |
| **Вкупно** | **576** | **2951026** |

## IV.06 Одделението за меѓународна трговија и сертификација

Во рамките на Секторот за инспекциски надзор, во Одделението за меѓународна трговија и сертификација, секојдневно се врши комуникација на меѓународно ниво со соодветните надлежни органи за утврдување и усогласување на условите за увоз и извоз на живи животни, производи од животинско потекло и храна за исхрана на домашни животни и миленици.

Во Одделението за меѓународна трговија и сертификација се врши и усогласување, односно изработка на ветеринарно-здравствени сертификати за увоз во Република Македонија на живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и здравствени сертификати за увоз на нус производи и храна за исхрана на животни. Покрај увозната сертификација, се изработуваат и извозните ветеринарно здравствени сертификати за земјите на Европската Унија и други трети земји, со кои Република Македонија има соработка во делот на нејзините надлежности.

Во текот на 2017 година во Одделението за меѓународна трговија и сертификација изработени се вкупно 38 извозни модели на ветеринарно здравствени сертификти наменети за извоз надвор од Република Македонија, на живи животни, производи од животинско потекло, аквакултура и нуспроизводи

Моделите на ветеринарно-здравствените сертификати наменети за увоз во Република Македонија, се пропишуваат во подзаконските акти и се во согласност со европското законодавство. Во рамките на Одделението за меѓународна трговија и сертификација се врши коресподенција со надлежните органи, амбасадите и дипломатските претставништва на земјите извознички со цел усогласување на условите за увоз и ветеринарно-здравствените сертификати во смисла на поедноставување на постапките и олеснување на трговијата.

Вкупно 2.350 сертификати за извоз на производи од животинско потекло се изготвени и последователно предадени на официјалните ветеринари за понатамошно издавање во 2017 година

Во Одделението за ветеринарна инспекција на граничен премин и Одделението за државна ветеринарна инспекција на граничен премин, во 2017 година, изработени се вкупно 188 Решенија за дозвола на привремен или траен увоз на живи животни како одговор на поднесени барање од странки.

***Табела 4.48**: Број на издадени решенија за увоз на живи животни во 2017 година*

| Траен увоз | |
|---|---|
| **Вид на животно** | **Број на решенија** |
| Бумбари | 11 |
| Кози | 1 |
| Инсекти | 7 |
| Живи риби и аквакултура | 32 |
| Коњи | 2 |
| Диви животни за отстрел | 9 |
| Свињи | 9 |
| Аквариумски желки | 4 |
| Живина | 67 |
| Говеда | 6 |
| Лабораториски мостри | 1 |
| **Привремен увоз** | |
| Коњи | 7 |
| Кучиња | 13 |
| Гулаби | 19 |
| **ВКУПНО** | **188** |

Во тек на 2017 година, за потребите на Агенцијата за храна и ветеринарство, изработени се 61 извештај за увоз и транзит на живи животни, производи од животинско потекло за исхрана на луѓе и храна за исхрана на домашни животни и миленици.

За потребите на Агенцијата за храна и ветеринарство, во 2017 година изработен беше и Годишниот извештај за работата на Одделението за меѓународна трговија и сертификација за 2017 година.

Како одговор на прашања поднесени од страна на новинари на пишани и електронски медиуми, во 2017 година изработени беа вкупно 15 извештаи со бараните информации. Вкупно 12 дописи се изработени и испратени до странки или други институции во Република Македонија или странство како одговори на барања или барања согласно потребите на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Со оглед на тоа огромниот број на е-мејл комуникации и телефонски повици за информации поврзани со изработката и издавањето на увозни или извозни сертификати, услови потребни за увоз и извоз на живи животни и производи од животинско потекло, Решенија за дозволување на увоз и Решенија за забрана на увоз, кои секојдневно пристигнуваат до Агенцијата за храна и ветеринарство, одговорите на сите пристигнати прашања се распределени помеѓу сите вработени во истите со цел навремено и ефикасно одговарање.

**ЦЕФТА**

Реализирани активности врзани со членството на Република Македонија во ЦЕФТА во 2017 година:

- Учество на Поткомитет за земјоделство и работни состаноци на ЦЕФТА во Тирана ;
- Ажурирање на СПС база на ЦЕФТА и податоците за порталот;
- Размена на гаранции и за извозни /увозни објекти со надлежните служби на земјите членки на ЦЕФТА ;
- Формирање на експертска група за интеграција со TRACES системот.

Присуство на состаноци согласно Регионалниот Дополнителен протокол 5 за олеснување на трговијата, во рамки на ЦЕФТА 2006 Договорот, со одвивање на активности помеѓу земјите и внатре институционално, кои ќе се одвиваат до 2020 година.

## V. СЕКТОР ЗА ЕУ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во насока на оствaрување на поставените цели на еден од стратешките приоритети на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ), процесот на евро-интеграции, а во функција на хармонизација на националното законодавството со законодавството на ЕУ како и програмирање и имплементација на проекти финансирани од Европската унија, во текот на 2017 година, Секторот за ЕУ и меѓународна соработка ги спроведе следниве активности и постигна долунаведените резултати:

## I. ПРОЦЕС НА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ И ПРЕГОВОРИ

1. Следење степенот на реализација на активностите предвидени со НПАА ревизија 2017 - Поглавје 12-Безбедност на храна. ветеринарна и фитосанитарна политика

За потребите за информирање на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија постигнат во евроинтгеграцискиот процес, за Поглавјето 12, од страна на ВРМ-СЕП побарани се **вкупно 7 месечни извештаи**, и од страна на АХВ доставени се вкупно 7 месечни извештаи (англиска верзија).

Агенцијата за храна ветеринарство како координатор за Поглавјето 12 - Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, во предвидениот рок, изготви детална и сеопфатна информација за статусот на реализација на активностите од Поглавјето 12, за првиот, вториот односно третиот квартал од 2017 со Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија–НПАА ревизија 2017. Со Информацијата беа опфатени и други активности индиректно поврзани со евроинтгерацискиот процес што не се земени предвид со НПАА ревизија 2017. Одговорот беше доставен во предвидениот рок (07.09.2017). За разлика од претходните години, кога се подготвуваше информација за секој квартал одделно, оваа година беше подготвена квартална информација за вкупно три (прв-трет квартал од 2017) и тоа на почетокот на септември 2017 заради усвојувањето на НПАА ревизија 2017 наместо во јануари кон крајот на јули 2017 (16-та Седница на Владата на Република Македонија, одржана на 25.07.2017). Еден од заклучоците од горенаведената Седница на ВРМ, се однесува на подготовка на Квартална Информација.

Согласно заклучокот произлезен од 37–та седница на Работниот комитет за Европски Интеграции, при Владата на Република Македонија одржана на 29.11.2017 година (електронско известување од СЕП, 27.12.2017), започната е подготовка на Квартална Информација за завршени активности во текот на септември, октомври, ноември и декември 2017 година.
Рокот за достава на информацијата е 03.01.2018 и истиот беше испочитуван.
Во насока на непречена и успешна реализација на активностите, како и изнаоѓање на најсоодветни решенија за отворени прашања поврзани со евроинтеграциите во рамки на Поглавејто 12, претставници од Агенцијата за храна и ветеринарство - Секторот за ЕУ и меѓународна соработка земаа активно учество на седниците на Поткомитетот на Работниот Комитет за евроинтеграции (ПРКЕИ).

2. Одржување на XIII состанок на Покотмитетот за земјоделство и рибарство

а.) Остварени резултати пред состанокот
Доставени се материјалите за Тринаесеттиот Поткомитет за земјоделство и рибарство, меѓу Република Македонија и Европската унија, што се одржа на 25ти Април 2017 година, во Брисел.

Во предвидениот рок дадено е мислење од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство, за Информација за Владата на Република Македонија за подготовка за XIII состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство подготвена од страна на Секретаријатот за Европски прашања Во Информацијата беа содржани препораките на Европската Комисија од Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2016, како и предлог ставови со кои треба да настапи делегацијата на РМ на претстојниот состанок.

б.) Остварени резултати во текот на состанокот
Успешно е завршен уште еден циклус на активности поврзани со тринаесети Поткомитетот за земјоделство и рибарство помеѓу Република Македонија и Европската Унија во рамки на Комитетот за стабилизација и асоцијација, што се одржа на 25 април 2017 година во Брисел.
Од страна на Европската Комисија беше поздравен понатамошниот напредок во делот на безбедноста на храната и ветеринарната политика.
Од страна на Европската Комисија беше истакнато дека Поглавјето 12 (Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика), е поглавје кое е најобемно и за кое се потребни многу големи напори. Имено, во рамките на ова Поглавје има околу 6000 правни акти, на ниво на ЕУ. Воедно, оваа област е област во која законодавството постојано се менува и надополнува.
Од страна на македонските надлежни органи, беше дадено уверување дека ќе се продолжи со работа, во насока на целосно усогласување со европските стандарди во делот на политиките за безбедност на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика.

в.) Остварени резултати по одржување на состанокот
Владата на Република Македонија на својата Триесет и четврта седница, одржана на 31.10.2017 ја усвои Информацијата за одржан XIII состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство помеѓу Европската Унија и Република Македонија.
Агенцијата за храна и ветеринарство, по одржување на состанокот на 13-тиот Поткомитет за земјоделство и рибарство, е задолжена со обврски произлезени од заклучоците на горенаведената седница на Владата на Република Македонија и тоа:

- Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство, преку Секретаријатот за европски прашања, да достави до Европска Комисија, податоци за извршени проверки на функционалноста на системот за идентификација и регистрација на животните, најдоцна до март 2018 година; и
- Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство, преку Секретаријатот за европски прашања, да достави до Европска Комисија, податоци за Регистар на одгледувалишта со молзни грла на говеда кои стават млеко на пазарот на различни категории на молзни фарми со повеќе од пет животни, најдоцна до март 2018 година.
- Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство, преку Секретаријатот за Европски прашања да побара од Европската комисија да се произнесе за можноста за донирање на Република Македонија на количините на вакцини против болеста "Јазлеста кожа кај говедата" (*чвореста кожа кај говедата*) кои се наоѓаат во депоата на земјите членки на Европската Унија.

  Реализацијата на горенаведените заклучоци е во тек (рок март 2018).

<u>3. Информирање на Европската комисија за напредокот на РМ за Поглавјето 12</u>
Во насока на прикажување за оставрениот напредок во изманатите дванаесет месеци, разлика од претходните години кога надлежните институции на Република Македонија преку ВРМ – СЕП го доставуваше документот Придонес кон Извешптајот на Европската Комисија чии податоци преставуваат алатка за оценување односно мерење на постигнатиот напредок, во октомври 2017

година за прв пат од страна на Европската Комисија беше побарано (да се доставаат концизни и сеопфатни одговори) да одговорат на нејзиниот Прашалник со што ќе даде јасна слика за подготвеноста за членство на Република Македонија во Европската унија.
Посебен фокус беше ставен на проверка на системите, степен на зајакнување на капацитетите, % на усогласеност со корпусот на Европското законодавство.
Поинаков пристап се должи на најавата за нов концепт кој Европската Комисија ќе започне да го применува од 2018 година, што е пак резултат на новиот пакет за проширување на Европската унија планиран да се усвои во април 2018 година.

Нови детални насоки од страна на Европската Комисија се очекуваат дополнително во текот на 2018 година.

4. Ревизија на НПАА за 2018 година
За разлика од претходниот период, ревизијата на НПАА за прв пат ќе се подготвува/програмира во првата половина на 2018 година (со голема веројатност во период април/мај), наместо во последното тримесечје на 2017 година. Ова се должи на примената на нов пристап на Европската Комисија во врска со објавата на Годишниот Извештај на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија во процесот за членство во Европската Унија. Секоја една ревизија на НПАА вусшност е одговор на наодите содржани во последниот објавен Извештај на ЕК за напредокот на РМ постигнат во процесот за членство во ЕУ.
Објавениот Извештај е главен предуслов за да се започне со подготовка т.е. програмирање на наредната ревизија на НПАА.

## II. СЛЕДЕЊЕ НА ЕУ ЗАКОНОДАВСТВОТО И НЕГОВА ТРАНСПОЗИЦИЈА ВО НАЦИОНАЛНИ ПРОПИСИ

Агенцијата за храна и ветеринарство како носител на политиката за безбедност на храната и ветеринарството во Република Македонија, извршува активности поврзани со преземањето на европското законодавство во националното законодавство.

Следење на промените во европското законодавство во однос на безбедноста на храната и ветеринарната политика се спроведуваше континуирано, со следење на објавувањето на нови ЕУ мерки, нивна измена, дополнувања и исправки на постоечките ЕУ мерки од областа на безбедноста на храната и ветеринарната политика. Редовно се известуваа и проследуваа објавените ЕУ мерки до релевантните сектори и одделенија во Агенцијата за храна и ветеринарство. Се изготви квартален и вкупен извештај за објавените ЕУ мерки во 2017 година, со цел да се обезбеди сеопфатен увид во новонастанатите промени во европското законодавство, како и да се земат во предвид новите/изменетите ЕУ мерки, дополнувањата и исправките на релевантните ЕУ мерки, во националните прописи во кои се преземени релевантните ЕУ мерки. Кварталниот и вкупниот извештај за објавените ЕУ мерки се користи при подготовката на ревизијата на НПАА за 2018 година - Поглавје 12.

а) Објавените прописи во 2017 година, во кои се врши транспозиција на ЕУ законодавството, како и објавени други прописи, дадени се во **Прилог** на овој извештај:

Информирање на јавноста и на засегнатите страни за донесување на нови прописи
Во процесот на изработка и усвојување на прописите континуирано се спроведе известување на јавноста и на другите засегнати страни, со писмено известување и со прикачување на нацрт и

предлог законите, кои се во надлежност на Агенцијата за храна и ветеринарство, на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Македонија (ЕНЕР) каде што се достапни на увид и коментари од јавноста и другите засегнати страни.
Новите прописи донесени од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство (објавени во Службен весник на РМ, како и внатрешни прописи) редовно се објавија на официјалната веб страна на АХВ
(http://www.fva.gov.mk/index.php?option=com_jdownloads&view=viewcategories&Itemid=182&lang=mk).

Соработка со останатите сектори во рамките на АХВ
При изработката на Законите и подзаконските акти се оствари непосредна соработка со другите сектори и одделенија во Агенцијата за храна и ветеринарство, преку давање мислења и забелешки, како и сугестии и вршење на корекции на прописи, помагање во подобрување на текстот и содржината прописите, а со цел да се постигне потполна усогласеност со законодавството на ЕУ, а во корелација со националното законодавство. Обезбедена е поддршка во изработката на кореспондентни табели и Изјави за усогласеност на национални прописи со законодавството на ЕУ, како и поддршка во подготовка и изработка на национални прописи кои не се предмет на усогласување со ЕУ мерки. Во процесот на донесување на прописи од областа на безбедноста на храната и ветеринарната политика се оствари секојдневна соработка со Секретаријатот за законодавство.

Е-влада
Континиурано се спроведувани активности поврзани со Е влада. Прикачување на Е-влада на Информации, Правилници и други документи кои се доставуваат до Владата на Република Македонија, барање за мислења од други институции, пополнување, враќање во подготовка, измени на вратени материјали, проследување на документите до надлежните сектори за понатамошно одобрување кај прв и втор конечен одобрувач, како и други секојдневни активности на порталот Е-влада поврзани со материјалите кои се доставуваат до Владата на Република Македонија.

Редовно ажурирање на база на ЕУ мерки и национални законски и подзаконски прописи
Континуирано се спроведуваше ажурирање и соодветно менување податоците во базата на ЕУ мерки и национални законски и подзаконски прописи.

## III. ИПА (IPA-INSTRUMENT FOR PRE ACCESSION)

Основните функции на ИПА работната група се програмирање на проекти, целосна одговорност во техничката имплементација и спроведување на мониторинг на активностите од проектните задачи.
Во текот на 2017 година спроведени се активности кои произлегуваа од следните Проектни Фишеа (ПФ):

ИПА/ТАИБ Национална програма - 2012

А) Договорот за набавка "Набавка на вакцини против беснило", Бр. 12-5102/1, тековно се имплементира во Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ). Договорот, како дел од Националната програма за Република Македонија во рамките на ИПА инструментот, Компонента 1, за 2012 година, се спроведува од страна на компанијата Bioveta a.s., Р. Чешка. Истиот е потпишан на 02.07.2015 година со времетраење од 23 месеци, односно опфаќа

спроведување на 4 вакцинални кампањи против беснило: есенска вакцинална кампања 2015 година, пролетна и есенска вакцинална кампања 2016 година и пролетна вакцинална кампања 2017 година.

Целта на проектот е контрола и искоренување на болеста беснило во Република Македонија по пат на орална вакцинација на дивите лисици против оваа смртоносна зооноза. Согласно целта и обврските кои произлегуваат со потпишувањето на споменатиот договор, договорната страна – компанијата Bioveta a.s., во 2017 година успешно ја реализира пролетната вакцинална кампања со дистрибуција на предвидените 500.000 вакцинални мамки по воздушен пат на целата територија на РМ, според претходно утврдените воздушни патеки на летање.

Б) Твининг Проектното Фише "Понатамошно зајакнување на контролните системи на надлежните органи задолжени за здравјето на луѓето, животните и растенијата", МК12IBAG01, е потпишан со Италијанскиот твининг партнер и со негова реализација се започна во јануари 2017 година. Основна цел на проектот е зајакнување на капацитетите на надлежните органи за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика за имплементација на EU Acquis.
Спроведувањето на овој договор се одвива според изготвениот и потпишан Работен план од страна на твининг партнерите, т.е АХВ и Министерството за земјоделство на Р.Италија, а ИПА структурата во АХВ ги спроведе следните активности:

- Мониторинг на сите активности, извештаи и експертски мисии (СПО, МО) за текот на имплементација на проектот;
- Одобрување на извештаи изготвени од проектот, изработка на извештаи, контролни листи за текот на имплементацијата на проектот и известување за евентуални утврдени недоследности;
- Верификација на трошоци, потврда на фактури за извршените услуги (СПО);
- Подготвени и прегледани 3 квартални извештаи и 4 оперативни придружни писма од твининг проектот (МО, СПО);
- Подготвени и прегледани 4 придружни писма од твининг проектот (МО, СПО).

В) Договорот за набавка "Набавка на опрема за официјални контроли за Агенцијата за храна и ветеринарство и опрема за Граничен премин Блаце и Табановце", EuropeAid/137598/IH/SUP/MK, е потпишан и тоа за 6 различни лота. Во текот на месец декември 2016 година се започна со достава на опремата која беше предмет на набавката, а истата активност продолжи и во тек на 2017 година и тоа за следните договори:

Лот 1: - набавка на опрема за спроведување на официјални контроли;
Лот 3 - набавка на заштитна облека за спроведување официјални контроли;
Лот 4 - набавка на ИТ опрема и мултифункциски уреди;
Лот 5 – набавка на возила;
Лот 6 – набавка на канцелариски мебел;
Лот 7 – набавка на GPS уреди за возила.

По однос на горенаведените договори ИПА структурата во АХВ ги спроведе следните активности:
- Мониторинг на сите активности поврзани со доставување на опремата (контроли на лице место, пополнување на контролни листи);
- Прегледување на целокупната документација, како и квантитативна проверка на опремата;
- Одобрување на сертификати за првично прифаќање на опремата;

-Дистрибуција и задолжување со соодветна опрема на надлежните лица во институцијата.

ИПА/ТАИБ Национална програма - 2015

Програмата ИПА/ТАИБ 2015 се имплементира централизирано т.е. договорен орган за предвидените договори е Делегација на ЕУ.
Агенцијата за храна и ветеринарство како институција корисник учествува во имплементацијата на следните договори:

А. Договор за изградба на објекти на Граничен Премин Блаце за потребите на ветеринарните и фитосанитарните инспекциски служби и Договор за надзор на истиот

Во насока на спроведување на активности за отпочнување на изградбата на објекти за ветеринарна и фитосанитарна контрола на ГП Блаце спроведени се следните активности:

- Испратена тендерска документација до Делегација на ЕУ, 13.02.2017;
- Испратена проектна задача за договорот за надзор до Делегација на ЕУ, 13.02.2017;
- Во април 2017 година се обезбеди одобрение за градба од страна на Министерството за транспорт и врски;
- 04 мај 2017 година по завршениот јавен повик за избор на најповолна понуда, склучен е договор за градба со градежната фирма Изградба-Комерс ДООЕЛ Скопје од РМ, а во рамки на истиот договор на - 22 март 2017 година склучен е договор за надзор со фирмата Planet S.A.-Greece;
- Доставени се 7 месечни извештаи за напредок и истите се прегледани (СПО, МО).

Б. Договор за набавка на вакцини против болеста беснило

Договорот е потпишан во јули 2017 година, а со него е предвидено да се реализираат 4 кампањи за орална вакцинација на дивите лисици. Во тек на 2017 година активностите беа во насока на:

- Реализирана е есенска кампања за орална вакцинација на лисиците против беснило при што дистрибуирани се 500.000 вакцинални мамки на целата територија на РМ.

По однос на есенската кампања ИПА структурата во АХВ ги спроведе следните активности:

- Мониторинг при набавка и складирање на вакцините (СПО, МО);
- Мониторинг при дистрибуција на вакцините (мамците) на претходно утврдено подрачје на РМ (СПО, МО);
- Изработка на контролни листи за текот на имплементацијата на проектот и известување за евентуални утврдени недоследности.

## IV. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И КОМУНИКАЦИЈА

Во делот на меѓународна соработка и комуникација за 2017 година спроведени се активности во следните области:

***Европска агенција за безбедност на храна (EFSA)***

Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија, во улога на национален координатор за EFSA во Република Македонија, во текот на 2017 година активно учествуваше во активностите на индвидуалните тематски работни групи организирани од страна на Европската агенција за безбедност на храна.

Дополнително, Агенцијата за храна и ветеринарство преку своите номинирани претставници активно се вклучи во работата на работните тела и мрежите на ЕФСА за проценка на ризик за

што на ниво на ЕФСА се формирани работни групи од различни тематски области: зоонози, хемиски контаминанти, резидуи од пестициди и ВМП, алиментарни интоксикации и антимикробна резистентност.

Целта на постоење на овие работни групи и мрежи е да се направи генерална база на податоци, не само на ниво на ЕУ, туку и да се вклучат и земјите кои имаат статус на кандидати за влез во ЕУ со цел да се добијат поверодостојни и подетални податоци во однос на сите претходно споменати тематски области.

Учеството во работните тела на Европската агенција за безбедност на храна придонесува во процесот на градење на капацитетите на надлежните органи во однос на проценка на ризик како и обезбедува можности за спроведување на заеднички проекти, меѓународна соработка во областа на проценката на ризик, воспоставување и функционирање на база на податоци во која се содржани националните институции кои се инволвирани во процесот на проценка на ризик во различни области.

Зајакнувањето и надградбата на професионалната соработка со Европската агенција за безбедност на храна, како и евентуално спроведување на заеднички проекти со земји членки на ЕУ и трети земји, ќе бидат еден од приоритетите на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија во наредниот период, а со цел да овозможат надградба на сопствените капацитети во интерес на заштита на здравјето на луѓето и здравствената заштита на животните.

Во текот на 2107 година продолжија и активностите во рамки на проектот „Поддршка за национални истражувања во исхраната во сообразност со методологијата на ЕУ Мени (шеста поддршка) – Истражувања кај деца“. Беа склучени договори за соработка со „Брима Галуп“ – Агенција задолжена имплементација на методологија за прибирање на податоци (data collection) односно анкетирање според разработена шема и план во период од четири годишни времиња, како и со компанијата „ DELTA ELECTRONIC d.d.o “ – со која е склучен договор за користење на софтвер и давање на софтверски услуги, развој и одржување на апликации и бази на податоци кои ќе бидат креирани во рамките на проектот.

Беа изготвени прашалници (анкети, на македонски и албански јазик), преведена е Книгата на порции, а изготвен е и Водич за спроведување на анкетите, како и за внесување на добиените податоци во софтверот. Отпочнати се подготовки за спроведување на пилот проектот, предвиден за почеток на 2018 година.

***Соработка со Codex Alimentarius***

Агенцијата за храна и ветеринарство, како контакт точка за Кодекс Алиментариус аплицираше на отворениот повик за поддршка од FAO/WHO Codex Trust Fund (Round 2). Апликацијата беше изготвена во соработка со повеќе институции вклучени во облста на безбедност на храната, помеѓу кои и Институт за Јавно здравје на Р.Македонија, Канцеларијата на СЗО во Р.Македонија, претставникот на FAO за Р.Македонија.

Проектот ќе биде насочен кон зајакнување на капацитетите за воспоставување на оперативна национална Кодекс структура, како и ефикасно вклучување на Република Македонија во Кодекс системот

***Соработка со Европската комисија***

Воспоставената соработка со надлежните тела на Европската комисија продолжи и во текот на 2017 година и во таа насока во периодот од 03 до 07 април 2017 година, Европската комисија спроведе евалуација на имплементацијата на контролите поврзани со здравствената заштита на животните во однос на болеста чвореста кожа.

Секторот за ЕУ и меѓународна соработка активно учествуваше во процесот на подготовка и спроведување и на мисијата, а воедно беше обезбеден превод на англиски јазик на сите релевантни документи.

Секторот за ЕУ и меѓународна соработка зема активно учество во коресподенцијата со Европската комисија и барањата за финансиска помош за набавување на вакцината против болеста чвореста кожа со цел спроведување масова вакцинација на сите животни од видот говеда на територијата на Република Македонија.

Во јануари 2017 Европската комисија ја усвои Регулативата број 2017/151, со која се врши измена на прилогот 1 од Регулативата број 798/2008, кој се однесува на земјите од кои може да се увезат и транзитираат живина и живинско месо во Европската унија, како и услови кои се однесуваат на ветеринарно здравствениот сертификат, кој треба да ја следи праткатa. Со усвојувањето на регулативата, Република Македонија е земја каде се обезбедени сите услови и која може да извезува/транзитира месо од живина во/на територијата на Европската унија.

На 07.03.2017 год. објавена во Службен весник на Европската унија, регулативата 2017/384 од 2 март 2017 Европската комисија ја вклучи Република Македонија во листата за земји од кои е дозволен извоз/транзит на свежо говедско месо во ЕУ. Производи од говедско месо од Република Македонија се дозволени за извоз во ЕУ согласно Одлуката на ЕК број 777/2007 од 29.11.2007.

Агенцијата за храна и ветеринарство согласно своите надлежностите и во врска со поднесените барања од операторите со говедско месо за ставање на нивните објекти на листа на објекти од трети земји одобрени за извоз во ЕУ спроведе аудит кај истите. За објектите во кои е утврдено дека во потполност ги исполнуваат техничко-технолошките и ветеринарно-санитарните барања за безбедност на храната, Агенцијата за храна и ветеринарство до Директоратот за аудит и анализа за здравје и храна при ЕК достави барање нивно ставање на листа на објекти од трети земји одобрени за извоз на свежо говедско месо, мелено месо и производи од говедско месо (во соодветните секции) во земјите членки на Европската унија.

На 16.06.2017 година со Имплементирачката Одлука на Комисијата од 16 јуни 2017 година број 2017/1089 (COMMISSION IMPLEMENTING DECISION (EU) 2017/1089 Text with EEA relevance of 16 June 2017) Репбулика Македонија е ставена на листа на трети земји од кои е дозволен увоз во Европската унија на производи од риба наменети за исхрана на луѓе.

Агенцијата за храна и ветеринарство согласно своите надлежностите и во врска со поднесените барања од операторите со производи од риба за ставање на нивните објекти на листа на објекти од трети земји одобрени за извоз во ЕУ спроведе аудит кај истите. За објектите во кои е утврдено дека во потполност ги исполнуваат техничко-технолошките и ветеринарно-санитарните барања за безбедност на храната, Агенцијата за храна и ветеринарство до Директоратот за аудит и анализа за здравје и храна при ЕК достави барање нивно ставање на листа на објекти од трети земји одобрени за извоз на производи од риба во земјите членки на Европската унија.

***Соработка со трети земји***

Секторот за ЕУ и меѓународна соработка во името на Агенцијата за храна и ветеринарство и во доменот на своите надлежности, е задолжен за коресподенцијата со релевантните институции на други држави. Во таа насока, во 2017 година Секторот за ЕУ и меѓународна соработка зема активно учество во следните активности:

## Соработка со Израел

Во 2013 година, на заедничка иницијатива на бизнис заедниците и надлежните органи на Република Македонија и Република Израел, Агенцијата за храна и ветеринарство пополни и достави Прашалник до Министерството за земјоделство на Израел со цел да се направи евалуација на капацитетите на надлежниот орган, здравствената заштита на животните и јавното здравство во Република Македонија и да се отпочне постапката за склучување договор за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната.

По добиени коментари и забелешки од страна на Министерството за земјоделство на Израел, Агенцијата за храна и ветеринарство ги направи потребните измени во Прашалникот и повторно го достави на разгледување до израелската страна. По второто доставување на Прашалникот, Агенцијата за храна и ветеринарство не доби повратен одговор во однос на текстот од Прашалникот.

Агенцијата за храна и ветеринарство во 2017 година презема активности за обновување на иницијативата за соработка со Министерството за земјоделство на Израел. За таа цел, преку Директоратот за економска дипломатија при Министерството за надворешни работи на Република Македонија проследува ажурираната верзија на Прашалникот до Министерството за земјоделство на Израел. Постапката е во тек.

## Соработка со Турција

Во 2017 година продолжуваат контактите и активностите на Агенцијата за храна и ветеринарство во насока на финализирање на процесот на усогласување на нацрт текст на *Договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната*.

## Соработка со Република Косово

Во насока на поддршка на бизнис заедниците од двете држави и олеснување на процесот на трговија со храна, храна за животни и живи животни, Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија во 2017 година до Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Косово достави иницијатива со предлог текст за склучување Договор за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната.

## Соработка со земјите од CEFTA

Земјаќи го во предвид фактот дека Република Македонија е земја со кандидатски статус за влез во Европската унија како и со оглед на фактот дека Европската комисија достави прашалник за евалуација на подготвеноста за отпочнување на процесот на преговори, Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија достави Прашалник до надлежните органи на земјите членки на CEFTA со цел да олесни верификацијата на усогласеноста со сите релевантни барања на ЕУ кои се однесуваат на увозната политика применлива на храна од животинско потеклои живи животни.

<u>3.Спроведени меѓународни обуки</u>

Согласно надлежностите на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија – контрола на безбедност на храната и храната за животни, здравствената заштита и благосостојбата на животните, ветеринарно јавно здравство и контрола на лабораториите кои даваат поддршка за потребите на институцијата – истата е корисник на специјализирани обуки

во горенаведените области во организација на Генералниот директорат на Европската комисија за “Здравје и безбедност на храна” *DG SANTE,* согласно нивната програма “*Better training for safer food”*, како и корисник на *TAIEX* (*Technical Assistance and Information Exchange Instrument*), инструментот со кој раководи Генералниот директорат за проширување на ЕК - *DG NEAR.*

Во рамките на програмата “**Better Training for Safer Food**”на DG SANTE за 2017 година, Агенцијата за храна и ветеринарство имаше покана и учествуваше со свои претставници на следните обуки:

***Табела 5.01***: *Преглед на Обуки* “**Better Training for Safer Food**”на DG SANTE 2017

| | Име на обуката | Реализирани сесии | Вкупен број на учесници |
|---|---|---|---|
| 1 | Здравствена заштита и спречување болести кај пчели | 1 | 2 |
| 2 | Систем за аудит и Внатрешен аудит | 1 | 1 |
| 3 | Планирање итни мерки и контрола на болести кај животни | 1 | 2 |
| 4 | Ветеринарни контроли на граничен премин | 2 | 3 |
| 5 | Контрола на контаминенти во храна и храна за животни | 3 | 5 |
| 6 | Адитиви во храна | 1 | 2 |
| 7 | Првенција и контрола на антимикробна резистентност (АМР) | 2 | 3 |
| 8 | Контрола на движење кај кучиња и мачки | 1 | 1 |
| 9 | Општи техники за испитување и контрола на храната кои помагаат за откривање на измама во областа на храната, е-трговија | 2 | 3 |
| 10 | Хигиена на храна и флексибилност | 6 | 6 |
| 11 | Хигиена на храна на ниво на примарно производство | 2 | 2 |
| 12 | HACCP принципи и техники на вршење аудит | 1 | 1 |
| 13 | Болест на чвореста кожа | 1 | 3 |
| 14 | Ерадикација на болеста беснило кај дивите животни | 1 | 3 |
| 15 | ЕУ принципи на општо означување на храната и здравствени тврдења | 1 | 2 |
| 16 | Исхрана на животни | 4 | 4 |
| 17 | Проценка на ризик | 7 | 7 |
| 18 | TRACES | 2 | 2 |

***Од вкупно предвидени 40 обуки, реализирани се 39 обуки со присуство на 52 лица, а 1 обука не се реализира поради откажување учество на номинираниот кандидат.***

Во текот на 2017 година АХВ беше корисник на TAIEX помош при што беа реализирани следните TAIEX настани:

***Табела 5.02****: Преглед на Обуки* TAIEX настани 2017

| ред. бр. | Назив | Вид | реализирана 2017 |
|---|---|---|---|
| 1 | Здравствени барања за промет на животни за зоолошки градини | Експертска мисија | 2017 |
| 2 | Контрола на инфекции предизвикани од Кампилобактер кај живината | Работилница | 2017 |
| 3 | Официјални контроли и процедури за увоз на преработени животински протеини | Студиска посета | 2017 |
| 4 | Управување на безбедноста на храната и благосостојбата на животните во итни ситуации | Експертска мисија | 2017 |
| 5 | Употреба на животински нуспроизводи во храна за исхрана на животни | Експертска мисија | 2017 |

**Прилог: Усвоени национални акти во 2017 година во кои се транспонира ЕУ законодавство**

1. Правилник за заштита и благосостојба на животните кои се држат за фармски цели („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/2017);
2. Правилник за заштита и благосостојба на животните за време на превоз („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2017);
3. Правилник за изменување на Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на Везикуларна болест кај свињите („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2017);
4. Правилник за посебните услови кои треба да ги исполнуваат преработените животински протеини и други преработени производи кои можат да се користат како материјал за исхрана на животните во однос на стандардите за преработка, суровините, складирањето, увозот и хигиенските услови како и условите кои треба да ги исполнуваат објектите за производство на храна за домашни миленици и технички објекти и посебните технички услови за храната за домашни миленици и кучешки грицкалици во однос на суровините, стандардите за преработка и увозот („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2017);
5. Правилник за начинот и постапката за пријавување на болестите кои задолжително се пријавуваат и листа на болести кај животните кои задолжително се пријавуваат („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2017);
6. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/2017);

7. Правилник за мерки за здравствена заштита на животните во однос на болеста на чвореста кожа („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2017);
8. Правилник за посебните барања за безбедност на рециклираните пластични производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната, постапката за одобрување на процесите на рециклирање на пластични призводи и материјали што доаѓаат во контакт со храната и означувањето на рециклираните пластични производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/2017);
9. Решение за изменување на Решението за преземање на безбедносни мерки при увоз и транзит на домашни и диви свињи, семе, јајца и ембриони од свињи, свинско месо, производи и подготовки од свинско месо, други производи кои содржат свинско месо, како и нуспроизводи од свињи заради заштита од внесување на вирусот на африканска свинска чума во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2017);
10. Правилник за формата, содржината и начинот на поднесување на барање за регистрација и одобрување на објекти и оператори со нуспроизводи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија" бр. 121/2017);
11. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за мерки за здравствена заштита на животните во однос на болеста на чвореста кожа („Службен весник на Република Македонија" бр. 138/2017);
12. Решение за изменување на Решението за преземање на безбедносни мерки при увоз и транзит на домашни и диви свињи, семе, јајца и ембриони од свињи, свинско месо, производи и подготовки од свинско месо, други производи кои содржат свинско месо, како и нуспроизводи од свињи заради заштита од внесување на вирусот на Африканска свинска чума во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 138/2017);
13. Правилник за изменување и допонување на Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии („Службен весник на Република Македонија" бр. 161/2017);
14. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања за храната од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија" бр. 166/2017);
15. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на вршење на официјалните контроли на производите од животинско потекло наменети за исхрана на луѓето („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/2017);
16. Решение за изменување и дополнување на решението за утврдување на посебни услови за увоз на одредена храна за животни и храна за луѓе поради ризик од афлатоксини („Службен весник на Република Македонија" бр. 170/2017);
17. Правилник за дополнување на Правилникот за условите за ставање во промет на одделни видови животни и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на животни („Службен весник на Република Македонија" бр. 178/2017);
18. Листа на животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло кои при увоз и транзит подлежат на проверка на документите, идентитетот и физички преглед од страна на официјален ветеринар на граничен премин („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/2017);
19. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за условите за ставање во промет на аквакултура, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 190/2017).

Национални прописи објавени во 2017 година:

1. Листа на објекти и/или активности кои треба да бидат одобрени или регистрирани („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/2017);

2. Правилник за престанување на важење на Правилникот за начинот и постапката на пријавување на болести кои задолжително се пријавуваат и листа на болести кои задолжително се пријавуваат („Службен весник на Република Македонија” бр. 37/2017);
3. Правилник за начинот на вршење на мониторинг и контрола на присуство на резидуи, контаминенти, недозволени супстанции, суровини и производи во храна за животни и начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи, контаминенти, недозволени супстанции, суровини и производи во храна за животни („Службен весник на Република Македонија” бр. 128/2017).

Други документи изработени и објавени во 2017 година:

1. Исправка на Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2017 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 24/2017);
2. Методологија за спроведување на мониторингот за безбедноста на храната за животните („Службен весник на Република Македонија” бр. 128/2017).

## VI. СЕКТОР ЗА ОПШТИ И АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ

Секторот за општи и административни работи е во функција на поддршка во однос на општите работи, архивското и канцелариско работење, правните работи, јавните набавки и информатичката технологија во однос на остварување на целите и приоритетите во работењето на Агенцијата за храна и ветеринарство.
Во рамките на Секторот за општи и административни работи организационо делуваат:

- Одделение за општи работи, архивско и канцелариско работење;
- Одделение за правни работи;
- Одделение за јавни набавки, и
- Одделение за информатичка технологија;

### VI.01 Одделение за општи работи, архивско и канцелариско работење

Одделението за општи работи, архивско и канцелариско работење во 2017 година, во своето работење водеше постојана грижа за правилно водење на евиденцијата за канцеларискиот и архивско работење на АХВ, евиденцијата за печатите, штембилите, нивното чување, ставање во употреба, предавање на овластено лице, ставање вон употреба, согласно важечките прописи.
За Подрачната единица на АХВ Струга изготвен е пописен лист на документарен материјал за уништување за периодот 2005-2014 година, за што до Државниот Архив од страна на АХВ доставено е барање бр.03-3785/2 од 25.10.2017 година, за добивање согласност за негово уништување. Во однос на барањето, од страна на Државниот архив на Република Македонија донесено е Решение УП 1 бр.17-157 од 30.10.2017 година со кое се дава согласност за уништување на документарниот материјал предложен со барањето.
Пописен лист на документарен материјал за уништување за период 2007-2013 година, е изготвен и за организационата единица на АХВ-Граничен премин Ќафасан-Струга, и со барање на АХВ бр.35-3783/2 побарана е согласност од Државниот Архив кој со Решение УП 1 бр.17-158 од 30.10.2017 година, има дадено согласност за уништување на предложениот попис на документарниот материјал за уништување.

### VI.02 Одделение за правни работи

Во рамки на работењето на Одделението извршувани се управно-правни работи, управни постапки, изготвување акти, произнесувања по предмети, одговори по тужби, прибирање материјални докази и остварувана е редовна соработка со Државниот правобранител, Народниот правобранител и други надлежни институции и државни органи. Исто така, извршувани се повеќе аналитички и нормативно правни работи од областа на националната регулатива, следење на прописите од надлежност на Агенцијата, одговарано е на барања доставени од граѓански и правни лица, на барања од Државното правобранителство и Народниот правобранител, на тужби пред судовите, односно Државното правобранителство, во соработка со содветниот сектор/орган во Агенцијата, на претставки од странки, организирање и координирање на активностите во врска со водењето на база на податоци за постапките по прекршоците, евиденција на податоци за изречени прекршочни санкции, како и грижа за навремено и ажурно постапување во работењето.
Во текот на 2017 година против АХВ се водени судски спорови од повеќе субјекти. Вкупниот број на судски спорови пред надлежните судови е 54, од кои во текот на 2017 година завршени се 38 спорови, а во тек биле 16. Вкупниот број на судски спорови кои се водат од страна на ветеринарните друштва кои вршат ветеринарно здравствени активности врз основа на склучен

договор со Агенцијата за храна и ветеринарство изнесува 22 постапки, од кои 15 се завршени во 2017 година, а 7 (седум) останале незавршени.
Во делокруг на работењето на Одделението за правни работи е и работењето на Комисијата за одлучување по прекршок, при што спроведени се повеќе активности, меѓу кои постапување на Комисијата за одлучување по прекршок по поднесените барања за поведување на прекршочна постапка од страна на овластен подносител (инспектор), редовно ажурирање на базата на податоци за поведените постапки по прекршоците, навремено и ажурно постапување при извршувањето на одлуките за прекршок, односно доставување на решенијата за изречени прекршочни санкции кои се правосилни и извршни, до Управата за јавни приходи како надлежен орган за присилна наплата на парични казни.
Во текот на 2017 година до Комисијата за одлучување по прекршок доставени се 36 барање за поведување на прекршочна постапка, од кои 11 биле во тек, а 25 решени, односно донесена е одлука по истите. За присилна наплата до Управа за јавни приходи доставени се 30 предмети, а вкупниот износ на изречениете глоби изнесува 35.574,00 евра, во денарска противвредност во износ од 2.187.801 денари.
За работењето на Комисијата за одлучување по прекршок-Прекршочна комисија при Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија, за 2017 година е изготвен посебен извештај, и е доставен до одговорното лице на АХВ.

## VI.03 Одделение за јавни набавки

Планот за јавни набавки за 2017 година е изготвен и од страна на одговорното лице на АХВ донесен во законски утврдениот рок. Во 2017 година спроведени се 34 постапки за јавни набавки, од кои 8 за набавка на стоки и 26 за набавка на услуги. За дел од планираните јавни набавки на стоки не се спроведени постапки бидејќи се добиени како донации од ЕУ, како што е донацијата на канцелариски мебел и на службени патнички моторни возила, додека вакцините против бруцелоза кај мали преживари операторите имаа обврска сами да ја набават.
Во 2017 година склучени се договори за јавни набавки на стоки во вредност од 23.991.991,00 денари без ДДВ, а за набавка на услуги во вредност од 130.730.572,23 денари без вклучен ДДВ, или вкупно во вредност од 154.722.563,23 денари.

## VI.04 Одделение за информатичка технологија

Работењето на Одделението за информатичка технологија претежно беше насочено во активности во процесот на одржување на компјутерско-информатичкиот систем во Агенцијата, на ниво и на организациони единици, следењето и обработката на прашањата поврзани со дефинирањето на техничките, програмските и телекомуникационите основи на информацискиот систем во однос на остварување на целите и приоритетите во работењето на Агенцијата за храна и ветеринарство.
Во работењето е остварувано редовно следење на функционалноста на системот, можностите за проширување, дефинирање на нови функции на постоечките модули, регулирање на постапките, овластувањата и обврските на учесниците вклучени во работата на системот, унапредување на контролните системи и друго. Исто така, се настојуваше да се обезбеди соодветен развој на информациската структура за поддршка на АХВ, мерки за заштита на информатичкиот систем, одржување на компјутерскиот систем, следење на backup-от на податоците на системите и сл.
Со цел овозможување на непречено и континуирано фиункционирање на Информатичко-комуникацискиот систем на Агенцијата, во текот на 2017 година извршени се најразлични активности од доменот на Информатичка технологија, што вклучуваат и објавување на тендери

за јавни набавки од доменот на ИТ, ажурирање на дигитални сертификати за потребите на Граничната инспекција на АХВ при користење на EXIM системот, комуникација и проследување на хардверска опрема за поправка од страна на добавувачот на услуги и друго.
Исто така во рамки на работењето на одделението реализирани се голем број на интервенции по пријавени ИТ дефекти во АХВ кои навреме се отстранети и е овозможено нормално и непречено функционирање на ИТ структурата на Агенцијата за храна и ветеринарство.
Основните работни активности извршени во 2017 година од страна на ИТ одделението вклучуваат: одржување на домеин контролер структура со корисници, креирање/бришење на корисници на домеин структура и доделување привилегии, менување на лозинки на корисниците на домеинската структура, доделување соодветни квоти на корисниците, креирање/бришење на маил кориснички профили на вработените согласно воспоставените правила и решавање на проблеми поврзани со мејловите, менување на лозинки на маил профилите, сетирање на клиенти за користење и правилно функционирање на мејловите, креирање на корисници за работа со веб страната на АХВ, комуникација со надворешна фирма-интернет провајдер во врска со обезбедување на простор за веб страната за соодветно поставување на истата, комуикација со интернет провајдерот во врска со воспоставување на интернет услуга на сите локации на АХВ, креирање и менување на дизајн на картиците за евиденција за работно време, поднесување на барање за изработка на картици до надворешна фирма, внесување/бришење на корисници и картици во системот за работно време (поставен е нов уред за евиденција на работно време и нов софтвер соодветно), вадење на месечни извештаи за работно време и по барање, инсталација и преинсталација на оперативни системи и потребни основни софтверски апликации на компјутерите на вработените за непречена работа, решавање тековни кориснички проблеми со оперативните системи и инсталираните софтвери, задолжени се нови 47 десктоп компјутери на централна локација на АХВ и во подрачни единици (Fujitsu Esprimo p556-e85+) добиени преку ИПА проект, задолжени се нови 172 преносни компјутери на централна локација на АХВ и во подрачни единици (Fujitsu Notebook Computer Lifebook A555 i3) добиени преку ИПА проект, поставени се 2 нови мали мултифункциски уреди Samsung MFP SL-M2875FD на централна локација, 31 се дадени по подрачни единици и останати се 2 резерва на централна локација (добиени преку ИПА проект), поставени се 2 нови големи мултифункциски уреди Kyocera TASKalfa 3010i на централна локација (добиени преку ИПА проект), поврзување на корисниците на мрежа и поставување и поврзување со потребни shared уреди (мултифункциски уреди, принтери итн.), инсталација на антивирусен софтвер на корисниците, мониторирање на антивирусен систем преку централна менаџмент конзола, подготовка на технички спецификации за сите јавни набавки во делот на ИТ, менување на Backup ленти на серверската структура на АХВ, воспоставување и тестирање на конекција со системот за видео конференција на владата на Република Македонија, задолжување и раздолжување на ИТ опрема на вработените во АХВ.
Во 2017 година објавени тендерски постапки во кои е вклучено Одделението за ИТ се: Набавка и одржување на систем за евиденција на работно време и контрола на пристап во АХВ, Набавка на антивирусен софтвер со лиценци, Поставување на мрежна инфраструктура и соодветна мрежна опрема во ПЕ на АХВ, Интернет услуги и Поправка и одржување на ИТ опрема вон гарантен рок.

***Табела 6.01:*** *Преглед на нова опрема распоредена во 2017 година*

| Ре. бр. | Вид на опрема | Единечна мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | **Задолжени нови десктоп компјутери на централна локација на АХВ и во подрачни единици (Fujitsu Esprimo p556-e85+)** | Парче | 47 |
| 2 | **Задолжени нови преносни компјутери на централна локација на АХВ и во подрачни единици (Fujitsu Notebook Computer Lifebook A555 i3)** | Парче | 172 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | **Поставени мали нови мултифункциски уреди Samsung MFP SL-M2875FD на централна локација** | Парче | 2 |
| 4 | **Нови мали мултифункциски уреди Samsung MFP SL-M2875FD поделени по подрачни единици** | Парче | 31 |
| 5 | **Нови мали мултифункциски уреди Samsung MFP SL-M2875FD резерва на централна локација** | Парче | 2 |
| 6 | **Нови големи мултифункциски уреди Kyocera TASKalfa 3010i поставени на централна локација** | Парче | 2 |

## VII. СЕКТОР ЗА СТРУЧНА ПОДДРШКА

Во рамките на Унапредување на системите на квалитет и обезбедување на професионална подршка на активностите на Агенцијата спроведени се следниве активности.
Спроведена е втора редовна проверка на усогласеност на Системот за квалитет на АХВ, со барањата на стандардот ИСО 9001 :2008.
Направено е усогласување на Системот за квалитет на АХВ со новите барања на стандардот ИСО 9001 2015. Воедно, со процесот на усогласување истовремено е направена транзицијата кон новата верзија на стандарот, во чиј фокус е управувањето на процесите преку инентификација на ризиците и нивна евалуација.
Изготвен и воспоставен е Оперативен План за управување со кризи.
Изготвен е ОПЕРАТИВЕНИОТ ПЛАН за УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ ВО ОДНОС НА ХРАНАТА И ХРАНАТА ЗА ЖИВОТНИ ТРИХИНЕЛОЗА со кој се уредува постапувањето во случај на појава на трихинелоза од аспект на безбедност на храна и е проследен до засегнатите сектори за негово воспоставување и имплементирање на терен.
Изготвен е униформен евалуационен механизам и прашалник за одредување на административно професионалниот капацитет на надлежните ветеринарни служби на другите земји и проследен е до засегните сектори за негово воспоставување и имплементирање на терен.
Ревидиран и дополнет е Елаборатот за извоз на месо од говеда и овци во Израел со последните насоки и барања од Израелската Ветеринарна Служба.
Обезбедена е професионална подршка на Секторот за инспекциски надзор при контролната посета од страна на Ветеринарната Служба на Руската Федерација.
Воспоставен е унапреден приод при стратешкото планирање со воведување на нови техники на аналитика и планирање (SWOT, PESTEL, заинтересирани страни, индикатори на квалитет и индикатори на успешност)
Воспоставена е нова Процедура за управување со процеси заснована на ризик, како еден од клучните елементи на новиот стандард 9001 и воспоставен е Единствен Регистер за ризици во системот на квалитет.

Изготвена и воведена е процедура за супервизија и верификација на официјалните контроли со комплет документи Прирачник за супервизија и верификација на официјалните контроли и Процедура за спроведување на супервизија и верификација на официјаните контроли.

Спроведен е за прв пат Аудит од страна на АХВ на субјектите кои изведуваат лабораториско испитување за потребите на Агенцијата, и со тоа е подигнат ниво на квалитет на инспекцискиот надзор.

Спроведени се активности во однос на EFSA Zoonosis Monitoring Networking Group со дефинирање на базични инструкции за собирањето на точни, ажурирани и споредливи податоци во областа на зоонозите и алиментарните инфекции и интоксикации.

Во сегментот на заштита на потрошувачи во 2017-та година се иницирани се 337 инспекциски надзори и други видови на постапувања по иницијативи од граѓани, со пораст на зголемен број на поднесоци за последователната година од 5%, што укажува на зголемува на свесноста на граѓаните во овој сегмент. Основаноста на претставките и предлозите поднесени од граѓаните во 2017-та година е зголемена и изнесува 58%, за разлика од претходната година кога процентот изнесуваше 46% основани претставки и предлози.
Агенцијата во насока на правилно информирање на граѓаните и висок степен на заштита спроведе низа активности во областа на потрошувачките политики.

Во соработка со невладиниот сектор /граѓанско здружение кое се бави со потрошувачки права/ реализирано е ,,Истражување на етикетите/декларациите на одредени прехранбени производи,, во малопродажната мрежа во државата, во однос на информации значајни за потрошувачите, пред се заради детектирање на неправилности кои произлегуваат од етикетите. Истражувањето покажа дека декларациите во висок процент ги содржат основните информации во однос на означувањето.
Во рамките на зголемување на ефикасноста на оперативното работење воспоставен е е-базиран систем на проследување на преставките и прилозите до засегнатите сектори.

**VII.01 Одделение за управување на системи на квалитет**

Одделението за управување со систем на квалитет има за цел одржување и континуирано подобрување на Системот за квалитет (СМК) согласно барањата на стандардот ISO 9001:2008 и други релеванти стандарди, со цел исполнување на барањата на корисниците на услуги на АХВ и подобрување на квалитетот на услугите и активностите како и ефикасноста и ефективноста на Агенцијата. .
Подобрувањето на системот се остварува преку учество и стручна поддршка при подготовка и ревидирање на документацијата во АХВ. Вработени во Одделението се вклучени во спроведување на интерни проверки за потврда на усогласеноста со барањата на стандардот ИСО 9001:2008, подготовка на извештаи од интерните проверки, утврдување на неусогласености, како и учество во дефинирање корективни мерки. Во Одделението се изработува анализата на мерење на задоволството на корисниците на услугите на АХВ.

Одделението не е комплетно пополнето. Во текот на 2017 година имаше само еден вработен кој истовремено ја вршеше и функцијата за заменик менаџер на квалитет.

Одделението за управување на систем за квалитет, во функција на поддршка на Менаџерот за квалитет за Стандардот ISO 9001 2008 ги реализираше следните активности согласно Планот за работа за 2017 година:
***Активностите се спроведени под директно раководство и со учество на Менаџерот на квалитет.***
***Во извештајот се наведени и активности кои се изведени и од други субјекти но кои кои по карактерот влегуваат во рамката на активности на управување на системи на квалитет***

1. Спроведена е втора редовна проверка на системот за менаџмент со квалитет ISO 9001:2008 од страна на надворешно сертификациско тело, по што е даден позитивен извештај и е продолжен сертификатот за управување со квалитет - Quality Austria и IQ Net (20 и 21 февруари, 2017 год.).

2. Изготвен е акциски план за реализација на препораките од втората редовна проверка на СМК врз основа на Извештајот доставен од страна на надворешно сертификациско тело и истите се доставени до врвното раководство и носителите на процеси (март, 2017).

3. Дефинирани се Цели за квалитет со мерливи индикатори за 2017 година од страна на сектори/одделенија во АХВ (март, 2017 год.).

4. Континуирано во текот на целата година е давана стручна поддршка и помош при ревидирање на документацијата согласно дефинираните корективни мерки од спроведените

интерни проверки во 2016 година и преиспитувањето на врвното раководство на засегнатите сектори и одделенија .

5. Континуирано во текот на целата година е извршено ажурирање со последните верзии од изготвената документација на серверот на АХВ, како и ажурирање на документацијата во тврда копија под раководство на менаџерот за квалитет.

6. Континуирано во текот на целата година е ажурирана и дополнувана Мастер листата на документи во рамките на СМК со сите последни верзии од документацијата под раководство на менаџерот за квалитет.

7. Постапено е по корективни мерки од интерната проверка од 2016 година и ажурирана е Евиденцијата на корективни мерки за 2016 година кои беа дефинирани да се спроведат за отстранување на неусогласености (во текот на 2017 год. согласно дефинираните временски рокови).

8. Спроведена е набавка и аналитичка обработка на стандардот MKS EN ISO 9001:2015 од Институт за стандардизација на РМ (март, 2017) .

9. Изготвена е спецификација за јавната набавка – спроведување на обуки за стандардот ISO 9001:2015 (март, 2017).

10. Изготвена е спецификација за јавната набавка – ресертификација на СМК согласно стандардот ISO 9001:2015 (март, 2017).

11. Спроведена е тендерска постапка за услугата обука на вработените за новите барања на стандардот ISO 9001:2015 (мај, 2017).

12. Спроведена е обука на врвното раководство и претставниците на СМК во АХВ во однос на новите барања на стандардот ISO 9001:2015 во соработка со менаџерот за квалитет од страна на надворешно сертификациско тело (јуни, 2017).

13. Согласно Акцискиот план за транзиција на системската документација согласно барањата на стандардот ISO 9001:2015, со учество и под раководство на Менаџерот за квалиет, во рамките на одделението е извршена ревизија на следните документирани информации (основниот пакет на процедури и упатства (август, 2017):

- Прирачник за квалитет
- Процедура за преиспитување на врвно раководство
- Процедури за управување со документи и со записи
- Упатство за изглед на документи
- Процедура за спроведување на интерни проверки
- Процедура за управување со неусогласености
- Процедура за управување со корективни мерки
- Процедура за мерење на задоволството на корисниците на услуги во АХВ
- Процедура за управување со процеси заснована на ризик

14. Воспоставен е Регистерот за ризици во рамките на системот на квалитет

15. Ревидирана е Процедурата за спроведување на работните активности за одржување на системот за менаџмент со квалитет (СМК) во Одделението за управување на систем за квалитет согласно барањата на стандардот ISO 9001:2015 (септември, 2017).

16. Спроведена е тендерска постапка за услугата ресертификација на СМК согласно стандардот ISO 9001:2015 и избрано е сертификациско тело кое ќе продолжи со сертифицирање на СМК во АХВ (септември, 2017).

17. Спроведена е обука за сите вработени во АХВ во однос на новите барања на стандардот ISO 9001:2015 (септември, 2017) од страна и под раководство на менаџерот за квалитет.

18. Изготвена е План за интерни проверки во АХВ за 2017 година и согласно планот реализирани се интерни проверки во дадени О.Е, П.Е и Г.П под раководство на менаџерот за квалитет.

19. Спроведени се интерни проверки од страна на интерните проверувачи во организациските единици согласно Планот за интерни проверки во АХВ за 2017 година (01-16 ноември, 2017) под раководство на менаџерот за квалитет.

20. Изготвен е Извештај за интерни проверки во АХВ (декември, 2017) под раководство на менаџерот за квалитет.

21. Дефинирани се неусогласености утврдени во текот на интерните проверки во 2017 год., утврдени се корективни мерки за неусогласеностите со секој носител на процес и изготвена е Евиденција на корективни мерки за 2017 год. (декември, 2017) под раководство на менаџерот за квалитет.

22. Континуирано во текот на целата година (на почеток на секој месец) спроведено е собирање на анкетни листови за мерење на задоволството на корисниците на услуги на АХВ (50) и истите се повратно доставени до секој носител на процес.

23. Извршена е евалуација на пополнетите анкетни листови и изготвена е Анализа за мерење на задоволството на корисниците на услуги во АХВ (декември, 2017).

24. Континуирано се следени активностите во СМК и периодично се изготвувани информации за статусот на спроведени активности во рамките на СМК.

25. Во зависност од потребите спроведување е доставување на информации за степенот на реализација на активностите во СМК за потребите на стратешкиот план на Агенцијата.

26. Контиуирано се одржувани состаноци со претставници на тимот за одржување на СМК во АХВ и раководителот на ССП со цел давање насоки за усогласување со новите барања на стандардот, континуирано одржување и подобрување на СМК.

27. Изготвен е Извештај за реализација на активностите согласно дефинираните Цели за квалитет со мерливи индикатори за 2017 година од страна на сектори/одделенија во АХВ под раководство на менаџерот за квалитет (декември, 2017 год.).

28. Спроведена е подготовка на документацијата за преиспитување на врвното раководство во АХВ под раководство на менаџерот за квалитет.

29. Дадена е техинчка подршка за организирање на Состанокот за преиспитување на врвното раководство (закажан за 13 јануари, 2018) година под раководство на менаџерот за квалитет.

30. Дадена е техничка подршка за организирање на Ресертификацијата на СМК согласно барањата на стандардот ISO 9001:2015 од страна на надворешно сертификациско тело (план за спроведување 12 и 13 февруари, 2018).

Во текот на 2017 година одделението има дадено професионална и техничка поддршка при изготвување на 42 процедури, 19 упатства, како и на 5 документи од типот планови и прирачници во секторите на ниво на АХВ кои се составен дел на СМК.

**VII.02 Одделение за координација и контрола на лаборатории**

Одделението за координација и контрола на лабораториите има за цел остварување на активности за одржување и континуирано подобрување на системот и механизмите на лабораториска подршка на инспекциските служби на Агенцијата.

Одделението не е комплетно пополнето. Во текот на 2017 година имаше само еден вработен.

Во текот на 2017 година Одделението за координација и контрола на лабораториите ги спроведе следните активности:

1. Комуникација со Институтот за акредитација на РМ и со други државни органи и тела за стандардизација и акредитација, како и следење на новите технолошки и научни достигнувања од областа.

2. Прибирање и анализа на податоци за акредитираните методи на лабораториите за испитување на храната и здравствена заштита на животните и ажурирање на податоците во табелата на акредитираните методи и листата на акредитирани лаборатории за испитување на храната во РМ, чии услуги ги користиме при официјална контрола и мониторинг.

3. Следење на акредитираните референтни и назначени лаборатории за испитување на храна во Европа на официјалните веб страни на ЕФСА и DG SANCO и ажурирање на табелата на ЕУ Референтни лаборатории.

4. Следење и информативна обработка на новите акредитирани методи на лабораториите за испитување на храна, храна за животни и здравствена заштита на животни во РМ и ажурирање на табелата на акредитираните методи со нејзино доставување до Секторот за инспекциски надзор.

5. Комуникација и координација со лаборатории и инспекциските тела во врска со подобрувањето на квалитетот на услугите на лабораториите за испитување на храна.

6. Подготовка на Планот и Програмата за аудит на лабораториите во областа на ветеринарното здравство и безбедност на храна.

7. Учество на презентацијата на проектот PRO-Metrofood-RI, Horizon 2020, финансиран од Европска Комисија. Настанот се одржи на Факултетот за земјоделски науки и храна- Скопје на 30 Мај.

8. Ревидирање и унапредување на пакетот упатства од областа на лабораториското испитување за потребите на официјалните контроли
8. 1. Упатство за координација и комуникација со лаборатории за испитување на храна, храна за животни и здравствена заштита на животните.
8.2 Процедура за начинот на доставување на резултати од лабораториски анализи на храна и храна за животни до АХВ
8.3 Процедура за доставување на несообразни (позитивни) лабораториски резултати од Секторот за инспекциски надзор до Секторот за проценка и комуникација на ризик (во соработка и за потребите на Секторот за проценка и комуникација на ризик.

9. Учество во регионалниот семинар во Крањ, Словенија „Regional Seminar for OIE National Focal Points for Veterinary Laboratories'', од 27 to 29 Јуни 2017 година.

10. Изготвен е елаборат за проектот PRO-Metrofood-RI, Horizon 2020, финансиран од Европска Комисија, под водство на Факултетот за земјоделски науки и храна- Скопје и Институтот за јавно здравје Скопје, за деловите кои се во надлежност на Агенцијата за храна и ветеринарство.

11. Спроведен е Аудит на лабораториите согласно Планот и Програмата за аудит на лаборатории во областа на ветеринарното здравство и безбедност на храна (аудит во лабораторите кои имаат договор со АХВ и кои се користат за официјалните контроли): ФВМ – Институт за храна и Ветеринарен Институт , ЈЗУ Институт за Јавно Здравје на Република Македонија, Државна Фито – Санитарна лабораторија и ЦЈЗ Велес . (во соработка со преставници од Секторот за инспекциски надзор).

12.Континуирано е ажурирана табелата за акредитирани лаборатории и акредитирани методи за испитување на храна, храна за животни и здравјето на животните се фреквенција од најмалку еднаш месечно.

13. Контиуниана комуникација со засегнатни страни во системот на безбедност на храна и ветеринарно здравство и секторите инволвирани во официјална контрола со 49 документирани информации, насоки и инструкции во комуникација со лабораториите и секторите инволвирани во официјална контрола.

14. Спроведен е аудит во 5 овластени лаборатории со кои АХВ има договор за лабораториска поддршка на официјална контрола. Во секоја лабораторија аудитот траеше по 2 дена, вкупно 10 дена аудит во горенаведените лаборатории.

**VII.03 Одделение за заштита на потрошувачи**

Одделението не е комплетно пополнето. Во текот на 2017 година во одделението има само еден вработен. Раководителот на одделението освен редовните функции обезбедува стручна подршка на Секторот за храна од неживотинско потекло во областа на здравствените тврдења.

Активностите во **Одделението за заштита на потрошувачи** се планирани со цел унапредување на политиката за заштита на потрошувачите во областа на храната и зголемување на довербата на граѓаните во овој систем. Придобивките се однесуваат на обезбедување на повисоко ниво на

заштита на потрошувачите преку подигање на свеста  на македонските граѓани во врска со правата и обврските во областа на храната. За приоритетни активности се сметаат информирање, советување, едукација, унапредување на комуникацијата со јавноста и невладиниот сектор, и унапредување на заштитата на потрошувачите и заштита на интересите на потрошувачи.

Во Одделението за заштита на потрошувачи заради развивање и унапредување на политиката за заштита на потрошувачите во областа на храната, и јакнење на системот во текот на 2017 година реализирани се повеќе активности:

1. Изготвен е Извештај за реализација на Планот од 2016 година, со компаративна реализација за 2015-2016
2. Изготвен е стратешки план 2018-2020, во делот на планирање на активностите за одделението за заштита на потрошувачи.
3. Утврдени се ризиците во процесите и активностите на одделението и пополнет е соодветен образец.
4. Подготвени се податоци за Планот за јавни набавки, изготвена е спецификација, одговорено е на прашања во тек на реализација на јавната набавка по Програмата за заштита на потрошувачи за 2017.
5. Воспоставени се цели за квалитет со мерливи индикатори, кои се мерат преку реализација на активности во одделението за заштита на потрошувачи и нивно следење.
6. Изготвена е функционална анализа, од која произлегуваат реални потреби од човечки ресурси во одделението.
7. Изготвена е Програма за едукација по прашањата врзани за храната и исхраната за периодот 2018-2020 година.
8. Разгледани се предлози за изменување на Процедурата за постапување по претставки и предлози.
9. Активноси врзани за едукација на посебни популациони групи по прашањата врзани за храната и исхраната /планирње, подготовка на презентации, оржани 17 работилници во градинките во Општина Аеродром, Скопје и 2 /две/ работилници во средното училиште, гимназија Ѓорѓи Димитров, во Скопје.
10. Активности во врска со Програмата за заштита на потрошувачи за 2017 година /јавна набавка, соработка со невладиното здружение во изготвување на брошура „Информации поврзани со храната наменети за потрошувачите„ организирање на настан, одржан во Стопанска комора, на кој се презентираа резултатите од „Истражувањето на етикетите на одредени прехранбени производи„ , /водење на дебатата и подготовка на изјави за медиумите/
11. Реализирана е соработка и учество на повеќе настани и проекти, заради подобрување на комуникацијата со невладиниот сектор и други институции со цел развивање и унапредување на потрошувачките политики:
    - Учество на советување во Академија на судии, на темата „Потрошувачко право во Република Македонија
    - Учество на семинар „Алтернативно решавање на потрошувачки спорови„ реализиран во соработка со Австриската амбасада
    - Учество на проект „Партнерство меѓу граѓанското општество и деловниот сектор-Консултации за развој на сертификат „Фер со потрошувачот„
    - Учество на проект „Техничка помош за развој на политиката на заштита на потрошувачите“ преку кој ќе се изработи нов Закон за заштита на потрошувачите и Национална стратегија за заштита на потрошувачите 2018-2022 година /состанок, доставени материјали до експертите/

- Интервју и пополнување на Прашалник наменет за државните органи, во рамки на Проект финансиран од ЕУ, ИПА Програма за граѓанско општество

12. Активности поврзани со одбележување на:
    - Светскиот ден на здравјето
    - Светскиот ден на потрошувачите
    - Светскиот ден на храната

    Планирање, подготовка на материјали, одржана работилница
13. Реализирани се активности врзани за работа во комисии:
    - Комисија за здравствени тврдења и нутритивни информации /состаноци, број на предмети - 1448, Учество во изготвување на процедура и обрасци/ 12/
    - Комисија за овластување на правни лица за спроведување на обуки за безбедност на храна /состанок, 1 овластување, ажурирање на листата поставена на веб страницата/
    - Комисија за исхрана во ОПМ /два состаноци/
14. Активности врзани за Координативното тело за надзор над пазарот /состаноци 3, изготвување на Национална програма за 2017, со ревизија на прописите, Годишен извештај/
15. Активности врзани за Поглавје 28, Заштита на потрошувачи и здравје/состаноци 3, извештаи квартални и Годишен извештај за напредокот во ова поглавје/
16. Обуки на лицето овластено за работа во Одделението /повеќе на месечно ниво/
17. Пополнување на прашалник CEFTA Regulatory Questionnaire 2017 /во делот потрошувачки политики
18. Активности врзани со претставки од граѓани
    - Примање на претставки, преслушување на бесплатната телефонска линија, распоредување за постапување по истите
    - Водење на базата податоци по претставки и предлози од граѓани
    - Анализа на податоците од базата по претставките и предлозите
    - Изготвување на евалуација во врска со постапувањата по претставките и предлозите, со користење на податоците од базата за 2017 година
    - * Евалуацијата е во прилог на овој годишен извештај

19. Донесен е годишен план за работа со акциски план. Во овие планови определени се приоритетите и активностите на одделението за 2018 година.

## VII.04 Одделение за стратешко планирање

Одделението за стратешкото планирање ги спроведува и интегрира стратешките активности и стратешкото планирање на Агенцијата согласно стратешките приоритети на Владата на Република Македонија континуирано во среднорочна тригодишна рамка.

1. Стратешкото планирање во Агенцијата за храна и ветеринарство се спроведува континуирано во среднорочна тригодишна рамка со одразени приоритети, цели, програми и активности за наредните три години.

2. Финална верзија на Стратешкиот план 2017-2019 усогласена со одобрениот Буџет на АХВ е изготвена во почетокот на 2017 година и проследена до Владата на Република Македонија – Генерален Секретаријат.

3. Скратена верзија на Стратешкиот план 2017-2019 е објавена на интернет страницата на Агенцијата во почетокот на 2017 година со што е обезбедена транспарентност во спроведување на политиките на Владата и трошењето на буџетските средства.

4. Информација за постигнати резилтати на АХВ за 2016 година кои се во функција на стратешките приоритети на Владата на РМ е подготвена во март 2017 година и доставена до Кабинетот на Директорот за понатамошно проследување до Генерален секретаријат.

5. Во периодот април – мај со сите сектори / одделенија се одржани состаноци и добиени предлози од нивна страна за визија, мисија, приоритети и активности за подготовка на Нацрт стратешкиот план 2018-2020 година.

6. Во периодот од јуни до август се работеше на изготвување на Нацрт- стратешкиот план за 2018-2020 година кој претставува основен документ на Агенцијата за храна и ветеринарство, во кој се содржани програмите и активностите преку кои се планира остварување на целите и приоритетите, а во функција на визијата и мисијата на институцијата во наредниот тригодишен период. Стратешкиот план за периодот 2018-2020 беше изработен врз основа на анализа на постигнатите резултати во текот на 2016 година, како и постигнатите резултати во изминатата 2017година и резултатите што треба да се реализираат до крајот на 2017 година.

7. Во состав на Нацрт- стратешкиот план беа вклучени и плановите на програмите за развој кои се однесуваат на развојни проекти, како и програмите преку кои се прикажани средства од Фондовите на ЕУ и национално ко-финансирање

8. Нацрт стратешкиот план е доставен до Генералниот секретаријат, Сектор за стратегија планирање и следење и до Министерството за финансии како составен дел на Предлог буџетската пресметка за 2018 година.

9. Во ноември извршени беа внатрешни проверки во организациони единици на АХВ определени со Програмата за внатрешни проверки согласно ИСО стандардот и беше изготвена и доставена целокупната документцаија која произлезе од тие активности.

10. На крајот на 2017 година беше изготвен План за работа на одделението за наредната 2018 година и се работеше на подготовка на Годишниот план за работа на АХВ за 2018 година.

11. Во декември 2017 година беа спроведени дел од активностите во врска со подготовката на финалната верзија на Стратешкиот план 2018-2020 година.

12. На 22.12.2017 година претставници од одделението и од други сектори/одделенија учествуваа на генеричка обука одржана од страна на Генерален секретаријат/ Сектор за стратегија, планирање и следење.

13. Годишен извештај за работата на одделението за 2017 година беше изготвен на крајот на декември 2017 година.

**ПРИЛОГ**
**ЕВАЛУАЦИЈА**

**Претставки и предлози за периодот од јануари до декември 2017 година**

Во Одделението за заштита на потрошувачи, во Агенцијата за храна и ветеринарство, воспоставена е база на податоци, која се однесува на постапувањата по претставките и предлозите. Овие податоци се анализираат повеќе пати во текот на годината за потребите на Агенцијата, но и заради информирање на јавноста.
Во согласност со законските прописи најмалку еднаш годишно органите кои постапуваат по претставките и предлозите поднесени од граѓаните, треба да ги разгледуваат прашањата и проблемите што се покренуваат со претставките односно предлозите и причините за нивното поднесување. Сето тоа е со цел да се идентификуваат проблемите на граѓаните и да се насочат активностите на институциите кон решавање на тие прашања. Токму затоа евалуацијата претставува значајна алатка која Агенцијата може да ја користи во таа насока.
Во оваа евалуација анализирани се податоци за периодот јануари-декември 2017 година. Направени се и споредбени анализи со податоци од претходните години.

**Во 2017 година, во базата на податоци кои се однесуваат на претставките и предлозите поднесени од граѓаните, како физички и правни лица, вкупно се евидентирани 331 претставка.**
**205 од поднесените претставки или 62% се сметаат за основани, додека 126 или 38% се сметаат за неосновани. Најголем број од претставките 168 претставки или 51% од вкупно поднесените претставки се однесуваат на храната од не животинско потекло. 45 претставки, односно 13% се однесуваат на храната од животинско потекло. 118 претставки односно 36% од поднесените претставки се од областа на ветеринарството, здравствената заштита и благосостојба на животните.**

***Табела 7.01:*** *Поднесени претставки во 2017 по инспекциски области и основаност*

| Претставки во 2017 година по снованост и по сектори | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Основани | | Неосновани | | Вкупно | |
| | *Број* | *%* | *Број* | *%* | *Број* | *%* |
| ДИХНП | 101 | 60% | 67 | 40% | 168 | 51% |
| ДИВЈЗ | 23 | 50% | 22 | 50% | 45 | 13% |
| ДИЗЗЖ | 81 | 69% | 37 | 31% | 118 | 36% |
| ВКУПНО | 205 | 62% | 126 | 38% | 331 | 100% |

*ДИХНП – Државна инспекција за храна од неживотинско потекло
*ДИВЈЗ- Државна инспекција за ветеринарно јавно здравство (храна од животинско потекло)
*ДИЗЗЖ- Државна инспекција за здравствена заштита на животните




*Процент на поднесени претставки по инспекциски области за 2017 година*




*Процент на основани/неосновани претставки за 2017 година*




*Процент на поднесени претставки по инспекциски области за 2016 година*




*Процент на основани/неосновани претставки за 2016 година*

**Споредбено со претходната 2016 година, во 2017 година, намален е бројот, односно процентот на претставки кои се однесуваат на прашањата врзани за храната од неживотинско потекло, но зголемен е бројот/процентот на претставките кои се однесуваат на здравствената заштита и благосостојба на животните. Бројот/процентот на претставките кои се однесуваат на прашањата врзани за храната од животинско потекло е сосема малку зголемен во однос на претходната година.**
**Во однос на основаноста на претставките, зголемен е процентот на основани претставки во 2017 година. 62% од претставките се сметаат за основани за разлика од предходната 2016 година, кога тој процент изнесуваше 46%.**

**Табела 7.02:** Споредбен приказ на бројот на поднесени претставки и предлози по години за периодот 2007-2017 година

| Година | Број на претставки |
|---|---|
| 2007 | 188 |
| 2008 | 91 |
| 2009 | 90 |
| 2010 | 221 |
| 2011 | 138 |
| 2012 | 195 |
| 2013 | 281 |
| 2014 | 362 |
| 2015 | 360 |
| 2016 | 316 |
| 2017 | 331 |




*Преглед на поднесени претставки по години* за периодот 2007-2017 година

Споредбениот приказ покажува дека трендот на поднесување на претставки и предлози од граѓаните останува во нагорна линија, и бројката споредбено со минатата година е поголема за 5%.

***Табела 7.03:*** *Споредбен приказ на процентот на основани претставки по години за периодот 2012-2017 година*

| **Година** | **Процент на основани претставки** |
|---|---|
| 2012 | 66% |
| 2013 | 58% |
| 2014 | 52% |
| 2015 | 39% |
| 2016 | 46% |
| 2017 | 62% |




*Преглед на основани претставки по години* за периодот 2012-2017 година

Од 2012 година се водат податоци за основаноста на претставките направена е анализа на процентот на претставки кои се сметаат за основани.
Анализата покажува дека трендот на основанаоста на претставките расте , односно има пораст во однос на последните 4 години. Се заклучува дека граѓаните преку претставките покренуваат и актуелизираат вистински прашања кои Агенцијата треба да ги анализира и да понесе активности за нивно решавање.

1. **Претставките се поднесувани усно, писмено и електронски**

Во Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија функционира бесплатна телефонска линија за граѓаните. Тие може да пријават неправилности во областа на храната, здравствената заштита и благосостојба на животните и да дадат предлози. Јавувањата се снимаат, а граѓанинот може да остане анонимен, но доколку остави податоци добива писмено известување од Агенцијата за преземените мерки. На бесплатната телефонска линија во 2017 година, поднесени се 53 претставки. Во однос на предходните две години кога таа бројка изнесуваше 108 во 2016 година и 110 во 2015 година , бројот на повиците е намален за скоро 50%, иако вкупниот број на обраќања од граѓаните има нагорна линија.

## Бесплатна телефонска линија




*Број на поднесени претставки на бесплатниот телефон на АХВ за 2017 година*




*Број на поднесени претставки на бесплатниот телефон на АХВ за 2016 година*

**Се смета дека оваа линија е добра алатка за комуникација со граѓаните.** Во таа насока се планира овој телефонски број би требало да се анимира со негово истакнување во малопродажната мрежа.

**Табела 7.04:** Приказ на претставките според наводите

| **Наводи во претставките** | **Број на претставки** |
|---|---|
| Хигиенски мерки , ДХП, ДПП, HACCP /контролни системи/ | 31 |
| Поминат рок на употреба | 24 |
| Загадувачи /контаминенти и резидуи | 38 |
| Органолептички изменети својства | 17 |
| Без одобрение/ регистрација | 3 |
| Квалитет и измами | 24 |
| Сомнеж за труење со храна | 29 |
| Несоодветно означување | 7 |
| Сомнеж во безбедност на прехранбен производ | 31 |
| Ветеринарство, Здравствена заштита и благосостојба на животните | 118 |
| Останати | 9 |
| Вкупно | 331 |




*Приказ на претставките според наводите*

<u>Може да се заклучи дека еден голем процент од претставките се однесуваат на прашањата од областа на ветеринарството, односно 36 % од вкупно поднесените претставки. Посебно актуелни беа претставките кои се однесуваа на бездомните кучиња /напади и труење/</u>

**<u>Во врска со ваквата перцепција на граѓаните се препорачува да се актуелизира решавањето на состојбата со бездомните кучиња, како и одговорноста на сопствениците кои чуваат кучиња.</u>**

<u>Најмногу пак од претставките што ги поднеле граѓаните во периодот од 01.01. 2017 до 31.12.2017 година, од областа на храната се однесуваат на:</u>

- Загадувачи /контаминенти и резидуи/
- Сомнеж во безбебедноста на одредени прехранбени производи
- Неодржување на контролни системи од страна на производителите кои се однесуваат на ДХП /добрите хигиенски пракси,/ ДПП /добрите производни пракси/
- Сомнеж за труење со храна
- Квалитет и измами со храна
- Поминат рок на употреба

Помал е бројот на оние претставки кои се однесуваат на означувањето, одобрување и регистрација на објекти и органолептички изменети својства на храната.

**Во врска со ваквата перцепција на граѓаните утврдена е потребата да се планираат и превземат посебно активности кои се однесуваат на:**

1. Контрола на контаминенти и резидуи
2. Контроли кои се однесуваат на безбедноста на групите прехранбени производи посочени во претставките
3. проверка на контролните системи воспоставени од страна на бизнисите со храна /аудит/ и други активности кои ќе помогнат во одржувањето на контролните системи од страна на бизнис операторите
4. Да се обезбеди посебен план за контрола на угостителските објекти во кои од страна на граѓаните е посочен сомнеж за труење со храна
5. Да се иницираат развивање на активностите на одделението за измами со храна
6. При редовните/планирани контроли/ задолжително да се проверува рокот на употреба на прехранбените производи

Секторите во АХВ при планирањето на активностите ги земат во предвид прашањата и проблемите што се покренуваат со претставките односно предлозите поднесени од граѓаните.
Утврдена е потребата да се изнајдат начини да се информираат граѓаните дека таквите активности и контроли Агенцијата ги планира и реализира врз основа на укажувањата во поднесените претставки и предлози.

***Табела 7.05**: Број на преземени мерки во инспекциските контроли иницирани со претставките и предлозите*

| | |
|---|---|
| Број на примени претставки /жалби и предлози од граѓаните | 331 |
| Мостри и брисеви | 37 |
| Решенија | 74 |
| Постапки за едукација | 33 |
| Постапки за порамнување/глоба | 15 |
| Прекршочни пријави | 2 |
| Уништена храна | 5271.1 кг |




*Приказ на преземени мерки во испекциските контроли иницирани со претставките и предлозите*

Во постапките по претставките днесени се поголем број на решенија во 2017 година /74/, и земени се поголем број на мостри/37/, спроведени се поголе број на едукации /33/, за разлика од претходната 2016 кога таа бријка беше 50 решенија, 30 мостри и 24 едукации. Бројот на наплатени глоби и поведени прекршочни постапки е останат ист.

***Табела 7.06:*** *Претставки по кои не е постапено /во процент од вкупниот број на поднесени претставки по години*

| Година | Процент на претставки по кои не е постапувано |
|---|---|
| 2012 | 5% |
| 2013 | 3% |
| 2014 | 12% |
| 2015 | 13% |
| 2016 | 17% |
| 2017 | 12% |




*Процентуален приказ на претставки по кои не е постапувано за периодот 2012-2017 година*

Се заклучува дека процентот на претставки по кои не е постапено во 2017 година изнесува 12%, односно е намален во однос на предходната година 2016 година, кога овој процент изнесуваше 17%. Сепак процентот на претставки по кои не е постапено во 2017 година се смета за висок. За наредната година е поставен индикатор за намалување на 5% до 7% за следната година.

***Табела 7.07:*** *Претставки по кои не е постапувано, по инспекциски служби*

| Инспекции | Процент на претставки по кои не е постапувано |
|---|---|
| ДИХНП | 7% |
| ДИВЈЗ | 13% |
| ДИЗЗБЖ | 33% |




*Процентуален приказ на претставки по инспекциски служби по кои не е постапено*

**ДИХНП** – Процентот на претставки по кои не е постапено во оваа инспекциска служба, односно во областа на храната од неживотинско потекло изнесува 7%. Се смета дека овој процент не е висок, посебно заради тоа што во оваа област се поднесени најмногу претставки, односно 168 претставки или 51% од вкупно поднесените.

**ДИВЈЗ**- Процентот на претставките по кој не е постапено во оваа инспекциска служба, односно во областа на ветеринарното јавно здравство, каде се контролира храната од животинско потекло изнесува 13% од поднесените претставки во оваа област и е зголемен во однос на предходната 2016 кога изнесуваше 6%.

**ДИЗЗЖ**- Процентот на претставки по кои не е постапено во оваа инспекциска служба и понатаму се смета за сериозно висок и изнесува 33% од вкупно поднесените претставки во областа. Предходната 2016 година овој процент изнесуваше 43 %, од вкупно поднесените претставки во областа. Во оваа област се поднесени 118 претставки, односно 36 % од вкупната бројка на поднесени претставки.

Трендот на поднесување на претставки и предлози е во нагорна линија, а процентот на претставки по кои не е постапено се уште се смета за голем утврдена е потреба да се постави цел во инспекциските служби со мерлив индикатор. Во 2017 година процентот на претставки по кои не е постапено изнесуваше 12% од вкупно поднесените, во 2018 година како индикатор се поставува 5%.

# VIII. СЕКТОРОТ ЗА НОВИ ПРЕХРАНБЕНИ ТЕХНОЛОГИИ

Секторот за нови прехранбени технологии за прв пат е формиран во месец февруари 2016 година. Во рамки на Секторот се вршат голем број на активности, нормативни работи и управно правни работи кои се во функција на извршување на дел од надлежноста на Агенцијата, креирање на политика за генетски модифицирана храна, за храна произведена со иновирани технологии, храна третирана со јонизирачко зрачење, природна минерална вода, изворска вода и други пакувани води и други видови храна. Во Секторот се врши одобрување на одделни производи кои спаѓаа во погоренаведените категориите храна кои пред да се пласираат на пазарот мора да се одобрат, а воедно се и во надлежност на Агенцијата. При одобрувањето се врши контрола и одобрување на секој поединечен производ или состојка во производот од овие видови храна заради нивната специфичност и дејство врз здравјето на луѓето, при што се бараат докази за исполнување на посебните барања за безбедност.
Секторот организациски е составен од 2 одделенија:
I. Одделение за генетски модифицирана храна и
II. Одделение за храна произведена со иновирани технологии и јонизирачко зрачење, новел храна и други видови храна.

Во Секторот има вкупно 2 вработени лица.

Двете одделенија ги следат сите новини во ЕУ легислативата и секој во својот делокруг на работа подготвува национални прописи кои преставуваат усогласување и хармонизација со новите ЕУ регулативи и директиви.

Покрај редовните активности на Секторот за храна од неживотинско потекло, во рамки на секторот во текот на 2017 година се вршени и други дополнителни активности како учество на работилница во Стопанската комора на РМ за Органското земјоделско производство и новите технологии на производство и развојни трендови во земјоделството.

**Поддршка на операторите со храна**

Во текот на 2017 година континуирано се дава стручни консултации на операторите со храна во однос на постапката на издавање одобренија за усогласеност на производите од категориите на генетски модифицирана храна, за храна и состојки на храна произведени со иновирани технологии, храна третирана со јонизирачко зрачење, природна минерална вода, изворска вода и други пакувани води и други видови храна. Консултациите беа спроведувани телефонски, со дописи, електронски дописи и преку одржување на состаноци со заинтереситените страни. Изготвени се 6 одговори на барања од операторите од областа на легислативата за природната минерална вода, изворската вода и друга пакувана вода.

**<u>I.01 Одделение за ГМО храна</u>**
Одделението ги следи сите новини во ЕУ легислативата за ГМО храната.
На текот на 2017 година подготви предлог текст за национален пропис за Правилник за начинот на вршењето на официјалната контрола на забраната за производство, ставање во промет, увоз во Република Македонија, на храна и производи од храна кои содржат ГМО или се составени од ГМО, кој преставува обврска од Законот за безбедност на

храната храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 187/13). Изготвени се упатства за процедурата за одобрување на ГМО храна, но истата не е активна поради времено суспендирање на легислативата за одобрување на ГМО храна од Владата на Република Македонија.
Одделението учествуваше во подготовката на мониторингот за ГМО храна во рамки на Годишната програма за безбедност на храната во РМ за 2017 година.
Во рамки на Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Македонија за 2017 година, како Мониторинг во однос на утврдување на присуството на ГМО храна планирани беа да се анализираат 66 мостри и тоа по 22 мостри од соја, ориз и пченка.
Извештај од резултатите од лабораториските анализи во делот за мониторингот за ГМО храна извршени во текот на 2017 година е следниот. Имено во текот на 2017година земени се вкупно 58 мостри од храна за анализа на ГМО-храна и тоа: од ориз земени се 18 мостри за лабораториска анализа, од соја земени се 20 мостри за лабораториска анализа и од пченка земени се 20 мостри за лабораториска анализа. Лабораториските анализи се вршени од страна на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје. Не е добиен ниту еден резултат со присуство на ГМО во овие три вида храна.

***Табела бр. 8.01***: Состојба на мониторирањето на забраната за промет на ГМО храната во РМ во 2017 година

| **Состојба на мониторирањето на забраната за промет на ГМО храната во РМ во 2017 година** | |
|---|---|
| Планирани мостри од храна во која може да се очекува ГМО храна или присуство на ГМО | 66 |
| Земени и анализирани мостри од храна во која може да се очекува ГМО храна или присуство на ГМО | 58 |
| Нереализирани мостри од храна во која може да се очекува ГМО храна или присуство на ГМО | 8 |




*Графикон. Состојба на мониторирањето на забраната за промет на ГМО храната во РМ во 2017 година*

## II. Одделение за храна произведена со иновирани технологии и јонизирачко зрачење, новел храна и други видови храна

Одделението ги следи сите новини во ЕУ легислативата за храна произведена со иновирани технологии, храна третирана со јонизирачко зрачење, природна минерална вода, изворска вода и други пакувани води и други видови храна.
Изготвени се 3 упатства за процедурите за одобрување на:

- храна произведена со иновирани технологии,
- храна третирана со јонизирачко зрачење и
- природна минерална вода, изворска вода и други пакувани води.

Од овие процедури активни се само две процедури и во продолжение се дадени резултатите од активностите поврзани со нив, само процедурата за одобрување на храна третирана со јонизирачко зрачење не е активна, поточно ниеден оператор нема поднесено барање за одобрување на ваков вид храна.

### II.1. Храна и состојки на храна произведени со иновирани технологии (novel food)

Во одделението се прави мониторинг на безбедноста на состојки или производи од категоријата на храна произведена со иновирани технологии пред да се стават во промет во Република Македонија. Секој оператор со храна кој произведува или увезува производи од оваа категорија на храна е должен да поднесе барање за добивање на одобрение за состојката или за производот пред да се стават во промет во Република Македонија. Во рамки на ова одделение се одвива процедурата за одобрување на состојки и храна произведена со иновирани технологии за ставање во промет на пазарот во Република Македонија.
Во текот на 2017 година поднесени се вкупно 25 барања за ставање во промет на храна и состојки на храна произведена со иновирани технологии при што издадени се 22 одобренија за ставање во промет на пазарот во Република Македонија производи и состојки произведени со иновирани технологии и 3 барања се сеуште во процедура, односно операторите се известени дека е потребно да ги надополнат барањата со дополнителна документација.
Во 2017 година пренесени се 6 барања од 2016 година од кои 5 се решени со одобрение а 1 барање е завршено со заклучок за запирање на постапката поради нецелосна документација и изминување на законскиот рок за решавање на барањето.
Сите производи и состојки произведени со иновирани технологии кои се одобрени се внесени во Регистарот за производи и состојки произведени со иновирани технологии, кој е објавен на порталот на АХВ.

***Табела бр. 8.02:*** *Состојба со барањата за одобрување на производи и состојки произведени со иновирани технологии во 2017 година и пренесени барања во постапка од 2016 година*

| | |
|---|---|
| Вкупно поднесени барања во 2017 година | 25 |
| Одобрени барања од 2017 година | 22 |
| Барања кои се сеуште во постапка | 3 |

| | |
|---|---|
| | |
| Донесени заклучоци за запирање на постапката за предмет поднесен во 2016 г. | 1 |
| Барања поднесени во 2016 година и решени во 2017 година | 5 |
| | |
| Пренесени барања од 2016 година | 6 |
| Поднесени барања од 2017 година | 25 |
| Вкупно изработени предмети во 2017 година | 31 |




*Графикон. Состојба со барањата за одобрување на производи и состојки произведени со иновирани технологии во 2017 година*




*Графикон, Вкупно изработени барања за одобрување на производи и состојки произведени со иновирани технологии во 2017 година*

***Табела бр. 8.03*** *Одобрени производи и состојки произведени со иновирани технологии во текот на 2017 година*

| РБ | Име на состојката | Име на производ | Производител | Увозник |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Киноа во прав (Chenopodium quinoa)** | SUPER FOOD Quinoa instant powder/Органска киноа инстант прав | Biovita bvba, Heulestraat 104, 8560 Gullegem, belgium | ЗЕГИН ДОО Скопје, со адреса ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје |
| 2 | **Физалис (Physalis perviana)** | SUPER FRUIT Golden berries/Органски физалис бобинки | Biovita bvba, Heulestraat 104, 8560 Gullegem, belgium | ЗЕГИН ДОО Скопје, со адреса ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје |
| 3 | **1. Киноа во прав (Chenopodium quinoa) 2. Lukuma vo prav (Pouteria lukuma)** | SUPER FOOD Mix Quinoa instant Cacao powder Mix/ Органска мешавина од киноа инстант прав и какао 200гр. | Biovita bvba, Heulestraat 104, 8560 Gullegem, belgium | ЗЕГИН ДОО Скопје, со адреса ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје |
| 4 | **Echinacea purpurea, Eleutherococcus senticosus** | Ginseng Protect de Siberie Bio 20 ампули од 15 мл | Labaratoires Super Diet BP 70010 59721 Denain Cedex France | МИМЕХ ФАРМ ДОО Скопје со адреса ул.Народен Фронт бр. 5/3-1 од Скопје |
| 5 | **Centella asiatika, Gingo biloba** | ОМ3 Мемоире 15 капсули, меки +15 капсули | Labaratoires Super Diet BP 70010 59721 Denain Cedex France | МИМЕХ ФАРМ ДОО Скопје со адреса ул.Народен Фронт бр. 5/3-1 од Скопје |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | **Tribulus terrestris** | Tribulus 1000,120капсули | Regis Sp. Zo.o,ul. W. Slawska 3a, 30-633 Krakow. Poland | Д Сонгест Шоп ДООЕЛ УЛ.Сава ковачевич бр.6/47 Скопје |
| 7 | **Брусница(vaccinium macrocarpon)** | Super fruit ultra mix berries,I Super fruit cranberries | Purasana bvba, Heulestraat 104, 8560 Gullegem, Belgium | ЗЕГИН ДОО Скопје, со адреса ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје |
| 8 | **Киноа (chenopodium quinoa)** | Quinua real soft nouga cocoa I Quinua real soft nougat clasic | La Finestra Sul cielo Espana s.l.Passeig del riu besos. 108160 Montmelo, Barcelona Spain | ЗЕГИН ДОО Скопје, со адреса ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје |
| 9 | **Каму каму ( myrciaria dubia)** | Super food kamu kamu100g | Purasana bvba, Heulestraat 104, 8560 Gullegem, Belgium | ЗЕГИН ДОО Скопје, со адреса ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје |
| 10 | **Чиа (salvia hispanika)** | Super food chia raw seeds 200g | Purasana bvba, Heulestraat 104, 8560 Gullegem, Belgium | ЗЕГИН ДОО Скопје, со адреса ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје |
| 11 | **Schizochytrium sp.** | NBL Algae Oil 30 меки желатинско капсули | NOBEL ILAC SANAYI VE TICARET A.S, Турција | NOBEL ILAC SANAYI VE TICARET A.S,UL. 8-ма ударна бригада бр.39/2 Скопје |
| 12 | **Хлорела (Chlorella vulgaris), јачменова тева-hordeum vulgare,лукума-поутериа лукума, спирулина-arthrospira platensis,пченична трева-triticum aestivum, хлорела-Chlorella vulgaris** | Super food total detox mix 250, Super food Chlorella 200 | Purasana bvba, Heulestraat 104, 8560 Gullegem, Belgium | ЗЕГИН ДОО Скопје, со адреса ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје |
| 13 | **Спирулина-артхроспира платенсис, јачменова трева-hordeum vulgare, хлорела-chlorella vulgaris, пченична трева-triticum aestivum** | Purasana shape&control vegan protein shake chocolate, Purasana shape&control vegan protein shake vanilla, super food spirulina raw powder | Purasana bvba, Heulestraat 104, 8560 Gullegem, Belgium | ЗЕГИН ДОО Скопје, со адреса ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје |
| 14 | **Мака (Lepidium meyenii) гоџи (Lycium barbarum) лукума (Pouteria lukuma) агаве (Agave tequliana) и гуарана (paullinacupana)** | Super Shake Red Boost / Органски шејк Red Bost 200g. | Purasana bvba, Heulestraat 104, 8560 Gullegem, Belgium | ЗЕГИН ДОО Скопје, со адреса ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15 | **Киноа (Chenopodium quinoa) и лукума ( Pouteria lukuma)** | Super Food / Органска киноа инстант прав 200г. и Super Food мешавина од киноа инстант прав и какао 200г. | Purasana bvba, Heulestraat 104, 8560 Gullegem, Belgium | ЗЕГИН ДОО Скопје, со адреса ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје |
| 16 | **Физалис (Physalis perviana), лукума ( pouteria lukuma) и агаве (Agave tequiliana)** | Super Shake Coco-Choco/ Органски шејк со какао и кокосово млеко 200г. | Purasana bvba, Heulestraat 104, 8560 Gullegem, Belgium | ЗЕГИН ДОО Скопје, со адреса ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје |
| 17 | **Пченична трева (Tritikum aestivum) јачменова трева (Hordeum vulgare) спирулина(Arthrospira platensis) и хлорела(Chlorela vulgaris)** | Super Food-Органски green mix-200g,Super Food Mix Органска јачменова тревaво прав 200г,Super Food mix-Органска пченична трева во прав-200г. | Purasana bvba, Heulestraat 104, 8560 Gullegem, Belgium | ЗЕГИН ДОО Скопје, со адреса ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје |
| 18 | **Мака (Lepidium meyenii)гоџи (Lycium barbarum) лукума (Pouteria lukuma) агаве (Agave tequliana) и гуарана (paullinacupana) и акаи (Euterpe oleracea)** | Super mix(Органски виталити микс) 250г,Super Food(Органска сурова мака во прав 200г.Super Foo Mix/Органска мешавина од мака и какао во прав 200г.Super Food/Органски акаи бобинки во прав 100 и Super Food Органска гуарана во прав 100г. | Purasana bvba, Heulestraat 104, 8560 Gullegem, Belgium | ЗЕГИН ДОО Скопје, со адреса ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје |
| 19 | **Екстракт од плод на Vaccnium myrtillis и Astaxanthin** | Wellnes Swedish Beauty Complex Plus | Thomson& Capper Ltd. Irland | Орифлем Козметик ДООЕЛ Скопје ул.Св. Кирил и Методиј бр.50 Скопје |
| 20 | **Моноколин К** | Lura Lean& цвен ориз Кардио | Бионика Фармацеуика ДОО | Бионика Фармацеуика ДОО |
| 21 | **Брусница (vaccinium macrocarpon)** | брусница,180г. И Шери бери,180г | Zrno zdravlja z.p.u.r., TC Novoselo br.5 36210 Vrnjacka banja Србија | ЗЕГИН ДОО Скопје, со адреса ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје |
| 22 | **Лен (Linum usitatissimum)** | Органско кафено ленено семе 500г. И 5кг.Органска мешавина од семиња со афион и лен, 125, Органки тостирани мешани семиња 250г. и Органсо златно ленено семе 500г. | Probios s.r.l., Via degli Olmi 13/15, 50041 Calenzano, Italia | ЗЕГИН ДОО Скопје, со адреса ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23 | **Лен (Linum usitatissimum)** | Елдино 200г,Интегрални крекери со кикиритки и коприва 180г,Крекер Зрно180г,Лазар 189г, Стапчиња солен 400г, Овеско 200г, ПРОБАВИТА СУВА СЛИВА 180Г,Пробавита лешник 180г, Спирала од лен 200г. | Zrno zdravlja z.p.u.r., TC Novoselo br.5 36210 Vrnjacka Banja Србија | ЗЕГИН ДОО Скопје, со адреса ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје |

Како активности на вработените од Секторот во оваа област е и организацијата, подготовката и логистиката на состаноците на Комисијата за проценка на усогласеноста на производите од групата на храна и состојки на храна произведени со иновирани технологии со барањата за безбедност утврдени со прописите од областа на безбедност на храна, имено одржани се 13 состаноци, при што се направени 13 записници. Изготвени се и 38 известувања за операторите со кои се бара доставување на дополнителна документација која недостасувала во барањата.

## II.2. Природни минерални води, изворски води и други пакувани води

Во Одделение за храна произведена со иновирани технологии и јонизирачко зрачење, новел храна и други видови храна се спроведуваат и активности во врска со мониторингот на сите пакувани води за пиење (природна минерална вода, изворска вода и друга пакувана вода), со цел ставање во промет на пазарот во Република Македонија. Секој оператор со храна кој произведува или увезува производи од оваа категорија на храна е должен да поднесе барање за добивање на одобрение производот пред да се стави во промет во Република Македонија. Во рамки на ова одделение се одвива и процедурата за одобрување на природна минерална вода, изворска вода и друга пакувана вода, за ставање во промет на пазарот во Република Македонија.

Во текот на 2017 година поднесени се вкупно 30 барања за полнење и ставање во промет на природна минерална вода при што се издадени 24 одобренија за полнење и ставање во промет на пазарот во РМ, 5 барања за одобрување се сеуште во постапка, имено се чека надополнување на документација и 1 барање е решено со заклучок за запирање на постапката поради нецелосна документација и изминување на законскиот рок за решавање на барањето.

***Табела бр. 8.04:*** *Состојба со поднесени барања за ставање во промет на природни минерални води, изворски води и други пакувани води во 2017 г.*

| **Состојба со поднесени барања за ставање во промет на природни минерални води, изворски води и други пакувани води во 2017 година** | |
|---|---|
| Вкупно поднесени барања | 30 |
| Одобрени барања | 24 |
| Барања сеуште во постапка | 5 |
| Донесени заклучоци за запирање на постапката | 1 |




*Графикон. Состојба со поднесени барања за ставање во промет на природни минерални води, изворски води и други пакувани води во 2017 г.*

Од вкупниот број на издадени одобренија, во однос на видот на производите 19 одобренија се за природна минерална вода, 10 одобренија се за изворска вода, 1 и одобрение за друга пакувана.

***Табела бр. 8.05:*** *Состојба со одобрени барања за ставање во промет во однос на видот на пакувана вода во текот на 2017 г.*

| **Издадени одобренија според вид на пакувана вода** | |
|---|---|
| Природна минерална вода | 19 |
| Изворска вода | 10 |
| Друга пакувана вода | 1 |




*Графикон. Сооднос на одобренијата за ставање во промет во однос на видот на пакувана вода во текот на 2017 г.*

Од вкупниот број на издадени одобренија 18 одобренија се на домашни производители, додека 12 одобренија се издадени на увозници на пакувана вода од увоз.

***Табела бр. 8.06:*** *Состојба со одобрени барања за ставање во промет во однос на домашни производи наспроти увозни производи во текот на 2017 г.*

| **Издадени одобренија во однос на домашен производител/увозник** | |
|---|---|
| Пакувана вода од домашни производители | 18 |
| Пакувана вода од увоз | 12 |




*Графикон. Сооднос на одобренијата за ставање во промет во однос на домашни производи наспроти увозни производи во текот на 2017 г.*

Како активности на вработените од Секторот во оваа област е и организацијата, подготовката и логистиката на состаноците на Комисијата за процена на усогласеноста на производи на природна минерална вода, изворска вода и друга пакувана вода со барањата на безбедност утврдени со прописите од областа на безбедност на храна, имено одржани се 24 состаноци, при што се направени 24 записници. Изготвени се и 34 известувања за операторите со кои се бара доставување на дополнителна документација која недостасувала во барањата и 30 известувања за обврската за правилно означување на овој вид на производи. Во периодот од 2011 до 2017 година регистрирани се природни минерални води, изворски води и други пакувани води, вкупно **115** и сите се внесени Регистарот на одобрени природни минералниводи, изворски води и други пакувани води и истиот е објавен на порталот на АХВ. Во табелата која следи дадени се само производите кои се одобрени во текот на 2017 година.

***Табела бр. 8.07*** *Список на одобрени природни минерални води и изворски води одобрени во текот на 2017 год.*

| | **Име на производ/трговско име** | **Вид на производ** | **Производител/Увозник / име, адреса и седиште** |
|---|---|---|---|
| 1 | Роса | Изворска вода | Пивара АД Скопје<br>ул.808 бр.12 Скопје |
| 2 | Кожувчанка | Природна минерална вода | ДПТУ Кожувчанка ДОО,увоз извоз<br>ул.Шипка бр.37 Кавадарци |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | Изворска | Изворска вода | ДПТУ Кожувчанка ДОО,увоз извоз ул.Шипка бр.37 Кавадарци |
| 4 | Babylove | Природна минерална вода | ДМ Дрогерие Маркт ДООЕЛ |
| 5 | San Benedeto | Природна минерална вода | ДПТ ГЕМАК-ТРАДЕ Енвер ДООЕЛ екпорт-импорт ул.Гоце Делчев бр.11 Скопје |
| 6 | Nera Kritis S.A. | Изворска вода | Мега Витал ул.Бел Камен бр.8 Скопје |
| 7 | Heba Strong | Газирана природна минерална вода | Кола ДООЕЛ ул.Качанички пат бр.254 Скопје |
| 8 | Добра вода | Природна минерална вода | ДТУ Магрони ДОО ул.1732 бр 2 Скопје |
| 9 | Ладна | Изворска вода | ДТУ Магрони ДОО ул.1732 бр 2 Скопје |
| 10 | Nevra | Изворска вода | ИТСС ДООЕЛ с. Милетино бб Тетово |
| 11 | Књаз Милош | Газирана природна минерална вода | Прилепска Пиварница АД ул.Цане Кузмановска бр.1 Прилеп |
| 12 | Аква Вива | Негазирана природна минерална вода | Прилепска Пиварница АД ул.Цане Кузманоски бр.1 прилеп |
| 13 | Пелистерка | Природна минерална вода целосно дегазирана | ДПТ Пелистерка АД Скопје ул.Бул.Кочо Рацин бр.97 Скопје |
| 14 | Пелистерка | Природна газирана природна минерална вода | ДПТ Пелистерка АД Скопје ул.Бул.Кочо Рацин бр.97 Скопје |
| 15 | Пелистерка | Природна минерална вода делумно дегазирана | ДПТ Пелистерка АД Скопје ул.Бул.Кочо Рацин бр.97 Скопје |
| 16 | А 8.8 Алкална вода | Негазирана природна минерална вода | Тим Логистик Плус ДООЕЛ ул.Бул. Србија бр.3 Скопје |
| 17 | Шарпланинска вода | Природна минерална вода негазирана | Сун анд Старс ДОО Тетово |
| 18 | Гермина | Природна минерална вода газирана вода | Алнасер 2000 Компани ДОО Скопје |
| 19 | Гемина вода | Природна минерална вода-негазирана вода | Алнасер 2000 Компани ДОО Скопје |
| 20 | Вода врњци | Газирана природна минерална вода | ДПТУ на големо и мало Саманта ДОО експорт импорт Скопје |
| 21 | Вода врњци | Негазирана природна минерална вода | ДПТУ на големо и мало Саманта ДОО експорт импорт Скопје |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 22 | Аква Пела Роса | Негазирана природна минерална вода | ЗД Макминерал ДООЕЛ Битола |
| 23 | Пела Роса | Газирана природна минерална вода | ЗД Макминерал ДООЕЛ Битола |
| 24 | Аква Нова | Друга пакувана вода | Аква Системс-подружница Македонија |
| 28 | Елен вода | Негазирана изворска вода | Бистрица ДООЕЛ Кавадарци |

Како активности на вработените од Секторот во оваа област во текот на 2017 година е подготовката на три правилници кои беа обврска од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храна од 2015 и 2016 година но воедно и усогласување со европската легислатива која се однесува на водата за пиење и природната минерална вода, изворска вода и друга пакувана вода. Имено подготвени се предлог текстови за :

- Правилникот за безбедност и квалитет на водата за пиење;
- Правилникот за посебните барања на природната минерална вода, изворска вода и друга пакувана вода; и
- Правилникот за начинот на издавање на одобрение, потребната документација и висината на трошоците во постапката за издавање на одобрение за полнење и ставање во промет на природна минерална вода, изворска вода и друга пакувана вода.

# IX. СЕКТОРОТ ЗА ПРОЦЕНКА И КОМУНИКАЦИЈА НА РИЗИК

Согласно со обврските од делокругот на работата, Секторот за проценка и комуникација на ризик, реализира голем број на активности во функција на извршување на надлежностите на Агенцијата за храна и ветеринарство.
Во Секторот се вршат активности за проценка на ризиците поврзани со безбедноста на храната и информации за истите, како и постапување по информации добиени преку РАСФФ системот и постапување и информирање за истите.
Секторот организациски е составен од 2 одделенија:

1. Одделение за проценка на ризик
2. Одделението за комуникација и РАСФФ

Во Секторот има три вработени лица сите доктори на медицина (еден специјалист епидемиолог, еден специјалист по хигиена и медицинска екологија и еден специјалист интернист).
Во текот на 2017 година реализирани се следните активности во рамките на секое одделение поодделно.

## IX.01 Одделението за проценка на ризик

**Одделението за проценка на ризик** реализира повеќе активности за 2017 година. Направени се 12 информативни текстови/ Лифлети за информирање на инспекторите, потрошувачите како и производителите на храна и 7 анализи на податоците добиени и внесени во базата на податоци за небезбедни прехранбени производи и тоа:

### ИНФОРМАТИВНИ ЛИФЛЕТИ

1. 3-МОНОХЛОР ПРОПАН 1,2 ДИОЛ (3-МЦПД) ВО ХРАНАТА
2. ВАЖНОСТА НА ЈОДОТ ВО ИСХРАНАТА
3. ПРИСУСТВО НА ХЕМИСКАТА СУПСТАНЦИЈА БИСФЕНОЛ А ВО ХРАНАТА
4. ДИОКСИНИ
5. FOOD AND VETERINARY AGENCY THROUGH THE DEPARTMENT FOR RISK ASSESSMENT AND RISK COMMUNICATION IN THE YEAR OF 2016 WORKED AT TREE TOPICS IN THE FIELD OF RISK ASSESSMENT.
6. РИЗИЦИ ПОВРЗАНИ СО БАКТЕРИЈАТА SALMONELLA
7. ТУБЕРКУЛОЗА КАЈ ГОВЕДАТА, РИЗИК ПО ЗДРАВЈЕТО НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ПОВРЗАНИ СО МЛЕКОТО И МЛЕЧНИТЕ ПРОИЗВОДИ
8. АЛЕРГЕНИ ВО ХРАНАТА
9. АДИТИВИ ВО ХРАНАТА
10. НАНОТЕХНОЛОГИЈА ВО ХРАНАТА
11. ЕНЗИМИ ПРИСУТНИ ВО ХРАНА
12. ИНФОРМАЦИИ ЗА ТУЛАРЕМИЈА

### НАПРАВЕНИ АНАЛИЗИ

1. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ВКУПНИОТ БРОЈ НА ЗЕМЕНИ ПРИМЕРОЦИ ОД ХРАНА И БРОЈОТ НА ДОБИЕНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОЗИТИВНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ЗЕМЕНИТЕ ПРИМЕРОЦИ ВО ПЕРИОД ОД 2011 ДО 2016 ГОДИНА

2. БАЦИЛОНОСИТЕЛСТВО
3. ПРИСУСТВО НА ESCHERICHIA COLI ВО ХРАНАТА
4. БЕЗБЕДНОСТА НА ХРАНАТА ЗА ЖИВОТНИ ОД АСПЕКТ НА АНАЛИЗИРАНИ ПОДАТОЦИ СОДРЖАНИ ВО НОТИФИКАЦИИТЕ ОД РАСФФ СИСТЕМОТ ЗА ПЕРИОД 2014-2016ГОДИНА
5. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ЗЕМЕНИТЕ МОСТРИ ЗА БАКТЕРИЈАТА LISTERIJA MONOCITOGENES
6. АНАЛИЗА НА ПОЗИТИВНИ МОСТРИ ВО ОДНОС НА МИКРОБИОЛОШКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ПЕРИОДОТ 2010-2016 ГОДИНА
7. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ПРОГРАМИТЕ ЗА МОНИТОРИНГ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ХРАНАТА ЗА ПЕРИОДОТ 2012-2016 ГОДИНА

**IX.02 Одделението за комуникација и РАСФФ**

Како контакт точка за РАСФФ Одделението за комуникација со ризик и РАСФФ, преку апликацијата RASFF Window – од RASFF системот на ЕУ во текот на 2017 година изврши обработка и проследување на податоците содржани во неделните прегледи од РАСФФ Порталот на ЕУ. Истите електронски редовно се проследувани до надлежните инспектори лоцирани на граничните премини, како и до инспекторите кои спроведуваат контрола во промет.
Преку РАСФФ Прозорецот на ЕУ Република Македонија во 2017 година примени се и процесирани вкупно 7 нотификации од кои една од нотификација е од Република Македонија.
Во однос на воспоставувањето на Националниот систем за брзо предупредување (МК RASFF систем) и примена на неговото софтверско решение остварени се активности со повторна обука на инспекторите за користење на апликацијата. Во шест наврати во соработка со Секторот за инспекциски надзор реализирани се обуки на кои присуствуваа 115 надлежни Државни инспектори за храна и Официјални ветеринари и тоа 81 државен инспектор за храна и 34 официјални ветеринари .

# X НЕЗАВИСНИ ОДДЕЛЕНИЈА

## X01. Одделение за работи поврзани со Директорот - Кабинет

Одделението за работи поврзани со директорот – Кабинет, согласно Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ), во 2017 година реализира активности поврзани со Директорот.
Реализирано е одржувањето на планираните колегиуми на АХВ – (6 во период јуни-декември), протоколарни состаноци и средби на директорот, заменик директорот и раководните лица од секторите во Агенцијата.
Во текот на 2017 година континуирано се следеше реализацијата на програмите на Владата и Парламентот на Република Македонија.
Во насока на обезбедување на континуирано и транспарентно информирање на јавноста и медиумите за работењето на Агенцијата за храна и ветеринарство и активностите кои се преземаа за поддршка на работењето на бизнис секторот и граѓаните, организирани беа 9 прес конференции, подготвени 68 соопштенија за јавноста, а публикувани беа и други материјали за информирање и едукација на граѓаните за безбедноста на храната, храната за животни и здравствената заштита и благосостојба на животните.
Одржани се два настани
**Светскиот Ден на борба против беснилото.** Со промотивно – едукативен настан кој се одржа во Градски парк во Скопје на 30 септември 2017 година, Агенцијата за храна и ветеринарство го одбележа Светскиот ден на борба против беснило – 28 септември. На настанот најавен беше и почетокот на кампањата за справување со беснилото преку авионско фрлање на мамки наменети за лисиците.
**Светскиот ден на храната и Светскиот ден на борба против гладта.** На 17.10 2017 година АХВ ги одбележа Светскиот ден на храната и Светскиот ден на борба против гладта преку промотивен настан кој се одржа во Веро Центарот во Скопје. Настанот се реализира во со поддршка на бизнис операторите со храна, во соработка со Организацијата на потрошувачи на Македонија (ОПМ) и Црвениот крст на Македонија.
На настанот промовирана беше и новата брошура за едукација на граѓаните ,,Информации поврзани со храната,, која Агенцијата за храна и ветеринарство ја изработи со ОПМ во рамки на Програмата за заштита на потрошувачите.

Во насока на навремено и објективно информирање на јавноста за работењето на Агенцијата, Одделението за работи поврзани со директорот – Кабинет, преку одговорното лице за односи со јавноста организира повеќе гостувања на националните и локалните медиуми на раководните лица на Агенцијата и други одговорни лица, а во текот на целата година активно се работеше на одговор на прашања поставувани од страна на медиумите, како и на ажурирање на содржината на интернет страната на Агенцијата за храна и ветеринарство www.fva.gov.mk.
Преку електронската адреса на Агенцијата, лицето задолжено за информирање на јавноста, континуирано одговараше на прашањата кои граѓаните, бизнис заедницата и другите институции ги упатуваа до Агенцијата.

## X03. Одделение за Внатрешна Контрола и Аудит

Одделението за внатрешна контрола и аудит по извршениот аудит на официјални контроли во 2016 година кој по Програмата и Планот се релизираше во Секторот за инспекциски

надзор / Одделение за државна инспекција за здравствена заштита на животните, спроведе аудит за следење (Follow up internal audit, со следниот опсег:
1.Оперативни критериуми
- Организација и спроведување на официјалните контроли
- Конфликт на интереси
- Транспарентност и доверливост
- Законско овластувања за извршување на официјални контроли
- Административни службеници надлежни за спроведување на официјални контроли
- Опрема и потрошни материјали
- Контрола на инспекциски постапки
- Извештаи и евиденција
- Земање примероци и аналитички методи
2. Координација и соработка помеѓу службите
3.Регистрација/одобрение на деловни капацитети
4.Официјална Сертификација
5. План за непредвидени ситуации

Овој аудит има за цел следење и утврдување на начинот и времетраењето на корекција на утврдените недоследности, корективните активности и препораките договорени при извршениот регуларен аудит.
Од утврдените 7 недоследности во текот на регуларниот внатрешен аудит, направена е (спроведена корективна мерка ) на 4 недоследности, 3 се во постапка на спроведување.

Од аспект на внатрешна контрола, Одделението постапи по 8 пријави за неправилности во работењето на административните службеници во АХВ.
Реализирана е и внатрешна контрола на официјалните ветеринари во 11 кланици во Подрачни Единици на Агенцијата за храна и ветеринарство.

**<u>X03. Одделение за внатрешна ревизија</u>**

Согласно Стратешки план на одделението за внатрешна ревизија за периодот 2017-2019 година, изменетиот и дополнет Планот за работа за 2017 година со дадените овластувања од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, планирани беа пет ревизии, а спроведени се вкупно три ревизии и тоа: 1) Ревизија на ефикасност и ефективност на системот за издавање на податоци од информациониот систем на АХВ за остварување на правото на субвенции и надоместоци; 2) Ревизија на системите на системот на интерни контроли при исплата на обврските кон добавувачите и 3) Ревизија на системот на наплата на преглед при вршење на официјални контроли на Граничен премин Табановце. Подготвени се конечни извештаи со приложени акциски планови со вкупно 38 препораки и потребни активности што треба да се преземат за надминување на утврдените вкупни 24 наоди и недостатоци, се со цел подобрување на работењето во ревидираните единици.
Поради ограничените кадровски капацитети на одделението за внатрешна ревизија и вклучување во активности за интерни проверки за примена на ИСО стандардите во Агенцијата за храна и ветеринарство, нереализираните планирани две ревизии од 2017 година префрлени се за реализација во текот на 2018 година.
Во текот на 2017 година, од страна на одделението за внатрешна ревизија континуирано се спроведувани активности во делокругот на внатрешната ревизија за реализација на дадените работни задачи од страна на високото раководство.

## X04. Одделене за следење на измами со храна

Одделението за следење на измами со храна формирано во 2016 година, во текот на 2017 година е екипирано со еден вработен советник-инспектор за храна. Реализирани се сите планирани активности за 2017 година и отпочнати се други активности кои не биле предвидени како планирани.

1.Изготвени се базични документи за работа на одделението за следење на измами со храна согласно ИСО барањата и тоа Процедура за иницирање на истраги за следење на измами со храна и Упатство за истраги за следење на измами со храна, како и нови обрасци Заклучок и Извештај. Отпочната е примена на новите креирани документи при што е утврдено дека е потребно во еден дел да претрпат измени заради што дополнително се извршени измени и изготвени се втори верзии на Процедурата за иницирање на истрага за следење на измами со храна и на Упатството за следење на измамите со храна.

2. Организиран е настан - работилница за запознавање на инспекторите со специфичноста на инспекциската постапка при истрагите за следење на измами со храна.

3. Воспоставена е соработка со Одделението за заштита на потрошувачи и размена на податоци во врска со добивање на информации за можни измами и информирање за превземените активности. Исто така воспоставена е и соработка со Сектор за инспекциски надзор, комуникација со цел проценка и анализа на одредена појава или претставка да се третира и постапува како истрага за измама со храна.

4. Креирана е база на податоци од прибраните информации и постапувања, која постојано се ажурира. Базата на податоци е еден основените параметри за евалуација на појавите и трендовите во однос на типовите храна и видовите на отсапувања во однос на измамите.

5. Реализирани се истраги при постапување по 3 добиени претставки од граѓани кои се третирале како можна измама со храна со активности и мерки во инспекциска постапка. Во еден случај е потврдена измама на потрошувачите, превземени се мерки и отстранети се неусогласеностите. Втората претставка е неоснована, не се утврдени отстапувања од страна на операторот со храна, а по третата претставка не се постапуваше, затоа што операторот со храна го затворил објетот за производство и не постоеше можност да се проверат наводите.

6. Реализирано е постојано следење и анализа на појавите, тековите и трендовите поврзани со храната, вклучувајќи ја и електронската трговија.

7. Изработен е Годишен план за работа за 2018 година

**ПРИЛОГ Годишен финансиски извештај за 2017 година**

## ПРИЛОГ 1: Извештај за планирани и потрошени средства по ставки (споредбен табеларен приказ) за 2017 година

| Р.бр | Опис на деловите на буџетот | Број на ставка | Планирани средства | Потрошени средства | % на реализа ција |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вкупно одобрен буџет | 14005 | **645.911.000,00** | **644.289.218,00** | **99,75** |
| 2 | Нераспределен дел од буџетот | | 0 | 0 | |
| **3** | **Буџет наменет за заедничките расходи на субјектот** | | **212.008.000,00** | **210.947.902,00** | **99,50** |
| 3.1 | АДМИНИСТРАЦИЈА | **10** | 212.008.000,00 | 210.947.902,00 | 99,50 |
| 3.1.1 | Плати и надоместоци | 40 | 147.106.000,00 | 146.402.199,00 | 99,52 |
| | Основни плати | 401 | 107.092.000,00 | 106.665.320,00 | 99,60 |
| | Придонеси за социјално | 402 | 40.014.000,00 | 39.736.879,00 | 99,31 |
| 3.1.2 | Стоки и услуги | 42 | 61.200.000,00 | 60.916.384,00 | 99,54 |
| | Патни и дневни расходи | 420 | 3.350.000,00 | 3.344.073,00 | 99,82 |
| | Комунални услуги, греење, | 421 | 18.200.000,00 | 18.197.667,00 | 99,99 |
| | Материјали и ситен инвентар | 423 | 1.522.000,00 | 1.517.132,00 | 99,68 |
| | Поправки и тековно одржување | 424 | 9.858.000,00 | 9.856.707,00 | 99,99 |
| | Договорни услуги | 425 | 18.200.000,00 | 18.100.073,00 | 99,45 |
| | Други тековни расходи | 426 | 10.070.000,00 | 9.900.732,00 | 98,32 |
| 3.1.3 | Субвенции и трансфери | 46 | 830.000,00 | 761.170,00 | 91,71 |
| | Разни трансфери | 464 | 500.000,00 | 431.949,00 | 86,39 |
| | Исплата по извршни исправи | 465 | 330.000,00 | 329.221,00 | 99,76 |
| 3.1.4 | Капитални расходи | 48 | 2.872.000,00 | 2.868.149,00 | 99,87 |
| | Вложувања и нефинансиски | 485 | 330.000,00 | 326.149,00 | 98,83 |
| | Купување на возила | 486 | 2.542.000,00 | 2.542.000,00 | 100,00 |
| **4** | **Буџет наменет за реализирање на политиките и проектите** | | **433.903.000,00** | **433.341.316,00** | **99,87** |
| 4.1 | **ВЕТЕРИНАРНО-ЗДРАВСТВЕНА** | **20** | **398.729.000,00** | **398.720.098,00** | 100,00 |
| | Материјали и ситен инвентар | 423 | 18.438.000,00 | 18.437.500,00 | 100,00 |
| | Разни трансфери | 464 | 372.166.564,00 | 372.159.075,00 | 100,00 |
| | Исплата по извршни исправи | 465 | 8.124.436,00 | 8.123.523,00 | 99,99 |
| 4.2 | **БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА** | **30** | **34.500.000,00** | **34.499.590,00** | 100,00 |
| | Разни трансфери | 464 | 34.500.000,00 | 34.499.590,00 | 100,00 |
| 4.3 | **ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И** | **МА** | **674.000,00** | **121.628,00** | 18,05 |
| | Патни и дневни расходи | 420 | 128.000,00 | 73.699,00 | 57,58 |
| | Комунални услуги, греење, | 421 | 10.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| | Материјали и ситен инвентар | 423 | 60.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| | Договорни услуги | 425 | 230.000,00 | 4.929,00 | 2,14 |
| | Други тековни расходи | 426 | 246.000,00 | 43.000,00 | 17,48 |
| | **Вкупно** | | **645.911.000,00** | **644.289.218,00** | **99,75** |

**Извештај за реализирани: Програма за користење на средства за ветеринарно јавно здравство во 2017 година и Програма за мониторинг на безбедноста на храната во РМ за 2017 година**

| Р.бр. | Извори на средства | Планирани средства во денари во извештајната година | Исплатени средства во денари во извештајната година | % на реали-зација | Неплатени обврски по фактури, ситуации и др. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од основен буџет | 34.500.000,00 | 34.499.590,00 | 99,99 | 410,00 |
| 2 | Приходи од самофинансирачки активности | | | | |
| 3 | Заеми | | | | |
| 4 | Донации | | | | |
| | ВКУПНО | 34.500.000,00 | 34.499.590,00 | 99,99 | 410,00 |

**Извештај за реализирана Програма за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2017 година**

| Р.бр. | Извори на средства | Планирани средства во денари во извештајната година | Исплатени средства во денари во извештајната година | % на реали-зација | Неплатени обврски по фактури, ситуации и др. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од основен буџет | 372.589.000,00 | 372.586.043,00 | 99,99 | 2.957,00 |
| 2 | Приходи од самофинансирачки активности | | | | |
| 3 | Заеми | | | | |
| 4 | Донации | 26.140.000,00 | 26.134.055,00 | 99,97 | 5.945,00 |
| | ВКУПНО | 398.729.000,00 | 398.720.098,00 | 99,99 | 8.902,00 |